# DOCENDO DISCIMUS

*Развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици*

*Development and Implementation of Master Studies in Didactics of Classical Languages*

Скопје, 2008

*Редакциски одбор:*

Весна Димовска
Митко Чешларов
Маргарита Бузалковска - Алексова
Весна Томовска
Елена Цукеска

*Технички уредник:*

Војислав Саракински

*Во ноември 2006 година Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје, Здружението на класични филолози Антика и Факултетот за книжевност и општествени науки при Универзитетот во Нојшател (Швајцарија) отпочнаа соработка на проектот Развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици, поддржан од Швајцарската фондација за наука, во програмата SCOPES. Целта на овој проект беше да се структурира и дизајнира студиска програма за мастер студии по дидактика на класичните јазици и за истата да се организира пилот имплементација преку различни активности во тек на две години.*

*Мотивите за спроведување на овој проект беа воочената потреба наставата по класичните јазици во гимназиското образование да се осовремени со воведување на нови пристапи и наставни методи, за да може да одговори на предизвиците и барањата на образованието на 21. век, за што сметавме дека е неопходно да се обезбеди и континуирано усовршување и обука на наставниците кои ги предаваат овие предмети. Од друга страна, организирањето на ваква постдипломска студиска програма на Филозофскиот факултет во Скопје би претставувало придонес кон јакнењето на капацитетите на факултетот во рамки на тековните реформи и воведувањето на нови програми и режим на студии во склад со Болоњската декларација.*

*Целите на проектот се реализираа преку различни програмски активности соодветни на програмата за мастер студиите, во кои беа вклучени дваесетина учесници (гимназиски наставници по класичните јазици и дипломирани студенти по класични студии) и осуммина реализатори од државава и од странство (координатори, предавачи, консултанти). Во функција на реализација на содржините предвидени со задолжителните предмети од студиската програма се одржаа две летни школи, Docendo discimus I (јуни 2006) и Docendo discimus II (јули 2007) и четири работилници. Во рамки на овие активности учесниците посетуваа обука составена од предавања, презентации и работилници и активно работеа на групни и поединечни задолженија. Реализацијата на содржините од изборните предмети, пак, се одвиваше преку консултации со менторите на соодветните предмети. Како резултат од сите овие активности (покрај дизајнираниот наџрт-курикулум) произлегоа повеќе трудови, чии објавување ќе придонесе за евалуација на самиот проект, но веруваме дека истовремено ќе овозможи со нив да се послужува поширок круг читатели.*

*Публикацијава содржи избор од предавањата и презентациите одржани на првата летна школа, групните трудови на учесниците поврзани со содржините на задолжителните предмети од студиската програма (реализирани на работилниците), индивидуални семинарски работи на теми од изборните предмети и модел-часови презентирани на втората летна школа, во кои се имплементирани знаењата и методите совладани во текот на спроведената настава и обука. Содржините се организирани според видовите активности, но од друга страна, и дијахроно го следат текот на проектните активности.*

*Реализацијата на овој проект, како и објавувањето на резултатите од него, не ќе беа можни без огромната поддршка, несебичната помош и исклучително полезните и конструктивни сугестии од страна на проф. Жан-Жак Обер, главен координатор на проектот и претставник на швајцарскиот партнер, Универзитетот во Нојшател, за што му должиме голема благодарност и почит. Се надеваме дека позитивните искуства од воспоставената соработка ќе бидат поттик за нејзино продолжување преку нови облици и содржини.*

# I

## Избор од предавањата и презентациите од летната школа Docendo Discimus I (јуни 2006, Охрид)

# Latine via methodis novis: Насоки за осовременување на наставата по латински јазик

Весна Димовска

Во шестата година од третиот милениум можеме да констатираме дека класичните јазици како предмет на изучување, како дел од средношколскиот курикулум, сé уште опстојуваат, го бараат своето место и улога во образованието на новите сајбер генерации, им се спротиставуваат на обидите во име на новото, современото, да се збрише традиционалното и универзалното, опстојуваат обидувајќи се на предизвикот да одговорат со редефинирање, со сообразување и осовременување на содржините, целите, пристапот, облиците, средствата и методите на нивно изучување. Значи, предизвикот се состои во повторно и повторно барање одговор на прашањата: *Што?* Што треба да содржи, кои содржини да ги опфаќа современата предметна програма по латински или старогрчки јазик?[1] *Зошто?* Кои се целите (општи и конкретни) на изучување на овие предмети? *Колку и каде?* Во која мера треба да бидат застапени овие предмети (колку и во кои години, со колкав фонд на часови) и во кои училишта? и *Како?* Како да се изучуваат? Како да се предаваат? Како да се конципира, подготви и изведува наставата?

Според мое лично убедување, најважно е прашањето *како? Како* да пронајдеме методологија најсоодветна на целите што сакаме да ги постигнеме? *Како* да се мотивираат учениците низ понудените програми да го ангажираат сиот свој потенцијал? Иако е ова прашање со кое се соочува наставникот по било кој училишен предмет, сепак се чини дека ова прашање има поголема специфична тежина за наставникот по латински или старогрчки јазик, заради постоењето на предрасуди кај младите луѓе дека изучувањето на класичните јазици е анахронизам, дека се тоа „тешки“ дисциплини и дека нивното совладување подразбира безброј часови здодевна граматика, учење „на памет“, па и голем број од учениците кои веќе се определиле за некој од класичните јазици, му приоѓаат со извесен, претходно создаден, отпор. За жал, контактите со колеги од други европски земји, па и земји во кои класичното образование има многу долга и силна традиција (Хрватска, Чешка, Швајцарија и др.) зборуваат дека и таму состојбата е слична како во Македонија и дека класичните дисциплини се на работ на интересот, дека младите луѓе се многу слабо мотивирани да им се посветат, што секако ја отежнува наставата. Веројатно ваквата состојба се должи, меѓу другото, и на традиционалните методи во старомодно конципираните курсеви по латински и старогрчки јазик кои сè уште постојат, но постепено отстапуваат пред сè понагласената потреба за модернизирање на наставата по овие предмети.

Иако можеби на прв поглед изгледа премногу остра, следнава констатација на William du Cassé (студент на постдипломски студии по класична филологија на Универзитетот

[1] и дали предметите кои имаат за цел да им ја доближат на младите луѓе културата и јазикот на старите Грци и Римјани нужно треба да се нарекуваат така или некако поинаку?

во Кентаки) може да ни послужи како илустрација за тоа како младите ја доживуваат традиционалната настава по латински јазик. Имено, во апстрактот на неговото предавање *Latinitas viva: sic itur ad astra,*[2] правејќи алузија на епитетот *мртов јазик* „пришиен" на латинскиот, тој вели: „Единствената мртва работа во врска со латинскиот е начинот на кој тој се предава во последниве 200 години. Традиционалните курсеви засновани на граматика за единствена цел имаат да ги научат учениците да читаат латински по пат на долг и макотрпен процес на учење."

Потребата да дискутираме за овие прашања очигледно е заедничка на сите класичари во Европа и пошироко, па затоа во последно време различни аспекти поврзани со иновирањето на курсевите по класични јазици се предмет на конференции, семинари, работилници, проекти, одделни студии, книги, написи во списанија и сл., каде што наставници и специјалисти од различни средини ги споделуваат своите мислења и нудат можни одговори на многубројните прашања.[3]

Генерално, би можеле да се препознаат неколку правци во кои се движат размислувањата и во кои се бараат решенија на проблемите: некои колеги сметаат дека осовременувањето на наставата по латински и старогрчки јазик може да се постигне преку примена на нови педагошки стратегии, техники и средства, други излезот го гледаат во конципирање на курсеви кои во голема мерка се потпираат врз употребата на информатичката технологија и сè што таа подразбира (интернет, софтвер и сл.), а трети, пак, препорачуваат комбинирање на педагошките и технолошките иновации.

**I** Неспорно е дека е можно некои од целите да се постигнат, а квалитетот на наставата да се унапреди само со *менување на педагошкиот пристап*.

Се разбира, тоа не значи дека треба сосема да се напуштат традиционалните и добро познати наставни облици (фронтален, групен, индивидуален и самостоен), туку дека тие треба да се модифицираат, иновираат и да се сообразат со времето и контекстот во кој се развиваат и образуваат младите генерации. Секој од вообичаените облици на настава има свои позитивни и негативни страни: на пример, за *фронталниот облик* на настава (кој и денес е најзастапен во училниците, воопшто, па и на часовите по латински јазик) постои мислење дека е застарен и со многу недостатоци, но – од друга страна – редица објективни околности, па дури и предности, го оправдуваат неговото опстојување во училиштата. За разлика од фронталниот, групниот и индивидуалниот облик на работа изискуваат многу повеќе време и средства, што значи дека фронталниот облик е поекономичен од нив. Покрај тоа, на учениците им е овозможено да стекнат еднакво знаење, на еднакво ниво, на ист начин. На наставникот му овозможува да комбинира различни методи и постапки; го поттикнува колективниот натпреварувачки дух во класот и сл. Како недостатоци на овој облик на настава се истакнуваат: опасноста учениците да се пасивизираат; деликатноста (или, поточно, невозможноста) на задачата да се изнајде темпо на работа кое ќе им одговара на сите ученици подеднакво, тешкотијата да се одржи вниманието на сите ученици во текот на целиот час и сл.

[2] Одржано на *Cambridge Latin Conference – Meeting the Challenge: European perspectives on the teaching of Classics.*

[3] На пример, една од последните такви средби за која што знаеме, а која се одржа од 22.07.05 до 24.07.05, беше *Cambridge Latin Conference – Meeting the Challenge: European perspectives on the teaching of Classics.*

*Групната работа,* или, настава со ученици кои се организирани во групи, вообичаено наидува на добар прием кај помладите ученици, овозможува постигнување поголем квантитет на обработен материјал, па иако за совладување на граматиката, во услови на 45-минутен наставен час и класови кои бројат 30-тина, па и повеќе ученици, групниот облик не е најпогоден (затоа што некои од групите може да работат значително побавно од други, за сведувањето на резултатите од одделните групи и дискусијата за нив најчесто останува многу малку време, па изостанува поентата од групната работа), сепак, овој облик на настава може да биде многу продуктивен за обработка на поедноставни граматички партии или за решавање на задачи во кои треба да се искористи поголем број примери. Неколку примери:

1. Со цел учениците да ја утврдат улогата на глаголските времиња, можат на одреден текст да изработат статистика на глаголските форми и тоа секоја група на еден дел од текстот, а потоа да ги здружат добиените податоци и да дискутираат како е употребен имперфектот, колку често е застапен перфектот, колку често е користен пасивот и сл.

2. При утврдување на знаењето за падежите и падежните наставки, на учениците може да им се даде текст од кој секоја група ќе ги издвои формите во одреден падеж – да речеме, групата А - номинатив и вокатив, групата Б - акузатив итн. При поднесувањето на извештаите од секоја група, може да се повтори и утврди сé она што тие треба да го знаат за падежите.

3. Групно можат да се прават и вежби со исправање на граматички или правописни грешки, изработка на некој вид речници и сл. За совладување на неграматички содржини, за обработка на содржини од областа на цивилизација и култура (на кои во современите предметни програми им се отстапува повеќе простор) овој облик на групна работа покажува голем успех.

И *работата во тандем* може да најде своја целисходна примена во наставата по граматика, при што секој пар ученици (двајца ученици во клупа) добива различна задача или сите парови добиваат иста задача која треба да ја исполнат на различен начин (едни со потцртување, други со дополнување, трети со замена итн.).

*Индивидуалната работа* во поново време се истакнува како модерен облик на настава, кој најуспешно го спречува пасивниот однос на учениците и помага младите оптимално да се развиваат како творечки личности. Ако е точно тврдењето дека „успехот на ученикот е правопропорционален со нивото на активност на ученикот за време на учењето“, тогаш, индивидуалниот облик на работа во наставата на јазиците би можеле да го прогласиме за најуспешен[4]. Но, проблем може да биде недоволната мотивираност на ученикот за квалитетна и активна индивидуална работа; неподготвеноста може да го одведе на погрешен пат и да изгуби многу време (а со тоа и желбата за работа) во неуспешни обиди и застранувања. Најголем проблем се објективните услови во кои се изведува наставата – недостигот од време, потребата од многу поголем ангажман на наставникот или поголем број наставници, потребата од соодветно и современо опремен простор, наставни средства и дидактички материјал и др.

[4] Težak, Stjepko. *Teorija i praksa nastave hrvatskog jezika 1.* Zagreb, 1996. стр. 129.

Креативниот наставник може да ги комбинира различните облици на настава, па во фронталната настава да вклучи елементи или повремено да ја замени со групна работа или со елементи на индивидуална работа.

Овде, говорејќи за помалку или повеќе традиционалните облици на настава, можеби би било интересно споредбата помеѓу традиционалната и модерната настава по јазик (или, уште поконкретно, по граматика) да ја погледнеме низ таканаречената *Кардонина схема* изработена врз основа на фокусот, особеностите и резултатите кои ги дава едната или другата.[5]

Објектот на спознание е граматиката, а субјектот е ученикот. Традиционалната настава е фокусирана врз материјата/јазикот, па ученикот треба да се сообрази, да се приближи кон материјата, а не обратно. Модерната настава е ориентирана кон ученикот и наставните содржини ги приспособува на потребите и на можностите на ученикот.

***Дидактички системи (состави)***

Во случајот на класичните јазици, во последново десетлетие евидентна е тенденцијата и консензусот околу тоа дека наставата фокусирана главно на граматика (grammar-based courses) треба да се замени со настава која *се заснова на изучување на јазикот преку читање текстови (story/text-based courses*). Се смета дека ваквиот начин на изучување на јазикот овозможува совладување на лексиката, граматиката и концептуалните особености на јазикот, но и негово осознавање во еден поширок контекст, овозможува едновремено да се посвети поголемо внимание на цивилизацијата создадена од самите Грци или Римјани, на нивната книжевност, уметност, историја, право и политички институции. Теориски, ова би можеле да го поврземе со различните дидактички системи (граматичко-книжевен или интеграциско-корелациски) и пристапи, но и да се обидеме да ги обединиме. Значи, интеграција и корелација може да се постигне ако во јадрото на системот ја поставиме книжевноста, текстот, но ја поврземе и интегрираме со останатите компоненти (содржини) – јазик/граматика, култура/митологија, уметност, историја. Успешна интеграција и корелација може да се постигне и на ниво на програмски целини (на пр.: фонетика + морфологија, морфологија + синтакса...)[6] или на ниво на различни предмети – класичен + мајчин јазик, класичен + странски јазик, класичен јазик + историја, класичен јазик + философија итн. При тоа учениците можат сами да ги откриваат трагите на класичното јазично, книжевно и, воопшто, културно наследство во своето опкружување (и тоа во сé-Европски рамки) и да посведочат за нераскинливите врски на антиката со современоста.

Во изучувањето на латинскиот јазик за тоа, секако, е најподатно компарирањето на неговата лексика со лексиката на современите (говорни) јазици. Оваа податност може да биде толку заводлива, што некои наставници одат дотаму што се ориентираат речиси исклучиво кон јакнење на лексичките компетенции на учениците, значи, ги пренагласуваат лексичките компоненти на јазикот и се потпираат исклучиво на *лексичкиот пристап* (*lexical approach*).

Што се однесува до пристапот, постои тенденција во наставата по латински јазик да се применуваат *истите техники и методи кои се применуваат при изучувањето на современите, говор-*

[5] Во прилог, по овој текст.
[6] Težak, S. op.cit. стр. 113

*ни јазици*. Уште повеќе, постојат обиди и латинскиот да се изучува како говорен јазик, што значи учениците да се служат со него активно, не само да го читаат и пишуваат, туку исто така и да слушаат и да го зборуваат правилно (поаѓајќи од комуникациската слоевитост на современиот, говорен јазик, наставата по странски јазици се состои од 4 главни компоненти: говорење, слушање, читање и пишување). Во некои колеџи и универзитети ваквите обиди се во фаза на експеримент, на други тие се поразвиени и за нив се изработени и соодветни учебници, прирачници и софтверска поддршка[7]. Приврзаниците на ваквиот пристап во изучувањето се повикуваат и на фактот дека латинскиот со векови бил предаван како „жив" јазик, па повикуваат и на ревитализација на педагошки материјали кои успешно се користеле во минатото (средновековните и ренесансните *colloquia*). Но, дури и ако нашите амбиции не се толкави, сепак слична структура може да се воспостави во наставата по класични јазици, со тоа што: слушањето (непосреден жив збор – наставникот, пренесен – аудио/видео материјали) може да придонесе за правилен изговор, читањето може да биде многу разнообразно (печатени текстови, натписи, манускрипти на факсимил), а пишувањето и говорењето може да се осмислат и реализираат како интересни вежби.

***Наставни методи***

Сообразно со облиците на настава, дидактичкиот состав и одбраниот пристап се одбираат и најпогодните методи на работа. Постојат големи разлики и во самото дефинирање на поимот метод, па и во класификацијата на различните методи. Сепак, најсоодветна за нашите услови за работа и за заедничко содејство на релација ученик-наставник се смета поделбата во која методите се хиерархиски подредени во: основни видови методи и подвидови на основните методи.

Основни методи:

– монолошки – усмено излагање (опишување, раскажување, аналитичко или синтетичко толкување, докажување, упатување);
– дијалошки – методи на разговор (врзан, насочен или слободен разговор);
– текстовни – методи на читање (логичко, насочено, интерпретативно, креативно);
– графиски – методи на пишување (одговарање на прашања, диктати, описи, исправки, преобликување, препишување, означување, вшишување);
– ликовни – методи на цртање;
– демонстрациски – методи на покажување (визуелно, аудитивно);
– праксеолошки (методи на физичка работа).

Подвидови на основните методи:

– набљудување;
– слушање;
– размислување;
– мечтаење.

[7] Како што е примерот на Институтот за Студии по Латински (Institute for Latin Studies) на Универзитетот во Кентаки.

Сите овие методи, и оние кои се препорачуваат како особено погодни за настава по јазик, но и оние другите, нетипичните, најчесто се користат испреплетени и комбинирани, така што во откривањето нови граматички факти во еден текст може да се користат, на пример, насочено читање, хеуристичен разговор и вежби со исправање на грешки.

Се разбира, постојат многу други примери на успешни и помалку успешни обиди за примена на одредени педагошки иновации, интерактивни методи и различни пристапи во наставата по латински.

**II** Во денешно време никој веќе не би се осмелил да помисли дека изучувањето на класиката, па и изучувањето на латинскиот јазик, може да продолжи да се развива и да опстои изолирано од новите *информатички технологии*. Веќе се навикнавме светската мрежа (www) да ја гледаме како најголема „библиотека" на светот во која можеме да посегнеме и да пронајдеме многу повеќе одошто сме имале намера да бараме. Интернетот нуди можности за предавање на традиционални предмети на нетрадиционален начин, а различните софтверски програми „се закануваат" да ги заменат ученичките тетратки. Повторно ќе се послужиме со еден цитат, овој пат од Michael Fontaine од Amherst college, кој вели: „Во последните неколку години, бројот на електронски извори од областа на класичната филологија нарасна како габи после дожд, па така сега ние, класичните филолози, имаме на располагање бројни средства за истражување. Овие извори опфаќаат електронски бази на класични текстови, достапни на интернет или во CD формат; електронски речници со алатки за пребарување; пристап до каталозите и картотеките на најголемите светски библиотеки; дигитални банки на слики од секаков вид и дигитални верзии на научни трудови за класиката. Голем број од овие извори се со висок научен квалитет. Покрај овие високо професионални извори, сепак, постојат и некои веб страници посветени на латинскиот јазик на кои се нуди волонтерска помош во учењето на јазикот, комуникација со други заинтересирани лица или речиси бескрајни листи на врски со други страници со слични содржини. Овие интернет страници можат да бидат и се со многу различен квалитет." [8]

Користењето на новите компјутерски и технолошки ресурси во наставата по латински јазик е неопходност. Тоа има свои предности (и за наставниците, но и за учениците), но и одредени слабости (повторно и за едните и за другите).

Како прво, стекнувањето способност да се служат со Интернет е важно за нашите ученици (за нивно вработување, квалитет на животот итн.) без оглед на областа со која се занимаваат или на нивната идна професија. Стекнувањето вакви способности треба да биде застапено во наставата и тоа низ праксата (вежби) во различни области, а не да се учат одделно. *Предностите на работата со Интернет* и компјутеризираните вежби се:

1. мотивирачкиот момент – ваквиот начин на работа им е многу близок на младите генерации и може да им претставува задоволство, обезбедувајќи форми за вежбање помалку здодевни од оние традиционалните;

2. голема придобивка е и можноста за resource-based learning – поврзување на многу различни видови на ресурси, пристап до примарни извори, архивски материјали, бази на податоци и сл. со што се олеснува истражувањето;

[8] Fontaine, Michael: Review on Roberto Danese, Andrea Bacianini and Alessio Torino, *Tra „volumen" e byte: per una...,* Rimini: Guaraldi, 2003 *in* Bryn Mawr Classical Review 2003. 09. 48.

3. лесно се воспоставува комуникација и соработка дури и на поголеми дистанци;

4. ученикот може сам да го одбере времето и местото за учење и истражување;

5. а може да го избере и начинот како да ги синтетизира или коментира информациите.

Наставниците, користејќи програми кои можат „да се симнат“ (downloadable programs) можат да креираат и сопствени вежби приспособувајќи ги на сопствената целна група, а оние поамбициозните можат да се зафатат и со дизајнирање интернет проекти и задачи.

*Слабостите или тешкотиите* врзани со употребата на Интернет во наставата или за самостојна работа на учениците понекогаш знаат да ни го загорчат животот, но (се надевам) не и да не одвратат од намерата да го користиме: мораме да бидеме подготвени дека често ќе ни се случуваат проблеми со технологијата, дека нашите ученици не се најумешни во употребата на опремата и дека немаат сите на располагање своја опрема или непречен пристап до онаа училишната во секое време; времето потребно за подготовка на материјалите понекогаш може да ги пречекори нашите најлоши предвидувања и трпение; интернет страниците и софтверот се менуваат многу брзу, така што мораме често да ги обновуваме материјалите, но и нашите умеења да се служиме со нив; опремата е скапа; имаме потреба од помош на лице стручно за компјутерска технологија и информатика; дури и да располага нашата институција со квалитетна опрема – се случуваат прекини на мрежата, некомпатибилност со програмите, а брзиот развој на овие средства не оневозможува да го следиме со задоволително темпо.

**III** Сепак, се чини дека е најдобра *комбинацијата на педагошките и технолошките иновации*, дека технологијата, барем за сега, е идеално дополнение на личниот контакт меѓу наставникот и ученикот и мора внимателно и целосно да се интегрира во структурата на курсот (да соодветствува на неговата содржина, цели и начин на оценување) за да даде резултати. Веќе постојат повеќе примери на добро обмислени курсеви по латински, дизајнирани така што технологијата „се соединува со“ педагогијата, а инфоматичката технологија го поддржува наставникот да ги постигне специфичните цели на предметот и да ги оспособи учениците да станат компетентни и критични читатели на текстовите на римските автори.[9]



[9] Мислам дека на сите ни се познати веќе широко прифатените *The Cambridge Latin Course* и *The Oxford Latin Course* кои се навистина добро обмислени, добро конструирани и добро поддржани програми. Заслужува внимание и комплетно разработениот курс по латински *Lingua Latina per se illustrata* на Hans Orberg. Ова е „Курс по латински јазик заснован на директен метод на контекстуално воведување... Првиот дел ги покрива основите на латинската граматика и основен речник (фонд на зборови)... а вториот дел се занимава со римската историја онаква каква што ни ја претставуваат Вергилиј, Овидиј, Ливиј, Салустиј, Кикерон и другите.“

## СХЕМАТА НА КОРДОНА*
## ТРАДИЦИОНАЛНА И МОДЕРНА НАСТАВА ПО ЈАЗИК

ТРАДИЦИОНАЛНАТА МОДЕРНАТА
НАСТАВА ПО ЈАЗИК (ГРАМАТИКА)
*е фокусирана врз*

| СПОЗНАЈНИОТ ОБЈЕКТ** | СПОЗНАЈНИОТ СУБЈЕКТ |
|---|---|
| и затоа е: | и затоа е: |
| - објективно-колективна | - субјективно-индивидуална |
| - формално-поимска-аналитичка | - интуитивна-витална-глобална |
| - апстрактна | - конкретна |
| - насочена кон намената | - насочена кон исходот |
| - врзана за минатото | - свртена кон динамичната иднина |

*затоа, таа развива*

| ДОГМАТИЗАМ | СКЕПТИЦИЗАМ |
|---|---|
| - чувство на авторитет | - чувство на слобода |
| - поим на трансцедентност и апсолутност | - поим на иманентност и релативност |
| - чувство на универзалност и есенцијалност | - чувство на посебност и егзистенцијалност |

*и оспособува за*

| | |
|---|---|
| јазична репродукција | јазично творештво |

*M. Cordona, La scuola pluriclasse, Nuova rivista pedagogica, Roma, 1963

** Спознаен објект е јазикот (граматиката), а спознаен субјект е ученикот.

# Употребата на преведувањето и преводите во латинската дијалектика

Јоана Сиракова
(катедра за Класика, Универзитет во Софија)

***1. Осовременување на латинската педагогија***

Нема сомнение дека за класичното образование треба повторно да се размислува. Класичните филолози може да учат и од други дисциплини и да се обидат да разберат дека нивните грижи се тесно поврзани со предметите од областа на класичните студии. Конечно, треба да се допушти другите дисциплини да повлијаат на начинот на кој класичните филолози ја замислуваат својата работа во сопствената област. Со други зборови, класичните филолози мора да почнат да сметаат дека нивна подеднакво важна и главна улога е и поучувањето на учениците во областите надвор од класиката – ученици кои не биле упатени во античките јазици, ниту во севкупноста на *Altertumswissenschaft*.

Што се однесува до преведувањето, иднината на класиката како дисциплина нема да може да смета на предавање на грчки и латински во оригинал, но исто така не би можела да се базира на курсеви што се потпираат само на преводи и курсевите по латински јазик нема да можат секогаш да се ограничуваат на стандардните текстови и автори. Кога станува збор за наставата, суштествена претпоставка е професионалното и добро познавање на латинскиот јазик. Но има и некои подготвителни курсеви по латински наменети за наставници без *никаков познавање на латинскиот*! (на пр. Prima Latina). Исто така има и програми што имаат главна цел учењето латински да стане полесна задача, како на пример интернет страницата LATIN WITHOUT TEARS (латински јазик без солзи).

Овие мисли нè водат кон следниве прашања: како треба да изгледа програмата по латински јазик, дали таа треба да биде идеална или поспецифична. Кога предлагаме програми за професионален развој на професорите по латински јазик или на наставните програми по латински јазик, обично правиме прилично специфични препораки за автори и дела што треба да се прочитаат и теми кои треба да се обработат, односно, наместо специфични курсеви, предлагаме автори, дела и теми. Јас немам намера да барам (или да предлагам) некаква „идеална“ програма како што правевме порано, туку попрво би сакала да се обидам да образложам една програма, во согласност со специфичните цели на еден курс по латински јазик. Ќе се обидам да дадам пример за тоа како може да им одговориме на посебните цели на еден курс со специфична тематска рамка. Натаму ќе предложам посебно насочување кон предавањето и учењето латински преку книжевни преводи.

Онака како што е замислено тука, користењето книжевни преводи во образовниот процес е едно карактеристично рефлективно вклучување во друга култура во споредба со нашата сопствена култура. Програмата што се заснова врз превод исто така го унапредува концептот за културна писменост, што допушта еден вид дијалектичка резонанција и мешање меѓу двете култури, со тоа што на учениците им се предава за разликите и им се даваат аналитички и практични знаења и вештини како во учењето на јазикот, така и во про-

учувањето на пренесувањето на даден латински текст од неговиот оригинален културен контекст во еден модерен контекст.

„Педагогијата е научен пристап на пренесување знаење кај ученикот преку процесот на учење и ефикасно организирање на соодветно знаење за остварување на *образовни цели*... Педагогијата треба да ги интегрира когнитивната, ефективната и психомоторната област кај учениците. Со јасно определен распоред на активности чија што цел е постигање на избрани цели или исходи, со сигурност ќе го постигне она што го пропишува наставниот план, затоа што сите тие се *целно ориентирани*."

Кога станува збор за обликувањето на еден курс, според претходно споменатата дефиниција прва и најважна задача е поставувањето на приоритетите и дефинирањето на предметите и целите на дисциплината. Училишниот курс по класичните дисциплини мора да се испланира така, за да се постигне јасно утврден резултат. Она што ќе избереме да го работиме на уводните училишни часови, сè до деталните стратегии што би можеле да ги усвоиме во педагогијата на јазикот, сето тоа е навистина условено од предвидените цели на курсот.

*Зошто учениците учат латински?* Има илјадници можни одговори на ова прашање, на пример, „латинскиот им помага на учениците да го подобрат своето логичко мислење", „латинскиот нè учи на граматика, зборови, спелување, композиција, историја, географија, уметност, музика, религија и многу повеќе"; „зошто да се предаваат единаесет предмети кога може само еден", „учете од Овидиј како да се спријателувате со спротивниот пол на јавни места", „погледнете едно навистина растурено семејство: прочитајте една грчка трагедија" итн.

И уште еден одговор кој јас би го проширила: „Грците и Римјаните биле исти како нас / Грците и Римјаните воопшто не биле како нас".

Мојот сопствен одговор на ова претставување би бил: здобијте се со (поголемо) знаење на латинскиот јазик, книжевност и римската култура низ (со помош на) неговата специфична преводна рецепција, а следствено и спротивното – научете ја својата книжевност и култура подобро преку латинскиот јазик и римската култура, односно, премостете ги на специфичен начин двата јазици и/или книжевности и/или култури. Ние вообичаено посочуваме на заедничкото културно наследство и нашите заеднички европски корени, за кои класичните јазици и цивилизации ни го даваат моделот. Но најдобар начин да се согледаат врските меѓу оваа голема целина и малиот дел (чиишто претставници сме ние во оваа особена заедница) е постојано да се споредуваат текстови и култури и од нив да се извлекува специфичната рецепција. Јас овде би сакала да се заложам за настава по латински која што ќе биде повеќе ориентирана кон рецепцијата, па така нагласокот би можел да се стави врз заедничките корени и наследство на европската култура од една страна, а од друга, да се нагласи нашата сопствена специфична културна (или поточно книжевна) рецепција на античкиот свет.

*Кои знаења посакуваме да ги постигнат учениците за време на курсот?* Дали сакаме „подобро да читаат латински" или„да знаат повеќе за животот во Рим"? Ова е дилема што често се обидуваме да ја разрешиме со комбинирање и на обете цели. Со ова прашање е тесно поврзано и следното:

*Колку долго треба да трае курсот?* Знаењето со кое ќе се здобијат учениците зависи од времето што го имаат на располагање за учење. Колку што ми е познато (и сметам дека ова е општ тренд не само во наставата и учењето класични јазици), курсевите по латински ста-

нуваат сè пократки и сугерираат или збиено количество информации во кое се обидува да се прескокнат деталите и се сосредоточува на општите црти на големо количество информации, кои претходно биле презентирани во подолг временски период, а кои денес се компресираат во пократок временски период. Следствено на ова, одвај можеме да сметаме на времето и на традиционалните помагала во наставата и изучувањето на латинскиот јазик, т.е. прво да се читаат, па да се преведат и да се разберат големи количества текст за да се илустрираат граматичките специфичности и да се запаметат во праксата.

*Која методолошка рамка треба да се усвои?* Дури откако ќе одговориме на погорните прашања, би можеле да размислуваме за соодветните и адекватни (исто така и реални) наставни инструменти кои би требало да ги примениме во образовниот процес. Би сакала да ви изложам еден, би рекла, старомоден начин на настава по латински, една илустрација од „Учителот по класика" и четири принципи во наставата по латински со кои би сакала да полемизирам.

1: „Меморизирај ја латинската граматика"

... Од суштествена важност за латинскиот е да се научи латинската граматика – деклинациите и конјугациите, кои ние исто така ги нарекуваме „форми". Работете низ граматиката систематично, не ја третирајте како збирка од неповрзани повторувања, или пак во смисла на деклинација овде, конјугација онде. Предавајте ја граматиката како систем. Сосредоточете се на неа. Научете ја. Совладајте ја. Запомнете дека во минатото учениците и професорите немале нешто многу повеќе од латинската граматика. Дали во тоа бил клучот на нивниот успех?"

Јас би одговорила: не, затоа што во минатото учениците и професорите немале огромен број дисциплини кои требало да се предаваат и да се научат како денес. Класичните јазици во блиското и подалечното минато претставувале помалку или повеќе сржа на секој наставен план. Очигледно, латинската граматика не може и не треба да биде единствениот интерес во учењето на латинскиот. Во нашиот глобализиран и мултикултурен свет јазикот никогаш не може да биде согледан како систем *per se*. Лингвистичките концепции секогаш вклучуваат и некои комуникативни аспекти и јазични варијации во и меѓу општествата.

2. „Рецитирај ја латинската граматика усно"

Латинската граматика е едноставно премногу за да се меморизира визуелно или да се научи со повторно и повторно препишување. Усното рецитирање на деклинациите и конјугациите е непроценлива помош за меморијата. Рецитирајте деклинации и конјугации секој ден."

3. „Вежбај ги граматичките форми за подобро владеење"

Големо постигање е да може да се изрецитираат и напишат сите деклинации и конјугации без грешка, но не е доволно. Неопходно е да може веднаш да се даде одговор на прашања за „формите". Прашајте ги вашите ученици за „акузатив множина од stella", „од законите", „во реката", „јас бев одел", „гледавме", „тие беа нападнати". Сфаќате што сакам да кажам. Тежнејте кон непосредно присеќавање. Вежбајте 5-15 минути *секој ден.*

Ќе бидат потребни *неколку години* за да се постигне непосредно присеќавање...

Но ако имаме само една година на располагање за учениците да се здобијат со извесно познавање на латинскиот, ние нема да имаме време да рецитираме деклинации и конјугации и да се здобиеме со претходно споменатото непосредно присеќавање. Ќе мора да се

разработат различни методи на меморизирање кои би можеле да заштедат време во учењето на јазикот. Следствено на тоа, ова ќе бара специјален когнитивен пристап кон процесот на учење и предавање. Таквиот пристап би можеле да го илустрираме со методологијата „заснована врз превод“, претставена во овој труд, ориентирање на процесите на меморизирање кон компаративно и асоцијативно усвојување на јазикот преку мајчиниот јазик на учениците и неговата книжевност.

4. „Преучување“

Кога мислите дека вашите ученици ја знаат граматиката, најверојатно не е така. Само учениците кои се преучиле имаат барем некаква шанса, кога ќе дојде време, всушност да го применат своето знаење.

Се појавува истиот проблем: нема толку време (а можеби ни потреба) да се преучи. Најверојатно треба повторно да ги разгледаме целите заради кои би се учел латинскиот јазик во модерно време и во согласност со него. Курсевите по латински би можеле да развијат поширока тематска рамка што би се протегала не само надвор од лингвистичките вештини и експертиза, туку и надвор од контекстот на минатото.

### *2. Појдовни точки и методолошка заднина*

Идните професори ќе мора да научат да ја трансформираат содржината во наставни цели и методи. Јас овде ќе се обидам да дадам пример како би можеле да трансформираме специфична содржина, земајќи еден оригинален латински текст и неговиот превод и претворајќи го во лекции што ќе се предаваат и какви информации би можеле да извлечеме од преведените текстови. Така би можела да се разработи една интегрирана методологија воедно и „граматички заснована“ и „културно заснована“.

Јас имам намера да ја применам „преводно заснованата“ методологија на поспецифичен начин отколку што тоа првично било замислено во класичната филологија, а таквата примена подразбира предавање на морфологија и синтакса, точно декодирање на текстовите, користење на методот наречен „граматика-и-превод“. Би предложила поместување на средиштето на наставните цели од „*настава која што учи разбирање на латинскиот јазик за читање*“ и основна компетентност во преводот кон „*настава по латински низ блиска споредба со јазикот на учениците*“ и *проучување на рецепцијата на латинските текстови во целниот културен и/или книжевен контекст.*

Навикнати сме да го правиме искуството на учениците со латинскиот слично на решавањето загатки и на тој начин ги ограничуваме можностите постепено да се зголеми интуитивното разбирање кое што е суштествен дел на знаењето на кој било јазик. Се разбира, извесно декодирање е сосема природно за да може да се искомуницира лингвистичкото значење; сепак, оваа специфична и неизбежна задача би можела да се оствари преку други средства. Всушност, поместувањето во гледањето на латинскиот лежи во основата на секој нов дидактички пристап: латинскиот ниту е само код, што треба да се декодира, ниту пак збир од загатки со кои треба да се избориме. Тој е јазик, а тоа имплицира постоење на некои нему својствени комуникацијски аспекти. Тука би предложила помагало што ја прави употребата на латинскиот еден специфичен комуникативен лингвистички инструмент меѓу книжевностите и културите. Тоа не се состои од учење на учениците да *преведуваат* за да го разберат оригиналниот латински текст и јазик, туку повеќе од учење на учениците да го користат *преводот* и за да го разберат оригиналниот латински текст и да

добијат увид во културата на рецепторот, односно во сопствената култура. Многу класичари најверојатно би полемизирале со ваквиот начин на размислување, бидејќи тие се убедени дека единствениот коректен начин на учење латински е самостојно да се преведува. Но овој предложен метод им дава можност на професорите и на учениците да разгледаат некои важни разлики меѓу нивниот мајчин јазик и јазикот што го учат кои инаку би останале незабележани и би можеле да бидат испуштени. И ваквото испитување секако не значи дека преводите на традиционален начин ќе бидат оставени настрана. Предложената методологија секогаш ќе може да се искомбинира со самостојна работа на учениците.

Една од целите на ваквата „преводно заснована" методологија е да се заштеди време во овој современ свет каде што нештата се движат побрзо во споредба со поранешниот начин на живот, а на новите генерации им е потребен пристап до повеќе информации и мора да се здобијат со повеќе знаење во пократок временски период. Би ја илустрирала важноста на оваа специфична контрастивна перспектива, во која што се анализираат латинските текстови, со зборовите на американскиот лингвист Бенџамин Ли Ворф. Тој вели дека контрастивната лингвистика е „од уште поголема важност за идната технологија на мислење", затоа што „ги вцртува исклучителните разлики меѓу јазиците – во граматиката, логиката и општата анализа на искуството."

Користењето на преводот во предавањето латинска книжевност не е ништо ново. Неколку наставни програми за овој курс се засноваат врз преводи на латински оригинали, било буквални било книжевни. Дури постојат и курсеви за латинска книжевност во превод. Но во наставата по јазици овој метод не е толку традиционален, туку повеќе контроверзен. Многу програми ги користат преводите само како дополнително помагало во наставата по латински, но не како суштествен материјал за разбирање на прочитаното, односно не како материјал со подеднаква важност како и оригиналниот јазик и/или текст. Најважна карактеристика на оваа методологија е дека преводите, особено книжевните, претставуваат не само поддршка за подобро разбирање на некој текст, туку стануваат интегрален дел на проучувањето.

„Преводно заснованата" методологија може да искомбинира две средства за инструкција кои всушност се прилично традиционални. Првото е дидактичкиот метод во наставата, и тој се состои од претставување модели на учениците за заедничко промислување. Така и професорот и ученикот се ангажираат во заедничко промислување. И обајцата активно размислуваат за моделите поставени пред нив. Како резултат, и обајцата се движат кон поточно разбирање на идеите што се содржат во предметот. За да се направи ефикасна оваа дидактичка инструкција, мора да почнеме со разидувањата меѓу двата текста кои сакаме учениците да ги разберат и на тој начин да ги наведеме нивните размислувања во особена насока, имено кон контрастите што треба да се согледаат.

А вториот метод, кој успешно може да се придодаде кон првиот низ превод, е дијалектичкиот и тој се заснова врз поставувањето прашања и нивно одговарање. Преводниот текст би можел да понуди широк обем од прашања што би можеле да се постават кои би потекнувале од еквивалентностите или „грешките" на сите нивои на текстот: синтактичкото, лексичкото. Откако ученикот ќе ја препознае неадекватноста на некои оригинални идеи и ќе сака појасно да ја разбере вистината, тој ќе биде подготвен да појде еден чекор понапред во разбирањето на текстот. Тој е способен да дава сè поточни предлози во врска со измените што го одбележуваат преводниот текст и на тој начин ќе му се доближи на

значењето на оригиналот. Целта на овој интегриран пристап е да се овозможи поточно разбирање на латинскиот текст, а општо земено и на објективноста.

### *3. Разликата меѓу преведувањето и преводот во предложените рамки*

*Преведувањето* значи процес на превод како традиционален начин на учење на латинскиот јазик, со морфолошка и синатктичка анализа на делови од текстови, со дополнителни објаснувања од областите на книжевноста и културата. Ваквиот пристап би можел да се нарече филолошка анализа. Но, согласно со промените и реформите во нашите образовни системи и во светот во целост, истото може да го постигнеме и преку преводи.

*Преводот* значи производ на преведувањето што, јас би предложила, мора/може да биде од два вида во согласност со целите на курсот: побуквален превод, направен од професорите со цел да им се олесни разбирањето на прочитаното; 2) еден (или повеќе) адаптиран(и) превод(и) на избран автор или извадок.

### *4. Различни цели на претходно споменатите преводни помагала во латинската дидактика*

Професорот би требало да направи *буквален превод* поради следните цели:

а) *Лексичка ориентација* на ученикот: тој/таа мора (се обидуваат) да погодат зборови што кореспондираат и на тој начин да го научат или само да го забележат значењето на зборовите. Основната претпоставка на ваквиот пристап е дека еквивалентите за оригиналните (латински) зборови се најсоодветни и вистинити (ако е можно изборот би требало да се прави од речник). Ако не може да се најде точен еквивалент, мора да се направи семантичка споредба и да се нагласат разликите, заедно со контекстуално-чувствителните одлики, што го водат процесот на наоѓање решенија.

б) *Морфолошка свесност* кај ученикот: во оваа фаза на работење учениците би можеле да бидат повикани да ги соберат и да ги поврзат точните морфолошки категории со зборовите од текстот со помош на преводниот текст и исто така да станат свесни за примерите каде што не може да се случи поврзување на морфолошки еквиваленти, односно, да ги согледаат лингвистичките трансформации во морфологијата, и на тој начин дури и да ги научат категориите на латинскиот морфолошки систем во споредба со категориите на својот сопствен јазик.

в) *Синтактички увод* и/или ориентација: редот на зборовите е првата карактеристична одлика што треба да се утврди во оваа фаза на работењето. Улогата на падежите во латинскиот би можела да се испитува во споредба со нивните преводни еквиваленти заедно со нивните предлози, односно низ функционална компаративна анализа: именката во падеж (променета форма) во оригиналниот текст наспроти именка со предлог во преводниот текст. Преку преводниот текст учениците ќе можат или поточно ќе треба да се здобијат со извесно познавање на латинските синтактички специфичности. Би можеле да се изградат шеми на реченици од обата текста, за подобро да се расветли логиката на латинската фразеологија. Со минувањето од микро на макро ниво на анализа ќе можат да се утврдат различните модели на кохезија на текстот. Оваа метода е традиционална и многу често се користи во наставата по латински јазик.

*Кое е дополнителното мислење или аспект што може да го понуди книжевниот превод?*

*Книжевниот превод* (со или без употреба на еден помалку или повеќе буквален превод како *tertium comparationis*) би можел да се употреби или во почетната фаза на работење заедно со буквалниот превод или во понатамошните фази на работење и за постигнување на различни цели. На пример, ако многу се разликува преводниот текст од оригиналниот, утврдувањето на разликите ќе може да послужи како средство за проверка на степенот на подготвеност на учениците. Општо земено, во истите рамки тој би можел да биде корисен за ориентација на различните лингвистички нивои што беа претходно споменати, но исто така да послужи и како дополнително средство што би можело да ги нагласи културните компоненти на текстот во споредба со културните карактеристики на целната група (карактеристиките на самите ученици). Поконкретно, таквиот превод на некој латински текст би можел да се смета за специфичен начин на рецепција на античкиот свет и би можел да се насочи кон компаративната перспектива на културниот континуитет за кој сакаме да стане дел од целокупната слика.

Додавањето преводи кон латинскиот оригинален текст, од една страна, се согласува со вредносно-ориентираните цели на либералното образование во целост. Од друга страна, тоа подиректно ја поддржува ориентацијата кон почитување на културно-историската рамка како на изворниот контекст, така и на оној целниот, што претставува исклучително важна образовна придобивка.

Проучувањето на текстовите би можело да започне со набројување на разликите, на пример, оригиналниот автор го прави ова, преведувачот она. Потоа би можело да се продолжи со насочување кон стилските карактеристики на изворниот текст и нивното зачувување или губење во целниот текст (почнувајќи на тој начин исто така и со разликите и специфичностите). Како што веќе споменав, најважна и суштествена вредност на оваа методологија – користењето на книжевни преводи, е вклучувањето на некои карактеристики на културниот и историскиот контекст, како на оригиналот, така и на преводниот текст. Со други зборови, во јазичната анализа оваа апликација би водела од интратекстуалните кон екстратекстуалните фактори. Така со преводите пред себеси, од моделот на линеарниот наратив се придвижуваме кон подинамичните модели на колаж и меѓусебно разменливи делови на (најмалку) два текста што треба да се анализираат.

Една дополнителна предност на книжевниот превод е тоа, што тој често значително се разликува од оригиналниот текст и овие дивергенции претставуваат основа за здобивање со лингвистичко (изборот на зборови и синтаксата), но и со контекстуално културно знаење.

Како заклучок, може да ја прескокнеме фазата во која ги анализираме својствата и квалитетите и на двата модели поединечно и можеме да продолжиме директно со следната фаза: меѓусебното споредување на моделите за да се изнајдат заедничките својства, и поточно да се нагласат контрастите и разликите, и фактот дека избраните текстови опишуваат специфични модели од различни типови. Ова ни овозможува да го утврдиме она, што е карактеристично само за идејата што ја земаме предвид.

### *5. „Преводно заснованата" методологија применета*

Постојат два начини да се организира споредба меѓу два текста:

– Текст по текст: при што поединечно се третира секој од текстовите;

– Точка по точка: при што се третираат и двата текста истовремено, покажувајќи како преведувачот се справувал со различни делови од текстот или различни прашања (тонот, формата изборот на зборови и значењето).

На кои прашања мора да се одговори?

1. Како варира јазикот меѓу изворниот и целниот текст?

2. Дали оваа варијација на јазикот е важна или дали различните зборови се со толку слично значење и нијанси, што значењето не се менува?

3. Ако се важни варијациите во јазикот, зошто е тоа така? Како варира смислата меѓу оригиналот и неговиот превод?

4. Како влијаат варијациите во изборот на зборови и синтаксата врз значењето на извадокот? Дали разликата меѓу двата текста – изворниот и целниот – ги изложува на различни толкувања?

5. Исто така може да пронајдеме зборови што звучат клучно за извадокот и да се обидеме да ги споредиме нивните конотации.

6. Конечно, на естетичко ниво, ви се допаѓа ли преводот? И зошто?

Изборот на специфичните теми за кои ќе се расправа може да се поведе токму од книжевните преводи: на пример, *Заверата на Катилина* на Салустиј во бугарски контекст, или Втората епода на Хоратиј во која лихварот ги фали привлечностите на животот на село, неговата ослободеност од грижи и неговата едноставност, но наскоро открива дека неговата љубов кон парите го надминува ваквото негово чувство.

Текстот на Салустиј е намерно избран за претставениот специфичен вид на студија: неговиот строго изразен стил, остар поради честата и наметлива употреба на антитезата, асиндетонот и низа историски инфинитиви, должината, всушност краткоста на речениците и нивната повеќе координирачка отколку хипотактичка структура, што дава можност за јасен поглед врз структурата преку редење.

Се разбира, најинтересен и суштествен елемент во нарацијата на монографијата е сликата на Катилина. Портретот на Катилина ги содржи и на извесен начин ги потенцира разните пороци што преовладувале во Рим, со тоа што сите тие изгледа се комбинирани во овој единствен мегаломански лик, чијашто судбина несомнено е да предводи банди лоши луѓе во coup d'etat без преседан. Овие карактеристики му даваат можност на бугарскиот преведувач да направи споредби со своето време и општество. А она што го мисли преведувачот е јасно изразено во предговорот на неговиот превод кој што исто така ќе го проучиме во натамошната обработка.

### *6. Варијации во изборот на зборови и нивното влијание врз значењето на различни делови*

Има три начелни моменти во личниот опис на Катилина кои придонесуваат за заокружувањето на неговиот портрет – уводниот опис на ликот од 5.1-8, чиешто продолжение може да се најде во фрагментот 15.1-5 и во 60.4, 7 и 61.4.

Како што веќе забележавме, во уводниот опис акцентот е ставен на неговите специфични особини: на внатрешните - *animus* и *ingenium* и на надворешните - *corpus*. Првиот опис на Катилина во *глава 5* се базира на спротивставувањето на *animus* и *corpus*. Ефектот на

ова спротиставување, основен структурен елемент на мислата на Салустиј, бил целосно уништен во бугарскиот превод од 1940 година, бидејќи лексемите „душа“ и „тело“ се отстранети од неговиот опис. Наместоа тоа, портретот на Катилина е опишан со именки и придавки директно придодадени на неговата личност, и без медитирањето врз двата збора „душа“ и „тело“ кои всушност се во основата на неговата книжевна слика. Отсуството на овие зборови, кое на прв поглед изгледа неважно, е од голема важност не само за книжевниот лик, туку исто така и за односот на авторот кон неговиот херој. Градењето на сликата низ антитезата *душа-тело* му дава на портретот на Катилина нескршлив интегритет, каде што Салустиј го проектира своето мислење и со тоа изградува комплексна слика. Катилина е прикажан како сложена личност од минатото - со негативни, но исто така и со позитивни карактеристики.

Антитезата на *animus* и *corpus*, клучниот организациски принцип на мислата и наративната структура на Салустиј се обединува преку изразот *“magna vi”* и оттука произлегува втора спротиставеност на *animus et corpus* vs. *ingenium,* која што донекаде е загубена во бугарскиот превод, затоа што *animus* и *corpus* се преведени со две придавки – *духовно* и *телесно.* Менувањето на структурните елементи со спротиставувањето на *animus* и *corpus* на *ingenium*, заедно со спротиставувањето на *vis* со *ingenium* во преведениот текст, ги наведува читателите во различна насока при формирањето на нивоата на личноста на Катилина – тој е силен, *наспроти* својот „лош характер“ (бугарскиот еквивалент за *ingenium*). Остроумно и зад конкретната граматичка конструкција оригиналниот текст ни кажува дека Катилина е силен *и* дека има лош характер.

Суптилната врска меѓу менталната изопаченост како нешто фиксирано во карактерот на поединецот и во човечкото однесување што резултира од него, останува скриена за бугарската публика. Да се биде силен, односно да се има голема моќ на телото и/ или умот, е фиксирана карактеристика, а лошиот карактер е нешто што се учи во животот и општеството, како што ќе забележи читателот во следните реченици (и глави) на монографијата.

Во овој прв поопширен опис на книжевниот портрет на Катилина, именките преовладуваат над глаголите. Строгиот стил на Салустиј, употребата на асиндетон и акумулацијата на именки ѝ одговараат на личноста опишана со нив. Во посочениот преведен текст, нарацијата оди помазно отколку во оригиналот. Прво, должината на речениците придонесува за овој мазен и продолжен звук – бугарските реченици во некои случаи се многу подолги од латинските; на второ место, контрастните резултати од улогата на асиндетонот – низ тоа книжевно средство Салустиј ги изложува сите карактеристики на *animus* и *corpus* на Катилина - *animus audax subdolus varius, corpus patiens inediae algoris vigiliae* – секој збор во асиндетонот носи своја затворена семантичка рамка и на тој начин е прецизно нагласен, што резултира со прилично пресметан ефект врз публиката. Во асиндетонот имаме акумулација на лексеми со особена и изострена сосредоточеност. Во бугарскиот превод, асиндетонот не е и не може да биде зачуван со истата снага и нагласеност. Ликот на Катилина станува генерализирана фигура и му дава на читателот можност да го поистовети со неколку различни личности во книжевноста и во реалноста. Лексичката еквивалентност во преводот е проширена, затоа што на еден збор од изворниот текст му одговараат два збора во целниот: *audax* наспроти *смел и дързък* (смел и дрзок), *subdolus* наспроти *подъл и коварен* (подол и неверен), *varius* наспроти *непостоянен и безхарактерен* (непостојан и бесхарактерен). (Споредиси со зборовите на преведувачот во предговорот: „Јас преведував еден латински збор со два или повеќе бугарски, кога значењето изразено со латинскиот збор не можеше

да се изрази со еден бугарски и обратно, но поретко: два или повеќе латински зборови како формула со еден бугарски збор"). Отсуството на асиндетонот и неговата замена со изрази, поврзани со сврзникот „и" во бугарскиот текст ги омекнува како портретот на Катилина, така и пејоративните значења на лексемите, преку кои е изграден неговиот лик. Со уништувањето на антитезата при преводот всушност се уништува специфичната природа на книжевниот јунак. Со акумулацијата на зборовите се губи остринатa и строгите контури. Усогласувањето на *corpus* со три именки по партиципот *patiens,* во бугарскиот текст е испревртено со глагол.

Претераниот/хиперболизиран превод на фразата *animus ferox* во *поглавјето 5.7* со „*луда имагинација*" до извесна мера го компензира изгубениот негативен удар од претходната реченица. Зборот „*имагинација*" (или „*фантазија*" кој што е буквален превод на бугарскиот збор) го води читателот во една утописка сфера и така алудира на идниот неуспех на потфатите на Катилина. Придавката „*луда*" предизвикува кај бугарската читателска публика чувство дека станува збор за однесување што ги надминува рамките на вообичаените човечки постапки.

За да си помогне во задоволувањето на својата страст по моќ, Катилина се опкружувал себеси со недолични ликови од обата пола и од сите возрасти, и секој што му станувал близок наскоро се здобивал со лоши навики и со сеништа на одбрани пороци. Една од тактиките што ги применувал била некому безнадежно да му ја упропасти репутацијата, така што жртвата морала да му се обрне само на Катилина за да добие услуги и одобрение.

Овој избор на шаренило од сојузници личи на безнадежна основа за градење нова република. Катилина го разбрал недостатокот на неговата „народна" организација. Тој исто така успеал да се здобие со помоќни, ако не и со подостоинствени приврзеници од редовите на сенатот и од највисоките слоеви на римското општество.

Следствено, трансформацијата на сликата за Катилина во преводот не се однесува само на неговите директни психолошки и физички карактеристики. Во потрага по идентични процеси и настани во културата примател, бугарскиот преведувач имплицира и некои од индиректните карактеристики на Катилина. Така, во кругот на соработниците на Катилина, опишани како изопачени поединци во *поглавјето 14*, вклучени се два типа на луѓе, кои што се специфични за бугарската реалност: една од дополнителните лексеми (*непрокопсаник*) значи „човек кој немал никаков успех во животот", „што не го бива за ништо" а другиот (*нехранимайко*) буквално значи човек што „не си ја храни мајката", односно, оној што не се грижи за неа. Овие се двата аспекти на изопаченост типични за бугарската сцена. За овие индивидуални типови воопшто нема место во оригиналниот текст и немаат свои еквиваленти во изворниот контекст. Додавањето на елементи од целната културна средина во преведениот текст ја насочува рецепцијата на читателот првенствено кон целниот контекст и произведува асоцијации сврзани со бугарската култура. Промените во контекстот делуваат и на сликата за Катилина и тој станува јунак во општествената и културната рамка што не го создала. Се чини дека списокот на соработниците на Катилина во оригиналот не бил доволен и не предизвикувал доволно неодобрување од бугарската читателска публика, па така преведувачот додал некои повообичаени и повистинити карактерни ликови од својата сопствена (целна) култура.

Во следниот дел (*поглавје 15*) описот на Катилина е развиен од два аспекти - од аспект на јазикот, од една страна, и, од друга страна, од аспект на делата и надворешните карактеристики. Изграден повторно врз спротиставеност на различности како *dis hominibusque infes-*

*tus, neque vigiliis neque quietibus, citus modo, modo tardus incessus*, овој опис го става акцентот врз глаголите наместо врз именките.

Во истото поглавје, бугарскиот еквивалент на активноста на Катилина *facinus* е *политическо престъпление* (политички престап), односно преведувачот барал паралела во целната културна и политичка рамка. (Според со зборовите на преведувачот во предговорот: „Инаку, оваа книга ме потсетува дека со лош морал пропаѓаат луѓето и општествата и ние одвај можеме нешто да добиеме со бунт и спротивставување на власта).

Семантиката на зборот „*лудост*“ (кој што веќе се појави како придавка во поглавјето 5.7 *animus ferox* vs. *луда фантазия* /луда имагинација/фантазија) добива поголема важност во трансферот на Катилина во бугарскиот контекст со уште едно појавување во *поглавјето 15.5*, каде што се опишани неговите физички особини. Во овој дел зборот „*лудост*“ е еквивалент на латинското *vecordia* (vultuque *vecordia* inerat наспроти *безумие или лудост* (безумие или лудост) и неговото значење е засилено со синонимот „*лудило*“. И покрај лудилото на неговото лице, Катилина не е јунак што оперира хаотично и без мотив во оригиналната римска рамка. Лудилото би можело да биде дури и позитивна црта на неговиот карактер, ако ги сметаме храброста и јунаштвото за дистинктивни особини на секој јунак. Низ употребата на зборот „*лудило*“ за бугарското отелотворение на Катилина, преведувачот го отфрла од бугарската сцена, затоа што таквото однесување и дела не смеат да се допуштат во бугарското општество.

Обид да се замени контекстот на опишаните настани исто така може да видиме во начинот на кој е преведен зборот *tetrarchae* во говорот на Катилина во *поглавјето 20*. Негов еквивалент во бугарскиот текст е *князе* („принц“ или „војвода“). Ако преведувачот избегнува какви било коментари во врска со оваа реалија, тој се обидува да го насочи вниманието на читателите врз сопствената културна средина (според со зборовите на преведувачот во предговорот: „посочувам дека презентираниот превод не е наменет за научници, туку за поширока публика, на која што не ѝ се потребни познавања за историските, географските и филолошките детали, туку посакува да биде запознаена со самото дело, со неговите мисли и општи тенденции. (Од овие причини јас ги изоставив фуснотите.)

Изборот на бугарските еквиваленти за *hostis* и *parricida* во *поглавјето 31.8* – „*предавник и непријател на татковината*“ поттикнуваат слични асоцијации во рецепцијата на текстот. Тука мора да го посочиме зборот „*татковина*“, што претставува најчест еквивалент за латинскиот збор *patria,* и има силни конотации сврзани со бугарските движења и битки за ослободување и со естетиката на бугарските поети што ги глорифицирале. (Според со зборовите на преведувачот во предговорот: „Се разбира оваа наша карактеристика, наследена од епохата на ренесансата, е апсолутно оправдана па дури и за пофалба, но само во историска смисла и против туѓинска превласт, но не против секоја бугарска власт. Ќе мора да се разбере дека не смее да има револуција или востание внатре во земјата“.) Ова специфично внесување на идејата за ослободителни борби и движења во контекстот има особено влијание врз говорот на Катилина во поглавјето 58, каде што тој изјавува “*nos pro patria, pro libertate, pro vita certamus*”. Така трансферот на сликата за Катилина во целната општествена и политичка ситуација, како и специфичните измени и замени во неговиот опис создаваат многу поразличен јунак, кој оперира во култура што во голема мера се разликува од оригиналната. Настаните и луѓето околу него се исто така внесени во традиционалната рамка на реципиентите.

Завршните описи на Катилина на крајот од текстот се изградени најмногу од глаголски изрази, кои го одразуваат однесувањето на Катилина како војник и неговото јунаштво при умирањето. Силниот нагласок врз историските инфинитиви во *поглавјето 60.4* го извлекува контекстот на воен судир надвор од неговите сопствени историски рамки.

Во римскиот културен простор, читателите ги води спротиставеноста *domi militiaeque* и во таа смисла историските инфинитиви во умовите на Римјаните се навистина *историски*, бидејќи тие го стават јунаштвото на Катилина во многу проширениот контекст на историјата, како и во поограниченият контекст на римската историја и римските традиционални културни и историски категории. Во бугарскиот текст личноста на Катилина е поставена во опкружувањето на самиот настан за кој се раскажува и неговото воено јунаштво е ограничено на неговата личност поради употребата на трето лице еднина во делата што се искажани (како еквиваленти на инфинитивите на Салустиј). Според тоа, за читателите на преводот е зачуван книжевниот лик на Катилина со своите индивидуални карактеристики, но сликата на Катилина како отелотворение на римските вредности е донекаде уништена.

Овој бугарски превод од 1940 година бара слична читателска рецепција како онаа на оригиналот. Во оваа специфична читателска рецепција, и минатите и сегашните историски искуства са поврзани преку трансформацијата на книжевниот портрет на Катилина. Преку оваа трансформација во преводни културни рамки, Катилина станува јунак со бугарски особини и модели на дејствување и ги губи своите карактеристики на јунак што оперира во традиционални римски книжевни и историски рамки. Промените во контекстуалните елементи на околната средина водат кон специфичен одговор кај читателот, заснован врз хоризонтот на очекувањата на читателот во рамките на целната култура. Интеракцијата на обата хоризонти – оригиналниот и преводниот – придонесува за естеското уживање во текстот и на тој начин се постигнува поголем ефект на неговата дидактичка намена.

### *7. Дополнителни материјали за читање*

Покрај текстовите, може да додадеме материјали за читање кои би ја проширile свесноста кај учениците (читателите) за културните разлики - на пример, предговорите на преводните изданија.

Во споредба со кратката бугарска преведувачка традиција, интересот за делата на Салустиј има долготрајна европска традиција. Првиот обид за превод е од периодот пред 1878 година, т.е. ослободувањето на Бугарија од Османлиското ропство. Овој превод не е целосен. Првиот комплетен превод на *Coniuratio Catilinae* се појавил во 1940 година. Во ова време бугарската читателска публика и авторите во и надвор од книжевните кругови се угледуваат на модерната естетика на европскиот Запад. Текстот на Салустиј тешко можел да го привлече нивното внимание и да стане важен дел од книжевниот систем. Поради тоа тој повеќе станува дел од системот на бугарските современи општествени односи и политичкиот живот. Мотивацијата на преведувачот на Салустиј – со негови сопствени зборови – изразена во предговорот на изданието, се потпира на концепцијата дека текстот на Салустиј е „*дело што содржи богат инструктивен материјал*“ (1940: 6) и претставува „*историски настан кој е одлична лекција за Бугарите за тие да можат да разберат колку е штетно за нашата власт и држава кога луѓето ги уништува бактеријата на неслога и разидување*“ (1940: 6). „Les morales de l'histoire“ е главниот концепт врз кој се заснова бугарската слика за Катилина. Преведувачот повлекува паралела меѓу неговата личност и многу други слични „јунаци“ што ги соз-

дала бугарската реалност. Така, уште во предговорот се тежнее кон паралела меѓу оригиналот и преводот.

„Катилина“ на Салустиј зазема несомнено моралистичко гледање на римската историја и во заверата на Катилина гледа производ на широко раширено морално пропаѓање. Така бугарскиот преведувач бара паралели не само на ниво на книжевни слики, туку исто така и на ниво на реалноста, каде што е сместен целиот наратив: „*особено во сегашноста*“, вели бугарскиот преведувач во предговорот, „*Кога моралот не е стабилен и сфаќањата за честа и доблестите, за доброто и злото, ги загубија своите граници*“ – спореди со изјавата на Салустиј: „*Incitabant praeterea corrupti civitatis mores, quos pessima ac diversa inter se mala, luxuria atque avaritia, vexabant. Res ipsa hortari videtur, quoniam de moribus civitatis tempus admonuit, supra repetere ac paucis instituta maiorum domi militiaeque, quo modo rem publicam habuerint quantamque reliquerint, ut paulatim immutata ex pulcherrima atque optima pessima ac flagitiosissima facta sit, disserere*“. Преведувачот бара соодветна реакција на читателите и поширокатa публика и ги определува контекстите на изворниот и целниот текст во својот превод. Потоа тој тргнува од конкретниот оригинален контекст, кој го префрла без никакви промени во целната културна средина за да прави генерализации што се однесуваат на човечките суштества и општеството во целина: „*со лош морал, човекот и општеството ќе пропаднат и со побуна и спротиставување на власта одвај можеме да постигнеме нешто*“. На крајот тој го проширува својот круг на читатели на сите луѓе: текстот е „*лекција што секој може да ја научи*“. Овде и изворниот и целниот контекст повторно изнаоѓаат некои паралели: генерализирачкиот израз на Салустиј “*omnes homines*” ги врти читателите не само кон сегашноста, туку и кон иднината.

Како што забележува Ан Томас Вилкинс во нејзината студија на ликот на Катилина (Wilkins: 1994), Катилина не е едноставна слика – злосторник или јунак се само два аспекти од неговиот комплексен портрет. Бугарскиот преведувач зема некои позитивни аспекти од оваа слика и ги префрла во туѓ контекст. Со тоа, во бугарскиот контекст Катилина станува отелотворение на борец против туѓата власт и преведувачот оди понатаму во неговото портретирање во новиот целен контекст. Од лик што потекнува од традиционални римски рамки, Катилина се претвора во лик од специфичната бугарска сцена, каде што неговото човечко однесување и дела следат различни и својствени контекстуални правила, што потекнуваат од новата целна средина.

Иако во овој временски период античките текстови веќе беа станале книжевни споменици за повеќето бугарски читатели, преведувачот не обрнал внимание на оваа карактеристика на текстот, туку ја нагласува неговата важност како модел од кој секој може да учи. Користењето на историски настани во дидактички цели е една заедничка точка на оригиналниот и преводниот контекст – читателите на изворниот текст и читателската публика на целниот текст се поттикнати да делуваат на слични начини. Очекувањата на идентична реакција кај читателите, како во изворни така и во целни рамки, се засноваат врз идејата дека историјата може да нè поучи и дека е пример што треба да се имитира. Практичната полза од историјата за заедницата и општеството е заедничката точка, каде што публиката на изворниот текст се поистоветува со читателите на целниот текст. Бидејќи знаеме дека историографијата е реторички жанр и затоа има три главни цели, *docere*, *movere*, *delectare*, говорејќи реторички оригиналната и целната читателска публика се поврзани попрецизно преку значењето на глаголот *movere*.

Бугарскиот преведувач ја постигнува својата сопствена дидактичка цел со тоа што намерно го соголува изворниот текст од неговиот оригинален контекст (колку што е можно

да се постигне тоа) и со тоа го присилува преводот да функционира во целната култура како оригинален производ на овој систем. За да изврши влијание врз широката публика за којашто и е наменет овој превод, тој го лишува ова издание од историски, географски и филолошки коментари и фусноти. На тој начин тој го откинува античкиот текст од неговата природна средина за да го пренесе полесно во новиот туѓ контекст. Бугарскиот преведувач мисли исто така и на надворешниот аспект на преводното издание – тој не ги обележува поглавјата со броеви, затоа што тоа би било „*необично за бугарски текст*“ (1940: 10). Така, изворниот текст се смета за сосема идентичен со преводниот. За да ги постигне своите цели во целната култура, оригиналното дело мора сосема да се скрие зад целниот текст. Како резултат од интеракцијата на обата контексти и влијанието врз целната читателска публика, сликата за Катилина се трансформира во бугарски бунтовник и функционира на традиционалната бугарска сцена од 40-тите години на 20-тиот век.

Исто така би помогнало составувањето список од (сите или на поважните) преводи на авторот и текст кој учениците го учеле на мајчин јазик. Тој би ги проширил сознанијата за рецепцијата на преводите на класичните текстови и автори во целната историја на книжевноста и полисистемот.

# Историската фонетика
# во функција на латинската граматика

Маргарита Бузалковска - Алексова

Иако ни личи дека објаснувањата од областа на историската граматика би го оптоварило часот по морфологија на латинскиот јазик, придружен со книжевната анализа на текстот и културолошките објаснувања пошироко земено, прашање е дали е тоа сосема така. Примената на знаењата од оваа област би можела прилично да помогне при разјаснувањата на некои морфолошки одлики, некои посебни форми кои претставуваат проблем за меморирање и совладување. Притоа, укажувањето на фонетски закономерности би можело да помогне и да го олесни процесот на совладување на основните морфолошки облици и во областа на латинското име и во областа на латинскиот глагол. Тоа, од друга страна, на некои места би послужило и како повод за пошироки споредби и со евентуална употреба на иста или блиска форма во македонскиот јазик и/или другите странски јазици што ги учат и знаат учениците.

Да потсетиме на некои закономерности од областа на историската латинска фонетика, поврзувајќи ги со примери од латинската лексика, за да видиме како тие би можеле да помогнат при олеснувањето на наставата по латински јазик.

## А. АПОФОНИЈА

За фонетската промена ги имаме предвид следниве правила:

А.1. Во среден, отворен ненагласен слог кусите вокали се подложни на следниве промени:

– *a>e>i*

– *e>i*

– *o>e>i,*

– *u > i*

ако се наоѓаат пред:

– d, t, n, g, c

– li, ll (палатално l)

А.2. Кусите средни ненагласени вокали вариираат со преминување во *i* или *u* пред:

– *b, p, m, f, v*

А.3. Пред *la, le, lo, lu, l + C* (веларно *l*) кусите ненагласени средни вокали преминуваат во *u.*

### А.1. АПОФОНИЈАТА И МОРФОЛОГИЈАТА НА ИМЕТО

А.1.а. *a>e>i* пред d, t, n, g, c

Појавата може да се види, на пр., при споредбата на симплексот ***ra**tus* со сложенката *irr**i**tus<*irr**e**tus<*in-r**a**tus*. Бидејќи *ratus* е поименичен партицип на перфектот од глаголот *reor* 2, *ratus sum*, што значи „мислам", објаснувањето за *irritus* би можело да биде – „налутен", затоа што не мисли, односно логиката е дека оној што не мисли, се лути.

Исто така споредбата на простиот партицип *d**a**tus* со сложените партиципи *ed**i**tus* или *add**i**tus <*ad-d**e**tus<*ad-d**a**tos,* може, на пр., да ја прошириме и со споредба на *editus*, „издаден", со користењето на зборот „едиција", „издание" во македонскиот јазик. Оваа паралела би можела да се искористи без разлика дали во текстот ќе го сретнеме простиот збор или некоја сложенка од него. Таа ќе придонесе да се поврзе простиот и сложениот збор.

Од морфолошка гледна точка сложениот збор во кој доаѓа до апофонија може да биде:

– ист вид збор како простиот, како на пр.

*inf**i**cetus* : *f**a**cetus*

*Iupp**i**ter* : *p**a**ter*

*diff**i**cilis* : *f**a**cilis* или

– да се разликува морфолошки од простиот збор, на пр.

именка *tibic**i**nium* : глагол *c**a**no*

придавка *prod**i**gus* : глагол ***a**go*

А.1.б. Мошне важна за морфологијата на името е и закономерноста *e* да премине во *i* во среден, отворен ненагласен слог пред *d, t, n, g* и *c*, бидејќи кај група именки вокалот *e* што е својствен за номинативот еднина, во генитивот еднина преминува во *i*; тоа *i* опстојува во сите други падежи во еднина и во множина. Така, на пр.

| | | |
|---|---|---|
| N. *praes**e**s* | N. *nom**e**n* | N. *mil**e**s* |
| G. *praes**i**dis* | G. *nom**i**nis* | G. *mil**i**tis* |
| N. *ausp**e**x* | N. *ind**e**x* | N. *iud**e**x* |
| G. *ausp**i**cis* | G. *ind**i**cis* | G. *iud**i**cis* |

Ваквата промена се среќава и кај сложените придавки, како што може да се види на пр. кај сложената придавка *dim**i**dius* наспроти простата *m**e**dius*. Од друга страна, секогаш е згодно латинската придавка *medius* да се поврзе со македонската именка „меѓа", што упатува на заедничкото индоевропско потекло на двата збора.

Како што може да се види од паралелата *s**e**deo* : *ins**i**diae,* на апофонија може да биде подложна и сложенка, која морфолошки се разликува од основниот збор – *sedeo,* „седам" е глагол, а *insidiae,* „заседа" – именка, која е plurale tantum, односно има само множина. Бидејќи се од истото индоевропско потекло, формите се речиси идентични во латинскиот и во македонскиот јазик, иако во македонскиот јазик нема разлика во вокализмот меѓу простиот збор и сложенката, зашто за него не е својствена апофонијата.

А.1.в. За полесно објаснување на деклинацијата на именките исто така треба да ја имаме предвид и промената на краткото *o* преку *e* во *i* во среден отворен ненагласен слог пред *d, t, n, g, c*. На пример,

N. *hom**o***  N. *fortitud**o***

G. *hom**i**nis<*hom**e**nes<*hom**o**nes*  G. *fortitud**i**nis<*fortitud**e**nes<*fortitud**o**nes*

А.1.г. Оваа појава е исто така својствена за една голема група именки во латинскиот јазик, како и промената на *u* во *i* –сп.

N. *cap**u**t*

G. *cap**i**tis*

А.1.д. Апофонијата *u>i* исто така се среќава, на пр., кај сложенката *corn**i**ger,* наспроти простиот збор *corn**u*** , или кај изведенката *man**i**ca: man**u**s.*

А.2. Пред *b, p, m, f, v* краткиот ненагласен вокал во среден отворен слог може да премине до *i*, на пр. *in**i**micus* (<**in**e**micus<*in**a**micus*) покрај ***a**micus* или до *u*, на пр. *cont**u**bernalis* покрај простиот збор *t**a**berna.*

Од друга страна, бездруго треба да се има предвид и поврзувањето на начинот на формирањето на сложенките во латинскиот јазик со оној во македонскиот или друг странски јазик. Така, на пр., латинската сложенка *inimicus* е оформена на истиот начин како македонската *непријател*, наспроти простите зборови *amicus* и *пријател.*

А.3. Кога се наоѓа пред веларно *l* вокалот преминува во *u*, на пр.:

*ex**u**lans* : *s**a**lio*

*fam**u**lus* : cf. оск. *fam**e**los*

*Sic**u**lus* : cf. *Σίκ**ε**λος*

Ако пак стои пред палатално *l,* истиот тој вокал преминува во *i,* како на пр.:

*ex**i**lium<*ex-s**a**lium*

*fam**i**lia<*fam**e**lia*

*Sic**i**lia <*Sic**e**lia*

Се разбира, имајќи ги предвид приведените примери, може да се направат споредби, на пр., со латинизмите *салто, фамилија* во македонскиот јазик и во познатите странски јазици итн.

## А.2. АПОФОНИЈАТА И МОРФОЛОГИЈАТА НА ГЛАГОЛОТ

А.2. 1. а. *a* > *e* > *i* пред *d, t, n, g* или *c*

Појавата може да се следи:

– во рамките на еден ист глагол:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Praes. | *c**a**no* | *c**a**do* | *t**a**ngo* |
| Perf. | *cec**i**ni* | *cec**i**di* | *tet**i**gi* |

– кај сложени глаголи:

| | |
|---|---|
| *f**a**cio* | ***a**go* |
| *conf**i**cio* | *sub**i**go* |

А.2.1.б. Пред *h, p, m, f, v* вокалот *a* може да премине во *i* или во *u*. На пр., сп.

| Сложен глагол | Прост глагол | Сложен глагол |
|---|---|---|
| *proh**i**beo* ← | *h**a**beo* | |
| *der**i**pio* ← | *r**a**pio* | |
| *inc**i**pio* ← | *c**a**pio* → | *occ**u**po, rec**u**pero* |

А.2.2. *e>i* пред *d, t, n, g* или *c*

2.pl. ind. praes.act. *leg-**i**-tis <*leg-**e**-tis*

2.pl. imper. *leg-**i**-te <*leg-**e**-te*

Исто така апофонијата на *e* во *i* ја следиме и кај сложените глаголи, како на пр. кај *cont**i**neo* кој како втора компонента го има простиот глагол *t**e**neo,* или *coll**i**go* и *insp**i**cio* покрај симплексите *l**e**go* и *sp**e**cio* и др.

А.2.3.а. *o>e>i* пред *d, t, n, g* или *c*

За ваквиот вид апофонија може да го посочиме примерот *memini<*memenai<*memonai*, паралелен на грчкиот перфект *μέμονα.*

А.2.3.б. Пред *h, p, m, f, v* вокалот *o* може да премине во *i* или во *u*

Во првото лице множина од тематската или трета конјугација на консонантските основи, тематскиот вокал *e/o* е присутен во својата *o* аблаутна степен; притоа во среден отворен ненагласен слог кусиот вокал *o* е подложен на апофонија до *i* преку *e* пред *m*, како на пр. *leg-**i**-mus<*leg-**e**-mus <*leg-**o**-mos*, сп. *λέγ-**ο**-μεν*. Сепак, не треба да се губи од вид дека кај некои глаголи во првото лице множина од индикативот на презентот активен дошло и до апофонија на *o* во *u* пред *m,* на пр., во *poss**u**mus* или *vol**u**mus.*

Б. СИНКОПА (СО САМПРАСАРАНА)

Под синкопа го подразбираме отпаѓањето на кусиот ненагласен вокал *i, e* или *o*, до кое може да дојде кога тој ќе се најде: во среден, отворен, ненагласен слог, во краен отворен слог, или во краен затворен слог.

Б.а. Синкопа во среден, отворен ненагласен слог

Оваа загуба на вокалот е својствена за сите видови зборови; да посочиме неколку примери за синкопата кај имињата и глаголите.

Б.а.1. Кај имињата забележуваме паралелни форми, од кои едните не се подложни на синкопа, како на пр. *inferus, superus, calidus, validus,* а другите се со синкопирано *e* или *i* –*infra, supra, caldus, valde* (прилог оформен од придавка).

Б.а.2. Кај сложените глаголи со синкопа на *e* или *i* во среден отворен ненагласен слог може да се објаснат: *reddo<*red(i)do, rettulit<*ret(i)tulit<*ret(e)tolit, pono<*pos(i)no.*

Б.б. Синкопа во краен отворен слог

Б.б.1. Ваквата појава на синкопа на крајното *e* или *i* ја забележуваме, на пр., кај именките и придавките од *i*-основите: сп. *animal <*animal(i)*, покрај nom.acc.pl. *animalia* или *exemplar <*exemplar(i),* покрај *exemplaria* итн.

Б.б.2. Синкопа во краен отворен слог има кај глаголите од третата консонантска конјугација, во второто лице еднина од *imperativus* I. Така настанале формите *fac, fer, dūc, dūc,* добиени од *face, fere, dūce, dūce*, несинкопирани форми кои исто така се употребуваат во латинскиот јазик.

Б.в. Синкопа во краен затворен слог

Б.в.1. Како пример за синкопа во краен затворен слог може да ги земеме нееднаквосложните именки од третата *-i* деклинација. Претежно ако вокалот од претходниот слог е долг по природа или по позиција (ако по него следуваат два или повеќе консонанти) во номинативот од именките и придавките од *i*-основите од трета деклинација, доаѓа до отпаѓање на крајниот слог. На пр.:

| | |
|---|---|
| N. *ars <*arss <* arts < *art(i)s* | N. *audax<*audac(i)s* |
| G. *artis* | G. *audacis* |

Б.в.2. Во латинскиот јазик доаѓа и до една специфична појава на синкопирање на вокалот *o* или *i* во краен затворен слог зад согласка, при што кај именките и придавките во ном. еднина доаѓа до целосно изменување на формата, кое на санскртски се нарекува сампрасарана. Така се добиле номинативот и вокативот еднина од:

– именките како *magister <*magistr̥ <*magistr̥s <*magistr(o)s* или *Alexander<*Alexandr(o)s*, cf. *Ἀλέξανδρος*;

– машкиот род на придавките како *pulcher, pulchra, pulchrum*: *pulcher<*pulcr̥r<* pulchr̥s<*pulchr(o)s*;

– машкиот род на придавките со три наставки од третата деклинација, како на пр. *acer< *acr(i)s* од придавката *acer, acris, acre.*

## В. ПРОМЕНИ ВО ВОКАЛИЗМОТ ВО КРАЕН ЗАТВОРЕН СЛОГ

В.1. Преминување на *e>i*

В.1.а. Во краен затворен слог *e>i* кај имињата, сп. во генитив еднина кај консонантските основи, на пр. *duc**i**s<*duc-**e**s* и др.

В.1.б. Истата појава се забележува и кај глаголите од третата конјугација, како на пр. 2.sg. *leg**i**s<*leg-**e**-s* ; 3.sg. *leg**i**t<*leg-**e**-t.*

В.2. Преминување на *o>u*

В.2.а. Во краен затворен слог *o* преминува во *u* кај имињата – на пр., *discipulus <*discipulos, bonus<*duenos, unus<*oinos.*

В.2.б. Кај глаголите оваа појава е својствена, на пр., за третото лице множина од индикативот на презентот активен или пасивен, сп. *legunt<*leg-o-nt, leguntur<*legontor*, кај депонентните глаголи сп.3.pl.ind.praes. *utuntur<*utuntor.*

Г. РОТАЦИЗАМ

Преминувањето на интервокалното *s* во *r* е промена во консонантизмот, со која се одликуваат и именските и глаголските форми.

Г.1. Ротацизмот кај сигматските именски основи

Што се однесува до ротацизмот кај сигматските основи, може да се одбележи дека разликуваме два вида именски форми:

Г.1.а. именки кај кои по аналогија на преминот на *s* во *r* во интервокална позиција во косите падежи (сп., на пр., gen.sg. *honoris<*honos-es,* dat.sg. *honori<*honosei,* acc.sg. *honorem <*honoṛm*), тоа се пренело и на формата од nom.sg. *honor* , иако тука *s* не се наоѓа во интервокална позиција; и

Г.1.б. именки и придавки од среден род кај кои се зачувал сигматскиот номинатив (и акузатив и вокатив), наспроти ротацизмот во другите падежи, како на пр. nom.acc.voc.sg. *genus*, *tempus, clarius,* gen. sg. *generis<*genes-es, temporis<*tempos-es, clarioris<*clar-yos-es* итн.

Г.2. Ротацизмот кај глаголските форми

Оваа појава е полезно да се објасни, на пр., кај инфинитивите на презентот активен, особено ако се земе како појдовна точка инфинитивот на презентот *esse* од помошниот глагол *sum*. Имено, од оваа форма јасно се гледа дека формантот за инфинитивот на презентот активен бил **-se*. Тоа исто така може да се забележи и кај инфинитивот *velle<*vel-se* од атематскиот глагол *volo*. Од овие примери натаму лесно се доаѓа до аналогниот заклучок дека инфинитивите *amāre, movēre, ducĕre, sentīre* се добиени по пат на ротацизам од **amā-se, *movē-se, *duc-ĕ-se* и **sentī-se*.

Исто така, кога го објаснуваме помошниот глагол *sum, esse, fui* бездруго се среќаваме со повеќе проблеми. Наместо учењето напамет, можеби е полесно, ако на пр., ги објасниме формите на имперфектот и футурот I преку ротацизмот – *impf. eram<*es-am,* fut. *ero <*eso.*

Преку посочените примери од областа на историската фонетика на латинскиот јазик, сакав да ви укажам на можноста и да ве поттикнам да ги користите знаењата од оваа дисциплина во наставата по латински јазик, особено онаму, каде што е тешко објаснувањето само со средствата на латинската нормативна морфологија. Ако се користат соодветно, објаснувањата ќе помогнат и за полесно совладување на материјалот и за развивањето на интересот кај учениците за потеклото на зборовите, за нивната поврзаност со мајчиниот јазик и со другите странски јазици што ги учат.

# Употребата на локалните латински натписи во наставата по латински јазик

Елена Цукеска

Република Македонија и од историски и од географски аспект е дел од античкиот свет. На сите ни е добро познато дека нашата земја изобилува со споменици од античкиот период, меѓу нив и бројни натписи напишани на латински, но и на старогрчки јазик. Таа привилегија да имаме оригинални епиграфски извори, достапни за нас, да ги видиме и да ги допреме, секаде низ Македонија, во музеите, на плоштадите, па понекогаш и во дворовите на нашите куќи, може да се искористи за оживување на наставата по латински јазик, дури и на ниво на средните училишта.

Обидувајќи се да расчитаат и протолкуваат еден натпис, кој настанал токму тука, на територијата на нашата татковина, а не некаде во некоја друга за нас, за учениците далечна и туѓа земја, кој може и да се види со голо око, па дури и да се допре со рака, а не само да се гледа на слика, во книга, кој е тродимензионален и е лоциран во некаков реален простор, а не е само дводимензионална претстава на хартија, кој сведочи за некаков живот во минатото, тука кај нас, обидувајќи се значи да се справат со еден таков текст учениците ќе имаат прилика да се уверат во практичната примена на латинскиот јазик, на еден особен, интерактивен и жив начин. Сувопарните анализи на падежни наставки и глаголски форми може да се претворат во интересна потрага по античкото минатото, културата, начинот на живот, обичаите, личната судбина на некои вистински луѓе, кои некогаш одамна, живееле на нашиве простори.

Читањето на еден латински натпис, значи од една страна може да претставува практична вежба по латинска граматика, а од друга страна тоа ќе им овозможи на учениците да го спознаат фактот дека изучувањето на латинскиот јазик, покрај тоа што е важно, како дел од општото образование на секој интелектуалец, има и една практична примена која е важна и за нашата држава, во целост, а тоа е токму неговата примена на полето на епиграфијата, т.е. пишаните споменици од античкиот период во нашата земја. На тој начин ќе се поттикне и нивниот интерес за овие прашања, за класичната филологија, за историјата, археологијата, за локалното културно наследство.

Еден модел на презентација на латински натпис пред учениците-средношколци кои учат латински, може да биде расчитувањето на натписот следејќи ги истите фази кои ги следат и епиграфичарите во својата работа, распознавање на врежаните знаци и нивно запишување такви какви што се, потоа интерпретација на текстот, во смисла одделување на зборовите, препознавање на сиглите, дополнување на кратенките, и на крајот превод на текстот и негова интерпретација.

За илустрација, можеме да се задржиме на два натписа од Кумановско.

**I**. Надгробен споменик со епитаф, најден во Лопате, Кумановско, 1978 година. За прв пат е објавен во збирката натписи од Горна Мезија од Б. Јосифовска, под број 225. Стелата е употребена секундарно за гроб, кој датира од IV-тиот век. Самата стела веројатно е од крајот на I-виот, почетокот на II-риот век. (сл. 1)

**II.** Надгробен споменик со епитаф, најден во истиот гроб, заедно со претходната стела. За првпат е објавен во збирката натписи од Горна Мезија од Б. Јосифовска, под број 228. (сл. 2)




*сл. 1*




*сл. 2*

На учениците треба да им се постават следниве задачи:

1. Обидете се да ги прочитате натписите и да ги запишете такви какви што ги гледате без дополнителни интервенции.

2. Протолкувајте го текстот, односно одделете ги зборовите, препознајте ги сиглите, броевите, дополнете ги кратенките.

3. Преведете го текстот.

4. Какви историски, лингвистички, социолошки информации ни дава текстот?

Во првата фаза би требало да ги добиеме натписите запишани на следниов начин:

| I. | II. |
|---|---|
| PVBLICIA<br>CALLIRHO<br>E.VIX.AN.L<br>.H.S.E.<br>L.VIRACIVS<br>FORTIS CON<br>.IVGI<br>F.C | D M<br>LVIRA<br>CIVSFOR<br>TIS VIX<br>ANN LXX<br>H S E<br>L.VIRACIVS<br>FORTISET<br>VIRACIA<br>INGENVA<br>PATRI.B.M<br>F C |

Во втората фаза текстот веќе треба да биде читлив и разбирлив за превод.

| I. | II. |
|---|---|
| Publicia<br>Callirho-<br>e vix(it) an(nis) L<br>h(ic) s(ita) e(st)<br>L(ucius) Viracius<br>Fortis con-<br>jugi<br>f(aciendum) c(uravit). | D(is) M(anibus)<br>L(ucius) Vira-<br>cius For-<br>tis vix(it)<br>ann(is) LXX<br>h(ic) s(itus) e(st)<br>L(ucius) Viracius<br>Fortis et<br>Viracia Ingenua<br>patri b(ene) m(erenti)<br>f(aciendum) c(uraverunt). |

Во третата фаза натписите треба да се преведат.

I. Публикија Калирое живееше 50 години, овде е положена (почива).
Лукиј Виракиј Фортис се погрижи (овој споменик)
да ѝ биде направен на сопругата.

II. На боговите Мани
Лукиј Виракиј Фортис живееше 70 години, овде е положен (почива).
Лукиј Виракиј Фортис и Виракија Ингенуа се погрижија (овој споменик) да му биде направен на заслужниот татко.

Во четвртата фаза можеме да се задржиме на интерпретација на текстот од граматички аспект или пак на одредени социолошки, културни, историски импликации. Два натписа се поврзани, така што даваат простор за различни приоди при интерпретацијата.

Само како пример, учениците може да се задржат на следниве прашања:

I.

1. Дали е Калирое латинско име?

2. Што значи Фортис во името на сопругот?

3. Зошто an. го дополнивме во *annis*?

4. Што е *situs*?

5. Како можеме да ја објасниме конструкцијата *conjugi faciendum curavit*?

1. Калирое е грчко име, Καλλιρόη, го има и како име на извор, а се среќава и машко име Καλλίροος, сложено име, составено од κάλλος „убавина“ и ῥοή, ῥόος „струја, ток, река“. Ако се среќава како когномен, тоа значи дека жената била веројатно ослободеничка. Според римската практика, натурализираните странци и ослободените робови, го земале праеноменот и номенот од оној кој им го дал граѓанството, т.е. слободата, а своето лично име го задржувале како когномен. На тоа упатува и гентилното име (номенот), *Publicia*, од *Publicius*, кое го добивале оние што имале статус на *servus publicus* во муникипиумот или колонијата.

(Слободните римски граѓани носеле три имиња, praenomen, nomen и cognomen, значи лично име, гентилно име или име на родот (*nomen gentile* или *gentilicium*), и име на фамилијата во рамките на родот, на пр. *Marcus Tullius Cicero*. Машките деца добивале лично име на деветтиот ден од раѓањето, на почетоците и женските деца исто, но подоцна тие носат само номен и когномен. Сите деца, по автоматизам го земаат когноменот на таткото, а женските го задржуваат и по мажењето. Во времето на царството, најстариот син го зема и личното име на таткото, и неговиот когномен. Вториот син, го земал когноменот на мајката, а третиот син, на таткото но проширен со суфиксот *-anus*. Незаконски родените деца го носат когноменот на мајката. Робовите имале едно едно + името на господарот во ген. + *servus*.

Локалното население во Скупи, носи лично име + *filius, filia* + татковото име во генитив, а може да се јави и само лично име. Оние кои имаат источно потекло, се именуваат на грчки начин, со лично име + патронимик, т.е. татковото име во генитив. Римските граѓани се именувале според римската практика со три имиња, или евентуално само со *nomen* и *cognomen*.)

2. Оној кој го подигнал споменикот, т.е сопругот, носи три имиња, *Lucius Viracius Fortis,* при што *fortis*, што инаку значи „храбар“, е когномен. Когноменот често пати означува некаква карактеристика лична, што како пракса може да се забележи и во нашите презимиња. Гентилното име *Viracius*, според Б. Јосифовска не се јавува често и можеби е келтско.

3. Станува збор за *ablatīvus temporis*, падеж во кој типично стојат именките што семантички означуваат време, *annus, dies, nox, mensis, aetas* итн. На натписите, вообичаено именката *annus* стои во аблатив, кога оди со глаголската форма *vixit* (3 л.едн.перф. од *vivo 3, vixi,*

*victurus* – „живеам“). Истата конструкција се среќава и во литературата, на пр. *Vixit annis viginti novem* (Suet., Caligula. 59), *vixit triginta annis* (Cic., Off.3.2.8 ).

4. *situs* е партицип на перфектот од глаголот *sino*, „положувам, поставувам, погребувам“, сп. *Aeneas situs est*, Ајнеј е погребан.

5. *coniugi* е дат. синг. од именката, *coniux (coniunx), coniugis* - „сопруга“, или „сопруг“. Глаголот *curo 1, curavi, curatus* – „се грижам, исполнувам, извршувам, уредувам“ итн. оди со герундив во акуз. и во тој случај значи „се погрижувам за нешто“, при што акузативот ја означува целта, на пр. *pontem in Ararі faciendum curat* (Caes. B. G. 1.13), „се погрижува да се направи мост на Арар“. Во таа смисла *coniugi (hoc monumentum) faciendum curavit* ќе значи „се погрижи да ѝ биде направен овој споменик на сопругата“.

II

1. Кои се боговите Мани?

2. Зошто два пати се повторува Лукиј Виракиј Фортис, дали се тоа двајца различни луѓе, и ако се, во каков однос се?

3. Дали истиот Лукиј Виракиј Фортис се јавува и на претходниот натпис, за Публикија, Калирое и во какво сродство е тој со неа?

4. Дали зборот *ingenua* нешто значи?

5. Што можеме да заклучиме за статусот на ова семејство?

6. Што е *bene merenti*?

1. Посветата *Dis (Diis, Deis) Manibus* (дат. пл од *dei, di Manes*) е вообичаена на натписи од времето на царството. *Manes*, Маните се душите на мртвите, добри и прочистени, изедначени со боговите. На овие богови им се принесувале жртви во време на празниците на мртвите. Значи мртвиот им се предава на душите на мртвите, т.е на подземниот свет.

2. Лукиј Виракиј Фортис е починатиот, вториот Лукиј Виракиј Фортис е неговиот син, кој според римската практика, како првороден го носи личното име и когноменот на таткото, така што практично името му е целосно идентично со тоа на таткото. Дека му е син се гледа и од посветата *patri*, дат. синг. од *pater, patris* – „татко“.

3. Починатиот Лукиј Виракиј Фортис, значи стариот, е дедикант на претходниот натпис, т.е. тој е сопругот на Публикија Калирое.

4. *Ingenua* е ж.р. од придавката *ingenuus*, што значи „природен, слободен (од слободни родители), благороден“. Виракија Ингенуа, го носи гентилното име од таткото.

5. Когноменот на ќерката е веројатно индикација дека се работи за семејство на ослободени робови, *liberti*. Тоа се потврдува и со когноменот на мајката, Калирое и нејзиниот номен, Публикија.

6. Формулата *bene merens*, вообичаено се јавува на латинските натписи. *Merens* е акт. парт. од *mereo 2, merui, meritum* – „заслужувам, стекнувам, постигнувам, достоен сум“. Значи фразата *bene merenti* може да се преведе „на оној кој има добри заслуги, на заслужниот, на достојниот, на праведниот“.

При презентацијата на натписите на ваков начин, важна е поделбата на работата на фази, прво да се остават учениците да го препишат натписот, т.е. да го запишат она што го гледаат, без дополнителни интервенции, како вистински епиграфичари.

Во втората фаза кога треба да се прошири текстот, т.е. да се дојде до смислата на запишаното, на учениците треба да им се укаже на повеќе елементи: дека во натписите постојат лигатури (две, три букви споени во една), кратенки (значи учениците ќе треба да ги одделат целите зборови од кратенките, а кратенките да ги дополнат до цели зборови), броеви (кои се идентични со некои од буквите), интерпункција (знаци во вид на триаголничиња, овални форми или квадратчиња, или развиени во вид на лист – *hederae distinguentes*, кои стојат меѓу два збора, по кратенки, понекогаш како декорација и на почетокот од редот, а практично никогаш не стојат на крајот од редот.).

Во третата фаза, кога текстот ќе биде веќе целосен, треба да му се пристапи кон превод.

Во четвртата фаза, да се протолкува текстот, со сите негови импликации, јазични (да се објаснат или повторат некои прашања од граматика - тука помага толкувањето на кратенките), историски, социолошки, уметнички итн.

При расчитувањето на текстот, односно неговото проширување до целосна форма, може да се послужиме со неколку различни методи:

Најпрвин учениците да ги препознаат целите зборови и да ги идентификуваат оние што веќе ги знаат, да кажат што се, по форма и значење.

Потоа да ги одделат броевите од зборовите.

На крај да се пристапи кон толкување на кратенките. Може да им се даде на учениците готова листа со кратенки, или да се упатат на тоа самите да ја консултираат на интернет, доколку постои можност за тоа.

Може да се упатат на основниот збор, како што е даден во речник, па тие самите да го поврзат со кратенката и да одлучат за формата.

Може да им се постават квиз прашања, со неколку понудени решенија, па тие да го одберат вистинското. Во принцип целата вежба со натписот може да во форма на некаков мал квиз, па да се остават учениците сами да дојдат до одговорите на поставените прашања.

Може да се расчитува заедно натписот, при што ќе се направи некаква шема, со дел од текстот (за кој сметаме дека е потежок, или не сакаме да се задржуваме на него) веќе расчитан, а да им се остави на учениците да го дополнат останатото (она што сметаме дека тие веќе го знаат од граматика, или сакаме да го научат во тој момент). Во таа смисла можеме да се задржуваме на дативот, како индиректен објект и на номинативот како субјект, на перфектот, на герундот, на именки од една деклинација само итн.

Може да им се дадат сите зборови, но измешани, па тие да ги поврзат со реалниот текст.

Од ваквиот начин на работа со латинските натписи произлегуваат повеќе практични придобивки:

Учениците сами ја одредуваат границата помеѓу еден и друг збор, и со тоа вежбаат да ги препознаваат формите и функциите на зборовите во реченицата.

Разликуваат букви од бројки, значи така го вежбаат и нумеричкиот систем на Римјаните.

Ги откриваат кратенките и на тој начин ги вежбаат падежните и глаголските наставки.

Се запознаваат со локалното културно наследство, а тоа може да придонесе да се развие поголем интерес за изучување на латинскиот јазик кај нив.

# Inter fugae pugnaeque consilium: Античката историја како вонтекстуален клуч во наставата по латински јазик

Војислав Саракински

0. Иако насловот веројатно навестува поинаку, местото на античката историја во современата настава по латински јазик во нашите училишта не е главен – или, барем, не е единствен – предмет на разгледување во овој труд. Напротив, во продолжение ќе се задржиме на неколку различни проблеми во врска со наставата по латински јазик; тие се навидум различни, но всушност се јавуваат во ист контекст, произлегуваат еден од друг, се надоврзуваат еден на друг, и, најпосле, сите тие се делови од еден поголем проблем со кој секојдневно се соочуваат наставниците по латински јазик.

За што станува збор? Најпрвин ќе тргнеме од начинот на кој денес во светот, па делумно и кај нас, се „рекламира“ латинскиот јазик; ќе разгледаме дали оваа реклама е издржана или не, и дали нејзините главни аргументи се точни и применливи во училница. Во зависност од резултатот на нашето набљудување – значи, дали овие аргументи се применливи – ќе разгледаме и зошто тие ја погодуваат или не ја погодуваат целта, но и дали на вистински начин и се сервираат на вистинската публика. Врз ова ќе се надоврзе анализата на непосредната публика – на учениците; поодблизу ќе го разгледаме нејзиниот карактер и причините поради кои таа е таква, каква што е. Или, со други зборови, ќе се обидеме на поинаков начин да ги согледаме особеностите на денешните ученици, за да заклучиме дали им пристапуваме на вистински начин.

Дури на крајот ќе проговориме малку и за историјата, и тоа во насока спротивна на вообичаената. Наспроти главните тенденции што ги препознаваме денес, а со кои на латинскиот му се даваат разни „помошни места“ (се случува латинскиот да биде означуван и како помошна историска наука!) ние ќе се обидеме да размислуваме поинаку: ќе разгледаме дали, всушност, историјата може да се стави во служба на наставата по латински јазик. Во иста насока, ќе разгледаме и на кој начин тоа може да се направи, и на каква цел ќе и служи.

1. Има многу добри причини за да се тврди дека на латинскиот јазик треба да му биде вратено местото што го заслужува, и статусот на еден од темелните предмети во денешното граѓанско образование. Сепак, едно е да се знае дека нешто треба да се предава; сосем друго е да се знае како тоа треба да се предава; трето, пак – и, според мене, најтешко – е да се знае како во тоа да се убедат другите.

Меѓу нас има мнозина што го идеализираат европското, а особено американското образование; или, подобро речено, има мнозина што го идеализираат не образованието и неговите продукти како систем и целина – туку методите, начините и можностите за работа што таму му стојат на располагање на наставникот. Но, има еден податок кој треба да се знае, а за кој размислуваме поретко, или веројатно никогаш: првите обиди за бришење на задолжителната настава по старогрчки јазик од американските училишта и универзитети

се случиле во 1899 година; на латинскиот, пак, му се заканува слична судбина уште од годините пред првата светска војна. Класичните филолози на запад, особено во САД, секоја година трошат огромни средства за промотивни материјали, но и за развивање нови идеи и методи, со кои околината ќе се убеди дека греши, и дека наставата по класични јазици е навистина потребна.

Зад проектите за спасување на старогрчкиот и латинскиот во САД стојат огромна аналитика и материјални средства – нешто што кај нас е уште во зачеток, и што, имајќи ја предвид нашата големина и финансиска моќ, тешко дека ќе може да се оствари. Но, токму затоа програмата, принципите и идеите на американските класични филолози – лесно достапни преку интернет – неретко стануваат водилка и пример и на други места, секаде каде што латинскиот е под притисок, па веројатно, во извесна мера, и кај нас.

Да видиме, тогаш, што изродиле оваа голема аналитика и долгите години непрестајно надбивање со образовните совети. Во продолжение ќе ги разгледаме главните аргументи со кои латинскиот се промовира на запад; но, напоредно ќе размислуваме и дали тие се точни и оправдани, и, секако, дали се применливи во нашите училници.

а. Првиот аргумент би можел накусо да се сумира на следниов начин. „Преку латинскиот го учите мајчиниот јазик. Во време на лошо изразување и слаба писменост, кога луѓе со диплома одвај можат да ги изразат своите мисли без да направат грешка, вие ќе бидете писмени и речити, одлични мајстори на зборот“. И навистина, американските професори сведочат дека ученик кој се справил со латинската граматика никогаш не дошол во недоумица дали да употреби англиско просто идно време или иден перфект; дека ученик кој го усвоил латинскиот вокабулар не се чуди што значи некој збор, што за првпат го прочитал кога пишувал матурска тема – зашто 80% од повеќесложните зборови во англискиот се, всушност, латински зборови.

На точноста на оваа премиса не може да и приговори никој. Точно е дека на Запад наставата по латински јазик често ги продлабочува знаењата на учениците за англиската, и за секоја друга граматика; точно е и тоа дека и кај нас латинската граматика понекогаш го покрива она што не е сработено или сфатено на часовите по македонски јазик. Но, сосем е поинакво прашањето – дали со овој аргумент може да се истапи во училница? Колкав процент од нашите денешни ученици навистина се грижат дали е правилно „земав“ или „зедов“, „би земал“ или „би зел“? Колкав процент од денешните ученици искрено ќе посакаат да останат на часот по латински, зашто се убедени дека тоа од нив ќе направи мајстори на зборот? Имајќи предвид дека, на четиринаестгодишна возраст, малкумина воопшто размислуваат за тоа да станат мајстори на зборот, претпоставувам дека овој процент ќе биде незначителен.

б. Вториот аргумент е стар не помалку од еден век; сé уште се користи, а гласи отприлика вака. „Латинскиот го дисциплинира умот на учениците. Латинскиот не е лесен; неговата структура, начинот на кој зборовите се врзуваат еден со друг, начинот на кој функционираат во рамките на една реченица – сето тоа бара умствен труд за да се усвои. Учејќи латински, учениците се туркаат во развивање на логичка когнитивност, на аналитичко и систематско размислување; накусо, наставата по латински им дава на учениците систем на критичко размислување, што подоцна ќе го применуваат секаде каде што ќе им биде потребен.“ Како илустрација, да се потсетиме на студентските битки со латинската морфологија: што е футур II, а што конјунктив на перфект? како да се преведе едниот, а како другиот? зошто се толку слични?

Лично, мислам дека овој аргумент е совршено точен, иако можеби стануваме свесни за ова десетина години предоцна. Но проблемот, повторно, има сосем поинаква природа. Овој многу точен аргумент треба да му се сервира на ученик кој тукушто дошол од основно училиште. Пред неполна недела чувме дека 80% од учениците што конкурирале за упис во средно училиште биле со одличен успех; тоа им дава право да ви заблагодарат на грижата и да ви кажат дека нивното размислување е сосем во ред, и дека не му треба надградба. Аргументот дека латинскиот е пат кон систематизација на критичкото мислење не е тежок, ниту неразбирлив; проблемот е што мошне мал број од учениците на таа возраст чувствуваат потреба или желба да го сторат тоа.

в. Ако им се верува на професорите од Запад – освен што ќе станат одлични писатели и мислители, нивните ученици ќе бидат и примерни граѓани. Третиот аргумент гласи: „Да се учи за Римјаните, за нивниот јазик и нивното општество, значи да се развие свест за одговорноста на граѓанинот кон заедницата. Римјаните за кои учиме, чии зборови ги преведуваме, постоеле долго зашто имале свест за граѓанска доблест и за одговорност кон државата. Во нивната држава владеел законот. Тие верувале во личните права на човекот како единка, дефинирани со закон. Накусо, оној што учи латински бргу ќе сфати што е систем, и кое е неговото место во него; а тоа е лекцијата што им треба на денешните млади луѓе, кои утре ќе го обликуваат општеството“.

Пред да ја разгледаме применливоста на овој аргумент, да кажеме и збор-два за точноста на целата премиса. Тука станува збор за претставување преку утилитарен модел, и тоа упростен и лошо обмислен модел. Доволно е да се спомене дека граѓанската одговорност и (не)почитувањето на системот ги уби Гај и Тибериј Грах, го доведе Катилина во безизлез, го создаде политичарот и политикантот Кикерон; изум на тој систем се проскрипциите на Марије и на Сула, колежот на соборците на Спартак, убиството на Помпеј, по него и на Кајсар; надбивањето на студениот Октавијан и заблудениот Антониј; најпосле, ликовите како Калигула и Нерон. Некојпат во училницата ќе биде поставено вистинското прашање; професорот ќе мора да признае дека овие светли примери не се архетип на редот и законитоста; дека секоја држава, вклучително и римската, страдала од породилни маки, детски болести, средовечна криза и старечка сенилност; најпосле, дека моделот бил површен и, дури, лажен. Со кое право, тогаш, е искористен како аргумент во полза на наставата по латински јазик?

Настрана што нашата држава токму во моментов ја мачат многу од болестите што ги споменавме погоре. Во мигови на страшна социјална нееднаквост и уште позабрзано раслојување, кога на два краја од нашата држава условите за работа и профилот на учениците се разликуваат како да припаѓаат на два различни света, општеството не смее да си дозволи наставникот по латински да биде единствениот (или главниот) фактор кој децата ќе ги прави подобри граѓани. Тој треба да ја следи оваа насока, но не да ја иницира – прво затоа што ќе му биде (и веќе му е) префрлено дека тоа не е негова работа, а второ затоа што понекогаш треба да предава и граматика.

г. Но, се чини дека ова некаде навистина функционира. Онаму каде што функционира, каде што латинскиот произведува одлични писатели, критички мислители и свесни граѓани, тие потоа без никаков проблем се запишуваат на факултет по избор. Последниот аргумент гласи вака: „Учењето латински овозможува да се запишете на универзитет по избор. Во изминативе години, учениците што учеле латински имаат повисоки PSAT, SAT и GRE скорови, што се покажало како пресудно при запишувањето на факултет.“

Ова е сосем точно, згора на тоа и практично потврдено со десетгодишна анализа на податоците на сите поголеми американски универзитети. Учениците што учеле латински во просек имале краен скор од 610 поени, наспроти 575 поени на оние што не учеле латински. Проблемот е во тоа што кај нас сé уште нема вакво вреднување. И повеќе од тоа, кај нас тукушто е укинат приемниот испит на факултетите, а учениците се рангираат според средношколскиот успех уште пред да биде воведена државната матура. Значи, тука не станува збор за исправноста на аргументот; не станува збор ниту за тоа дека по пет, десет, или петнаесет години – ако работите тргнат како што треба – ваквите скорови ќе ги има и кај нас. Ние зборуваме за тоа професорите по латински јазик на први септември ќе застанат пред нова генерација ученици, а до први септември нема да се смени ништо во оценувањето и вреднувањето на средношколскиот успех. Аргументот е, за жал, сé уште неприменлив, но треба да се запамети за во иднина.

2. И така, професорите по латински се соочени со проблем, кој очигледно е прилично сложен. Малата легија професори не го положи оружјето наземи; inter fugae pugnaeque consilium, таа одбра да се бори. Но, ѝ се случи четирипати храбро да нападне – и тоа со најдобрите аргументи што ги има – и четирипати да се повлече. Јасно, легијата може да нападне повторно, па некогаш и ќе победи; проблемот е во тоа што, за да не се повлекува повторно, треба да се испита зошто не успеа првиот пат. Во суштина, проблемот е мошне едноставен; но, за поубаво да се сфати, треба да се тргне од подалеку.

Во античко време биле смислени и применети многу убиствени воени формации. Староисточните војски имале опасни српоносни коли; Индијците имале одреди од слонови; Персијците имале елитни стрелци; Македонците ја имале фалангата; Римјаните ја имале легијата. Обично се вели дека легијата е природен врв и крајна надградба на сите овие формации; дека е последниот голем воен пронајдок сé до откривањето на барутот. Имено, легијата има една мошне интересна особеност, што другите формации ја немаат – таа може по природа (а не благодарение на талентот на војсководецот) да се строи, да се бори, да напаѓа и да отстапува на толку начини, колку што и требаат; таа може природно да се видоизменува, во зависност од тоа против кого и каде се бори.

Меѓу другото, македонската фаланга на Филип V во една прилика била поразена од римските легии на начин кој на студентите обично им е истовремено тажен, мачен, и малку смешен. Двете војски се качувале на рид од спротивни страни; двете сакале што побргу да го заземат врвот, за да видат каде е непријателот, зашто сето време беснеела страшна бура. Но, се случило тие да се промашат и безмалку да почнат да се оддалечуваат една од друга. По некој случај, еден центурион ја видел зад себе фалангата како си оди; ја зел неговата центурија, ја свртел и тргнал во напад против Македонците; остатокот од легијата сфатил што се случува и го следел; нападната одзади, фалангата немала никаква шанса да се одбрани.

Ете како еластичноста на легијата им дала на Римјаните значајна победа во битката кај Киноскефала. Токму таа еластичност е нешто што му недостига на професорот по латински јазик; но тука никако не станува збор за еластичност во пристапот. Професорот по латински јазик во средно училиште е, веројатно, архетип на еластичност во пристапот, но она што недостасува е некаква еластичност во концептот. Зашто, во последно време професорите не јуришаат против обична непријателска војска, туку против војска каква што досега ретко можела да се види. Таа војска е составена од цвеќиња, и тоа од мошне необични цвеќиња.

3. Хелените составиле една прекрасна, малку морничава приказна за еден млад човек што си го видел одразот во вода, па толку се вљубил во таа глетка, што се зарекол дека никогаш нема да се ожени. Младиот човек толку се заблудил, што ја заборавил дури и чудесно убавата Ехо, а да не зборуваме за сé друго што се наоѓало околу него и што некогаш нешто му значело. Овој млад човек, кој долги денови седел и гледал во сопствениот одраз, се викал Нарцис; низ текот на столетијата, тој станал типска слика и симбол на прекумерно самољубие.

Оваа приказна е убаво изработена и успешна, но сепак вообичаена парабола за една од многуте психолошки стапици што им се закануваат на луѓето. Таа стапица ги демне луѓето од сите возрасти, но според сé, не е случајно што Хелените го претставиле Нарцис како младич. Имено, младиот човек е особено податен на едно искушение: да суди за сите нешта во согласност и според сопствените мненија, чувства и природни предиспозиции. Воден од ова, тој развива еден мошне специфичен сензибилитет: во најголемиот број случаи, овој млад човек не признава објективна вистина и, дури, ја става под прашање валидноста на секојдневното восприемање на светот. Професорот многупати ќе се соочи со изјави од типот „Јас мислам дека заслужувам двојка“, или „Според мене, ова е премногу тешко“, или редовното „Не е фер да...“. Станува збор за основен нарцисизам во зародиш, по кој редовно уследува надмудрување во кое професорот излегува како победник зашто е професор, а младиот човек излегува од училницата убеден дека е сепак во право.

Ова, можеби, некому и нема да му се види страшно, зашто секогаш имало и ќе има млади бунтовници. Но, треба да се има на ум дека е опасно да се омаловажи овој проблем. Последниве неколку децении во Европа и во САД – најпрвин срамежливо, како обид и експеримент во полза на учениците, а потоа и како вистинска мода – се промовираат нови воспитни и образовни методи, кои во некои кругови, без никакво чувство на вина, се обележуваат со името „настава по нарцисоидност“. Новите клучни зборови во стручните трудови се child-centered learning, учење по мера, волја и потреба на детето; потоа multiple-intelligence theory, која опоменува дека ученикот не е виновен што не одговорил ништо, зашто нашиот тест, едноставно, не одговара на неговиот најизразит слој на когнитивно расудување; како и whole-language practice, според која е најважно ученикот да биде способен да побара сладолед и да го добие, а апсолутно е неважно дали знае да го напише зборот, и дали можеби ќе голтне буква.

Овие и ним сличните современи пристапи подучуваат армии ученици дека е важно само она што има корен во самите нив; дека сé што е туѓо на нивната личност може, и треба, да се занемари. Во многу училишта на запад, децата се подучуваат дека е важно да обликуваат семантички знак за сладолед; ако земат ливче и напишат „сладолед“, тие не направиле ништо, зашто напишаното не може да се лиже. Постојат и т.н. anti-knowledge училишта, каде меморизирањето се осудува како вежба по затапување, и во кои наставниците признаваат дека не знаат што да подучуваат, зашто немаат поим што на овие деца ќе им затреба во животот. Тука се и наставниците кои секој тест го оценуваат со највисока оцена, со цел да ги научат учениците дека во животот нема вистински и апсолутно точни одговори. Читателот веројатно ќе се насмее; би се насмеале и професорите, да ја немаше суровата вистина дека во средните училишта веќе се запишуваат деца родени на почетокот на деведесеттите години. Се запишуваат поблаги варијанти на продуктите на прогресивните педагошки програми, според кои до четврто одделение треба да има само описни оцени, зашто децата треба да се заштитат од чувство на неуспех. Нема да мине многу – а можеби

веќе некаде и се случува – да стане непожелно да се предава за сиромаштија, тага, војна и страдање; но затоа, пак, ќе биде многу важно учениците да се чувствуваат како победници и да си ги знаат правата наизуст. Продуктите на прогресивно образование се инструирани да не гледаат понатаму од себеси, зашто тие се мера за сé.

Но, дали ова нé очекува и нас? Одговорот, се чини, е безнадежно потврден. Веќе има деца од приватни предучилишни установи, установи со одлични препораки, водени од педагози и психолози-гешталтисти, кои може да ве изненадат. Кај нив не минува родителската изјава „Ако бидеш добар, ќе ти купам чоколадо“; тие сериозно ве гледаат во очи, го креваат прстот во знак на опомена и ви велат: „Но, тоа не е фер; се служиш со уцена“. Ако ги опоменете дека нивната соба е во неред, ќе се соочите со одговор од типот „Тоа е мој личен простор и мое лично право“. За неполни десет години, некој од сегашните или идни професори ќе им предава латински на овие деца; и, ако реши да се послужи со четирите аргументи што предмалку ги разгледавме, мислам дека ќе се помачи да ги убеди дека е полезно да учи латински.

Ако судиме според она што им се случува на нашите колеги на Запад, овие деца ќе бидат дел од мошне интересна генерација, со многу духовитост опишана од Брајан Смит. Оваа генерација, вели тој, ќе се одмора до училишниот базен, а околу неа ќе трчаат професори кои, со најновите програми во рака, ќе бараат од децата да опишат што има околу нив, но не со премногу зборови. Во аголот ќе седат деца што ќе фрлаат камчиња во базенот, а потоа ќе бројат колку крукчиња се појавиле; тоа се членовите на математичката секција. И, тоа ќе биде тоа. Секако, денешните професори се расположени да бараат повеќе; за почеток, на пример, да се оддалечат од базенот и да се облечат. Но, учениците се сé помалку расположени да слушаат барања, а истовремено имаат сé повеќе одговори зошто не треба да послушаат.

4. Во мигов, се чини дека е најумно полека да стануваме свесни дека нашите ученици одбиваат да реагираат на надворешни дразби што не се во склад со нивните барања и интереси. Или, да позајмиме збор од речникот на психолозите, учениците се кријат зад бариера која може да се пробие само со „шеќерче“. Што се однесува до мојот личен став – мене ми е особено интересно кога се обидуваме да им понудиме „шеќерче“ во облик на систематска студија која наместа, ќе признаеме, умее да биде и сува, и прозаична. Ние искрено очекуваме да ја пробиеме нивната бариера нудејќи им пишување примери на табла, бескрајни вежби од типот puella pulchra и детални анализи на особеностите на третата вокална деклинација. За возврат, им ветуваме награда во вид на ветување дека некогаш, по десет или дваесет години, ќе бидат подобри луѓе, а згора на тоа и ќе ни бидат благодарни.

Најинтересно е што при сево ова повторно минуваме преку когнитивната психологија и ги запоставуваме решенијата што таа ни ги нуди; а тоа е макар едно нешто кое ние го знаеме, а нашите ученици сé уште не. Во продолжение ќе разгледаме едно од многуте можни решенија за проблемот на привлекување на учениците кон наставата по латински јазик.

5. Когнитивистите откриваат дека луѓето се способни да го разберат јазичниот израз, зашто имаат развиено одредени несвесни или вонсвесни стратегии за обработка на добиените податоци. Описот на оваа стратегија е прилично сложен, но во суштина таа може да се сведе на две основни компоненти.

а. слушателот или читателот никогаш не го дочекува крајот на мислата за да ја разбере или преведе, туку вонсвесно почнува да ја обработува уште додека таа е во тек;

б. слушателот или читателот секогаш се обидува да ја обработи мислата со користење на синтактички клучеви, семантички информации и, најпосле, вонтекстуални клучеви.

Да го илустрираме ова со пример. Прочитајте ја реченицава: „Татко ми работеше напорно за да ги заработи тие пари, а чичко ми парите.“ Размислете зошто веднаш можете да забележите дека нешто недостасува – и, дури, да кажете дека недостасува глагол? Затоа што додека ја читавте реченицава, вие ја обработувавте истовремено, сфативте дека се вклопува во одредена схема и, природно, очекувавте да заврши според сите правила. Значи, вашата обработка на дадените податоци течеше паралелно со давањето на податоците. Во текот на тој процес вие назначивте синтактички функции, ги определивте нејзините составни делови, го поставивте она што Чомски го нарекува „длабока структура“, и очекувавте крај. Но, реченицата не заврши правилно; немаше валиден синтактички клуч со чија помош би ја разрешиле. Семантичката информација ви беше недоволна; очекувавте вонтекстуален клуч во вид фуснота, илустрација, ако стануваше збор за говор – гестикулација или движење; но, не го добивте. И, да не губиме од вид, вие го сработивте сето ова уште пред да да ја дочитате реченицата.

Тука нема ништо ново, ниту чудно; едноставно, тоа е начинот на кој работи човечкиот мозок. Семантичкото подредување на реченицата е една од функциите на човековата работна меморија, без оглед дали човекот го прави тоа свесно или несвесно. Магичниот број во случајов е седум: имено, седум е бројот на целесообразни, препознатливи составни единици на една мисла кои човек може да ги подреди и обработи без надворешна помош.

Да го примениме ова врз латинскиот јазик. Таа целесообразна, препознатлива единица ќе биде зборот. Ако човек има достаточни познавања од морфологијата и макар основно познавање на синтаксата, ќе може без никаква тешкотија, prima vista, да обработи реченица од најмногу седум збора. За секоја подолга мисла ќе треба: или да застане и да преведува дел по дел, или да земе лист и пенкало, или да побара да му се прочита повторно, додека не ги обработи деловите во неколку обиди. И тука, само патемно, се крие одговорот на прашањето – зошто професорите се изнаслушале смешни и нелогични преводи од нивните ученици; не зашто учениците не знаат латински, не зашто не се надарени, туку зашто се премногу мали за да сфатат дека, кога човек преведува од латински, не може да обработува со иста брзина, на ист начин и со истоветен процес како кога слуша нешто на неговиот јазик.

Тогаш, што се се случува кога човек станува свесен дека зборовите се подредени по поинаква логика? Тој сé уште сака да појми, да протолкува, да запомни и да класифицира, па затоа повторно бара процеси, стратегии за решавање на проблемите на поинаков начин. Кога ученикот учи латински, тој по правило, освен морфологија и синтакса, учи и поинакви стратегии за обработка на обрасци; но, има многу ситуации во кои, едноставно, не е способен да го совлада сето тоа. Ова е мошне разбирливо: латинскиот не е единствениот предмет за кој ученикот мора да се подготви, ниту пак професорот може да постигне сите ученици да го совладаат ова за едно или две полугодија. Тогаш се случува нешто непријатно: ученикот е зафатен од т.н. „синдром на тешка книга“.

6. Луѓето, во принцип, љубат да читаат. Уште поинтересно, тие се особено заинтересирани да се впуштат во читање на тешки теми, како применета наука, философија, религија, во последно време особено економија и историја. На запад, на пример, станува особено популарно издавањето на сериозни научни книги во мека корица и со пристапна цена. На луѓето им се укажува можност за релативно малку пари да купат книга, за која порано

мислеле дека е наменета само за специјалисти и научници; тие секако ќе ја купат, зашто сакаат да видат за што станува збор. Но, како по некое правило, многу често се случува овој нагон да го снема. Читателот одеднаш чувствува дека книгата што ја отворил со надеж дека ќе го просветли е, едноставно, претешка за него. Тој сфаќа дека темата бара поголема упатеност и способност, па ја затвора книгата и се откажува.

Каква врска има ова со нашите нарциси, и со когнитивните процеси кои ги споменавме? Врската е во тоа што се согласивме дека треба да се понуди „шеќерче"; но тоа „шеќерче" ќе биде навистина благо само ако се почитуваат и постојано се имаат на ум когнитивните премиси што ги објаснивме предмалку. Ученик кој не може да се справи со мисла што ги надминува основните седум збора, а кој патем и не успеал да развие механизам за препознавање на латински текстуални матрици, ќе биде погоден од синдромот на тешка книга и ќе се откаже. Тој нема да постапи така само во еден случај: ако побара вонтекстуален клуч – објаснување што го нема во реченицата, а ќе му помогне да се справи со неа – и ако го добие.

Убеден сум дека тука се крие клучната улога на професорот. Ако професорот во вистински миг му даде вонтекстуален клуч на ученикот што е подготвен да се откаже, тој постигнал многу – го премислил, и тоа така што му помогнал да го преброди најтешкиот предизвик во учењето латински, минувањето од куси или проширени реченици во свесно следење континуиран текст. Читањето и обработката на подолг текст подразбира посветување многу време и енергија: ученикот треба да ги најде зборовите во речникот, да одбере едно од повеќе значења, да ја поврзе таа низа зборови во нешто што ќе има почеток, средина, крај, и над сé смисла. Без вонтекстуален клуч, неговиот напор може да биде залуден, а резултатот – нелогичен, дури смешен. Ова без исклучок ќе произведе фрустрација и, секако, откажување. Ќе биде прекршен основниот принцип на образованието – дека учењето не смее да биде поврзано со стрес и фрустрација.

6. Се согласивме, значи, дека е невозможно да се развиваат нови мисловни стратегии (и, згора на тоа, да биде интересно) ако ученикот е соочен со текст кој за него нема смисла, и каде не знае кој држи чаша, а кој паричник. Тука вонтекстуалните клучеви се од најголема важност – а јас сум убеден дека професорот тешко ќе најде поинтересен и попогоден вонтекстуален клуч од историските собитија. Ако клучот, во вид на објаснување на историските собитија од текстот, се даде навремено, учениците ќе знаат што да очекуваат; тие можеби ќе се мачат со речникот, ќе се потат и ќе се трудат да преведат, ќе sиркаат во падежните наставки, ќе се борат против граматички конструкции – но нема да бараат професорот да биде deus ex macchina, зашто тој веќе им го дал вонтекстуалниот клуч, преку кого сфатиле што треба да се случи во текстот. Особено е важно што ова стои без оглед за кој учебник по латински јазик станува збор, без оглед од кој образовен систем доаѓа, или во кој век е напишан. Во учебниците по латински јазик одвај да има некој текст, кој не може да се илустрира со забавна историска епизода.

На овој начин, наместо латинскиот да заврши како помошна историска наука, историјата може да се стави во служба на наставата по латински јазик.

7. Да заклучиме. Од сé што беше изнесено погоре, произлегуваат неколку основни концепти кои со успех може да се применат во наставата по латински јазик:

а. Во наставата по латински јазик, историјата е извонреден вонтекстуален клуч; тоа е нешто што, без оглед дали професорот е расположен да го даде или не, некогаш ќе му биде побарано.

б. Античката историја, сама по себе, е податна за нарација; ако професорот е добар раскажувач, лесно ќе ги убеди децата од споменатиот базен да се облечат и да седнат околу него, зашто кај него е поинтересно.

в. Со правилна примена на историските событија на часот, професорот може да го избегне стресот и фрустрацијата кај учениците. Ученикот е убеден дека ја добил сета можна помош, и тоа однапред, без да ја побара или да моли за неа; додека се мачи и проверува дали тоа навистина го има во текстот, ученикот всушност се справува со континуиран текст, ја совладува морфологијата и синтаксата, накусо кажано – учи, а не е свесен дека учи, и дека тоа, згора на сé, не му претставува особен напор.

г. Ако сево ова навистина профункционира во училницата, професорот успеал да создаде т.н. трет тип на успешен ученик – инспириран, вдахновен ученик, кој не учи зашто мора или зашто е убеден дека треба, туку едноставно зашто сака.

Мошне е веројатено дека таквиот ученик ќе заврши на Институтот за Класични Студии, за Историја или за Археологија; и да не е така, во секој случај, ниту тој ќе се оддалечи од античкиот свет, ниту пак овој од него. Аргументите со кои го почнавме трудов тогаш можеби ќе бидат и точни, и применливи; но, претпоставувам дека ќе бидат непотребни.

Литература:


ADLER, M., „How to Read a Hard Book“, *Classical Teacher*, Winter 2006.

BROWN, M., D., „Latin makes a comeback“, *Education World* e2001.

COTHRAN, M., „People are not computers“,*Classical Teacher*, Winter 2004.

COTHRAN, M., „ De Optimo Genere Magistrorum “, *Classical Teacher*, Winter 2005.

EVSLIN, B., *Heroes, gods and monsters of the greek myths*, New York, 1979.

HOLLEQUE, K., *Transforming higher education: excellence within a culture of innovation*, Student survey results, Valley City State University, 1999-2000.

HOWARD, D., *Cognitive psychology: memory, language, and thought*, New York 1983.

JOHNSON, B. H., „Reflections from a casual classicist“, *Remarks to the Fall meeting of the Classical Association of Minnesota,* @ http://www.users.csbsju.edu/~mcook/JOHNSON_TALK.html

KERN, A., „Two methods of instruction“, *Classical Teacher*, Winter 2003.

KERN, A., „„Teaching classical literature classically“,*Classical Teacher*, Summer 2003.

LEIGHTON, L., „Why learn Greek and Latin?“ *Parents Review* X (1899), 104 sqq.

LOWE, C., „How can I teach Latin if I don't know it myself?“, *Classical Teacher*, Winter 2006.

MARKUS, D., „Patterns of cohesion and discontinuity as a teaching tool for reading Caesar and Cicero in the second year“, *The Classics Technology Center*, @ http://ablemedia.com/ctcweb/netshots/lat101markus1.html

MILLER, P., „The magic number seven, plus or minus two: Some limits on our capacity for processing information“, *Psychological Review* 1956, 81-97.

PARSONS, D., „Accelerated Latin“, *A presentation for ARIT summer school*, Plymouth, August 2000.

RAAFLAUB, K., „Some thoughts on teaching ancient history“ @ http://www.brown.edu/Departments/Classics/bcj/BCJSuppl/Raaflaub.html

ROUSE, W. H. D., „What's the use of Latin?“, *Latin teaching*, June 1967, 191sqq.

SIENKEWICZ, T. et al., „Latin Teaching Standards: Process, Philosophy and Application“, *The Classical Journal* 95 (1999), 55-63.

SMITH, B., „Educating Narcissus“, *Classical teacher*, Winter 2005.

# Идиосинкретичен пристап кон обработка на текст

Жан-Жак Обер
(катедра за Праисторија и Антика, Универзитет во Нојшател)

*Проф. Обер во своето предавање и презентација предлага еден поинаков, покомплексен и инвентивен пристап кон обработка на (претходно внимателно одбран) текст, при што сугерира на кои се аспекти може и треба да се обрне внимание. Ваквиот контекстуален и идиосинкретичен пристап го демонстрира преку обработката на конкретен текст, но истиот пристап, се разбира, е применлив и на други текстови. Презентацијата ги посочува најзначајните чинители – компоненти на ваквиот пристап.*

*„Тестаментот на прасето" е краток доцноантички текст, пародија на еден типичен римски правен документ - тестаментот. Прасето Марк Грунај Корокота, пред седум сведоци, пред да биде заклано со тестамент им ги распределува деловите од своето тело на најблиските. Авторот и точното време на настанување на овој краток текст не се познати. „Тестаментот" заради комичниот карактер бил особено популарен меѓу учениците и студентите во доцната антика. Истражувањата од поново време покажуваат дека оваа пародија можеби има посериозни импликации од тоа да биде просто сатира на римското право. Текстот изобилува со лингвистички алузии, па според некои истражувачи ликот на прасето е всушност лик на римски војник. Според Жан-Жак Обер овој текст може да се протолкува и како еврејски анти-христијански памфлет.*

*INCIPIT TESTAMENTUM PORCELLI.*

M. Grunnius Corocotta porcellus testamentum fecit. Quoniam manu mea scribere non potui, scribendum dictavi.

*Magirus cocus dixit:*

„Veni huc, eversor domi, solivertiator, fugitive porcelle, et hodie tibi dirimo vitam".

*Corocotta porcellus dixit:*

„Si qua feci, si qua peccavi, si qua vascella pedibus meis confregi, rogo, domine coce, vitam peto, concede roganti".

*Magirus cocus dixit:*

„Transi, puer, affer mihi de cocina cultrum, ut hunc porcellum faciam cruentum".

Porcellus comprehenditur a famulis, ductus sub die XVI Kal. Lucerninas, ubi abundant cymae, Clibanato et Piperato consulibus. Et ut vidit se moriturum esse, horae spatium petiit et cocum rogavit, ut testamentum facere posset. Clamavit ad se suos parentes, ut de cibariis suis aliquid dimitteret eis. Qui ait:

„Patri meo Verrino Lardino do lego dari glandis modios XXX, et matri meae Veturinae scrofae do lego dari Laconicae siliginis modios XL, et sorori meae Quirinae, in cuius votum inte-

resse non potui, do lego dari hordei modios XXX. Et de meis visceribus dabo donabo sutoribus saetas, rixoribus capitinas, surdis auriculas, causidicis et verbosis linguam, bubulariis intestina, isiciariis femora, mulieribus lumbulos, pueris vesicam, puellis caudam, cinaedis musculos, cursoribus et venatoribus talos, latronibus ungulas. Et nec nominando coco legato dimitto popiam et pistillum, quae mecum attuleram: de Thebeste usque ad Tergeste liget sibi collum de reste. Et volo mihi fieri monumentum ex litteris aureis scriptum:


M. GRUNNIUS COROCOTTA PORCELLUS
VIXIT ANNIS DCCCC . XC . VIIII . S .
QUOD SI SEMIS VIXISSET,
MILLE ANNOS IMPLESSET.


Optimi amatores mei vel consules vitae, rogo vos ut cum corpore meo bene faciatis, bene condiatis de bonis condimentis nuclei, piperis et mellis, ut nomen meum in sempiternum nominetur. Mei domini vel consobrini mei, qui testamento meo interfuistis, iubete signari".

*Lardio signavit. Ofellicus signavit. Cyminatus signavit.*


*Lucanicus signavit. Tergillus signavit. Celsinus signavit. Nuptialicus signavit.*


*Explicit testamentum porcelli sub die XVI Kal. Lucerninas Clibanato et Piperato consulibus feliciter.*






Трансмисија и рецепција
– Како дошол текстот до нас?
– Зошто дошол текстот до нас?
– Како бил разбиран во минатото?



Превод
Преводот е интерпретација



Опишување на текстот
Текстот е како слика:
колку повеќе и подолго гледате во неа,
толку повеќе можете да видите во неа



Коментирање на текстот
Поентата е во деталите:
погледнете го секое делче и елемент
(морфологија, синтакса, речник, стил)



Категоризирајте го текстот
Текстовите добиваат значење во серија.
Направете споредба со други слични
и не толку слични примери


Ставете го текстот во контекст
Текстовите се создаваат, читаат и пренесуваат
во контекст.
Текстовите се дел од светската литература
низ историјата.



Проширете ја рамката
Определете ја територијата и направете мапа. Грчко-Римскиот свет е близок, ако не и сличен со Јудејско-Христијанскиот свет.



Направете интердисциплинарен пристап
Класичарите не се повеќе само филолози: тие мораат исто така да бидат и историчари, правници, археолози, историчари на уметност, социолози итн.


Заинтригирајте се
Како професори, вие сте искусни читатели,
а вашите студенти и не толку: вие знаете како
да го препознаете необичното.
Верувајте во вашата интуиција.


Фатете една нишка
Текстот може и ќе ве води:
Од вас се бара да се замислите околу методот


Имајте позитивен став кон
– текстот
– авторот
– читателот


Нужноста од литерарна теорија
– Литературата е креативен процес и за авторот и за читателот
– Професорот треба да ги оспособи студентите да користат теоретски средства за да дојдат до текстот
– Текстовите обично имаат значење, понекогаш и повеќе од едно
– Читањето може да биде идиосинкретично и да се оддалечи од конвенционалниот приказ


– Исполнете го секој текст со значење
– Занимавајте се со вистински прашања - текстот може да стане само претекст

# Методологија на обработка на книжевен текст

Весна Томовска

Обработката на книжевен текст е сложена постапка која опфаќа низа активности. Овие активности имаат задача да обезбедат целосен и компетентен пристап кон текстот, односно, кон неговите, од една страна, текстовни и контестуални чинители, а од друга страна кон неговите книжевни и некнижевни детерминанти.

Тоа подразбира претходно ситуирање на текстот на хронолошката и културна мапа на која тој ѝ припаѓа, а натаму, негова деконструкција, или раслојување на составните елементи, при што треба да се воочи и да се дефинира книжевната вредност на јазичните елементи.



# книжевниот текст како крајна цел

*елементите на насловот и нивните релации:*
*дисциплини и предмети*

– методологија на обработка на книжевен текст
[научна пракса]

– обработка на книжевен текст
[научна пракса]

– книжевен текст
[производ на творечка пракса]

# книжевен текст

– дел од книжевноста
како
збир од книжевни уметнички дела
= книжевно наследство
= книжевна традиција
(историја на културата, теорија на културата)

– производ на книжевноста

# книжевност

– уметност

– творечка/миметичка пракса
– обликувачко средство: јазик

– комуникациски систем*

– знаковен систем

*системот го одредуваат релевантните односи на елементите во еден збир

– (историја на уметност, естетика)

– (лингвистика, историја на јазик, граматика)

– (комуникологија, теорија на информации)

– (семјотика)

# книжевна комуникација

## елементи:

– испраќач// автор

– канал/медиум// книжевно=јазично уметничко дело

– примач// читател слушател гледач

## релации:

– творење
составување
(книжевен=јазичен)
уметнички облик

– рецепција
на (книжевен=јазичен)
уметнички облик

## книжевно/јазично уметничко дело

– канал низ кој се пренесува книжевната порака/ носач на книжевната порака

– систем од знаци

– единство, целост од текст и контекст

## книжевен (уметнички) текст

– texo, 3. texui, textum

– структура на текст

состав од организирани

– јазични и книжевни елементи

кои имаат определена поетолошка задача (да составаат определен облик)

# книжевен контекст

– збир од вонтекстовни елементи
кои со елементите на текстот
на различни рамништа и во различна степен
– ко-нотираат,
– ко-релираат,
– ко-респондираат

# елементи на книжевниот контекст

сите видови на вонтекстовни елементи кои можат да воспостават некаква релација со елементите на текстот:

– авторот
– јавноста
– други книжевни текстови
– други (некнижевни) уметнички дела
– други некнижевни текстови
– разни видови на духовност и традиции

# групирање на елементите на книжевниот контекст

– пред-текст

елементи на контекстот кои учествуваат во настанувањето на текстот

[поле на автор]

– мета-текст

вонтекстовни елементи кои кореспондираат со веќе составен (и објавен) текст

[поле на читател/слушател]

– под/над-текст

елементи кои се создаваат во релацијата помеѓу текстовните и вонтекстовните елементи

[поле на јазично уметничко дело]

# обработка на книжевен текст

како дел од обработка на едно книжевно уметничко дело

1. обработка на текст:
   1. јазични елементи
   2. книжевни елементи (јазични елементи со книжевно/уметничко значење)
2. истражување на контекстот:
   1. елементи на пред-текстот
   2. елементи на мета-текстот
   3. елементи на под-текстот
3. истражување на кореспонденцијата помеѓу текстот и контекстот

# можности на обработка
## на книжевно уметничко дело (текст)

– рамништа: емпириско, научно, философско
– аспекти: биографски, социолошки, психолошки, естетички, филолошки, етички, семиолошки, текстолошки
– перспективи: синхрона, дијахрона
– методи: разни методолошки концепти/школи/правци
– цели: објаснување, појмување, разбирање

# облици на обработка
## на книжевно уметничко дело (текст)

– историја
– теорија: поетика: теорија на книжевните родови
наратологија
реторика, стилистика, тропологија
метрика/версификација
– критика: толкување
вреднување

# II

## Избор од групните трудови на учесниците

# M. T. Ciceronis In Catilinam Oratio Prima (excerptum)

Е. Андоновска, А. Јанев, Е. Колоска,
С. Кочовска, М. Стојанова
координатор на групата: В. Томовска

## I Говорништво и Реторика

**А. ГОВОРНИШТВО.** Потребата на човекот да ги поттикне другите кон дејствување кое нему ќе му биде од полза, постои долго колку што постои и човештвото. Физичката сила, заканите и поткупот се само дел од средствата кои тој ги употребувал и за жал, сè уште ги употребува за да ја исполни оваа не толку лесна цел. Додека сите овие средства поттикнуваат кон дејствување предизвикано од страв или од можност за некаква добивка, убедувањето со помош на знаци, од кои најзначајни се зборовите, е единствено средство кое има моќ да поттикне кон дејствување поради вистинска верба во тоа дека извршувањето на дејството е исправно, нужно, дури и полезно за тој што го извршува. Говорништвото претставува пракса на убедување со говор.

Во Хелада појавата на говорништвото е директно иницирана од воведувањето на демократијата во Сиракуза и Атина во V век с.е., со што во овие грчки полиси на возрасните мажи им било овозможено учество во судот, во народното собрание или во советот. Оваа можност ја наметнала потребата за јавно говорење. Од способноста на државникот да ги убеди присутните во еклсесијата во полезноста или во штетноста на одредена политичка одлука бил условен напредокот во неговата политичка кариера, а од способноста на обвинетиот да ги убеди судиите и поротниците во својата чесност или од способноста на обвинителот да ги убеди слушателите во нечесноста на обвинетиот бил условен посакуваниот исход во судскиот спор. Целокупниот јавен живот се темелел токму врз моќта на говорништвото. Сите значајни државници и воени старешини, како Солон, Клистен, Темистокле, Кимон и Перикле, во исто време биле одлични говорници.

Првите публикувани говори во Хелада се говорите на Антифонт и Андокид. Овие двајца говорници, заедно со Лисија, Исеј, Исократ, Демостен, Ликург, Хиперид, Ајсхин и Динарх го сочинуваат канонот на десетминатa најдобри атички говорници, создаден кон крајот на I век н.е. од граматичарот Каекилиј од Калеата. Најзначаен од нив е Демостен. Неговите три говори *Против Филип* и трите *Олинтски говори* не само што претставуваат неодминлив извор за изучување на македонско-грчките односи во времето на Филип II, туку претставуваат говори кои во поглед на структурата и во поглед на јазикот се посочуваат како пример за говорничко мајсторство.

Во Рим, подемот на говорништвото се должи на воведувањето на Републиката како државно уредување. Републиката во Рим, исто како и демократијата во Хелада, за определен број повластени граѓани значела можност активно да учествуваат во политичкиот живот и со говорење да го убедуваат сенатот или народот во (не)исправноста на одредена политичка одлука, да се бранат од обвинение или да обвинуваат. Појавата на правните зас-

тапници, т.н.р. *патрони* (patroni), не се должи само на сложеноста на римското право, туку и на свеста за тоа колку големо значење може да има добриот говор во одбраната или во обвинението. Најголемиот римски говорник, и веројатно најголемиот говорник на сите времиња, е Марк Тулиј Кикерон. Говорите на ниеден друг говорник не се подражавани во најситни детали така како што се подражавани говорите на Кикерон.[1] Тоа што претставува Демостен во хеленското говорништво, е секако Кикерон во римското.

**Б. РЕТОРИКА.** Свесни за моќта на зборовите, Хелените не само што се обидувале да говорат како што најдобро знаат и умеат, туку и размислувале за тоа како да говорат подобро, односно поубедливо. Резултат на овие размислувања се прирачниците создадени со цел да подучат како може да се говори поубедливо. Во Хелада, токму појавата на овие прирачници го означува почетокот на настанувањето на вештината на говорење, како вештина со посебни начела. Сè она што се однесува на оваа вештина – од изнаоѓањето предмет на говорот до неговото одржување, се означува со терминот *реторика*. Говорот пак, иако е постар од реториката, како книжевен род претставува нејзин производ.

Терминот *реторика* [грч. ῥητορική] прв пат се јавува во Платоновиот дијалог *Горгија*, напишан во второто десетлетие на IV век п.н.е. Дејството на дијалогот се одвива кон крајот на V век, кога праксата на подучување реторика веќе била востановена. Во времето на Исократ, IV век п.н.е., реториката веќе добила статус на академска дисциплина, односно изучувањето на нејзините начела станало дел од формалното образование. Римската реторика пак, се развила во II век п.н.е. под директно влијание на хеленската.

Покрај генералната поделба на класичната реторика на хеленска и римска, во теоријата се разликуваат три 'вида' реторика: техничка, софистичка и философска реторика. Иако техничката реторика генерално ѝ соодветствува на хронолошки првата, а философската на хронолошки последната од фазите во развојот на реториката, самата поделба не е хронолошка во смисла на тоа дека појавата на секој следен вид значи замирање на претходниот, ниту стриктна во смисла на тоа дека елементите типични за едниот од видовите не можат да бидат пристутни во некој од другите два. Така, техничката реторика е приближно истовремена со софистичката, а многу списи создадени по појавата на философската реторика, ѝ припаѓаат на техничката реторика. Од друга страна, списите кои се посочуваат како претставници на философската, содржат многу елементи типични за техничката реторика. На пример, Аристотеловата *Реторика*, генерално ѝ припаѓа на философската, но содржи елементи типични за техничката реторика.

***1. Техничка реторика***. Примарна во временска оска е техничката реторика. Таа се однесува на оној вид реторика за кој е карактеристично создавањето прирачници, наречени *Вештини на говорење (Τέχναι λόγον, Ars Rhetorica)*. Во овие прирачници, создадени за потребите на демократијата, најголемо внимание им било посветено на препораките кои му се потребни на граѓанинот за да се одбрани на суд. За прв автор на ваков прирачник се смета Тејсија и(ли) Корак од Сицилија, кој се датира приближно во втората четвртина на V век.[2] Платон во дијалогот *Фајдрос* споменува имиња на уште двајца автори на вакви

[1] Во време на француската револуција, значи осумнаесет века по смртта на Кикерон, француските говорници Луве и Робеспјер биле под толку силно влијание на Кикероновите говори, што не само што ги создавале своите говори по углед на Кикероновите, туку дури и своите политички непријатели ги нарекувале со имињата на личностите присутни во говорите на Кикерон.

[2] Во Платоновиот *Фајдрос*, се споменува само Тејсија (*Фајдрос*, 267a 6; 273a 6, 7, 8; 273d 2, e 8), а во Аристотеловата *Реторика*, само Корак (*Реторика*, 1402 a 18). Тезата дека се работи за еден човек е сè поприфатена во теоријата, а се базира врз Платоновиот *Фајдрос*, каде Сократ кога го споменува Тејсија вели: '... без разлика кој е

прирачници – Теодор од Бизант и Евен од Парос, а накусо се осврнува и на темите кои се обработувале во овие прирачници. Од прегледот на теми може да се заклучи дека целта на овие прирачници била да подучат каква треба да биде структурата на говорот, какво да биде побивањето на доказите во обвинението и во одбраната, колку треба да биде долг говорот, како треба да се предизвикаат чувства кај слушателите итн.[3]

Единствен сочуван хеленски прирачник е т.н.р. *Реторика за Александар,* од непознат автор.[4] Техничката реторика им била особено привлечна на Римјаните. Најпознати римски прирачници се Кикероновиот спис *За изнаоѓањето теми за говор, Реториката за Херениј* од непознат автор и Квинтилијановиот учебник по реторика *За образованието на говорникот.*

***2. Софистичка реторика***. Прирачниците по реторика не биле единствена можност за совладување на начелата на реториката. Приближно во исто време со настанувањето на првите прирачници се датира и традицијата на подучување реторика која ја практикувале софистите. Оваа традиција се означува со терминот софистичка реторика. Најмногу за софистите знаеме од Платоновите дијалози *Протагора*, *Горгија*, *Хипија Помладиот*, *Хипија Постариот* и *Софист*. Тие биле првите учители во вистинска смисла на зборот. Патувале низ Хелада и за плата подучувале граматика, политика, етика и реторика. Суштината на овој вид реторика било создадавањето говори во кои привидното ќе се прикаже како вистина, односно говори кои имаат за цел да убедат во вистинитоста на она што личи на вистина. Техниките што ги применувале се познати како реторски софизми. Во рамките на овој вид реторика поголемо внимание ѝ се посветувало на убавината и впечатливоста на изразот, отколку на самиот предмет на говорот. Точно кои методи ги применувале во подучувањето не е сосем јасно. Извесно е тоа дека создавале говори на измислени теми кои изобилувале со рими, антитези, паралелизми и издедначувања на бројот на слоговите во паратаксите, а од учениците се очекувало да ги запишат, да ги научат напамет и да ги подражаваат. Во I век н.е. софистичката реторика доживеала препород во т.н.р. *Втора софистика.*

Сочуваните *Тетралогии* на Антифонт, *Пофалбата на Хелена* и *Одбраната на Паламед* на Горгија, како и Исократовите говори *Против Софистот*, *Панегирик* и *Антидосис* ѝ припаѓаат на софистичката реторика. Најзначајни претставници на втората софистика се Дион Хрисостом, Аелиј Аристид, Либаниј од Антиохија и Темистиј од Константинопол. Софистичката реторика претставува хеленско движење, но и во римското говорништво постојат некои говори кои се под нејзино влијание.[5]

**3. *Философска реторика***. Философската реторика се јавува како реакција на техничката и на софистичката реторика. Се однесува на концепцијата на реториката на Сократ, Платон и Аристотел. Претставниците на философската реторика техничката реторика ја оценуваат како редукционистичка во однос на тоа што не го обработува доволно најважниот дел на реториката – докажувањето, а софистичката како штетна во однос на тоа што привидното го прикажува како вистина. Предмет на реториката, според претставниците на философската реторика, треба да биде она што е од најголема полза за слуша-

тој и како сака да го нарекуваат.' (*Фајдрос*, 273 c 8). Κόραξ, грч. 'гавран' е невообичаено име, па се претпоставува дека се работи за еден човек – Тејсија Гавранот.

[3] Платон, *Фајдрос*, 266 d.

[4] Како можен автор на овој прирачник се посочува Анаксимен од Лампсак, современик на Аристотел (средина на IV век п.н.е.).

[5] Пригодниот говор на Плиниј Помладиот *Панегирик*, посветен на императорот Трајан, ѝ припаѓа на Втората Софистика.

телот. Таа е тесно поврзана со дијалектиката, логиката, етиката и психологијата, па во таа смисла, претставува најразвиената форма на класичната реторика.

Платон за тоа каква треба да биде природата на реториката најмногу расправа во дијалозите *Горгија* и *Фајдрос*. Философската концепција на реториката најдобро е систематизирана во Аристотеловата *Реторика,* која содржи многу елементи типични за техничката реторика. Синтеза на сите три 'вида' реторика – техничка, софистичка и философска, е Кикероновиот спис *За говорникот.*

***Видови говори.*** Говорникот може да ја исполни својата цел, да ги убеди слушателите дека нешто е полезно или штетно, праведно или неправедно, чесно или срамно единствено со говор скроен според начелата на реториката. Во зависност од тоа која е крајната цел на убедувањето, во класичната реторика се разликуваат три вида говори (γένη τῶν λόγον, genera causarum):

а) политички или советодавни (γένος συμβουλευτικόν, genus deliberativum/ suasorium),

б) судски (γένος δικανικόν, genus iudicale), и

в) пофалбени/пригодни (γένος ἐπιδεικτικόν, genus demonstrativum).

Задача на политичкиот говор е да поттикне или да одврати (hortandi et dehortandi), на судскиот да обвини или да одбрани (accusandi et defendendi), а на пофалбениот - да пофали или да прекори (laudandi et vituperandi). Секој од овие видови треба да исполни определена цел: крајната цел на политичкиот говор е да убеди во она што е полезно или во она што е штетно, на судскиот - во она што е праведно или неправедно, и на пофалбениот во она што е чесно или срамно.

За да ја исполни целта на говорот, говорникот треба да изнајде достојна тема за говор, да го структурира говорот во делови, да умее убедливо да го каже тоа во што има намера да убеди, да го запомни говорот и најпосле, да го одржи.

Препораките за тоа како поуспешно да ја исполни целта се содржани во петте дела на реториката:[6]

I. Изнаоѓање тема за говор (грч. εὕρεσις, лат. inventio)

II. Распоред (грч. τάξις , лат. dispositio),

III. Јазичен израз, стил (грч.λέξις, лат. elocutio),

IV. Помнење (грч. μνήμη, лат. memoria), и

V. Одржување, декламација (грч. ὑπόκρισις, лат. pronuntiatio/actio)

Првиот дел - inventio (од глаголот invenire – 'пронаоѓам') се однесува на пронаоѓањето на сè она што говорникот треба да го прикаже во говорот (quid dicamus). Вториот дел - dispositio (од глаголот disponere – 'распоредувам', 'подредувам') има за цел да подучи каква треба да биде структурата на говорот, односно што треба да содржи секој од деловите на говорот (quo loco dicamus). Во структурата на говорот главно се разликуваат следните пет делови:

1. Увод (грч. προοίμιον, лат. exordium)

2. Изложување на предметот (грч. διήγησις, лат. narratio)

[6] Квинтилијан, *За образованието на говорникот*, III, 3, 1

3. Преглед (грч. πρόθεσις, лат. propositio/divisio)

4. Докажување (грч. πίστις, лат. confirmatio/probatio/argumentatio)

5. Заклучок (грч. ἐπίλογος, лат. conclusio/peroratio)

Секој од овие делови има определена функција: функцијата на уводот е да предизвика внимание и благонаклоност кај слушателите, изложувањето треба јасно, кратко и убедливо да го изложи предмет на говорот, во прегледот да биде наброено сè што следи понатаму во говорот, докажувањето да ги обезбеди сите логички докази, а заклучокот да претставува рекапитулација на она што било изнесено и емотивен повик до слушателите. Зад докажувањето, може да следи побивање на доказите (лат. confutatio), односно побивање на сите можни приговори кои може да ги изнесе опонентот. Овие делови тешко се препознаваат во говор, и нивното присуство не е нужно во секој вид говор.

Третиот дел – јазичен израз, elocutio (*начин на изразување*, *израз, јазик*, *стил*) се однесува на вообличувањето на мислите во реченици, односно на избирањето соодветен јазичен израз (quo modo dicamus). Се состои од соодветен избор на зборови и од организација на зборовите во реченици. Зборовите треба да бидат соодветни на предметот на предметот на говорот, а речениците да се надоврзуваат една на друга, т.е. да бидат подредени во периоди и да поседуваат ритам. Во реториката се издвојуваат следните доблести на изразот (virtutes dicendi): правилна употреба на јазикот (puritas), јасност (perspicuitas), украс (ornatus) и соодветност (aptum, decorum). Украсот подразбира употреба на јазични елементи кои во однос на структурата на реченицата, во однос на идеата на говорникот или во однос на содржината на зборовите се необични, односно отстапуваат од вообичаената употреба. Нивната цел е да предизвикаат пријатност или непријатност кај слушателот. Во зависност од тоа во однос на што отстапуваат од вообичаената употреба, овие отстапки се поделени на:

а) фигури на говорот (грч. σχήματα λέξεως, лат. figurae dictionis / figurae verborum /figurae elocutionis)

б) фигури на мислата (грч. (σχήματα διανοίας, лат. figurae sententiarum / figurae sensus/ figurae mentis)

в) тропи (лат. грч. (τρόποι, tropi/motus)

Фигурите на говорот претставуваат отстапки во однос на синтакстичката структура на реченицата. Најпознати фигури на говорот се анафората, асиндетонот, хипербатонот и елипсата. Фигурите на мислата се отстапки во однос на мислата или идеата на говорникот. Најпознати фигури на мислата се реторското прашање и иронијата. Тропите, дословно ‘обрти, пресврти, промени’, претставуваат замена на вистинското значење на зборот со друго значење. Најпознати тропи се метафората, метонимијата и хиперболата.

Четвртиот дел од реториката (memoria) се состоел од препораки кои се однесуваат на помнењето на говорот. За оваа цел бил развиен мнемо-технички систем. Петиот дел (declamatio) имал за цел да го подучи говорникот како да го како да го одржи говорот, односно подучувал каква треба да биде висината на гласот на говорникот, интонација, гестикулација и држење на телото.

Говорот може да ја постигне крајната цел – да убеди, со помош на повеќе средства за докажување. Во Аристотеловата *Реторика* (Аристотел, *Реторик*а, 1355b) средствата за убедување се поделени на атехнички и технички. Атехничките не ѝ припаѓаат на вештината, туку претставуваат објективни средства за докажување – документи, закони, сведоштва итн,

а техничките се засноваат на вештината на говорникот. Аристотел разликува три технички средства за убедување: ἦθος (*карактер*), πάθος (*чувства*) и λόγος (*говор*)[7]. Првото се однесува на говорникот, второто на слушателите и третото на самиот говор. Секое од нив е израз на една од трите компоненти на говорништвото: говорник, слушатели и говор.

Концептот на реториката, востановен во Хелада има традиција долга две и пол илјади години. Изучувањето на реториката останало дел од формалното образование и по падот на римската империја. Заедно со граматиката и дијалектиката, реториката и натаму претставувала дел од образовниот тривиум. Во периодот на ренесансата под директно влијание на моделот за структурата на говорот создаден во антиката се развила вештината на пишување писма (ars dictaminis) и на други прозни композиции (ars dictandi/ars praedicandi). Овој модел сè уште престатвува единствен валиден модел за структурирање на текст. Во однос на делот на реториката кој се однесува на јазичниот израз, директен наследник на реториката е стилистиката. Во однос пак, на техниките на докажување, еден вид нова реторика претставува теоријата на аргументација.

## II Уводна белешка кон... Првиот говор против Катилина

Лукиј Сергиј Катилина бил припадник на многу влијателниот и познатиот римски род Лукии. Тој, како и Кикерон, бил кандидат за конзул, десетина години пред Кикерон да го одржи својот прв говор против него. Всушност и сé почнало од тој личен конфликт, ривалството меѓу нив, па продолжило во 63 год. п.н.е., кога за втор пат Катилина, како соперник се кандидира за највисоката државна служба во Рим.

Во меѓувреме, жена по име Фулвија, љубовница на Куриј[8], често му пренесувала информации на Кикерон за заговорот, за плановите за неговото убиство и негови блиски соработници и насилно превземање на власта во Рим, во случај да не го изберат Катилина како конзул. Сепак, Катилина решил да настојува да ги спроведе своите планови. Неговите најголеми надежи лежеа во ветераните на Сула[9], кои што биле расфрлани низ различни подрачја и колонии во Италија. Тој регрутирал значителен дел од нив и формирал мали армии, назначувајќи ги под команда на Манлиј[10]. Во случај да ги загуби изборите[11], имал

---

[7] Првото средство - ἦθος произлегува од карактерот на говорникот или од карактерот на клиентот што тој го застапува, доколку станува збор за говор кој му припаѓа на судското или на пригодното говорништво. Второто, πάθος - се однесува на чувствата кои ги предизвикува кај слушателите - гнев, омраза, завист, огорчување, сочувство, сожалување, љубов. Слушателите можат да го променат својот суд единствено доколку говорот кај нив предизвика чувства. Третото средство - λόγος се состои во логичко докажување на веродостојноста на тврдењата изнесени во самиот говор.

[8] Куриј бил еден од заговорниците, пријател на Катилина.

[9] Во текот на предизборната кампања во претходната година, Катилина поради своето политичко мото – бришење на старите долгови и воведување на нови должнички книги – стекнал многу привзаници. Меѓу нив биле и ветераните на диктаторот Сула, кои во рамките на програмата на Сула за обновување на ситниот и средниот земјопосед, добиле поседи во Етрурија, Латиј и Кампанија, со цел да се занимаваат со земјоделство. Но, со оглед на тоа што многу од нив не биле навикнати да обработуваат земја, запаѓале во долгови. Во доаѓањето на Катилина на власт тие гледале можност за ослободување од овие долгови.

[10] Гај Манлиј бил ветеран во војската на Сула, кентурион со значително воено искуство, кој единствено одговарал на наредбите на Катилина

[11] Изборите биле закажани за 20 Октомври.

намера со нивна помош, насилно да ја освои власта и да го убие Кикерон. Во оваа завера му се придружиле и неколкумина сенатори кои воделе расипнички живот. Сите тие информации биле пренесени до Кикеро и тој веќе знаел што може да го очекува за време на изборите. Целата оваа работа Кикерон ја изнесол пред Сенатот, ги открил намерите на Катилина и изборите биле одложени, за да имаат време сенаторите да размислат за оваа работа. На денот на изборите, кој што ги спроведувал во својство на конзул, Кикерон се појавил следен од стража од млади витези, а под тогата носел оклоп. Со ова сакал да покаже на народот дека државата е во опасност.

На 21 Октомври, Кикерон веќе добил информации дека Катилина тајно се состанал со своите приврзаници и дека веќе го утврдил рокот за преврат. Кога се состанал Сенатот наредниот ден, Кикерон го обвинил Катилина и ги разоткрил неговите намери пред Сенатот, Катилина почнал недолично и насилно да се однесува. Затоа Сенатот донесол одлука, според која конзулите „треба да се грижат републиката да не претрпи зло". Тоа значело дека тие добиваат вонредни овластувања (senatus consultum ultimum), одложувајќи ги привремено сите редовни активности, додека не помине опасноста. Поради ова, Кикерон ја удвоил својата стража и вовел дополнителни трупи во градот. Одлучил да дејствува порешително кога дознал дека ноќта помеѓу 6 и 7 Ноември Катилина се договорил со своите луѓе да ги искористи трупите во Етрурија, да поведе офанзива на Рим и да го убие Кикерон. Во таа прилика Кикерон испратил по некои гласници да информира некои од видните мажи за заверата против него, имињата на витезите кои требало да дојдат и да го убијат, па дури и во кој час требало да дојдат тие. Така кога дошле заговорениците, ја нашле куќата на Кикерон добро чувана и сигурна. Со таа претпазливост го спречил Катилина да го изврши својот план: да го убие него и неговите следбеници.

Следниот ден, Кикерон го свикал Сенатот да се состане во храмот на Јупитер на Капитол[12], бидејќи овде се одржувале седниците во прилика на голема опасност на државата. На оваа седница, вознемирувајќи ги сенаторите со неговото присуство, се осмелил да дојде и самиот Катилина. Кога влегол во храмот и седнал на клупата, сите сенатори што биле во неговата близина станале и го оставиле да седи сам. И самиот Кикерон бил испровоциран од неговата дрскост што се појавил, па своето обраќање го насочил директно против Катилина. Целата замисла на Катилина Кикерон ја изложил во својот прв говор против него пред сенатот. Катилина се обидел да реплицира, но сенаторите го прекинувале, нарекувајќи го издајник. Тогаш Катилина истрчал од храмот, заканувајќи им се на сенаторите и отишол во логорот на Манлиј. Благодарение на својата вештина како говорник, Кикерон ја исполнил својата цел: ги убедил сенаторите дека постапките на Катилина се штетни за државата и Катилина го напуштил Рим.

Кикерон подоцна одржал уште три говори против него. Најпосле Сенатот го прогласил Катилина за државен непријател и му изрекол смртна казна, а за сметка на тоа, на Кикерон му ја доделил титулата pater patriae (татко на татковината).

[12] Поради исклучителната важност на излагањето на Кикерон, наместо во куријата, каде обично се одржувале седниците, овој пат сенатската седница се одржала во храмот на Јупитер Статор, заштитникот на Рим.

# III Оригинален текст

## M. Tulli Ciceronis
## ORATIO QVA L. CATILINAM EMISIT
## IN SENATV HABITA (1-5)

Quo usque tandem abutere, Catilina, patientia nostra? quam diu etiam furor iste tuus nos eludet? quem ad finem sese effrenata iactabit audacia? Nihilne te nocturnum praesidium Palati, nihil urbis vigiliae, nihil timor populi, nihil concursus bonorum omnium, nihil hic munitissimus habendi senatus locus, nihil horum ora voltusque moverunt? Patere tua consilia non sentis, constrictam iam horum omnium scientia teneri coniurationem tuam non vides? Quid proxima, quid superiore nocte egeris, ubi fueris, quos convocaveris, quid consili ceperis quem nostrum ignorare arbitraris? O tempora, o mores! Senatus haec intellegit, consul videt; hic tamen vivit. Vivit? immo vero etiam in senatum venit, fit publici consili particeps, notat et designat oculis ad caedem unum quemque nostrum. Nos autem fortes viri satis facere rei publicae videmur, si istius furorem ac tela vitamus. Ad mortem te, Catilina, duci iussu consulis iam pridem oportebat, in te conferri pestem quam tu in nos omnis iam diu machinaris. An vero vir amplissimus, P. Scipio, pontifex maximus, Ti. Gracchum mediocriter labefactantem statum rei publicae privatus interfecit: Catilinam orbem terrae caede atque incendiis vastare cupientem nos consules perferemus? Nam illa nimis antiqua praetereo, quod C. Servilius Ahala Sp. Maelium novis rebus studentem manu sua occidit. Fuit, fuit ista quondam in hac re publica virtus ut viri fortes acrioribus suppliciis civem perniciosum quam acerbissimum hostem coercerent. Habemus senatus consultum in te, Catilina, vehemens et grave, non deest rei publicae consilium neque auctoritas huius ordinis: nos, nos, dico aperte, consules desumus. Decrevit quondam senatus uti L. Opimius consul videret ne quid res publica detrimenti caperet: nox nulla intercessit: interfectus est propter quasdam seditionum suspiciones C. Gracchus, clarissimo patre, avo, maioribus, occisus est cum liberis M. Fulvius consularis. Simili senatus consulto C. Mario et L. Valerio consulibus est permissa res publica: num unum diem postea L. Saturninum tribunum plebis et C. Servilium praetorem mors ac rei publicae poena remorata est? At vero nos vicesimum iam diem patimur hebescere aciem horum auctoritatis. Habemus enim eius modi senatus consultum, verum inclusum in tabulis, tamquam in vagina reconditum, quo ex senatus consulto confestim te interfectum esse, Catilina, convenit. Vivis, et vivis non ad deponendam, sed ad confirmandam audaciam. Cupio, patres conscripti, me esse clementem, cupio in tantis rei publicae periculis non dissolutum videri, sed iam me ipse inertiae nequitiaeque condemno. Castra sunt in Italia contra populum Romanum in Etruriae faucibus conlocata, crescit in dies singulos hostium numerus; eorum autem castrorum imperatorem ducemque hostium intra moenia atque adeo in senatu videtis intestinam aliquam cotidie perniciem rei publicae molientem. Si te iam, Catilina, comprehendi, si interfici iussero, credo, erit verendum mihi ne non hoc potius omnes boni serius a me quam quisquam crudelius factum esse dicat. Verum ego hoc quod iam pridem factum esse oportuit certa de causa nondum adducor ut faciam. Tum denique interficiere, cum iam nemo tam improbus, tam perditus, tam tui similis inveniri poterit qui id non iure factum esse fateatur. Quam diu quisquam erit qui te defendere audeat, vives, et vives ita ut nunc vivis, multis meis et firmis

praesidiis obsessus ne commovere te contra rem publicam possis. Multorum te etiam oculi et aures non sentientem, sicut adhuc fecerunt, speculabuntur atque custodient.

Etenim quid est, Catilina, quod iam amplius exspectes, si neque nox tenebris obscurare coetus nefarios nec privata domus parietibus continere voces coniurationis tuae potest, si inlustrantur, si erumpunt omnia? Muta iam istam mentem, mihi crede, obliviscere caedis atque incendiorum. Teneris undique; luce sunt clariora nobis tua consilia omnia, quae iam mecum licet recognoscas. Meministine me ante diem xii Kalendas Novembris dicere in senatu fore in armis certo die, qui dies futurus esset ante diem vi Kal. Novembris, C. Manlium, audaciae satellitem atque administrum tuae? Num me fefellit, Catilina, non modo res tanta tam atrox tamque incredibilis, verum, id quod multo magis est admirandum, dies? Dixi ego idem in senatu caedem te optimatium contulisse in ante diem v Kalendas Novembris, tum cum multi principes civitatis Roma non tam sui conservandi quam tuorum consiliorum reprimendorum causa profugerunt. Num infitiari potes te illo ipso die meis praesidiis, mea diligentia circumclusum commovere te contra rem publicam non potuisse, cum tu discessu ceterorum nostra tamen qui remansissemus caede contentum te esse dicebas? Quid? cum te Praeneste Kalendis ipsis Novembribus occupaturum nocturno impetu esse confideres, sensistin illam coloniam meo iussu meis praesidiis, custodiis, vigiliis esse munitam? Nihil agis, nihil moliris, nihil cogitas quod <non> ego non modo audiam sed etiam videam planeque sentiam. Recognosce mecum tandem noctem illam superiorem; iam intelleges multo me vigilare acrius ad salutem quam te ad perniciem rei publicae. Dico te priore nocte venisse inter falcarios–non agam obscure–in M. Laecae domum; convenisse eodem compluris eiusdem amentiae scelerisque socios. Num negare audes? quid taces? Convincam, si negas. Video enim esse hic in senatu quosdam qui tecum una fuerunt. O di immortales! ubinam gentium sumus? quam rem publicam habemus? in qua urbe vivimus? Hic, hic sunt in nostro numero, patres conscripti, in hoc orbis terrae sanctissimo gravissimoque consilio, qui de nostro omnium interitu, qui de huius urbis atque adeo de orbis terrarum exitio cogitent. Hos ego video consul et de re publica sententiam rogo, et quos ferro trucidari oportebat, eos nondum voce volnero! Fuisti igitur apud Laecam illa nocte, Catilina, distribuisti partis Italiae, statuisti quo quemque proficisci placeret, delegisti quos Romae relinqueres, quos tecum educeres, discripsisti urbis partis ad incendia, confirmasti te ipsum iam esse exiturum, dixisti paulum tibi esse etiam nunc morae, quod ego viverem. Reperti sunt duo equites Romani qui te ista cura liberarent et se illa ipsa nocte paulo ante lucem me in meo lecto interfecturos esse pollicerentur. Haec ego omnia vixdum etiam coetu vestro dimisso comperi; domum meam maioribus praesidiis munivi atque firmavi, exclusi eos quos tu ad me salutatum mane miseras, cum illi ipsi venissent quos ego iam multis ac summis viris ad me id temporis venturos esse praedixeram.

Quae cum ita sint, Catilina, perge quo coepisti: egredere aliquando ex urbe; patent portae; proficiscere. Nimium diu te imperatorem tua illa Manliana castra desiderant. Educ tecum etiam omnis tuos, si minus, quam plurimos; purga urbem. Magno me metu liberaveris, modo inter me atque te murus intersit. Nobiscum versari iam diutius non potes; non feram, non patiar, non sinam. Magna dis immortalibus habenda est atque huic ipsi Iovi Statori, antiquissimo custodi huius urbis, gratia, quod hanc tam taetram, tam horribilem tamque infestam rei publicae pestem totiens iam effugimus. Non est saepius in uno homine summa salus periclitanda rei publicae. Quam diu mihi consuli designato, Catilina, insidiatus es, non publico me praesidio, sed privata diligentia defendi. Cum proximis comitiis consularibus me consulem in campo et competitores tuos interficere voluisti, compressi conatus tuos nefarios amicorum praesidio et copiis nullo tumultu publice concitato; denique, quotienscumque me petisti, per me tibi obstiti, quamquam

videbam perniciem meam cum magna calamitate rei publicae esse coniunctam. Nunc iam aperte rem publicam universam petis, templa deorum immortalium, tecta urbis, vitam omnium civium, Italiam totam ad exitium et vastitatem vocas. Qua re, quoniam id quod est primum, et quod huius imperi disciplinaeque maiorum proprium est, facere nondum audeo, faciam id quod est ad severitatem lenius, ad communem salutem utilius. Nam si te interfici iussero, residebit in re publica reliqua coniuratorum manus; sin tu, quod te iam dudum hortor, exieris, exhaurietur ex urbe tuorum comitum magna et perniciosa sentina rei publicae. Quid est, Catilina? num dubitas id me imperante facere quod iam tua sponte faciebas? Exire ex urbe iubet consul hostem. Interrogas me, num in exsilium? Non iubeo, sed, si me consulis, suadeo.

## IV Анализа

Според начелата на реторската вештина доброобликуваниот говор треба да поседува внатрешна структура, односно да се состои од повеќе делови (partes orationis): увод (exordium), изложување (narratio), докажување (probatio, arrgumentatio), побивање (reprehensio, confutatio) и заклучок (peroratio, conclusio).

**Exordium.** Целта на уводот е да го предизвика вниманието на слушателите, да ги подучи и да предизвика благонаклоност кај нив. Во уводот на првиот говор против Катилина, Кикерон формално му се обраќа на Катилина, присутен во храмот на Јупитер Статор. Неговото обраќање почнува со 6 реторски прашања кои образуваат климакс. Зад неутралното *quo usque* (до кога) следи поекспресивното *quam diu* (уште колку долго) за да дојде до климакс со трето прашање, во кое наместо прашален прилог стои предлошкиот израз *quem ad finem* (до која крајна цел). Структурата на трите рет. прашања е паралелна: покрај климаксот во првиот дел, климакс постои и во вториот дел на прашањата: зад неутралното *abutere patientia nostra*, следи поекспресивното *furor iste tuus nos eludet*, за да дојде до кулминација во *sese effrenata iactabit audacia*.

Три независно прашални реченици во индикатив.

**Quo usque** *adv. interr.* **tandem** *adv.*; **abutere** (abutor, abuti, abutus sum 3), fut. I 2 sg. – предикат [скратена форма од abuteris, сложенка од ab+utor; cf. англ. abuse]; **Catilina** (Catilina, ae *m.*) – Voc. sg.; **patientia nostra** (patientia, ae *f.* [cf. patior, passus sum 3, англ. patience] noster, -tra, -trum *pron. poss.*) abl. instrumenti покрај abutere.

**Quam diu** *adv. interr.* **etiam** *adv.***; furor iste tuus** nom. sg. подмет (furor, -is *m.*; iste, ista, istud *pron. demonst.*, tuus, -a, -um *pron. poss.*); **nos** acc. директен предмет (pronom. pers. 1 pl.); **eludet** (eludo, lusi, lusum 3) предикат – fut. I, 3 sg. [сложенка ex-ludo; cf. излудува];

**Quem ad finem (=ad quem finem) ad** *praep.* со acc.**; quem finem** acc. sg. покрај ad (quis, quid *pron. interr.*, finis, -is *m.*); **sese** acc. *pron. pers. refl.* директен предмет на iactabit; **effrenata audacia** nom. sg. (effrenatus, -a, -um *adi.*, audacia, -ae *f.* [cf. audax, -cis adi.]) iactabit - 3 sg. fut. I (iacto, 1) предикат.

Во следното реторско прашање говорникот повторно формално му се обраќа на Катилина, а всушност има за цел да го предизвика вниманието на сенаторите. Тоа го постигнува преку анафората (*nihil … nihil …nihil … nihil … nihil … nihil*) и климаксот (*nocturnum praesidium Palati, urbis vigiliae*, *timor populi, concursus bonorum omnium, hic munitissimus habendi senatus locus, horum ora voltusque*). Катилина не го вознемируваат **ни** ноќните стражи на Палатин, **ни** градс-

ките стражи, **ни** стравот на народот, **ни** собирот на сенаторите, **ни** светоста на местото каде што се одржува сенатската седница, дури **ни** погледите и лицата на сенаторите.

Прашални реченици во индикатив со енклитична прашална партикула –**ne. Nihilne … nihil … nihil …nihil … nihil … nihil** acc. adverbialis (nihil *pron.* def.);

**te** acc. директен предмет (tu *pron. pers.* 2); **nocturnum praesidium** nom. sg. подмет (nocturnus, -a, -um *adi.* [cf. nox, -ctis *f.*], praesidium, ii *n.*); **Palati** gen. sg. - possesivum (Palatium, -i*n.*) атрибут на nocturnum praesidium)

**urbis** gen. sg. (urbs, -is *f.*) атрибут на vigiliae; **vigiliae** nom. pl. (vigilia, -ae *f.*) подмет

**timor** nom. sg. (timor, -is *m.*) подмет; **populi** gen. sg. (populus, -i *m.*) gen. obiecti, атрибут на timor.

**concursus** nom. sg. (concursus, -us *m.*) подмет; **bonorum omnium** gen. pl. – possesivus (bonus, -a, -um; omnis, e) атрибут на concursus.

**hic munitissimus locus** nom. sg. (hic, haec, hoc *pron. demonst.*; munitissimus *superl.* munitus, -a, -um; locus, -i *m.*) подмет; **habendi senatus** gen. sg. (gerundivum од habeo, habui, habium 2; senatus, -us *m.*) gen. explicativus, атрибут на locus.

**horum** gen. pl. - possesivum (hic, haec, hoc *pron. demostr.*) атрибут на ora voltusque; **ora voltusque** nom. pl. (os, oris *n.*, voltus, -us *m.* [voltus арх. форма = vultus]) подмет; -que енклитичен сврзник.

**moverunt** (moveo, movi, motum 2) предикат, 3 pl. indicat. perf. act.

Петтото во низата реторски прашања не е прашално според обликот, туку според интонацијата. Покрај интонацијата, афективноста на изразот ја зголемуваат и паралелизмот и хипербатонот. *Patere tua consilia* не само што стои паралелно во однос на *constrictam coniurationem scientia teneri,* туку претставува еден вид перафраза; *non sentis* пак е паралелно на *non vides* на крајот од реторското прашање. Хипербатонот consrictam ... coniurationem токму на ова место не е случаен. Со ова разделување уште повеќе се нагласува клучното значење на constrictam: заговорот на Катилина е окован исто како што диво животно се врзува во окови за да се му се одземе силата.

Прашални реченици без сврзник за прашална реченица. Покрај non sentis и non vides следат две конструкции акузатив со инфинитив (ACI). Подреди: Non sentis patere tua consilia, non vides tuam coniurationem iam constrictam teneri scientia horum omnium?

**Patere tua consilia** – ACI покрај sentis; patere infinitivus предикат во ACI (pateo, -ui, 2), tua consilia accusativus pl. подмет во ACI (tuus, -a, -um; consilium, ii *n.*)

**non** – негација; **sentis** – 2 sg. indicat. praes. act. (sentio, 4) предикат во реченицата, verbum regens на првата конструкција ACI.

**constrictam iam horum omnium scientia teneri coniurationem tuam** - ACI покрај vides; **constrictam coniurationem tuam** acc. sg. подмет во ACI (constrictus, -a, -um participium perf. constringo, -strinxi, -strictum; coniuratio, -onis *f.*, tuus, -a, -um *pron. poss.*); **teneri** – infinitivus praes. pass. предикат во ACI (teneo, tenui, tentum 2); **iam** *adv.*; **horum omnium** gen. pl. (hic, haec, hoc *pron. demonstr.*, omnis, e) gen. possesivus, атрибут на scientia; scientia abl. sg. (scientia, -ae f. [cf. scio 4, анг. science]) abl. instrumenti.

**non** – негација; **vides** - 2 sg. indicat. praes. act. (video, vidi, visum 2) предикат [cf. мак. видов], verbum regens на втората конструкција ACI.

Во последното реторско прашање Кикерон експлицитно тврди дека на сите им е јасно што правел Катилина претходната ноќ, ноќта пред неа, каде бил, со кого се сретнал, каква одлука донел. Паралелелната синтаксичка структура и асиндетонот го прават изразот збиен, а хомојотелевтонот (-is, -is, -is, -is) – ритмички врамнотежен.

Зависно прашални реченици во конјунктив условени од конструкција ACI: arbitraris quem nostrum ignorare. Подреди: Arbitraris quem nostrum ignorare quid proxima, quid superiore nocte egeris, ubi fueris, quos convocaveris, quid consilii ceperis?

**quid** … **quid** acc. neutr. (quis, quid *pron. interr.*) директен предмет на egeris; **proxima** (sc. nocte) abl. sg. - temporis ( *superl.* prope); **superiore nocte** – abl. sg. temporis (superior *comp.* од superus, a, -um *adi*; nox, noctis *f.*); **egeris** 2 sg. coni. perf. act. (ago, egi, actum 3) предикат во првата зависно прашална реченица;

**ubi** *adv.* interr.; **fueris** 2 sg. coni. perf. act. (sum, esse, fui) предикат во втората зависно прашална реченица;

**quos** acc. pl. (qui, quae quod *pron.* interr.) директен предмет на convocaveris; **convocaveris** 2 sg. coni. perf. act. (convoco, 1) предикат во третата зависно прашална реченица.

**quid** acc. sg. neutr. (quis, quid *pron. inerr.*) директен предмет на ceperis; **consili** (=consilii) – gen. sg. – partitivus покрај quid; **ceperis** 2 sg. coni. perf. act. (capio, cepi, captum 3) предикат во четвртата зависно-прашална реченица.

**quem nostrum ignorare** – ACI покрај arbitraris; **quem** acc. sg.(qui, quae, quod *pron. rel.*) – подмет во ACI; **nostrum** – gen. pl. (nos *pron. pers.* 2) атрибут на quem; **ignorare** – infinitivus предикат во ACI (ignoro, 1)

**arbitraris** – 2 sg. indic. praes. act. (arbitror, 1) предикат во реченицата, verbum regens во ACI.

Следи куса елиптична екскламација. Нејзината функција е да предизвика емоции кај слушателите, па во таа смисла претставува елемент на pathos. Со неа тука говорникот покажува загриженост и жалење за изминатите времиња, кога граѓаните и кога правеле помали престапи, биле казнувани со построги казни. Едноставната синтаксичка структура на следните три реченици, анадиплосата на крајот *(… vivit. Vivit*?) и интонацијата во вториот дел од неа како единствен идикатор на прашалноста тука не се случајни. Тие внесуваат контраст, кој на говорникот му е неопходен за да го сврти вниманието на слушателите кон она што е клучно: **Катилина учествува во сенатските седници и со очите дава знак кој од присутните во сенатот треба да биде убиен**. Сега Кикерон веќе ни формално не му се обраќа на Катилина, туку на сенатот. Заговорот на Катилина е разоткриен.

Екскламативна реченица.

**O** (*inter.*) **tempora, mores** – acc. pl. – exclamationis (tempus, oris *n.*, mos, moris *m.*).

Три независни декларативни реченици.

**Senatus** - nom. sg. (senatus, us *m.*) подмет; **haec** acc. pl. neutr. (hic, haec, hoc *pron. demostr.*) директен предмет на intellegit; **intellegit** - 3 sg. ind. praes. act. (intellego, -lexi, -lectum) предикат.

**Consul** - nom. sg. (consul, -is *m.*) подмет; **videt** – 3 sg. ind. praes. act. (video, vidi, visum 2) предикат.

**Hic** – nom. sg. (hic, haec, hoc *pron. demonstr.*) подмет; **tamen** *adv.* ; **vivit** 3 sg. ind. praes. act. (vivo, vixi, victurus 3) предикат

Елиптична прашална реченица, прашална по интонација.

**Vivit** – 2 sg. ind. praes. act. (vivo, vixi, victurus 3)

Три декларативни реченици.

**Immo** *adv.* **vero** *adv.* **etiam** *conict.* **in** praep. co acc. **senatum** acc. sg. (senatus, -us *m.*) поради in, **venit** – 3 sg. ind. praes. act. (venio, veni, ventum 4) предикат во првата реченица.

**fit** – 3 sg. ind. praes. act. (fio, fieri, factus sum) предикат во втората реченица, **publici consilii** – gen. sg. – partitivus (publicus, -a, -um *adi.*, consilium, ii*n.*) атрибут на particeps, **particeps** nom. sg. subst. (particeps, -cipis *adi.*) подмет во втората реченица.

**notat** et **designat** - 3 sg. ind. praes. act. (noto, 1; designo, 1) предикати во третата реченица; **oculis** – abl. pl. – instrumenti (oculus, -i *m.*); **ad** praep. co acc.; **caedem** – acc. sg. (caedes, -is *f.*) поради ad; **unum quemque** – acc. sg. (unus, -a, -um numer.; quisque, quaeque, quidque) директен предмет на notat, designat; **nostrum** – gen. – partitivus покрај unum quemque (nos *pron. pers.* 2 pl.).

И покрај тоа што веќе сè е јасно, 'храбрите мажи', сенаторите, мислат дека прават доволно за републиката со тоа што само ги одбегнуваат бесните напади на оној (*istius*), чие име говорникот не сака ни да го спомне. Со иронијата (*fortes viri*) Кикерон покажува сомнеж во својата и во храброста на сенатот, а со употребата на istius – презир кон Катилина.

Реален хипотетички период, во аподозата конструкција nominativus cum infinitivo (NCI) покрај videmur, а во протазата индикатив на презент:

[аподоза]: Nos autem fortes viri satis facere rei publicae videmur

[протаза]: si istius furorem ac tela vitamus

**nos** – nom. sg. (nos *pron. pers.* 1 pl.) подмет во конструкцијата NCI; **autem** - *conict.*; **fortes viri** – nom. pl. (fortis, e *adi.*, vir, -i *m.*) – апозиција на nos; **satis** *adv.* ; **facere** infinitivus (facio, feci, factum 3) предикат во конструкцијата NCI; **rei publicae** – dat. sg. – commodi; **videmur** – 1 pl. indicat. praes. (videor, visus sum 2) – предикат во аподозата, verbum regens на ACI.

**si** - *conict.*; **istius** – gen. sg. – possesivus (iste, ista, istud); **furorem** - acc. sg. (furor, -is *m.*) директен предмет на vitamus; **ac** - *conict.*; **tela** - acc. pl. (telum, -i*n.*) директен предмет на vitamus; **vitamus** – 1 pl. indicat. praes. act. (vito, 1) предикат во протазата (во друго издание на текстот стои coni. praes. vitemus)

Иако формално му се обраќа на Катилина (Catilina), целта на говорникот тука е да го прекори сенатот, а највеќе себе си како конзул (iussu consulis), што не преземал порешителна акција. Тој, иако имал senatus consultum ultimum - сенатско решение со кое можел да преземе активности кои се надвор од неговите конзулски овластувања, поради бројните приврзаници на Катилина, не преземал ништо.

Конструкции ACI покрај oportebat. Зад pestem, следи релативна реченица: quam tu in nos omnis iam diu machinaris. Подреди: Oportebat te duci ad mortem, Catilina, iussu consulis iam pridem, in te (sc. oportebat) conferri pestem, quam tu in nos omnis iam diu machinaris.

**ad** – praep. co acc.; **mortem** acc. sg. (mors, -rtis *f.*) acc. поради ad; **te** – acc. (tu 2 *pron. pers.*) подмет во ACI; **Catilina** voc. sg. (Catilina, -ae *m.*); **duci** inf. pass. (duco, duxi, ductum) предикат во конструкцијата ACI;

**iussu** – abl. sg. (defectiva casibus) abl. modi; **consulis** – gen. sg. (consul, -is *m.*) – gen. possesivus; **iam** – *adv.* ; **pridem** - *adv.* ; **oportebat** – ind. imperf. verb. impers. (oportet, uit, 2) – предикат во реченицата, verbum regens NCI.

**in** – praep. co acc.; **te** – acc. (tu 2 *pron. pers.*) acc. поради in; **conferri** – inf. praes. pass. (conferro, contuli, collatum, -ferre) предикат во ACI; **pestem** – acc. sg. (pestis, -is *f.*) – подмет во ACI;

**quam** – acc. sg. (qui, quae, quod *pron. relat.*) директен предмет на machinaris; **tu** - nom. sg. (tu *pron. pers.* 2); подмет во релативната реченица; **in** – praep. co acc.; **nos omnis** – acc. pl. (nos 2 *pron. pers.*, omnis, e *adi.*) acc. поради in; **iam** - *adv.* **diu** – *adv.* ; **machinaris** – 2 sg. ind. praes. (machinor, 1) – предикат во релативната реченица.

Двете антитези (*mediocriter labefactantem statum rei publicae: orbem terrae caede atque incendiis vastare* и *privatus*: *nos consules*) и хиперболата (*orbem terrae*) се реторските средства со кои говорникот се обидува да го убеди сенатот во штетноста на постапките на Катилина и во неопходноста да се дејствува. Изнесувањето на примерите од минатото претставува едно од средствата за докажување во реториката. Тоа што Публиј Скипион, значи, не било кој, туку vir amplissimus, а уште и pontifex maximus како приватно лице го убил Тибериј Гракх, кој незначително го пореметил државниот поредок, треба да претставува уште една причина конзулите да го казнат Катилина, кој сака да го уништи целиот свет.

**An** – part. interog. **vero** – *adv.*

**vir amplissimus P. Scipio** – nom. sg. (vir, -i *m. superl.* amplus, -a, -um *adi.* Publius, ii *m.*; Scipio, onis *m.*) подмет во првата реченица, pontifex maximus nom. sg. (pontifex, icis *m.*, *superl.* magnus, -a, -um) апозиција; **Ti. Gracchum** - acc. sg. (Tiberius, -i *m.*, Gracchus, -i *m.*) директен предмет на interfecit; **mediocriter** *adv.* ; **labefactantem** – acc. sg. participium praes. act. (labefacto, 1) – атрибут на Ti. Gracchum; **statum** – acc. sg. (status, us *m.*) директен предмет на labefactantem; **rei publicae** - gen. sg. – possesivus (res publica) **privatus** – nom. sg. (privatus, -a, -um *adi.* subst.) предикатна употреба на супстантивирана придавка; **interfecit** – 3 sg. perf. act. (interficio, -feci, -fectum 3) предикат.

**Catilinam** – acc. sg. (Catilina, -ae *m.*) директен предмет на perferemus; **orbem** – acc. sg. orbis, -is m) директен предмет на vastare; **terrae** – gen. sg. (terra, -ae *f.*) gen. possesivum; **caede** – abl. sg. (caedes, -is *f.*) – abl. instrumenti; **atque** - *conict.*; **incendiis** abl. pl. (incendium, ii*n.*) - abl. instrumenti; **vastare** – infinituvus praes. (vasto, 1) покрај cupientem; **cupientem** – acc. sg. participium praes. (cupio, -ivi (ii), -itum) атрибут на Catilinam (атрибутен партицип);

**nos** – nom. sg. (nos 1 pl. *pron. poss.*) подмет во реченицата; **consules** - nom. pl. (consul, -is *m.*) предикатна употреба на именката (nos); **perferemus** – 1 pl. coni. imperf. act. (perfero, tuli, latum ferre) - предикат.

Изнесувањето на примери од минатото продолжува. Паралепсата (praetereo quod …) има функција да го сврти вниманието на сенаторите кон примерот што го наведува, со цел да ги убеди дека и сега треба да се дејствува исто.

Зад главната реченица: Nam illa nimis antiqua praetereo, следи причинска реченица во индикатив којашто започнува со фактично quod.

**Nam** - *conict.* **illa** – acc. pl. neutr. (ille, illa, illud) директен предмет на praetereo; nimis – *adv.*; **antiqua** (sc. exempla) – acc. pl. neutr. (antiquus, -a, -um *adi.*) **praetereo** – 1 sg. indic. praes. act. (pretereo, -ii, itum, ire) предикат.

**quod** *conict.*; **C. Servilius Ahala** – nom. sg. (Gaius, -i *m.*, Servilius, -i *m.*, Ahala, -ae) подмет; **Sp**(urium). **Maelium** acc. sg. (Spurius, ii *m.*, Maelius, ii *m.*) директен предмет на occidit; **novis rebus** – dat. pl. (res nova) dat. obiecti покрај studentem; **studentem** – acc. sg. partic. praes. act. (studeo, -ui, 2) атрибутен партицип (Sp. Maelium);

**manu sua** - abl. sg. (manus, -us *f.*, suus, -a, -um *pron. poss.* reflex.) – abl. instrumenti; **occidit** – 3 sg. ind. perf. act. (occido, -cidi, -casum 3) предикат

Со анадиплосата (fuit, fuit) говорникот нагласува колку многу жали за изминатите времиња кога во републиката казните за внатрешниот непријател биле построги отколку казните за најголемиот надворешен непријател. Поставеноста на глаголот во почетна позиција уште повеќе го засилува ефектот.

Зад fuit … virtus во главната реченица следи последична реченица во конјунктив со ut consecutivum (cf. mos/consuetudo est, ut …). Подреди: Fuit, fuit quondam in hac re

publica ista virtus, ut viri fortes coercerent civem perniciosum acrioribus suppliciis quam acerbissimum hostem.

**Fuit** - 3 indic. perf. (sum, esse, fui) предикат во главната реченица; **ista** – nom. sg. fem. (iste, ista, istud *pron. demostr.*) го засилува подметот virtus; **quondam** - *adv.* ; **in** praep. co abl.; **hac re publica** abl. sg. fem. (hic, haec, hoc *pron. demostr.*; res publica) abl. поради in; **virtus** – nom. sg. (virtus, -utis *f.*) подмет во главната реченица.

**ut** *conict.* - ut consecutivum; **viri fortes** – nom. pl. (vir, -i *m.*, fortis, -e *adi.*) подмет во зависната реченица; **acrioribus suppliciis** – abl. pl. (comparativus од acer, -cris, -cre *adi.*, supplicium, -ii *n.*) abl. instrumenti; **civem perniciosum** – acc. sg. (civis, is *m. f.*, perniciosus, -a, -um *adi.*) директен предмет на coercerent; **quam** – *adv.* зад компаративот acrioribus; **acerbissimum hostem** – acc. sg. ( *superl.* acerbus, -a, um.; hostis, -is *m.*) покрај civem perniciosum наместо abl. comparationis; **coercerent** – 3 pl. coni. imperf. act. (coerceo, -ui, -citum 2) предикат во последичната реченица.

Позицијата на глаголот habemus во почента позиција, различна од вообичаената, хипербатонот (*senatus consultum … vehemens et grave*), анадиплосата (*nos, nos*), парентезата (*dico aperte*) и антитезата (*non deest virtus … consules desumus*) се реторските средства во овој дел од текстот на говорот.

**Habemus** - 1 pl. ind. praes. act. (habeo, -ui, -itum 2) предикат; **senatus** – gen. sg. (senatus, -us *m.*) – gen. possesivus, атрибут на consultum; **consultum** – acc. sg. (consultum, -i*n.*) директен предмет; **in** praep. co acc.; **te** – acc. sg. (tu 2 *pron. poss.*) – acc. поради in; **Catilina** – voc. sg. (Catilina, ae *m.*); **vehemens et grave** – acc. sg. (vehemens, entis *adi.*, gravis, -e *adi.*) – атрибут на consultum;

**non** – негација; **deest** – 3 sg. indic. praes. act. (desum, defui, deesse) – предикат; **rei publicae** – dat. sg. (res publica) – dat. possesivus; **consilium** – nom. sg. (consilium, ii*n.*) – првиот подмет на deest,

**neque** – *conict.*; **auctoritas** – nom. sg. (auctoritas, -atis *f.*) – вториот подмет (deeset); **huius ordinis** – gen. sg. (hic, haec, hoc *pron. demostr.*, ordo, -inis *m.*) – gen. possesivus;

**nos, nos** – nom. (nos 1 pl. *pron.* persl) подмет на desumus

**dico** – 1 sg. indic. praes. act. (dico, dixi, dictum 3) – подмет во парентетичката реченица; **aperte** - *adv.*

**consules** – nom. pl. (consul, is *m.*) – предикатна употреба на consul; desumus – 1 pl. ind. praes. act. (desum, defui, deesse) предикат.

Изложувањето на примерите од минатото од кои претходно се 'огради' (14), продолжува во следните две реченици. Покрај тоа што глаголите се во почетна позиција (*decrevit …, interfectus est … occisus est …*), структурата на вториот дел во реченицата е паралелна: глагол + предлошки израз + субјект + додаток на субјектот.

Decrevit (verbum postulandi) во главната реченица воведува зависна барателна реченица со конјунктив на имперфект според С.Т. (истовременост): decrevit … ut … L. Opimius videret; videret (verbum curandi) воведува уште една барателна реченица: videret ne res publica quid detrimenti caperet. Следат три независни реченици

**Decrevit** – 3 sg. perf. act. (decerno, -crevi, -cretum 3) – предикат; **quondam** - *adv.* **senatus** - nom. sg. (senatus, -us *m.*) подмет;

**uti** (=ut) - *conict.* воведува барателна реченица покрај verbum postulandi decernere (decrevit) во главната реченица; **L. Opimius** – nom. sg. (L(ucius), ii *m.* Opimius, ii *m.*) подмет во зависната реченица; - consul – nom. sg. (consul, -is *m.*) – предикатна употреба; **videret** – 3 sg. coniunt. imperf. act. (video, vidi, visum 2) - предикат во првата зависна реченица, конјунктив на имперфект според С.Т.

**ne** – *conict.* воведува уште една барателна реченица покрај verbum curandi videre (videret) во претходната зависна реченица; **quid** (=aliquid) – acc. sg. neutr. (quis, quid *pron. indefin.*) директен предмет на caperet; **res publica** – nom. sg. (res publica) подмет во втората барателна реченица; **detrimenti** – gen. sg. (detrimentum, -i*n.*) – gen. partitivus покрај quid; **caperet** – 3 sg. coniunct. imperf. act. (capio, cepi, captum 3) предикат во втората зависна реченица, конјунктив на имперфект според С.Т.

**nox nulla** – nom. sg. (nox, -ctis *f.*, nullus, -a, -um *adi.*) – подмет на intercessit; intercessit – 3 sg. indic. perf. act.(intercedo, -cessi, cessum 3) предикат.

**interfectus est** – 3 sg. indic. perf. pass. (interficio, -feci, -fectum 3) предикат, **propter** – praep. со acc.; **quasdam suspiciones** – acc. pl. (quidam, quaedam, quiddam *pron.* indef., suspicio, onis *f.*) – acc. поради propter; **seditionum** – gen. pl. (seditio, onis f) – gen. objecti.

**C. Gracchus** – nom. sg. (C(aius), -i *m.*, Gracchus, -i *m.*) подмет на interfectus est, **clarissimo patre, avo, maioribus** – abl. sg. (*superl.* clarus, -a, -um *adi.*, pater, -tris *m.*, avus, -i *m.*, *comp.* magnus, -a, -um) – abl. originis

**occisus est** – 3 sg. indic. perf. pass. (occido, -cidi, -cisum 3) предикат; **cum** - praep. со abl. **liberis** – abl. pl. (liberi, -orum *m.*) abl. поради cum; **M. Fulvius consularis** – nom. sg. (M(arcus), -i, *m.* Fulvius, -ii *m.*, consularis, is m) – подмет на occisus est.

Во следниот пример, клучно е unum diem. Народниот трибун Лукиј Сатурнин и преторот Гај Сервилиј биле убиени само еден ден откако конзулите добиле senatus consultum ultimum, а Кикерон и по осумнаесет дена од донесувањето на слична сенатска одлука[13] не го казнил Катилина со смрт. Нагласувањето на државните служби кои ги извршувале (tribunum plebis, praetorem) казнетите со смрт не е случајно: додека конзулите во минатото казнувале со смрт и носители на државни служби, тие денес го поднесуваат Катилина, кој е само кандидат за конзул.

**Simili consulto** – abl. sg. (similis, -e *adi.*, consultum, -i n) – abl. modi; **senatus** – gen. sg. (senatus, -us *m.*) – gen. possesivus, атрибут на cosulto,

**C. Mario** et **L. Valerio** – dat. sg. (C(aius), -i *m.*, L(ucius), ii *m.*, Valerius, ii *m.*) - dat. obiecti покрај permissa est, consulibus dat. pl. (consul, -is *m.*) – dat. obiecti, апозиција на C. Mario et L. Valerio.

**est permissa** – 3 sg. indic. perf. pass. (permitto, -misi, -missum) предикат, res publica – nom. sg. (res publica) подмет:

**num** – adv. interr. **unum diem** – acc. sg. (unus, -a, -um num. dies, -ei *f.*) acc. temporis, **postea** - *adv.*

**L. Saturninum tribunum** (plebis et) **C. Servilium praetorem** - acc. sg. (L(ucius), ii *m.*, Saturninus, -i *m.*, tribunus, -i, C(aius), -i *m.*, Servilius, ii *m.*, praetor, -is *m.*) директни објекти на remorata est, plebis – gen. sg. (plebs, -is *f.*) gen. possesivus, tribunum plebis / praetorem – апозиција на L. Saturninum / C. Servilium,

**mors** (ac rei publicae) **poena** – nom. sg. (mors, -rtis f, poena, ae *f.*) подмет на remorata est, **ac** – *conict.*, **rei publicae** – gen. sg. (res publica) - gen. subiecti, **remorata est** – indic. perf. verb. depon. (remoror 1) – предикат во прашалната реченица.

At наговестува контраст: за разлика од претходно споменатите конзули, кои дејствувале веднаш, Кикерон веќе дваесетти ден (всушност осумнаесетти) дозволува да отапува острицата на угледот на сенаторите. Метафората (aciem hebescere) станува појасна со следната реченица (senatus consultum … inclusum in tabulis, tamquam in vagina reconditum), во која сенатската одлука се споредува со меч сокриен во обвивка (симиле). Со тоа што веќе дваe-

[13] Сенатската одлука била донесена на 22 октомври, а говорот е одржан на 8 ноември.

сетти ден 'мечот' е сокриен во обвивката, неговата острина, односно острината на угледот на сенатот отапува. *Habemus enim eius modi senatus consultum* не може да се гледа независно од *Habemus senatus consultum in te* неколку реченици претходно. И во двата случаи habemus најавува враќање на сегашноста (во првиот случај по израз на жалење за изминатите времиња, а во вториот по редењето на слични примери од минатото): сенатот треба да биде убеден дека и сега треба да се дејствува исто како и тогаш, односно дека Катилина треба да биде убиен исто како што биле убиени сите претходно споменати.

**At** *conict.* **vero** *adv.*

**nos** – nom. (nos 1 pl. *pron. poss.*) подмет

**vicesimum** *adi.* num. ord.; **iam** – adv**. diem** acc. sg. (dies, ei *m.*) – accusativus temporis

**patimur** – 1 pl. ind. praes. (patior, passus sum 3 *verb. depon.*) – предикат; **hebescere** – inf. praes. act. (hebesco, -, -, 3) **aciem** – acc. sg. (acies, ei *f.*) – директен предмет; **horum** – gen. pl. (hic, haec, hoc *pron. demostr.*) – genitivus possesivus; **auctoritatis** – gen. sg. (auctoritas, -atis *f.*).

**Habemus** – 1 pl. ind. praes. act. (habeo, -ui, itum 2) предикат, **enim** - *conict.* **eius modi** – gen. sg. (is, ea, id *pron. demostr.*, modus, -i *m.*) – gen. qualitatis, **senatus** – gen. sg. (senatus, -us *m.*) gen. possesivus, **consultum** – acc. sg. (consultum, -i *m.*) директен предмет

**verum** adv,. **inclusum** – acc. sg. part. perf. pass. (includo, -clusi, -clusum) – атрибутен партицип (senatus consultum), **in** – praep. co abl. **tabulis** – abl. pl. (tabula, -ae *f.*) abl. поради in

**tamquam** *conict.* **in** praep. co abl. **vagina** – abl. sg. (vagina, -ae *f.*) **reconditum** acc. sg. part. perf. pass. (recondo, -didi, -ditum 3) атрибутен партицип покрај senatus consultum

quo ex senatus consulto = ex quo senatus consulto, **ex** praep. co abl. **quo** abl. sg. (qui, quae, quod *pron. relat.*), **senatus** – gen. sg. (senatus, -us *m.*) gen. possesivus, **consulto** – abl. sg. (consultum, -i *m.*) – релативна реченица

**confestim** - *adv.* **te** – acc. sg. (tu 2 sg. *pron. pers.*) – субјект во конструкција ACI, **interfectum** – acc. sg. part. perf. pass. (interficio, -feci, -fectum 3) **esse** – inf. (sum, esse, fui) – предикат во ACI, **Catilina** – voc. sg. (Catilina, -ae *m.*)

**convenit** – impers. indic. perf. act. (convenio, -veni, -ventum 4) verbum regens на конструкција ACI (te interfectum esse).

Говорникот повторно само формално му се обраќа на Катилина (vivis - 2 лице еднина). Неговата цел е да ги убеди сенаторите дека неодлучноста води кон зголемување на опасноста по државата. Тоа го постигнува со анафората (vivis et vivis) и со антитезата (non ad deponendam sed ad confirmandam audaciam).

**Vivis** - 2 sg. ind. praes. act. (vivo, vixi, victurus 3) - предикат

**et** *conict.* (**vivis**) **non** – негација, **ad deponendam** (acc. gerundivi- depono, -posui, positum, со предлог ad) – замена на герунд во акузатив со герундив (ad deponendum audaciam > ad deponendam audaciam)

**sed** *conict.* **ad confirmandam** (gerundivum – confirmo 1) **audaciam** acc. sg. (audacia, -ae *f.*) директен предмет на deponendam, confirmandam - замена на герунд во акузатив со герундив (ad confirmandum audaciam > ad confirmandam audaciam)

Анафората (*cupio … cupio*), паралелизмот (*cupio me esse clementem, cupio non dissolutum videri*) и хендиадот (*inertiae nequitiaeque*) се во функција на едно од најзначајните средства за убедување – ethos. Говорникот нагласува колку многу се прекорува себе си за небрежност.

Покрај verbum voluntatis cupio две конструкции ACI: me esse clementem, (me) non dissolutum videri

**Cupio** – 1 sg. ind. praes. act. (cupio, -ivi (ii), -itum 4) предикат, verbum regens на ACI, **patres conscripti** – voc. pl. (pater, -tris *m.*, consriptus, -i *m.* subst. part. perf. pass. (conscribo, -scripsi, -scriptum 3))

**me** – acc. (ego, 1 *pron. pers.*) – подмет во ACI, **esse** – infinitivus (sum, esse, fui) – предикат во ACI, **clementem** – acc. sg. (clemens, -entis *adi.*) – атрибут (me)

**cupio** - 1 sg. ind. praes. act. (cupio, -ivi (ii), -itum 4) предикат, verbum regens на втората конструкција ACI, **in** – praep. co abl.; **tantis periculis** – abl. pl. (tantus, -a, -um *adi.*, periculum, -i*n.*) – abl. поради in, **rei publicae** – gen. sg. (res publica) – gen. obiecti

**non** – негација, **dissolutum** – acc. sg. part. perf. pass. (dissolvo, -solvi, -solutum 3) – атрибутен партицип покрај me коешто се подразбира, **videri** – inf. praes. (videor, visus sum 2) – предикат во втората ACI,

**sed** - *conict.*, **iam** – *adv.* , **me** – acc. (ego, 1 *pron. pers.*) директен предмет на condemno, наместо se, **ipse** – nom. sg. (ipse, ipsa, ipsum *pron.* demostr.) - подмет

**inertiae nequitiaeque** – gen. sg. (inertia, -ae *f.*, nequitia, -ae *f.*) gen. criminis покрај condemno, **condemno** – 1 sg. ind. praes. act. (condemno, 1) предикат

Поради небрежноста на конзулот логорите се веќе поставени во Етрурија, бројот на непријателите расте in dies singulos, а сенаторите заповедникот на овие логори и на непријателите водачот не го гледаат само во градот, туку дури и во сенатот. Клучното *castrorum* imperatorem ducemque *hostium* е нагласено со присуството на хијазам. Употребата на неопределената заменка *aliquam* (perniciem), наместо quandam, има за цел да ја зголеми неизвесноста, а со тоа и стравот кај сенаторите.

**Castra** – nom. pl. (castra, -orum *n.*) подмет, **sunt** – 3 pl. ind. praes. act. (sum, esse, fui) предикат, **in** – praep. co abl. **Italia** – abl. sg. (Italia, -ae *f.*) abl. поради in

**contra** – praep. co acc., **populum Romanum** – acc. sg. (populus, -i *m.*, Romanus, -a, -um *adi.*) acc. поради contra

**in** – praep. co abl. **Etruriae** – gen. sg. (Etruria, -ae *f.*) – gen. possesivus, **faucibus** – abl. pl. (fauces, -ium *f.*) – abl. поради in, **conlocata** – nom. pl. neutr. partic. perf. pass. (conloco, 1) – атрибутен партицип (castra),

**crescit** – 3 ind. praes. act. (cresco, crevi, cretum 3) предикат, **in** – praep. co acc., **dies singulos** – acc. pl. (dies, -ei *m.* singulus, -a, -um *adi.*) acc. поради in, **hostium** – gen. pl. (hostis, -is *m.*) gen. partitivus покрај numerus, **numerus** – nom. sg. (numerus, -i *m.*) подмет

**eorum** – gen. pl. (is, ea, id *pron. demostr.*) – gen. possesivus; **autem** *conict.*; **castrorum** – gen. pl. (castra, -orum *n.*) – gen. possesivus

**imperatorem ducem**que – acc. sg. (imperator, -is *m.*, dux, -cis *m.*) – директен предмет на videtis; **hostium** – gen. pl. (hostis, -is *m.*) – gen. possesivus

**intra** - praep. co acc. **moenia** – acc. pl. (moenium, ii *n.*) – accusativus поради intra

**atque** - *conict.*, **adeo** - *adv.* ; **in** – praep. co abl.; **senatu** – abl. sg. (senatus, -us *m.*) – ablativus поради in; **videtis** – 2 pl. indic. praes. act. (video, vidi, visum 2) - предикат

**intestinam aliquam** – acc. sg. (intestinus, -a, -um *adi.*, aliquis, aliqua, aliquid *pron.* indef.) – атрибут на perniciem; **cotidie** - *adv.* **perniciem** – acc. sg. (pernicies, -ei *f.*) – директен предмет на molientem,

**rei publicae** – dat. sg. (res publica) – индиректен објект на molientem; **molientem** – acc. sg. participii praesenti activi (molior, 4) – предикатен партицип.

Анафората (si… si...) и парентетезата (credo) имаат за цел да го свртат вниманието кон тоа што следи. Не треба да се заборави дека Кикерон не ја употребил senatus consultum ultimum токму поради тоа што се плашел дека ќе биде осуден од сенаторите, меѓу кои

имало многу приврзаници на Катилина. Во таа смисла, значењето на credo е иронично. Тој верувал токму во спортивното – се плашел дека сенаторите ќе го обвинат за суровост, а не за одолговлекување. Со иронијата и со паралелизмот omnes boni … quisquam се доведува во прашање чесноста на приврзаниците на Катилина, кои ако се навистина boni, а не quisquam би го обвиниле за одолговлекување, а не за суровост. Ова станува појасно со следната реченица, во која Кикерон експлицитно вели дека одолговлекувал certa de causa.

Реален хипотетички период:

[Протаза]: Si te iam, Catilina, comprehendi, si interfici iussero

[Аподоза]: credo, erit verendum mihi …

Предикатот во протазата iussero воведува конструкција ACI (te comprehendi, te interfici). Зад verendum mihi следи елиптична барателна реченица покрај verbum timendi (vereor) со сврзник ne. Во реченицата се подразбира dicent (omnes boni … dicent) кој воведува ACI во кој инфинитивот е испуштен, односно се јавува во следната, споредбена реченица (factum esse). Компаративната реченица, условена од serius во претходната, е повторно зависна од verendum mihi. Подреди: Si iussero te iam, Catilina, comprehendi, si (iussero) te interfici, credo, non verendum erit mihi ne omnes boni potius (dicent) hoc factum esse a me serius, quam (verendum mihi ne) quisquam dicat (hoc) factum esse (a me) crudelius.

**Si** - *conict.*; **te** – acc. (tu *pron. pers.* 2) – подмет во ACI; **iam** – *adv.* ; **Catilina** – voc. sg. (Catilina, -ae *m.*); **comprehendi** – inf. pass. (comprehendo, -prehendi, -prehensum 3) предикат во ACI,

si **interfici** – inf. pass. (interficio, -feci, -fectum 3) – вториот предикат во ACI, **iussero** – 1 sg. fut. II – (iubeo, iussi, iussum 2) – предикат во протазата.

**credo** – 1 sg. indic. praes. act. (credo, -didi, -ditum 3) – предикат во парентетичката реченица; **erit verendum** – 3 sg. fut. I coniugatio periphrastica passiva (vereor, veritus sum 2 verb. depon.), **mihi** – dat. (ego, 1 *pron. pers.*) – dativus auctoris покрај пасивна перифрастична конјугација.

**ne** – *conict.* за барателна реченица; **non** – негација; **hoc** – acc. neutr. (hic, haec, hoc *pron.* demostr.) – подмет во ACI покрај логичниот предикат dicent, **potius** – *adv.* ( *comp.* potis), **omnes boni** – nom. pl. (omnis, -e *adi.*, bonus, -a, -um *adi.* subst.); **serius** – *comp.* (sero *adv.*) **a** – praep. co abl. **me** – abl. (ego 1 *pron. poss.*) ablativus поради a,

**quam** – adv. зад *comp.* serius во барателната реченица; **quisquam** – nom. sg. (quisquam, quidquam *pron.* indef.) – подмет во споредбената реченица, **crudelius** – *comp.* (crudeliter *adv.* ), **factum** – acc. sg. part. perf. pass. (facio, feci, factum 3) заедно со esse – дел од предикатот на ACI покрај dicat, **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) **dicat** – 3 sg. coniunct. praes. act. (dico, dixi, dictum 3) – предикат во споредбената реченица и verbum regens на ACI: quam quisquam dicat (hoc) factum esse crudelius.

**Verum** - *adv.* ego – nom. sg. (ego 1 *pron. pers.*) **hoc** – acc. sg. neutr. (hic, haec, hoc *pron.* demostr.) – подмет во ACI поради oportuit

**quod** – acc. sg. neutr. (qui, quae quod *pron. relat.*) воведува релативна реченица, **iam** – adv., **pridem** – *adv.* **factum** - acc. sg. part. perf. pass. (facio, feci, factum 3) заедно со esse – дел од предикатот на ACI покрај oportuit, **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui),**oportuit** – perf. verb. impers. (oportet, uit 2) предикат во релативната реченица и verbum regens на ACI,

certa de causa (= de certa causa) **de** – praep. co abl., **certa causa** – abl. sg. (certus, --a, -um *adi.*, causa, -ae *f.*) **nondum** – *adv.* **adducor** – 1 sg. ind. praes. act. (adduco, -duxi, -ductum 3) – предикат во главната реченица.

**ut** - *conict.*, воведува барателна реченица покрај adducor во претходната, **faciam** – 1 sg. coniunct. praes. act. – предикат во барателната реченица.

Следи причината: одолговлекува бидејќи има многумина нечесни кои не признаваат дека е праведно Катилина да биде казнет. Повторно обраќањето до Катилина е само формално (interficiere – 2 лице еднина, tui smilis). Сосем е јасно дека говорникот му се обраќа на сенатот, односно на сенаторите кои го подржуваат Катилина и кои знаат дека е праведно тој да биде убиен, но не признаваат (fateatur).[14] Анафората (tam … tam … tam) и климаксот (improbus … perditus … tui similis) ја нагласуваат нивната нечесност.

Сложена зависно временска реченица: tum … interficiere, cum nemo … inveniri poterit и зависно релативна реченица: qui id non iure factum esse fateatur.

**Tum** - *adv.* **denique** – *adv.* **interficiere** (=interficieris) – 2 sg. ind. fut. I pass. (interficio, -feci, -fectum) - предикат во главната реченица

**cum** – *conict.* – cum temporale, **iam** – *adv.* , **nemo** – nom. sg. (nemo, *pron.* defectiva) – подмет во временската реченица

**tam** – adv., **improbus** - nom. sg. (improbus, -a, -um *adi.*) атрибут на nemo

tam **perditus** – nom. sg. (perditus, -a, -um *adi.*) атрибут на nemo

tam **tui** – gen. sg. (*pron. poss.* subst.) покрај similis, **similis** – nom. sg. (similis, -e *adi.*) – атрибут на nemo, **inveniri** – inf. praes. pass. (invenio, veni, ventum 4) инфинитив како објект покрај poterit, **poterit** – 3 sg. ind. fut. I (possum, posse, potui) предикат во временската реченица.

**qui** – nom. sg. (qui, quae, quod *pron. relat.*) воведува релативна реченица, **id** – acc. sg. neutr. (is, ea, id *pron. demostr.*) – директен предмет на fateatur, **non** – негација, **iure** – abl. sg. (ius, iuris *n.*) – abl. modi, **factum** – acc. sg. part. perf. pass. (facio, feci, factum 3) заедно со esse – предикат во ACI покрај fateatur, **esse** – inf. (sum, esse, fui), **fateatur** – 3 sg. coni. praes. (fateor, fassus sum 2 *verb. depon.*) – предикат во релативната реченица.

Следните две реченици претставуваат повторно елемент на ethos: конзулот Кикерон сепак преземал мерки – иако Катилина е сè уште жив, тој не може да нанесе штета бидејќи е опколен со силните стражи на конзулот; конзулот иако одолговлекува, тој не ја оставил републиката на милост и немилост на Катилина.

Quam diu воведува временска реченица: Quam diu quisquam erit ... vives, et vives ita; со qui зад временската реченица започнува релативна реченица: qui te defendere audeat; ita во главната реченица, воведува споредбена реченица:ut nunc vivis, multis meis et firmis praesidiis obsessus; периодот завршува со целна реченица: ne commovere te … possis; Possis verbum regens ACI: possis te commovere.

**Quam diu** *adv. relat.* **quisquam** – *pron. indef.* **erit** – 3 sg. fut. I (sum, esse, fui) предикат

**qui** – pron. relat. (qui, quae, quod) субјект во релативна реченица, **te** – acc. (tu *pron. pers.* tu), **defendere** – inf. praes. act. (defendo, -fendi, -fensum 3) **audeat** – 3 sg. coni. praes. verb. semidepon. (audeo, ausus sum 2) предикат во релативната реченица

**vives** – 2 sg. fut. I act. (vivo, vixi, victurus 3) – предикат во главната реченца **et** - *coniuc.* **vives** - 2 sg. fut. I act. (vivo, vixi, victurus 3) **ita** *adv.*

**ut** – *conic.* воведува споредбена реченица, **nunc** – *adv.* **vivis** – 2 sg. ind. praes. act. (vivo, vixi, victurus 3) – предикат во споредбената реченица

**multis meis** et **firmis praesidiis** – abl. pl. (multus, -a, -um *adi.*meus, -a, -um *pron. poss.*, firmus, -a, -um *adi.*, praesidium, ii n.) ablativus instrumenti, **obsessus** – nom. sg. part. perf. pass. (obsido, -sedi, -sessum 3) – предикативен партицип

[14] Тие сигурно знаеле дека секој којшто се обидува да ја присвои власта по насилен пат, треба да биде во казнет. Но, го подржувале бидејќи во неговата програма гледале можност за ослободување од долговите.

**ne** – conict. воведува целна реченица, commovere - inf. praes. act. (commoveo, -movi, -motum 2) предикат во ACI, **te** – acc. (tu pron. pers.) – субјект во ACI, **contra** – praep. со acc. **rem publicam** - acc. sg. (res publica) acc. поради contra, **possis** – 2 sg. coni. praes. verb. anom. (possum, posse, potui) – предикат во целната реченица, verbum regens ACI.

**Multorum** – gen. pl. (multus, -a, -um adi.) **te** – acc. (tu pron. pers. 2) директен објект, **etiam** - conict. **oculi et aures** - nom. pl. (oculus, -i m., auris, -is f.) – подмет

**non** – негација, **sentientem** – acc. sg. part. praes. act. (sentio, sensi, sensum 4) – атрибутен партицип (te non sentientem)

**sicut** – conict. воведува последична реченица, **adhuc** – adv. **fecerunt** – 3 pl. ind. perf. act. (facio, feci, factum 3) – **предикат** во последичната реченица

**speculabuntur** atque **custodient –** 3 pl. fut. I act. (speculor 1, custodio, 4) – предикат во главната реченица, **atque** - *conict.*

Говорникот сè уште не кажал точно што се случило претходната ноќ во домот на Лаека, но веќе втор пат споменува време и место. Целта е да го предизвика вниманието на сенаторите. Тоа го постигнува со анафората (si … si … si) и со паралелната структура (si neque nox … nec privata domus/ tenebris … parietibus/ obscurare coetus nefarios … continere voces coniurationis).[15]

Реален хипотетички период.

[Аподоза]: Etenim quid est, Catilina, quod iam amplius exspectes

[Протаза]: si neque nox tenebris obscurare coetus nefarios nec privata domus parietibus continere voces coniurationis tuae potest, si inlustrantur, si erumpunt omnia?

**Etenim** – conict. **quid** – nom. sg. (quis, quid *pron. interr.*) **est** – 3 sg. ind. praes. (sum, esse, fui), Catilina - voc. sg. (Catilina, -ae m.)

**quod** – acc. sg. neutr. (qui, quae, quod *pron. relat.*) – воведува релативна реченица, зад quid во претходната, **iam** – *adv.* **amplius** – subst. comp. n. (amplus, -a, -um adi.) **exspectes** – 2 sg. coni. praes. act. (exspecto 1) предикат во аподозата, наместо индикатив, конјунктив - со значење какво што би имал и кога би стоел во независна реченица.

**si** – *conict.* **neque** - *conict.* **nox** - nom. sg. (nox, -ctis *f.*) субјект во протазата, **tenebris** – abl. pl. (tenebrae, -arum f.) ablativus loci, **obscurare** – inf. praes. act. (obscuro, 1), **coetus nefarios** – acc. pl. (coetus, -us m., nefarius, -a, -um adi.) директен објект на obscurare

**nec** – conict., **privata domus** – nom. sg. (privatus, -a, -um adi., domus, -us (-i) f.) вториот субјект, **parietibus** – abl. pl. (paries, -etis m.) ablativus loci, continere – inf. praes. act. (contineo, -tinui, -tentum 2), voces – acc. pl. (vox, -cis f.) coniurationis tuae – gen. sg. (coniuratio, -onis f. tuus, -a, -um pron. poss.) – genitivus potest – gen. obiecti, 3 sg. ind. praes. (possum, posse, potui) предикат

si **inlustrantur** – 3 pl. ind. praes. pass. (inlustro, 1) предикат

si **erumpunt** – 3 pl. ind. praes. act. (erumpo, -rupi, -ruptum 3) **omnia** – nom. pl. (omnis, e adi.) – субјект на erumpunt.

Уводот завршува со повик до Катилина да се откаже до заговорот (muta, oblivescere). Императивот во парентезата (mihi crede) не е паралелен на претходните императиви, туку има функција да ја покаже жестината на говорникот. Teneris undique е повторување на една веќе изразена мисла на почетокот на уводот (teneri coniurationem tuam non vides). За да изрази до кој степен нему му се познати намерите на Катилина, се служи и со една хипербола (luce clariora).

[15] За времето и местото на состанокот Кикерон дознал од Фулвија, љубовницата на еден од сенаторите.

**Muta** – 2 sg. imperat. I (muto, 1) **iam** adv. **istam mentem** – acc. sg. (iste, ista, istud pron. demonstr., mens, entis f.) директен објект на muta

**mih**i – dat. sg. (ego, 1 pron. pers) – индиректен објект покрај crede, **crede** – imperat. I (credo, -didi, -ditum)

**obliviscere** – imperat. verb. depon. (obliviscor, oblitus sum 3) **caedis** atque **incendiorum** – gen. pl. (caedes, -is f., incendium, -ii n.) genitivus memoriae покрај obliviscere, **atque** - conict.

**Teneris** – 2 sg. ind. praes. pass. (teneo, tenui, tentum 2) предикат, undique adv.

**luce** – abl. sg. (lux, -cis f.) ablativus comparationis покрај comp. clariora, **sunt clariora** – именски предикат (clarus, -a, -um adi., 3 pl. praes. sum, esse, fui) **nobis** – dat. (nos 1 pl. pron. pers.) индиректен објект, **tua consilia omnia** – nom. pl. (tuus, -a, -um pron. poss., consilium, -ii n., omnis, -e adi.) субјект

**quae** – acc. pl. neutr. (qui, quae, quod *pron. relat.*) (tua consilia omnia) директен објект на recognoscas, воведува релативна реченица, **iam** – *adv.* **mecum** – abl. (ego, 1 sg. pron. pers.) **licet** – impers. (licet, licuit (licitum est)) **recognoscas** – 2 sg. coni. praes. act. (recognosco, -novi, -notum 3) конјунктив покрај licet.

**Narratio.** Во структурата на говорот, зад уводот следи вториот дел од говорот - изложувањето на предметот. Според начелата на реторската вештина, овој дел од говорот треба да биде кус, едноставен и убедлив. Кикероновото изложување на предметот тука започнува со две прашања, од кои второто е реторско. Тие претставуваат елемент на ethos: говорникот не само што го открил (me dicere) заговорот туку го предвидел и точниот ден (certo die) на кој Гај Манлиј ќе дигне востание во Етрурија. Со хипербатонот (*audaciae* satellitem atque administrum *tuae*) изразува презир, а со климаксот (res tanta, tam atrox, tamque incredibilis) и со релативната реченица зад id (quod multo magis est admirandum) нагласува колку е значајна неговата заслуга.

**Meministi**ne – 2 sg. perf. (memini, meminisse) – предикат, verbum regens ACI, **ne**- енклитична прашална партикула, **me** – acc. sg. (ego 1 pron. pers.) субјект во ACI

**ante** – praep. co acc., **diem xii Kalendas** – acc. (dies, -ei *m.*, Kalendae, -arum *f.*) **Novembris** – gen. sg. (November, -bris m.) gen. possesivus

**dicere** – inf. praes. (dico, dixi, dictum 3) предикат во ACI, **in** preap. co abl. **senatu** – abl. sg. (senatus, -us m.) **fore** – inf. fut. (sum, esse, fui) предикат во ACI покрај dicere, **in** – praep. abl. **armis** – abl. (arma, -orum n.) **certo die** – abl. sg. (certus, -a, -um adi., dies, -ei m.) ablativus temporis

**qui dies** – nom. sg. (qui, quae, quod pron. relat., dies, ei m.) qui воведува релативна реченица, **futurus esset** – 3 sg. coni. imperf. coniugatio periphrasctica act. (sum, esse, fui), ante praep. co acc. diem vi Kal(endas). acc. (dies, -ei *m.*, Kalendae, -arum *f.*) **Novembris** – gen. sg. (November, -bris m.) gen. possesivus

C(aium) Manlium acc. sg. (Manlius, -ii m.) субјект во ACI воведена од dicere, **satellitem atque administrum** – acc. sg. (satelles, -itis m., adminster, -tri m.) апозиција на C. Manlium, **audaciae tuae** – gen. sg. (audacia, -ae f., tuus, -a, -um pron. poss.) genitivus limitationis/relationis.

Подреди: Num me fefellit … non modo res tanta … verum id (quod … est admirandum) dies?

**Num** adv. interr. **me** – acc. (ego, 1 sg. pron. pers.) директен објект, **fefellit** – 3 sg. ind. perf. act. (fallo, fefelli, falsum 3) – предикат, Catilina – voc. sg. (Catilina, -ae m.)

**non** – негација, **modo** – adv. **res tanta** – nom. sg. (res, -ei f., tantus, -a, -um adi.) - првиот субјект на fefellit

**tam** – adv. **atrox** – nom. sg. (atrox, ocis adi.)

**tamque** – adv. **incredibilis** – nom. sg. (incredibilis, -e adi.), **verum** – adv. **id** – nom. sg. (is, ea, id pron. demonstr.)

**quod** – nom. sg. neutr. (qui, quae, quod pron. relat.) воведува релативна реченица, се однесува на id, **multo** – adv. **magis** – adv. comp. (од multum, superl. maxime) **est admirandum** – 3 sg. praes. coniugatio periphrastica pass. (admiror, -miratus sum 1)

**dies** – nom. sg. (dies, -ei m.) – вториот субјект на fefellit.

И следната реченица е елемент на ethos. Dixi во почетна позиција и присуството на ego, чијашто употреба во латинскиот не е задолжителна, имаат за цел да им предочат на сенаторите колку е важно тоа што токму тој го открил заговорот.

Покрај dixi ACI – te contulisse; cum multi … profugerunt – временска реченица. Подреди: Dixi ego idem in senatu te contulisse caedem optimatium in (diem) ante diem V Kalendis Novembris, tum cum multi principes civitatis profugerunt Roma non tam causa sui conservandi quam tuorum conslilorum reprimendorum.

**Dixi** – 1 sg. ind. perf. act. (dico, dixi, dictum 3) предикат verbum regens ACI, **ego** – nom. sg. (ego, 1 sg. pron. pers.) субјект, **idem** – acc. sg. (idem, eadem, idem pron. demontr.) директен објект, **in** – praep. co abl., **senatu** – abl. sg. (senatus, -us m.) abl. поради in

**caedem** – acc. sg. (caedes, -is f.) директен објект на contulisse, **te** – acc. sg. (tu, 2 sg. pron. pers.) субјект во ACI, **optimatium** – gen. pl. (optimates, -ium m.) – genitivus possesivus, **contulisse** – inf. perf. (confero, contuli, collatum, ferre) предикат во ACI

**in** – praep. co acc. (sc. diem), **ante** – praep. co acc. **diem v Kalendas** – acc. (dies, -ei m, Kalendae, -arum f.) **Novembris** – gen. sg. (November, -bris m.) – gen. possesivus

**tum** – adv.

**cum** – conict. (cum temporale), **multi principes** nom. pl. (multus, -a, -um adi., princeps, -is m.) субјект во временската реченица, **civitatis** – gen. sg. (civitas, -atis f.) **Roma** – abl. sg. (Roma, -ae f.) ablativus separationis

**non** – негација, **tam** –adv. **sui conservandi** – gen. (sui, sibi pron. pers. reflex., conservo, 1 (gerundivus)), gen. поради causa, замена на герунд со герундив (se conservandi > sui conservandi)

**quam** - conict. зад израз на споредување (non tam ...) **tuorum consiliorum reprimendorum** – gen. pl. (tuus, -a, -um pron. poss., consilium, -ii n., reprimo, -pressi, pressum 3 (gerundivus)), gen. поради causa, замена на герунд со герундив (tua consilia reprimendi>tuorum consiliorum reprimendorum) **causa** – praep. co gen.

**profugerunt –** 3 pl. ind. perf. act. (profugio, -fugi, / 3) предикат во временската реченица.

Meis praesidiis, mea diligentia во реторското прашање се повторно елементи на ethos. Хипербатонот (nostra … caede) има функција да нагласи дека животот на конзулот, кој не побегнал, е во опасност.

Num potes te (circumclusum meis praesidiis, mea diligentia) infitiari illo ipse die te non potuisse commovere contra rem publicam, cum tu dicebas te esse contentum (discessu ceterorum) nostra (qui remansissemus) caede?

**Num** - adv. interr. **infitiari** – inf. praes. (infitior 1) предикат во ACI, **potes** – 2 sg. ind. praes. (possum, posse, potui) предикат, verbum regens ACI, **te** – acc. sg. (tu, 2 pron. pers.) – субјект во ACI, **illo ipso die** – abl. sg. (ille, illa, illud pron. demonstr., ipse, ipsa, ipsum pron. demonstr., dies, -ei m.) ablativus temporis

**meis praesidiis** – abl. sg. (meus, -a, -um pron. poss., praesidium, ii n.), **mea diligentia** – abl. sg. (diligentia, -ae f.) – ablativi causae поради circumclusum, **circumclusum** – acc. sg. part. perf. pass. (circumcludo, -clusi, -clusum 3) – атрибутен партицип (te)

**commovere** - inf. praes. (commoveo, -movi, -motum 2) зависен од potuisse, **te** – acc. (tu, 2 sg. pron. pers.) субјект во втората ACI, **contra** – praep. со acc., **rem publicam** – acc. sg. (res publica) acc. поради contra, **non** – негација, **potuisse** – inf. perf. (possum, posse, potui) предикат во втората ACI

**cum** – conict. cum temporale, воведува временска реченица, **tu** – nom. (tu, 2 sg. pron. pers.) **discessu** – abl. sg. (discessus, -us m.) ablativus causae поради contentum, **ceterorum** – gen. pl. (ceterus, -a, -um adi.) **nostra** – abl. sg. (noster, -tra, -trum pron. poss.) tamen adv.

**qui** – nom. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) воведува релативна реченица, **remansissemus** – 1 pl. coni. p.q.p. act. (remaneo, -mansi, / 2) – предикат во релативната реченица, pluralis modestiae

**caede** – abl. sg. (caedes, -is f.) – abl. causae поради contentum, **contentum** – acc. sg. (contentus, -a, -um adi.) именскиот дел од предикатот во ACI (contentum esse)

**te** – acc. (tu 2 sg. pron. pers.) – субјект во ACI, **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) предикат во ACI, **dicebas** – 2 sg. ind. imperf. act. (dico, dixi, dictum 3) – предикат во временската реченица, verbum regens ACI.

Елипсата (quid?) и асиндетонот (meo iussu, meis praesidiis, custodiis, vigiliis) имаат функција да покажат колкава е жестината на говорникот. Хипербатонот (coloniam … esse munitam) и елементите на асиндетонот, претставуваат елемент на ethos.

Подреди: Quid? Cum confideres te occupaturum esse Praeneste Kalendis ipsis Novembribus nocturo impetu, sensistin illam colonia munitam esse meo iussu, meis praesidiis, custodiis, vigiliis?

**Quid** – nom. sg. neutr. (quis, quid pron. interr.)

**Cum** – conict. cum temporale, **te** – acc. (tu 2 sg. pron. pers.) – субјект во ACI, **Praeneste** – acc. sg. (Praeneste, is n.) директен објект на occupaturum esse

**Kalendis ipsis Novembribus** – ablativus absolutus (Kalendae, arum f., ipse, ipsa, ipsum pron. demonstr., November, -bris adi.)

**occupaturum esse** – inf. fut. (occupo, 1) предикат во ACI, **nocturno impetu** – abl. sg. (nocturnus, -a, -um adi.) ablativus modi

**confideres** – 2 sg. coni. imperf. (confido, fisus sum 3) предикат во временската реченица

**sensisti**n – 2 sg. ind. perf. (sentio, sensi, sensum 4) предикат во прашалната реченица, verbum regens ACI, **ne** – прашална енклитична партикула, **illam coloniam** – acc. sg. (ille, illa, illud pron. demonstr., colonia, -ae f.) субјект во ACI

**meo iussu** – abl. sg. (meus, -a, -um pron. poss., iussus m. [само abl. sg. iussu]) **meis praesidiis** – abl. pl. (praesidium, ii n.), **custodiis** – abl. pl. (custodium, ii n.), **vigiliis** – abl. pl. (vigilia, -ae f.) – ablativi modi

**esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) **munitam** – acc. sg. part. perf. pass. (munio, 4) – именскиот дел од предикатот во ACI.

Структурата на следната реченица е паралелна: nihil + глагол (3x)/ релативна реченица + глагол, два сврзника+глагол, прилог и сврник+глагол. Паралелната структура ја надополнуваат анафората (nihil, nihil, nihil) и двата хомојотелевтони (ag-is, morlir-is/ audi-am, vide-am, senti-am). Глаголите audiam, videam и sentiam се паралелни на претходните agis, moliris и cogitas.

**Nihil** *n.* indecl. subst. **agis** – 2 sg. ind. praes. act. (ago, egi, actum 3)

nihil **moliris** – 2 sg. ind. praes. act. (molior 4)

nihil **cogitas** – 2 sg. ind. praes. act. (cogito 1)

**quod** – acc. sg. (qui, quae, quod pron. relat.) воведува релативна реченица, се однесува на nihil, <**non**> - негација, **ego** – nom. (ego, 1 sg. pron. pers.) субјект во релативната реченица, **non** – негација, **modo** – adv. **audiam** – 1 sg. coni. praes. act. (audio 4)

**sed** – conict., **etiam** adv. **videam** – 1 sg. coni. praes. act. (video, vidi, visum 2) **plane**que – adv. **sentiam** – 1 sg. coni. praes. act. (sentio 4), que –conict.

Tandem во recognosce mecum tandem, слично на mecum licet recognoscas на крајот на уводот, претставува еден вид exo на quo usque tandem на самиот почеток на говорот. Го изразува нетрението на говорникот да изложи што се случило noctem illam superiorem. Паралелизмот зад intelleges има функција да ја нагласи способноста на говорникот како конзул, значи повторно претставува елемент на ethos.

Зад intelleges – две конструкции ACI со еден инфинитив (me vigiliare / te (vigiliare)); зад comp. acrius – споредбена реченица: quam te ad perniciem rei publicae.

**Recognosce** – 2 sg. imp. I(recognosco, novi, nitum 3), **mecum** - abl. sg. (ego 1 pron. pers.) [ablativus sociativus] **tandem** – adv. **noctem illam superiorem** – acc. sg. (nox, -ctis f., ille, illa, illud pron. demonstr., comp. superior, -ius (superus adi.). директен објект на regocnosce

**iam** - adv. **intelleges** – 2 sg. fut. I act. (intellego, -legi, lectum 3) предикат, verbum regens ACI,

**multo** – adv, **me** – acc. (ego, 1 sg. pron. pers.) – субјект во ACI, **vigilare** – inf. praes. (vigilo 1) – предикат во ACI, **acrius** – comp. adv. (acriter)

**ad** – praep. co acc., **salutem** – acc. sg. (salus, -utis f.)

**quam** conict. **te** – acc. (tu 2 pron. pers.)

**ad** – praep. co acc. **perniciem** (pernicies, -ei f.) **rei publicae** – dat. sg. (res publica) dat. commodi

Почнува вистинското narratio. Само споменувајќи ги времето и местото, а не точно што се случило, говорникот го предизвика вниманието на сенаторите, па сега може да премине кон изложување на предметот. Вистинското изложување започнува со конструкциите dico te venisse/(te) convenisse, во која акцентот е врз dico (тврдам). Парентезата non agam obscure, претставува литота (=dicam aperte). Додека до сега говореше obscure, сега ќе говори aperte – ќе каже што точно се случило и каде се случило тоа изнесувајќи имиња.

**Dico** – 1 sg. ind. praes. act. (dico, dixi, dictum 3), предикат, verbum regens ACI **te** - acc. (tu 2 pron. pers.) – субјект во ACI (te venisse/ convenisse compluris socios); **priore nocte** – abl. sg. (prior, ius, oris adi. [comp.], nox, -ctis f.) [ablativus temporis] **venisse** – inf. perf. (venio, veni, ventum 4) предикат во ACI, **inter** – praep. co acc., **falcarios** – acc. pl. (falacrius, ii m.) [acc. поради inter]

–**non** – негација, **agam** – 1 sg. ind. fut. I (ago, egi, actum 3) **obscure** - adv.

**in** – praep. co acc. **M**(arci) **Laecae** – gen. sg. (Marcus, -i, m. Laeca, -ae m.) **domum** – acc. sg. (domus, us (i) f.) [acc. поради in]

**convenisse** – inf. perf. (convenio, -veni, -ventum 4) предикат во втората ACI, **eodem** – abl. sg. (idem, eadem, idem pron. demonstr.) [abl. loci], **compluris** (=complures) **socios** – acc. pl. (complures, -ia, socius, -ii m.) субјект во ACI, **eiusdem amentiae scelerisque** – gen. sg. (idem, eadem, idem pron. demonstr., amentia, -ae f., scelus, -eris n.) genitivus explicativus; – **que** – conict.

Со оглед на тоа што Катилина е присутен во сенатот можно е веднаш по изнесувањето на обвинувањето тој да покажал негодување. Следат две прашања и предупредување дека конзулот има докази за тоа што го говори (convincam). Ако сепак одрече, во сенатот има други кои учествувале на тој состанок и кои можат да потврдат.

**Num** – adv. interr. **negare** – inf. praes. (nego, 1) **audes** – 2 sg. ind. praes. (audeo, ausus sum 2) предикат во прашална реченица.

**Quid** – pron. interr. (quis, quid) **taces** – 2 sg. ind. praes. act. (taceo, tacui, tacitum 2) предикат во прашална реченица

Реален хипотетички период; [протаза]: si negas, [аподоза]: Convincam.

**Convincam** – 1 sg. ind. fut. I (convinco, vici, victum 3)

**si** – *conict.*; **negas** – 2 sg. ind. praes. (nego 1)

**Video** – 1 sg. ind. praes. (video, vidi, visum 2) предикат, verbum regens ACI (quosdam esse); **enim** – conict. **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) предикат во ACI; **hic** – adv. **in** – praep. co abl. **senatu** – abl. sg. (senatus, -us m.) abl. поради in; **quosdam** – acc. pl. (quidam, quaedam, quiddam pron. indef.) субјект во ACI.

Релативна реченица: qui tecum una fuerunt; **qui** – nom. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) **tecum** – abl. 2 sg. pron. pers. (tu); **una** – adv. **fuerunt** – 3 pl. perf. (sum, esse, fui) предикат во релативната реченица.

Четирите ексклмации, од кои првата претставува реторски апостроф, а останатите три – реторски прашања, анадиплосата (hic, hic), градациите (in nostro numero, in hoc … consilio / de nostro interitu, de huius urbis, de orbis terrarum), хиперболите (orbis terrae, orbis terrarum) и анафорите (qui …, qui …/ de … de …) изразуваат чудење и болка. Нивната функција е да предизвикаат чувства кај сенаторите, на кои тука Кикерон за прв пат им се обраќа експлицитно (patres conscripti). Во таа смисла тие претставуваат елемент на pathos.

**O** – interi.; **di immortales** – nom. pl. (deus, -i m., immortalis, -e adi.)

**Ubinam** – adv. **gentium** – gen. pl. (gens, -entis f.) gen. partitivus; **sumus** 1 pl. (sum, esse, fui) предикат

**Quam rem publicam** – acc. sg. (qui, quae, quod pron. interr., res publica (res, -ei f. publicus, -a, -um)) предмет на habemus; **habemus** – 1 pl. ind. praes. (habeo, -ui, -tum 2) предикат во прашална реченица.

**In** – praep. co abl. **qua urbe** – abl. sg. (qui, quae, quod pron. interr., urbs, -rbis f.) **vivimus** – 1 pl. (vivo, vixi, victurus 3) – предикат во прашална реченица.

**Hic** adv.; sunt – 3 pl. (sum, esse, fui) предикат, **in** – praep. co abl. **nostro numero** – abl. sg. (noster, -tra, -trum pron. poss., numerus, -i m.), **patres conscripti** – voc. pl. (pater, -tris m. conscriptus, -a, -um adi.)

**in** – praep. co ab. **hoc** – abl. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr.) **orbis terrae** – gen. sg. (orbis, -is m., terra, -ae) gen. partitivus, **sanctissimo gravissimo**que **consilio** – abl. sg. (superl. sanctus, -a, -um adi., gravis, -e adi., consilium, ii n.) abl. поради in, **que** – енклитичен сврзник

**qui** – nom. pl. (qui, quae, quod pron. relat.), **de** – praep. co abl. **nostro interitu** – abl. sg. (noster, -tra, -trum pron. poss., interitus, -us m.), **omnium** – gen.pl. (omnis, -e adi.) gen. poss.; de nostro omnium interitu = de interitu omnium nostrum.

**qui** – nom. pl. (qui, quae, quod pron. relat.), **de** – praep. co abl. **huius urbis** – gen. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr. urbs, -rbis f.) **atque** – conic. adeo – adv. **de** – praep. co abl. **orbis** - gen. sg. (orbis, -is m.) **terrarum** – gen. pl. (terra, -ae) gen. partitivus **exitio** – abl. sg. (exitus, -us m.) abl. поради de **cogitent** – 3 pl. coni. act. (cogito, 1) конјунктив во релативна реченица.

Следната реченица веројатно не им е толку упатена на присутните во храмот на Јупитер Статор, колку што им е упатена на читателите на говорот три години подоцна.[16] Веројатно во тоа време Кикерон веќе чувствувал потреба да нагласи дека не ја употребил senatus consultum ultimum, туку побарал мислење од сенатот (sententiam rogo), односно да нагласи дека одлуката Катилина да биде казнет со смрт не е само негова одлука. Парадоксално е тоа што ги поканува да го искажат своето мислење и тие кои во претходната реченица ги обвини за преврат. Употребата на ferro, наместо gladio, е вообичаена метонимија во латинскиот; voce volnero, паралелно поставено во однос на ferro trucidari, претставува алитерација.

**Hos** – acc. pl. (hic, haec, hoc pron. demonstr.) директен објект на video; **ego** nom. sg. pron. pers. **video** – 1 sg. (video, vidi, visum 2) предикат, **consul** – nom. sg. (consul, -is m.) предикатна употреба на именка којшто означува служба; et conic. **de** praep. co abl. **re publica** – abl. sg. (res publica) abl. поради de, **sententiam** – acc. sg. (sententia, ae f.) директен објект на rogo; **rogo** - 1 sg. ind. praes. (rogo, 1) предикат

**et** conict. **quos** – acc. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) **ferro** - abl. sg. (ferrum, -i n.) abl. instrumenti; **trucidari** – inf. praes. pass. (trucido 1) **oportebat** imperf. (oportet, -uit 2 verb. impers.) verbum regens ACI (quos trucidari)

**eos** - acc. pl. (is, ea, id pron. demonstr.) директен објект на volnero; **nondum** – adv. **voce** – abl. sg. (vox, -cis f.) abl. instrumenti; **volnero** – 1 sg. ind. praes. (volnero, 1 = vulnero, 1) предикат.

По кусата дигресија, говорникот се враќа на изложување на предметот. Следат сите обвинениј а. Вкупно седумте перфекти (fuisti, distribuisti, statuisti, delegisti, discripsisti, confirmasti, dixisti) се нагласени со тоа што се поставени во почетна позиција. Нивната позиција, асиндетонот и реторската фигура хомојоптотон (еден вид хомојотелевтон) ја прават структурата паралелна. Убиството требало да го извршат двајца витези (duo equites), чии имиња говорникот не сака ни да ги спомене.

**Fuisti** – 2 sg. ind. perf. act. (sum, esse, fui) предикат; **igitur** – conict.; **apud** - praep. co acc. **Laecam** – acc. sg. (Laeca, -ae m.) acc. поради apud; **illa nocte** – abl. sg. (ille, illa, illud pron. demonstr., nox, -ctis f.) abl. temporis; **Catilina** – voc. sg. (Catilina, ae m.)

**distribuisti** – 2 sg. ind. perf. act. (distribuo, distribui, -butum 3) предикат; **partis** – acc. pl. (pars, -rtis f.) директен објект на distribuisti; **Italiae** – gen. sg. (Italia, -ae f.) gen. possesivus,

**statuisti** – 2 sg. ind. perf. acti. (statuo, -ui, -utum 3) предикат, **quo** adv. **quemque** – acc. sg. (quisque, quaeque, quidque pron. indef.) **proficisci** – inf. praes. (proficisor, -fectus sum 3 verb. depon.) **placeret** - coni. imperf. impers. (placet, placuit / placitum est) verbum regens ACI (quemque proficisci)

**delegisti** – 2 sg. ind. perf. (deligo, -legi, -lectum 3) предикат; **quos** – acc. pl. (qui, quae, quod) објект на delegisti); **Romae** – dat. sg. (Roma, -ae f.) **relinqueres** – 2 sg. coni. imperf. (relinquo, reliqui, relictum 3), **quos** - acc. pl. (qui, quae, quod) објект на delegisti; **tecum** – abl. од pron. pers. 2 sg. (tu) abl. sociativus; **educeres** – 2 sg. coni. imperf. (educo, -duxi, -ductum 3)

[16] Говорите против Катилина Кикерон ги објавил три години по одржувањето (60 год. п.н.е.). Во тоа време веројатно веќе ги чувствувал нападите на истомислениците на Катилина, така што имал потреба да се одбрани од нив, односно да покаже дека тој не ја донел самостојно одлуката Катилина да биде казнет со смрт, туку дека тоа била одлука на сенатот.

**discripsisti** – 2 sg. ind. perf. (describo, -scripsi, -scriptum 3) предикат; **urbis** – gen. sg. (urbs, -rbis f.) gen. partitivus); **partis** – acc. pl. (pars, -rtis f) – дирекетн објект на discripsisti; **ad** – praep. co acc. **incendia** – acc. pl. (incendium, -ii n.)

**confirmasti** 2 sg. ind. perf. = confirmavisti (confirmo 1) verbum regens ACI (te exiturum esse); **te ipsum** – acc. sg. (tu, pron. pers. 2 sg., ipse, ipsa, ipsum pron. demonstr.) субјект во ACI; **iam** - adv.; **esse exiturum** – inf. fut. (exeo, ire, ii, itum) предикат во ACI

**dixisti** - 2 sg. ind. perf. (dico, dixi, dictum 3) предикат; **paulum** adv. tibi – dat. (tu pron. pers. 2 sg.) dat. possesivus; **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) **etiam** – conict. **nunc** adv.; **morae** – gen. sg. (mora, -ae f.) gen. partitivus, **quod** conict., фактично quod; **ego** – nom. sg. pron. pers. 1 sg.; **viverem** – 2 sg. coni. imperf. (vivo, vixi, victurus 3)

**Reperti sunt** – 3 pl. ind. perf. pass. (reperio, reperi, repertum 3) предикат, **duo equites Romani** – nom. pl. (duo num. card., eques, itis m., Romanus, -a, -um adi.)

**qui** – nom. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) субјект во релативна реченица со целно значење, **te** – acc. од tu (pron. pers.), **ista cura** – abl. sg. (iste, ista, istud pron. demonstr., cura, -ae f.) abl. separationis; **liberarent** – 3 sg. coni. imperf. (libero, 1) – првиот предикат во рел. реченица

**et** – conict. se – acc. (sui, sibi pron. reflex.) субјект во ACI покрај pollicerentur, **illa ipsa nocte** – abl. sg. (ille, illa, illud pron. demonstr. ipse, ipsa, ipsum pron. demonstr., nox, -ctis f) abl. temporis; **paulo** - adv. **ante** - praep. co acc.; **lucem** – acc. sg. (lux, -cis f.)

**me** – acc. (ego pron. pers.) директен објект на interfecturos esse), **in** – praep. co abl. **meo lecto** – abl. sg. (meus, -a, -um pron. poss., lectus, -i m.) **interfecturos esse** – inf. fut. (interficio, -feci, -fectum 3)

**pollicerentur** – 3 pl. coni. imperf. (polliceor, pollicitus sum verb. depon.) – вториот предикат во релативната реченица и verbum regens ACI.

Следи изложување на сè она што говорникот го преземал за да ги оневозможи намерите на Катилина.

**Haec** – acc. pl. (hic, haec, hoc pron. demonstr.) директен објект на comperi; **ego** nom. 1 pron. pers. – субјект, **omnia** – acc. pl. (omnis, -e adi.) **vixdum** –adv.; **etiam** – conict. **coetu vestro dimisso** – abl. absolutus (coetus, -us m., vester, -tra, -trum pron. poss., dimisso – part. perf. pass. – dimitto, -misi, -missum) **comperi** – 1 sg. ind. perf. (comperio, -peri, -pertum) предикат;

**domum meam** – acc. sg. (domus, -us (-i) f. директен објект на munivi и confirmavi, meus, -a, -um pron. poss.); **maioribus praesidiis** – abl. pl. (maior, -ius comp. magnus, -a, -um adi., praesidium, -ii n.) abl. instrumenti, **munivi** atque **firmavi** - 1 sg. ind. perf. (munio 4, confirmo 1) предикат, **atque** conict.

**exclusi** – 1 sg. ind. perf. (excludo, -clusi, -clusum 3) предикат; **eos** – acc. pl. (is, ea, id pron. demonstr.) директен објект на exclusi; **quos** – acc. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) директен објект во релативната реченица, **tu** – nom. 2 sg. pron. pers. субјект во релативната реченица, **ad** – praep. co acc., me – acc. 1 sg. pron. pers. (ego), **salutatum** – acc. supin. (saluto, 1); **mane** adv.; **miseras** – 2 sg. ind. p.q.p. предикат во релативната реченица;

**cum** – conict. cum temporale ; **illi ipsi** – nom. pl. (ille, illa, illud, ipse, ipsa, ipsum pron. demontr.) **venissent** – 3 pl. coni. p.q. p. (venio, veni, vetnum 4)

**quos** – acc. pl. (qui, quae, quod pron. relat.) субјект во ACI, **ego** nom. 1 sg. pron. pers. **iam** conict. **multis ac summis viris** – dat. pl. (multus, -a, -um adi., summus, -a, -um adi., vir, -i m.) **ad** – praep. co acc.; **me** – acc. 1 sg. pron. pers. id – acc. sg. (is, ea, id pron. demonstr.) acc. adverbialis; **temporis** – gen. sg. (tempus, -oris n.) gen. partivus; **venturos esse** – inf. fut. (venio, veni, ventum 4) предикат во ACI

**praedixeram** – 1 sg. ind. p. q. p. (praedico, -dixi, -dictum) предикат, verbum regens ACI (quos, venturos esse)

На крајот на изложувањето жестината на говорникот станува поголема. Потврда за тоа е присуството на петте императиви, климаксот и двете парентези. Климаксот се состои од три императиви кои претставуваат речиси синоними (perge, egredere aliquando, proficiscere). Aliquando и парентезата patent portae се во функција на климаксот, а иста функција има и парентезата (si minus quam plurimos) во вториот климакс (educ etiam omnis tuos, purga ubrem). Зад него следат хипербатон и алитерација во исто време (*magno* me *metu*).

**Quae** - nom. pl. neutrum (qui, quae, quod pron. relat.) субјект во временска реченица, **cum** – conict. cum temporale, **ita** – adv. sint – 3 pl. coniunc. praes. act. (sum, esse, fui) предикат во временската реченица; **Catilina** – voc. sg. (Catilina, -ae m.)

**perge** – imperat. I (pergo, perrexi, perrectum 3) **quo** – abl. sg. (qui, quae, quod pron. relat.) **coepisti** – perf. (coepi, coepisse, coeptus verb. defect.) предикат

**egredere** – imperat. (egredior, -gressus sum); **aliquando** adv. **ex** praep. co abl.; **urbe** – abl. sg. (urbs, -rbis f.)

**patent** – 3 pl. ind. praes. (pateo, -ui, / 2) предикат, **portae** – nom. pl. (porta, -ae f.) субјект;

**proficiscere** – imperat. (proficiscor, -fectus sum)

**Nimium** – acc. (nimius, -a, -um adi.) acc. adverbialis, **diu** – adv. te – acc. 2 sg. pron. pers. (tu), **imperatorem** – acc. sg. (imperator, -oris m.) – acc. duplex (obiecti et praedicati); **tua illa Manliana castra** – nom. pl. (tuus, -a, -um pron. poss.; ille, illa illud pron. demonstr.; Manlinianus, -a, -um adi. castra, -orum n.) субјект, **desiderant** – 3 pl. ind. praes. act. (desidero 1) предикат

**Educ** – imperat. I (educo, -duxi, -ductum 3); **tecum** – abl. 2 sg. pron. pers. (tu) abl. sociativus, **etiam** – conict. **omnis tuos** – acc. pl. (omnis, -e adi. tuus, -a, -um pron. poss.) директен објект на educ

**si** - conict. **minus** – comp. adv. (parum), **quam** – conic. **plurimos** – acc. pl. (superl. multus, -a, -um)

**purga** – imperat. I (purgo 1) **urbem** – acc. sg. (urbs, -rbis f.)

**Magno metu** – abl. sg. (multus, -a, -um adi., metus, -us m.) abl. separationis, **me** acc. 1 sg. pron. pers. (ego) **liberaveris** – 2 sg. coniunct. perf. act. (libero 1)

**modo** conict. **inter** praep. co acc. **me** - me acc. 1 sg. pron. pers. (ego) **atque** conict. **te** – acc. 2 sg. pron. pers. (tu) **murus** – nom. sg. (murus, -i m.) **intersit** – 3 sg. coniunct. praes. (intersum, interesse, interfui) предикат во реченица со modo.

Iam diutius е уште едно ехо на quousque tandem на почетокот на говорот. Изложувањето завршува со анафора (non, non, non) и со уште еден климакс (non feram, non patiar, non sinam).

**Nobiscum** – abl. 1 pl. pron. pers. (nos), **versari** – inf. (versor 1) **iam** - adv. diutius – comp. adv. (diu) **non** негација **potes** – 2 sg. ind. praes. (posum, posse, potui) предикат.

**feram, patiar, sinam** – 1 sg. fut. I (fero, ferre, tuli, latum; patior, passus sum 3; sino, sivi, situm 3) предикати.

**Probatio, argumentatio.** Во структурата на говорот, зад изложувањето следи докажувањето. Хипербатонот (magna … gratia), удвојувањето на заменките (huic ipsi), апозицијата (antiquissimo custodi huius urbis), анафората (tam, tam, tamque), климаксот (teatram, horribilem, infestam pestem), метафората (pestem) и хиперболата (totiens) се реторските средсва со кои започнува докажувањето во говорот. Заговорот е срамнет со чудовиште (pestem) - гро-

зно (teatram), страшно (terribilem) и подготвено за напад (infestam). Тоа што републиката ги избегнала неговите напади толку пати (totiens), а инаку втор пат, се должи единствено на божјата помош. Опстанокот на републиката не смее повеќе да се изложува на опасност предизвикана од еден човек (in uno homine).

**Magna** – nom. sg. (magnus, -a, -um adi.) атрибут на gratia

**dis immortalibus** – dat. pl. (deus, -i m., immortalis, -e adi.) индиректен објект; **habenda est** – пасивна перифрастична конјугација (habeo, habui, habitum 2)

**atque** – conict. **huic ipsi Iovi Statori** – dat. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr., ipse, ipsa, ipsum pron. demonstr., Iuppiter, Iovis m., Stator, -is m.), **antiquissimo custodi** – dat. sg. (superl. antiquus, -a, -um superl., custos, -odis m.) **huius urbis** – gen. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr. urbs, -rbis f.) gen. possesivus; antiquissimo custodi huius urbis - апозиција

**gratia** – nom. sg. (gratia, -ae f.) субјект на habenda est

**quod** – quod causale; **hanc** – acc. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr.)

**tam** - adv. **taetram, horribilem, infestam** – acc. sg. (teater, -tra, -trum adi., horribilis, -e adi. infestus, -a, -um adi.) – атрибути на pestem

**-que** енклитичен сврзник, **rei publicae** – gen. sg. (res publica) gen. objecti; **pestem** – acc. sg. (pestis, is f.) директен објект на effugimus

**totiens** adv. num. iam conict. **effugimus** – 1 pl. ind. praes. (effugio, -fugi, / 3) предикат во причинската реченица.

**Non** негација; **periclitanda est** – 3 sg. conuigatio periphrastica passiva (periclitor 1) **saepius** – comp. adv. (saepe) **in** – praep. co abl. **uno homine** – abl. sg. (unus, -a, -um adi., homo, -inis m.) abl. поради in

**summa salus** – nom. sg. (summus, -a, -um adi., salus, -utis f.) субјект на periclitanda est; **rei publicae** – gen. sg. (res publica) gen. possesivus.

По non est saepius следи преглед на активностите на Катилина кои го довеле во опасност животот на говорникот. Структурата на прегледот е паралелна: quamdiu: cum proximis comitiis consularibus: quotienscumque …/ *mihi consuli desgnato: me consulem: me/ insidiatus es: interficere voluisti: petisti/ non publico me praesidio sed privata diligentia: amicorum praesido et copiis: per me/ defendi: compressi…: tibi obstiti*. Во првата временска реченица клучно е non publico me praesidio sed privata diligentia, нагласено со хипербатон (publico me praesidio) и антитеза (non … sed privata diligentia); истата мисла е искажана малку поинаку и во втората временска реченица (amicorum praesidio et copiis nullo tumultu publice concitato); кулминацијата е во последната: тоа говорникот го постигнува со denique пред сврзникот за временска реченица и со хомојотелевтонот на местото кадешто тој по трет пат ја изразува истата мисла *(...me petis**ti** per me obsti**ti***). Изборот на quotienscumque токму во последната реченица, не е случаен. Претставува еден вид ехо на *totiens iam effugimus* неколку реченици погоре.

**Quamdiu** – conict. **mihi consuli designato** – dat. sg. (1 sg. pron. pers. (ego), consul, -is m. designatus, -a, -um adi.), **Catilina** – voc. sg. (Catilina, -ae f.) **insidiatus es** – 2 sg. ind. perf. (insidior, insidiatus sum 1 verb. depon.) предикат во временска реченица,

**non** негација, **publico praesidio** – abl. sg. (publicus, -a, -um adi., praesidium, -ii n.) abl. intrumenti, **me** – acc. (1 sg. pron. pers. (ego)) директен објект на defendi

**sed** – conict. **privata diligentia** – abl. sg. (privatus, -a, -um adi., diligentia, -ae f.) abl. intrumenti

**defendi** – 1 sg. ind. perf. act. (defendo, -fendi, fensum 3) предикат во главната реченица.

**Cum** - conict. proximis comitiis consularibus – abl. pl. (proximus, -a, -um adi., comitium, ii n., consularis, e adi.) abl. temporis

**me consulem** – acc. sg. (1 sg. pron. pers. (ego), consul, -is m.) **in** – praep. co abl. **campo** – abl. sg. (campus, -i m.) **et** - conict. **competitores tuos** – acc. pl. (competitor, -is m., tuus, -a, -um pron. poss.) директен објект на interficere

**interficere** – inf. praes. (interficio, -feci, -fectum 3) **voluisti** - 2 sg. ind. perf. (volo, velle, volui) предикат

**compressi** – 1 sg. ind. perf. (comprimo, -pressi, pressum 3) предикат; **conatus tuos nefarios** – acc. pl. (conatus, -us m., tuus, -a, -um pron. poss., nefarius, -a, -um adi.) директен објект на compressi; **amicorum** – gen. pl. (amicus, -i m.) gen. possesiuvus; **praesidio** – abl. sg. (praesidium, -ii abl. instrumenti; **et** - conict.; **copiis** – abl. pl. (copia, -ae f.) abl. instrumenti

**nullo tumultu concitato** – abl. sg. (nullus, -a, -um adi.; tumultus, -um m.; concitatus – part. perf. pass. concito 1) abl. absolutus; **publice** – adv.

**denique** - adv., **quotienscumque** conict. adv. **me** – acc. 1 sg. pron. pers. (ego) директен објект на petisti; **petisti** – 2 sg. ind. perf. act. (peto, -ivi (-ii), itum) предикат во временска реченица

**per** – praep. co acc. **me** – acc. 1 sg. pron. pers. (ego), **tibi** – dat. 2 sg. pron. pers. (tu) индиректен објект; **obstiti** – 2 sg. ind. perf. act. (obsto, obstiti, obstaturus 1) предикат

**quamquam** – conict. **videbam** – 1 sg. ind. imperf. (video, vidi, visum 2) предикат во допусна реченица и verbum regens ACI (perniciem meam coniunctam esse); **perniciem meam** – acc. sg. (pernicies, -ei f., meus, -a, -um pron. poss.) субјект во ACI, **cum** – praep. co abl.; **magna calamitate** – abl. sg. (magnus, -a, -um adi.; calamitas, -atis f.) **rei publicae** – dat. sg. (res publica) dat. commodi; **esse** – inf. praes. (sum, esse, fui) предикат во ACI; **coniunctam** – acc. sg. coniunctus, part. perf. pass. (coniungo, -iunxi, -iunctum 3) именски дел од предикатот во ACI.

Nunc iam воведува контраст зад quamdiu, cum и quotienscumque во претходните реченици. Паралелизмот во реченицата што следи е очигледен, и во однос на структурата и во однос на значењето. Во однос на структурата: директен објект+предикат/директен објект+предикат, а во однос на значењето: двата елементи од првиот пар се попсежно и поекспресивно формулирани во вториот пар - rem publicam universam = *templa deorum immortalium, tecta urbis, vitam omnium civium, Italiam totam* (асиндетон) и *petis* = *vocas ad exitium et vastitatem.*

**Nunc** – adv. **iam** – conict. **aperte** – adv. **rem publicam universam** – acc. sg. (res publica, universus, -a, -um adi.) директен објект на petis; **petis** – 2 sg. ind. praes. act. (peto, -ivi (-ii), -itum 3) предикат;

**templa** - acc. pl. (templum, -i n.) дир. објект на vocas, **deorum immortalium** – gen. pl. (deus, -ii m. immortalis, -e adi.) gen. possesivus;

**tecta** – acc. pl. (tectum –i n.) дир. објект на vocas; **urbis** – gen. sg. (urbs, -rbis f.) gen. possesivus

**vitam** – acc. sg. (vita, -ae f.) дир. објект на vocas; **omnium civium** – gen. pl. (omnis, -e adi., civis, -is m.) gen. possesivus

**Italiam totam** – acc. sg. (Italia, -ae f., totus, -a, -um adi.) дир. објект на vocas

**ad** – praep. co acc. **exitium, vastitatem** – acc. sg. (exitium, -ii n., vastitas, -atis f.) acc. поради ad; **vocas** – 2 sg. ind. praes. act. (voco 1) предикат

Иако смртта на Катилина е тоа што е *primum et proprium imperi et disciplinae maiorum*, конзулот сепак ќе направи нешто друго: ad severitatem – *lenius, ad communem salutem* – *utilius* (паралелизам).

**Qua re** – abl. sg. (qui, quae, quod pron. relat. res, -ei f) – abl. causae; **quoniam** – conict. **id** – acc. sg. neutr. (is, ea, id prn. demontr.) **quod** – acc. sg. neutr. (qui, quae, quod pron. relat.) **est** – 3 sg. ind. praes. (sum, esse, fui), **primum** – acc. sg. (primus, -a, -um adi.)

**et** - conict. **quod** acc. sg. neutr. (qui, quae, quod pron. relat.); **huius imperi disciplinae**que – gen. sg. (hic, haec, hoc pron. demonstr., imperium, -I n., disciplina, -ae f.) **maiorum** – gen. pl. (maior, -ius comp. magnus, -a, -um) **proprium est** (nom. sg. (proprius, -a, -um adi.), 3 sg. ind. praes. (sum, esse, fui)) именски предикат во релативната реченица; **facere** – inf. praes. (facio, feci, factum 3) **nondum** – adv.; **audeo** – 1 sg. ind. praes. (audeo, ausus sum 2); **faciam** – 1 sg. fut. I (facio, feci, factum 3) предикат; **id** – acc. sg. (is, ea, id pron. demonstr.) **quod** – nom. sg. neutr. (qui, quae, quod) **est** – 3 sg. ind. praes. (sum, esse, fui)

**ad** – praep. co acc. **severitatem** – acc. sg. (severitas, -atis f.) acc. поради ad **lenius** – comp. adv. (lenis, -e); **communem salutem** – acc. sg. (communis, -e adi., salus, -utis f.) acc. поради ad; **utilius** - comp. adv. (utilis, -e adi.)

Зад *nam* следи објаснување на *utilius ad communem salutem*. Пополезно е Катилина да го напушти Рим, бидејќи така ќе си заминат и неговите приврзаници. Со сликата што ја создава - *exhaurietur ex urbe sentina* 'ќе се исцрпи/исфрли/испие од градот изметот, ѓубрето, боклукот, џанот', говорникот изразува нетпрение и жестина.

**Nam** - conict.

реален хипотетички период: [протаза] **si** conict. **te** acc. sg. 2 pron. pers. (tu) субјект во ACI, **interfici** – inf. praes. pass. (interficio, -feci, -fectum 3) предикат во ACI; **iussero** – 1 sg. ind. fut. II (iubeo, iussi, iussum 2) предикат во протазата, verbum regens ACI (te interfici)

[аподоза] **residebit** – 3 sg. ind. fut. I (resideo, -sedi, / 2) предикат во аподозата; **in** praep. co abl. **re publica** – abl. sg. (res publica) **reliqua manus** – nom. sg. (reliquus, -a, -um adi. manus, -us f.) **coniuratiorum** – gen. pl. (coniurati, -orum m) – gen. possesivus;

Реален хипотетички период: [протаза] **sin** conict. **tu** – nom. 2 sg. pron. pers.;

односна реченица: **quod te** –acc. sg. (qui, quae, quod pron. relat.; 2 sg. pron. pers. (tu)) acc. duplex (personae et rei); **iam** – adv. **dudum** – adv.; **hortor** – 1 sg. ind. praes. (hortor, hortatus sum 1verb. depon.) предикат во односната реченица;

**exieris** – 2 sg. fut II (exeo, -ire, -ii, -itum) предикат во протазата;

[аподоза] **exhaurietur** – 3 sg. fut. I (exhaurio, -hausi, -haustum 4) предикат во аподозата; **ex** – praep. co abl.; **urbe** – abl. sg. (urbs, -rbis f.)

**tuorum comitum** – gen. pl. (tuus, -a, -um pron. poss.; comitium, -ii n.) gen. explicativus

**magna, perniciosa sentina** – nom. sg. (magnus, -a, -um adi., perniciosus, -a, -um adi., sentina, -ae f) субјект во аподозата; **rei publicae** – gen. sg. (res publica) gen. possesivus

**Quid** – nom. sg. (quis, quid pron. interr.) **est** – 3 sg. ind. praes. (sum, esse, fui) **Catilina** – voc. sg. (Catilina, -ae m.)

**Num** – adv. interr. **dubitas** – 2 sg. ind. praes. act. (dubito, 1) предикат, verbum regens ACI ((te) facere) **id** – acc. sg. neutr. (is, ea, id pron. demonstr.) директен објект на facere, **me imperante** (abl. 1 pron. pers. (ego), abl. participium praes. act. (impero 1) – abl. absolutus; **facere** – inf. praes. (factio, feci, factum 3) предикат во ACI

**quod** – acc. sg. (quia, quae, quod pron. relat.) **iam** conict. **tua sponte** – abl. sg. (tuus, -a, -um pron. poss., (spons), spontis f.) abl. modi; **faciebas** – 2 sg. ind. imperf. (facio, feci, factum 3) предикат во релативната реченица.

Наместо ego iubeo te exire, говорникот употребува една поекспресивна конструкција iubet consul hostem exire.

**Exire** – inf. praes. (exeo, -ire, -ii, -itum) предикат во ACI; **ex** praep. co abl. **urbe** – abl. sg. поради ex

**iubet** 3 sg. ind. praes. act. (iubeo, iussi, iussum 2) предикат, verbum regens ACI (hostem exire), **consul** – nom. sg. (consul, -is m.) субјект; **hostem** – acc. sg. (hostis, -is m.) субјект во ACI.

Во прашањето num in exilium предикатот 'iubet' се подразбира (елипса).

**Interrogas** – 2 sg. ind. praes. (interrogo, 1) **me** - acc. 1 pron. pers. (ego)
**num** – adv. interr. **in** – praep. co acc. **exsilium** – acc. sg. (exilium, -ii n.) acc. поради in
**Non** – негација, **iubeo** 1 sg. ind. praes. act. (iubeo, iussi, iussum 2) предикат
**sed** conict. **si** conict. **me** – acc. 1 pron. pers. (ego) acc. поради consulo; **consulis** – 2 sg. ind. praes. act. (consulo, -sului, -sultum 3),
**suadeo** – 1 sg. ind. praes. act. (suadeo, suasi, suasum 2)

## V Речник на реторски термини

**Анадиплоса** (грч. αναδίπλωσις 'удвојување' лат. gemminatio) - повторување на последниот збор од една реченица или дел од реченица на почетокот на следната реченица.
**Fuit, fuit** ista quondam in hac re publica virtus ut viri fortes acrioribus suppliciis civem perniciosum quam acerbissimum hostem coercerent. (In Catilinam, I, 3, 6)

**Анафора** (грч. ἀναφορά 'носење/повторување напред' лат. adiectio, repetitio) – повторување на еден ист збор или група од повеќе зборови на почетокот на неколку последователни реченици.
**Cupio**, patres conscripti, me esse clementem, **cupio** in tantis rei publicae periculis non dissolutum videri, sed iam me ipse inertiae nequitiaeque condemno. (In Catilinam, I, 4, 15)

**Антитеза** (грч. ἀντίθεσις 'поставување наспроти/ противпоставување', лат. contrarium) - синтаксички слично подредување на два збора или на две реченици со спротивно значење, негативен паралелизам.
Habemus senatus consultum in te, Catilina, vehemens et grave, **non deest rei publicae consilium neque auctoritas huius ordinis**: **nos, nos, dico aperte, consules desumus.** (In Catilinam, I, 3, 9)

**Асиндетон** (грч. ἀσύνδετον 'неповрзано' лат. dissolutio) - фигура на говорот која се состои од укинување на сврзниците.
... sensistin illam coloniam **meo iussu, meis praesidiis, custodiis, vigiliis** esse munitam? (In Catilinam, I, 8, 4)

**Елипса** (грч. ἔλλειψις 'испуштање' лат. defectus) - реторска фигура во која еден или повеќе зборови се испуштени, а се подразбираат од контекстот.
Interrogas me, num in exilium [се подразбира - ire]? (In Catilinam, I, 13, 3)

**Ирониј**а (грч. εἰρωνεία 'преправање', лат. dissimulatio, simulatio) – кажување на спротивното од она што што се мисли, изразување мисла споротивна на таа што е буквално искажана.
Nos autem **fortes viri** satis facere rei publicae videmur, si istius furorem ac tela vitamus. (In Catilinam, I, 2, 5)

**Климакс** (грч. κλῖμαξ 'издигнување', лат. gradatio) – степенување, повторување на најмалку три реченици или делови од реченицата со еднаква синтаксичка функција, а според значењето – секој посилен од претходниот. Следниот сегмент во низата ја засилува претставата создадена од претходниот.

Magna dis immortalibus habenda est atque huic ipsi Iovi Statori, antiquissimo custodi huius urbis, *gratia*, quod *hanc* **tam taetram, tam horribilem tamque infestam rei publicae *pestem*** *totiens* iam effugimus. (In Catilinam, I, 11, 4)

**Литота** (од грч. λιτός 'мазен, едноставен') – фигура на говорот со која една мисла се изразува преку негација на друга.

Dico te priore nocte venisse inter falcarios – **non agam obscure** – in M. Laecae domum; convenisse eodem compluris eiusdem amentiae scelerisque socios. (In Catilinam, I, 8, 10)

**Метафора** (грч. μεταφορά 'пренесување', лат. translatio) – фигура на говорот со која едно нешто се опишува преку друго, имплицитна споредба (спореди со симиле).

... quod hanc tam taetram, tam horribilem, tamque infestam rei publicae **pestem** totiens iam effugimus. (In Catilinam, I, 11, 4)

**Метонимија** (грч. μετωνυμία 'замена на името', лат. denominatio, transnominatio) - замена на името со некој од неговите атрибути.

Hos ego video consul et de re publica sententiam rogo, et quos **ferro** trucidari oportebat, eos nondum voce volnero! (In Catilinam, I, 9, 8)

**Паралелизам** (од грч. παράλληλος 'поставен еден покрај друг') - синтаксички слично подредување на зборови или цели реченици, подредување на еднаков начин.

... faciam id quod est *ad severitatem* **lenius**, ad communem salutem **utilius**. (In Catilinam, I, 12, 6)

**Паралепса** (грч. παράληψις 'оставање на страна', лат. praeteritio, occulatatio) - реторска постапка во која говорникот најавува дека нема да зборува за нешто, но сепак зборува. Со тоа уште повеќе го свртува внимнието на слушателите кон она што божем го остава настрана.

**Nam illa nimis antiqua praetereo, quod C. Servilius Ahala Sp. Maelium novis rebus studentem manu sua occidit**. (In Catilinam, I, 3, 5)

**Парентеза** (грч. παρένθεσις 'вметнување' лат. interpositio) - прекин во синтаксичката структура на една реченица преку вметнување на друга реченица.

Muta iam istam mentem, **mihi crede**, obliviscere caedis atque incendiorum. (In Catilinam, I, 6, 11)


**Реторско прашање** (грч. ἐρώτημα, лат. interrogatio) – прашање во кое говорникот му се обраќа на адресатот не за да дојде до информација (како во вистинското прашање), туку за да го изрази својот став. Со ова 'прашање' тој изразува нетрпение, чудење, обвинување и сл.

Nihilne te nocturnum praesidium Palati, nihil urbis vigiliae, nihil timor populi, nihil concursus bonorum omnium, nihil hic munitissimus habendi senatus locus, nihil horum ora voltusque moverunt? (In Catilinam, I, 1, 3)

**Симиле** (лат. simile neutr. similis, e 'слично') – фигура на говорот во која една работа се споредува со друга, експлицитна споредба.

Habemus enim eius modi senatus consultum, verum inclusum in tabulis, **tamquam in vagina reconditum**, quo ex senatus consulto confestim te interfectum esse, Catilina, convenit. (In Catilinam, I, 4, 11)

**Хијазам** (грч. χιασμός 'поставување како грчката буква х (хи), поставување во вкрстена положба' - истакнување на два збора со нивно поставување во вкрстена положба, вториот елемент стои во обратен ред во однос на првиот.




Eorum autem castrorum imperatorem ducemque hostium intra moenia atque adeo in senatu videtis intestinam aliquam cotidie perniciem rei publicae molientem. (In Catilinam, I, 5, 6)

**Хипербатон** (грч. ὑπερβατόν 'прекупоставеност' лат. transgressio) - фигура на говорот која се состои од одвојување на два синтаксички тесно поврзани зборови, преку вметнување на еден или повеќе други зборови меѓу нив, промена во редот на зборовите.

Meministine me ante diem xii Kalendas Novembrisdicere in senatu fore in armis certo die, qui dies futurus esset ante diem vi Kal. Novembris, C. Manlium, **audaciae** satellitem atque administrum **tuae**? (In Catilinam, I, 7, 4)

**Хипербола** (грч. ὑπερβολή 'претерување, преувеличување' лат. superlatio) – фигура на говорот која се состои од претерување и преувеличување.

Hic, hic sunt in nostro numero, patres conscripti, in hoc orbis terrae sanctissimo gravissimoque consilio, qui de nostro omnium interitu, qui **de huius urbis atque adeo de orbis terrarum** exitio cogitent. (In Catilinam, I, 5, 6)

**Хомојоптотон** (грч. ὁμοιόπτωτον 'еднаков граматички завршок', лат. similer cadens) – фигура на говорот која се состои од редење повеќе зборови во ист падеж или повеќе зборови кои претставуваат ист глаголски облик, еден вид хомојотелевтон.

Fu**isti** igitur apud Laecam illa nocte, Catilina, distribu**isti** partis Italiae, statu**isti** quo quemque proficisci placeret, deleg**isti** quos Romae relinqueres, quos tecum educeres, discrips**isti** urbis partis ad incendia … (In Catilinam, I, 9, 8)

**Хомојотелевтон** (грч. ὁμοιοτελεύτον 'еднаков завршок' лат. similiter desinens) – фигура која се состои од редење на повеќе зборови со сосем исти завршоци.

Quid proxima, quid superiore nocte eg**eris**, ubi fu**eris**, quos convocav**eris**, quid consili cep**eris**, quem nostrum ignorare arbitraris? (In Catilinam, I, 1, 9)

# C. I. Caesaris De Bello Gallico (excerptum)

J. Јованова, С. Величковска,
Ц. Стојаноска, Д. Ѓорѓиева
координатор на групата: М. Бузалковска - Алексова

## I Уводна белешка кон текстот "За Галската војна"

Во вториот период од римската литература се развивала уметничката проза, и тоа историографијата и говорништвото, но исто така и поезијата и науките. Во овој период авторите биле под влијание на грчката литература но интензивно се развивал и латинскиот литературен јазик. Тој постојано се збогатувал па почнала да се прави разлика помеѓу градскиот и народниот говор. Римските историографи на почетокот пишувале на грчки јазик.

За особено значаен лик во римската историја и литература се смета Гај Јулиј Каесар (Gaius Julius Caesar, 100 год. п.н.е. – 44 год. п.н.е.). Тој бил римски воен и политички водач чие освојување на Галија Комата го проширило римскиот свет сè до Атлантскиот Океан.

Гај Јулиј Каесар бил римски војсководец и император. Тој се родил 100-та година п.н.е. во Рим. Припаѓал на познатиот род на Јулиевците, за чиј основач се сметал Јул, синот на Ајнеј и Венера. По бабата на татко му бил потомок на родот на кралот Анк Маркиј. Се стекнал со солидно образование, какво што имале сите деца од видните римски семејства. Истото се состоело од: философија, историја, книжевност, говорништво, граматика и секако грчки јазик. Зазема важни општествени функции во државата. Прво бил поставен за свештеник на Јупитер, но тогаш морал да ја остави Косутија – девојка од витешко и многу богато семејство.

Се оженил со Корнелија, ќерката на конзулот Кина, кого пак Каесар требало да го наследи на функцијата. Од тој брак му се родила ќерка Јулија. Позицијата на Јупитеров свештеник му била одземена откако одбил да ја остави својата сопруга по барање на Сула, кој пак сакал да го ожени со ќерка си. Но Каесар успеал да се извлече од таа состојба со помош на своите пријатели, по што свештеничката позиција му била вратена. Првата воена служба ја вршел во Азија во придружбата на преторот Марк Терм. По заземањето на Митилена бил награден со граѓански венец што му донело голем углед. Некое време престојувал на Родос каде му се посветил на говорништвото под водство на тогаш највидниот учител по говорништво Аполониј Молон. Ја имал таа несреќа да биде заробен од пирати но и бил ослободен со голем откуп. Бил квестор кога доживеал голема лична трагедија – прво ја погребал својата тетка Јулија, а потоа и сопругата Корнелија. Сè уште бил на функцијата квестор кога заминал за Долна Хиспанија каде бил управник. Но, пред време ја напуштил таа функција и се појавил во Латинските колонии, кои тогаш се бореле да добијат граѓанско право. Бил готов да им помогне поттикнувајќи ги да сторат нешто, но неговата постапка била предвидена, и затоа конзулите ги задржале легиите собрани за во Киликија.

Му била дадена едилска почест. Додека бил едил продолжил да ја стекнува довербата и љубовта на народот. На тоа прашање работел за сето време додека се движел сè повисо-

ко и повисоко во својата политичка и воена кариера. Како едил го украсил дури и Капитол со привремени портици, со цел преку дарежливост да покаже и дел од својата доблест. Бил и вешт дипломат и тоа му помогнало да ги порази своите непријатели на кои наидувал во текот на својата кариера, служејќи се со различни средства во тоа.

Успеал да стигне до конзулство, каде функцијата ја делел со Марк Бибул. Сепак, вистинската власт била во рацете на Гај Јулиј Каесар. Во тоа време се појавиле и подбивни изјави дека тоа се случило во време на конзулите Гај и Каесар. Значаен за споменување е и триумвиратот со Помпеј и Крас. Во време на своето конзулство заминал во Галија каде било напишано и неговото дело „Белешки за Галската војна", кое е предмет на нашето разгледување. Таму останал девет години. Позната е неговата изрека *Alea iacta est* кога му било одбиено барањето за доживотна диктатура и со војска ја преминал реката Рубикон упатувајќи се кон Рим. И повторно како многупати дотогаш успеал во намерата, и од вознемирените сенатори ја добил диктаторската власт.

Продолжил со своите походи и успеси и ги раширил границите на Рим сè до Египет. Од овие успеси произлегува и неговата позната изрека: *Veni vidi vici*. Таму се сретнал со египетската принцеза Клеопатра и неа ја довел на престолот а потоа бил склучен сојуз помеѓу Египет и Рим. Но постојат и документи кои зборуваат и за поинаков вид на сојуз помеѓу двата владетела. На крајот Каесар стасал и до императорска почест. Смртта го стасала вештиот владетел на мартовските Иди во центарот на Рим на скалите од сенатот, бил убиен во заговор организиран против него. Со тоа се исполнило пророштвото кое и самиот го знаел : *Чувај се од мартовските Иди.*

Достигањата на Каесар не се само воените походи и освојувања. Подоцнежните императори во Рим биле нарекувани со титулата "каесар" од која е изведен зборот цар во многу европски јазици.

Тој има напишано повеќе дела. *Commentarii de bello civili* („Белешки за граѓанската војна") се белешки во кои ги опишува настаните за време на граѓанската војна. *Commentarii de bello Gallico* („Белешки за Галската војна") е негово прво дело и е напишано во 7 книги, во кое ги опишува војните во Галија. Овде се внесени многу географски и етнографски податоци за животот на старите Гали, Германи и Британци. Коментарите на Каесар се вбројуваат меѓу најпознатите дела од римската проза. Составени се јасно и едноставно, а раскажувањето е живо и интересно. Стилот на пишување му е збиен, едноставен, лесен, а јазикот чист и ненакитен.

Во првата глава од *Commentarii de bello Gallico* најмногу се употребуваат глаголи во презент и повеќето од глаголите се во modus indicativus. Се употребуваат имиња на реки коишто всушност ги определуваат границите на трите дела на кои е поделена Галија, претставуваат природни граници меѓу трите дела. Тоа се реките Гарумна, Матрона и Секвана. Исто така се споменати и делумно опишани народите кои се населени во секој од трите дела во Галија.

Реките, како и Пиринејските планини, се најспоменуваните елементи во првата глава на Белешките за Галската војна. Значи, најмногу е посветено внимание на географската разместеност на Галија.

Првата реченица зборува за тоа дека Галија е поделена на три дела и кои народи ги населуваат трите дела. Втората и третата реченица ги споменуваат разликите меѓу нив во јазикот и обичаите, а исто така и која река кој народ од кој сосед го одделува.

Третата ги опишува малку поподробно Белгите, нивниот начин на живот, четвртата пак кажува за битките на Хелветијците со Германите. Петтата и шестата зборуваат за територијалната разместеност на Галите и Белгите. Последната реченица ја опишува територијалната разместеност на Аквитанија.

Значи, преку овие неколку реченици Каесар сака да го запознае читателот со територијата на Галија, да се направи некаква претстава каде, на која територија се водат битките, односно географски поглед на Галија.

## II Оригинален текст

C. Iulii Caesaris
COMMENTARII DE BELLO GALLICO
LIBER I (1-4)

1. Gallia est omnis divisa in partes tres, quarum unam incolunt Belgae, aliam Aquitani, tertiam qui ipsorum lingua Celtae nostra Galli apellantur. Hi omnes lingua, institutis, legibus inter se differunt. Gallos ab Aquitanis Garumna flumen, a Belgis Matrona et Sequana dividit. Horum omnium fortissimi sunt Belgae, propterea quod a cultu atque humanitate provinciae longissime absunt minimeque ad eos mercatores saepe commeant atque ea, quae ad effeminandos animos pertinent, important proximique sunt Germanis, qui trans Rhenum incolunt, quibuscum continenter bellum gerunt. Qua de causa Helvetii quoque reliquos Gallos virtute praecedunt, quod fere cotidianis proeliis cum Germanis contendunt, cum aut suis finibus eos prohibent aut ipsi in eorum finibus bellum gerunt. Eorum una pars, quam Gallos obtinere dictum est, initium capit a flumine Rhodano; continetur Garumna flumine, Oceano, finibus Belgarum; attingit etiam ab Sequanis et Helvetiis flumen Rhenum; vergit ad septentriones. Belgae ab extremis Galliae finibus oriuntur; pertinent ad inferiorem partem fluminis Rheni ; spectant in septentrionem et orientem solem. Aquitania a Garumna flumine ad Pyranaeos montes et eam partem Oceani, quae est ad Hispaniam, pertinet; spectat inter occasum solis et septentriones.

2. Apud Helvetios longe nobilissimus fuit et ditissimus Orgetorix. Is M. Messala, M. Pisone consulibus regni cupiditate inductus coniurationem nobilitatis fecit et civitati persuasit, ut de finibus suis cum omnibus copiis exirent: perfacile esse, cum virtute omnibus praestarent, totius Galliae imperio potiri. Id hoc facilius iis persuasit, quod undique loci natura Helvetii continentur: una ex parte flumine Rheno latissimo atque altissimo, qui agrum Helvetium a Germanis dividit; altera ex parte monte Iura altissimo, qui est inter Sequanos et Helvetios; tertia lacu Lemanno et flumine Rhodano, qui provinciam nostram ab Helvetiis dividit. His rebus fiebat ut et minus late vagarentur et minus facile finitimis bellum inferre possent; qua ex parte homines bellandi cupidi magno dolore adficiebantur. Pro multitudine autem hominum et pro gloria belli atque fortitudinis angustos se fines habere arbitrabantur, qui in longitudinem milia passuum CCXL, in latitudinem CLXXX patebant.

3. His rebus adducti et auctoritate Orgetorigis permoti constituerunt ea, quae ad proficiscendum pertinerent, comparare, iumentorum et carrorum quam maximum numerum coemere, sementes quam maximas facere, ut in itinere copia frumenti suppeteret, cum proximis

civitatibus pacem et amicitiam confirmare. Ad eas res conficiendas biennium sibi satis esse duxerunt; in tertium annum profectionem lege confirmant. Ad eas res conficiendas Orgetorix deligitur. Is sibi legationem ad civitates suscepit. In eo itinere persuadet Castico Catamantaloedis filio Sequano, cuius pater regnum in Sequanis multos annos obtinuerat et a senatu populi Romani amicus appelatus erat, ut regnum in civitate sua occuparet, quod pater ante habuerat. itemque Dumnorigi Haeduo, fratri Diviciaci, qui eo tempore principatum in civitate obtinebat ac maxime plebi acceptus erat, ut idem conaretur persuadet eique filiam suam in matrimonium dat. Perfacile factu esse illis probat conata perficere, propterea quod ipse suae civitatis imperium obtenturus esset: non esse dubium, quin totius Galliae plurimum Helvetii possent; se suis copiis suoque exercitu illis regna conciliaturum confirmat. Hac oratione adducti inter se fidem et iusiurandum dant, et regno occupato per tres potentissimos ac firmissimos populos totius Galliae sese potiri posse sperant.

4. Ea res est Helvetiis per indicium enuntiata. Moribus suis Orgetorigem ex vinculis causam dicere coegerunt. Damnatum poenam sequi oportebat, ut igni cremaretur. Die constituta causae dictionis Orgetorix ad iudicium omnem suam familiam, ad hominum milia decem, undique coegit, et omnes clientes obaeratosque suos, quorum magnum numerum habebat, eodem conduxit; per eos ne causam diceret se eripuit. Cum civitas ob eam rem incitata armis ius suum exsequi conaretur multitudinemque hominum ex agris magistratus cogerent, Orgetorix mortuus est; neque abest suspicio, ut Helvetii arbitrantur, quin ipse sibi mortem consciverit.

## III Анализа

*1.Gallia est omnis divisa in partes tres, quarum unam incolunt Belgae , aliam Aquitani,tertiam qui ipsorum lingua Celtae nostra Galli apellantur.*

*Цела Галија е поделена на три дела, од коишто едниот го населуваат Белгите, другиот Аквитанците а третиот оние коишто на нивниот јазик се нарекуваат Келти, а на нашиот Гали.*

**Galia** –nom. -Galia,-ae (f), Галија- подмет;
**omnis** – nom. (f) -omnis, -e –adi., секој, сиот;
**est divisa** – 3 sg. perf. pass. од гл. divido3,-visi, -visum
**partes** – acc pl. - pars, partis, f., сп. партија
**tres, tria** acc pl.- num. card., сп. три
**quarum…** зависна односна реченица во индикатив
**quarum**-G pl.(gen. partit.) (f.)- qui, quae, quod-pron.relat.
**unam** - acc sg. (f)- num.card.
**incolunt** - 3 pl. ind.praes.act., од гл. incolo 3,colui
**cultum** - населувам, сп. колце, кола (што се врти)
**Belgae** - nom.pl.-Belgae, -arum(m)- Белги
**aliam** - acc. sg. (f) –alius, -a, -ud - adi. pronom.
**tertiam** -acc. sg. (f)–tertius3 - num.ord.
**ipsorum** - g. pl. (m) –ipse, -a, -um – pronom.demons.
**lingua** - abl. sg. (abl. limit.), lingua, -ae (f)
**Celtae,-arum** (m)-n.pl. - Келти
**nostra** - abl.sg. (abl. limit.), noster, nostra, nostrum –pron. poss.
**apellantur** - 3. pl. ind. praes. pass. - apello1 повикувам, нарекувам.- сп. апел во мак.
**Galli** -nom.pl. - Galli, -orum(m) - Гали

*Hi omnes lingua, institutis, legibus inter se differunt.*

*Сите тие се разликуваат според јазикот, институциите и законите.*

**hi** - nom.pl. (m) –pron.demonstr. hic, haec, hoc
**omnes** - nom.pl. (m). adi. omnis, -e
**lingua** - abl.sg. (abl. limit.) -s.lingua, -ae (f)
**institutis** - abl.pl. (abl. limit.), s. institutum, -i (n)
**legibus** - abl.pl. (abl. limit.), s. lex, legis m.
**inter** – praep. c. acc.

**se** – acc.sg. pron. refl.
**differunt** -3.pl. ind.praes.act. – differo 3, -ferre, -tuli, -latum

*Gallos ab Aquitanis Garumna flumen, a Belgis Matrona et Sequana dividit.*

*Галите од Аквитанците ги одделува реката Гарона, а од Белгите Марона и Секвана.*

**Gallos** - acc.pl., s. Galli, -orum (m)
**a, ab** –praep. c. abl.
**Aquitanis** – abl.pl. (abl. separ.), s. Aquitani, -orum (m)
**Garumna** –nom.sg. – Garumna, ae (f) –р. Гарумна, денешна Гарона
**flumen** –nom.sg. –flumen, -minis (n), река, сп. флуид
**Belgis** – abl.pl. (abl.separ.), s. Belgae, -arum (m)
**Matrona** – nom.sg. – Matrona, -ae (f) – р.Матрона, денешна Марна
**et** – coniunctio
**Sequana** - nom.sg. – Sequana, -ae (f) – р.Секвана, денешна Сена
**dividit** - 3.sg.ind.praes.act., divido 3, divisi, divisum

*Horum omnium fortissimi sunt Belgae, propterea quod a cultu atque humanitate provinciae longissime absunt minimeque ad eos mercatores saepe commeant atque ea, quae ad effeminandos animos pertinent, important proximique sunt Germanis, qui trans Rhenum incolunt, quibuscum continenter bellum gerunt.*

*Од сите овие најхрабри се Белгите, затоа што се најоддалечени од културата и цивилизацијата на провинцијата кај нив најретко пристигнуваат трговци кои внесуваат неста за разгалување на душата; Најблиску се до Германите коишто се населуваат од другата страна на Рен и со кои постојано водат војна.*

**Horum omnium fortissimi sunt Belgae** - гл.реч
**horum** – gen. pl. (gen. comparat.) (m)- hic, haec, hoc pronom.demonstr.
**omnium** –gen. pl. ( G comparat) (m)- omnis,-e adi ;
**fortissimi** - суперлатив nom.pl. (m) - fortis,-e именски дел од именскиот прирок
**fortissimi sunt** 3. pl. ind. praes. act. – sum, esse, fui praesens;
**propterea** - praepos. c. acc quod – qui, quae, quod pronom.relat.
**a cultu atque humanitate** - abl. separ.
**cultus,-us** (m)
**humanitas,-atis** (f)
**provinciae** – gen.sg. (gen. posses.)-provincia, -ae (f)
**propterea quod a cultu atque humanitate provinciae longissime absunt**… зависна причинска реч.
**longissime** –adv. во суперлатив;
**absunt** - 3. pl.ind.praes.act. - од слож. гл. absum, abesse
**affui** - отсутен сум, сп. absent
minime - adv во суперлатив, сп. минимален;
**ad** - praepos. c. acc.;
**eos** - acc.pl. (m)- is, ea, id – pron.demonstr.
**mercatores** –nom.pl. –s.mercator, -oris (m)
**saepe** - adv.
**commeant** - 3. pl. ind. praes. act.
**ea** – acc.pl. (n.)-is, ea, id -pron.demonstr.
**effeminandos** - герундив од гл.effemino,1 разнежнувам-femina-феминизира;
quae ad effeminandos… релативна реч. и замена на герунд со герундив покрај acc.animos –animus,i(m), сп. анимира;
**pertinent** - 3. pl. ind.praes.act. pertineo, tinui, 2 e>i пред n - pertineo>teneo
**important** - 3. pl ind. praes. act. - importo 1- сп. импорт, „увоз“ во мак.
**proximi** - nom.pl. (m)-proximus, a, um-суперл. од prope
**Germanis** - dat.pl. –Germani, -orum (m)
**qui** - nom.pl. (m) - qui,quae, quod- pron.relat. –зависна односна реч.
**trans** - praep.c. acc. – преку, сп. транзит
**Rhenum** - acc.-Rhenus,-i-.(m)-денешна Рајна
**incolunt** - 3.pl. ind. praes.act. v. supra

**quibuscum** - abl. pl. (m) qui, quae, quod-pron.rel.
continenter - adv.постојано;
**bellum gerere** – да се војува
**bellum** - acc.sg., bellum,-I (n)-војна <*duellom-за војна треба да има двајца
**gerunt** - 3.pl.ind.praes.act. –gero3, gessi, gestum

*Qua de causa Helvetii quoque reliquos Gallos virtute praecedunt, quod fere cotidianis proeliis cum Germanis contendunt, cum aut suis finibus eos prohibent aut ipsi in eorum finibus bellum gerunt.*

*Хелветијците поради таа причина ги надминуваат останатите Гали по храброста, бидејќи речиси во секојдневни битки се борат со Германите со тоа, што или ги одбиваат нив од своите граници или самите војуваат во нивните граници.*

**Qua** - abl.sg. (abl.causae) –qui, quae, quod- pron.relat.- зависна-прич. реч.
**de**-praep.c. abl.;
**causa**-abl.sg.- causa,ae (f), сп. каузалност во мак., cause во англ.
**quoque**-adv.
**reliquos**-acc.pl. (m)- reliquus,a um –реликвии –остатоци; adi.
**virtute**- abl.sg. (abl.limit.) –virtus,-utis (f)
**praecedunt**-3. pl.-praecedo 3,cessi, cessum
**quod fere cotidianis proeliis** … зависна прич. реч.
**fere**- adv.;
**cotidianis** - abl. pl.(abl.temp.)- cotidianus, -a, -um –adi.-;
**proeliis**-abl pl- proelium,ii (n);
**cum**-praep.co abl;
**Germanis**-abl socii;
**contendunt**-3.pl. ind.praes.act. contendo 3, tendi, tentum,
**aut**-coniunct.;
**suis**-abl.pl.(m) –suus, -a, -um- pron.poss.reflex.
**cum aut suis finibus**… зависна врем. реч. во индикатив;
**finibus**-abl.pl. (abl.loci)-finis,is(m);
**eos**-acc.pl. –is,ea,id –pron.demonstr.
**prohibent**-3. pl.ind.praes.act.-prohibeo,2 hibui,hibitum-сп. простиот глагол habeo
**ipsi**- nom. pl. (m) –ipse,ipsa,ipsum-pron.demonstr.;
eorum gen.pl. (m) (gen. poss.)-is, ea, id-pron.demonstr.
**finibus**-abl.pl. (abl.loci), v. supra
**bellum gerere**, v.supra

*Eorum una pars, quam Gallos obtinere dictum est, initium capit a flumine Rhodano; continetur Garumna flumine, Oceano, finibus Belgarum; attingit etiam ab Sequanis et Helvetiis flumen Rhenum; vergit ad septentriones.*

*Едниот дел од нив, за кој се вели дека го имаат Галите, го зафаќа почетокот на реката Родан, продолжува по реката Гарумна, до границите на Белгијците, и од Секванците и Хелветијците допира до реката Рен и свртува кон север.*

**eorum**-gen. pl. (gen. part.)–is, ea,id-pron.demonstr.;
**una**-nom.sg.-una,-ae(f)- adi.pron.
**pars**-nom.sg.-s.pars, partis(f)
**quam Gallos obtinere…**зависна-односна реч.
**Gallos obtinere** –acc cum inf. obtinere –inf-obtineo,2 tenui, tentum-obtineo<teneo e>i;
dictum,part.perf.pass.- dico,3 dixi,dictum (кај нас диктира)
**dictum est** –именски прирок
**initium capere** -започнува
**initium**-acc.sg.-initium,-ii (n) –почеток сп. иницијатива
**capit**-3. sg.ind.praes.act –capio3, cepi,captum;
**flumine**- abl. sg. flumen,-inis(n);
**Rhodano**-abl.- Rhodanus,-i(m)-античкото име за денешна Рона
**continetur**-3. sg. praes.pas.-contineo 2, tenui, tentum<teneo;
**Garumna**- abl.sg. (abl. loci)-
**Garumna**,-ae(f)
**flumine**-v.supra-апозиција на Garumna ;
**finibus**- abl.loci
**Belgarum**-gen. pl. (gen. poss.)
**attingit**-3. sg.ind. praes.act. –attingo,3 tigi,tactum attingo<*ad-

tango, a>i;
**etiam**-coniunct.;
**Rhenus**,-i(m);
**vergit** -3l sg-vergo,3;
**ad**-praep.c.acc.
**septentriones**- север acc. finalis

*Belgae ab extremis Galliae finibus oriuntur; pertinent ad inferiorem partem fluminis Rheni ; spectant in septentrionem et orientem solem.*

*Белгите почнуваат од крајните граници на Галите и се протегаат до долниот дел на реката Рен; гледаат на север и на исток*

**Ab**-praep.c. abl .-ab extremis finibus abl.separat.
**extremis**-abl.pl.- extremus3 adi. superl. de extra adv.
**finibus**-abl.pl.-finis,-is(m);
**oriuntur**-3. pl.ind.praes.act. –orior 4, ortus sum
**pertineo** 2,-tinui, -3. pl indic.praes.act.-pertineo<teneo - e>i;
**ad**- praep. c. acc inferiorem partem –acc. finalis
**inferiorem** –acc.sg.-inferior,-ius- comp.-inferus 3 adi
**partem**- acc. sg.- pars, partis(f)
**fluminis**-gen. sg.- flumen,-inis(n)
**Rheni** –gen. sg. (gen. poss)- Rhenus, -I (m) -fluminis Rheni – gen.poss.
**spectant**-3. pl ind.praes.act.-specto1; сп. спектар, инспектор
**in**-praep.c.acc.
**septentrionem**-acc.sg.-s.septentrio,-onis(m)
**orientem**-acc.sg.-s.oriens,-entis (m)
**solem**- acc. sg. –s.sol, solis(m);

*Aquitania a Germana flumine ad Aquitania a Garumna flumine ad Pyranaeos montes et eam partem Oceani, quae est ad Hispaniam, pertinet; spectat inter occasum solis et septentriones.*

*Аквитанија се протега од реката Гарумна до Пиринејските планини и на тој дел на Океанот којшто е до Хиспанија; гледа помеѓу запад и север.*

**Aquitania**-nom.sg.
**a**-praep.c.abl. –a Garumna flumine
**Garumna**-abl.sg.-v.supra
**flumine**-abl.sg..-v.supra
**ad**-praep.c.acc.
**Pyrenaeos**-acc.pl.-Pyrenaeus 3
**montes**-acc.pl.-s.mons, montis (m)
**eam**-acc.sg. (f)-is, ea, id-pron.demonstr. partem-acc.sg.-s.pars, partis (f)
**Oceani**-g.-Oceanus, -i (m)
**pertinet**-3.sg.ind.praes.act.-v.supra
**spectat**-3.sg.ind.praes.act.-v.supra
**inter**-praep.c.acc.
**occasum**-acc.sg.-occasus,-us (m)
**solis**-gen.sg.-s.sol, solis (m)
**occasus solis**- запад (залез на сонцето)
septentriones, -um-север

Во првата глава од Comentarii de bello Gallico најмногу се употребуваат глаголи во презент и повеќето од глаголите се во modus indicativus.Се употребуваат имиња на реки коишто всушност ги определуваат границите на трите дела на кои е поделена Галија, претставуваат природни граници меѓу трите дела.Тоа се реките Гарумна , Матрона и Секвана. Исто така се споменати и делумно опишани народите кои се населени во секој од трите дела во Галија.

*2. Apud Helvetios longe nobilissimus fuit et ditissimus Orgetorix.*

*Оргеторикс бил мошне благороден и особено богат кај Хелветијците.*

**Apud**-praep.c.acc
**Helvetios**-acc.pl.-Helvetii,-orum(m)
**longe**-adv.
**nobilissimus**-nom.sg. (m)-superl. –nobilis, -e-adi.
**et**-coniunct.
**ditissimus**-nom.sg.(m)-superl. (=divitissimus)-dives,-itis-adi. (=dis, ditis)

**fuit**-3.sg.ind.perf.act.-sum,esse, fui
**nobilissimus et ditissimus fuit**-им.прирок

*Is M. Messala, M. Pisone consulibus regni cupiditate inductus coniurationem nobilitatis fecit et civitati persuasit, ut de finibus suis cum omnibus copiis exirent: perfacile esse, cum virtute omnibus praestarent, totius Galliae imperio potiri.*

*Во времето на конзулите М. Месала и М. Писон, поради силна желба за царска власт, тој направи заговор со благородништвото и ги убеди сограѓаните со сите луѓе да излезат од нивните граници: дека е мошне лесно да завладеат со цела Галија, бидејќи предничат пред сите по храброста.*

**Is**-nom.sg. (m)-is,ea,id-pron.demonst.
**M. Messala, M. Pisone consulibus**-abl.absol.
**M(arco) Messala**-abl.
**M(arcus),-i** (m)
**Messala, -ae** (m)
**M(arco) Pisone**-abl.
**Piso, -onis** m.
**consulibus**-abl.pl.-s.consul,-ulis(m)
**inductus**-nom.sg.(m)-part.perf.pass.-inductus,-a-um: induco3-duxi,-ductum
**cupiditate**-abl.sg. (abl.causae)-s.cupiditas, -atis(f).
**regni**-gen.sg. (gen.obiecti)-s.regnum,-i(n)
**coniurationem**-acc.sg.-s.coniuratio, -ionis(f)
**nobilitatis**-gen.sg. (gen.subi.)-s.nobilitas,-atis(f)
**fecit**-3.sg.ind.perf.act.-facio3feci, factum
**civitati**-dat.sg.(dat.obiecti)
**persuasit**-3.sg.ind.perf.act.-persiuadeo 2 -suasi,-suasum c.dat.
**ut**-coniunct.fin.
**de**-praep.c.abl.
**finibus**-abl.pl.
**suis**-abl.pl.
**cum**-praep.c.abl.
**omnibus**-abl.pl.
**copiis**-abl.pl.-s.plur.tant. copiae, -arum(f)
**exirent**-3.pl.coniunct.impf.act. –exeo 2, -ii,-itum
**perfacile**-acc.sg. (n)-perfacilis, -e-adi.
**esse**-inf.praes.-sum, esse, fui
**perfacile esse**-pred. acc.c.inf.
**cum**-coniunct.causalis
**virtute**-abl.sg. (abl.limit.)-s.virtus, -utis f.
**praestare**-inf.praes.act.-praesto, -stiti, -stitum, (cf. simpl. sto1, steti, statum)-v.intr.c.obi.in dat.
**omnibus**-dat.pl. (m)
**totius**-gen.sg.(f) (gen.obi.)-totus,-a,-um-adi.pron. сп.тотален во мак.
**Galliae**-gen.(gen.obi.)
**imperio**-abl.sg.(abl.instr.)-s.imperium, -ii (n), сп. империја
**potiri**-inf.praes.v.dep. potior 4, potitus sum

*Id hoc facilius iis persuasit, quod undique loci natura Helvetii continentur: una ex parte flumine Rheno latissimo atque altissimo, qui agrum Helvetium a Germanis dividit; altera ex parte monte Iura altissimo, qui est inter Sequanos et Helvetios; tertia lacu Lemanno et flumine Rhodano, qui provinciam nostram ab Helvetiis dividit.*

*Полесно ги убедил со тоа, што Хелветијците од сите страни се опколени според природата на местото: од едната страна со реката Рен, каде што е најширока*

**id** – acc.sg.(n)- is, ea id, pron. demonstr.
**hoc**-abl.sg. (n) (abl.causae)- hic,haec,hoc, pron. demonstr. hic,haec,hoc< *hi-ce, haice,*hod-ce-синкопа во краен отворен слог и асимилација *hodc(e)>hocc>hoc
**facilius** – comparat.adv.
**iis** – dat.pl. (m)- is,ea,id, pron. demonstr.
**persuasit** – 3.sg.ind.perf.activi-v.supra
**quod** –coniunctio
**undique** – adverbium
**loci** – gen. sg.-s.locus, -i (m)
**natura**–abl.sg. (abl.limit.)-s. natura,-ae(f)
**Helvetii** – nom. pl.-s. Helvetii,-orum
**continentur** –3.pl.ind. praes. pass. contineo 2 , -tinui, -tentum, v. teneo
**una** – abl.sg.(f)- unus,-a,-um- num. card. **ex** – praep. c. abl.

*и надлабока, која го дели полето на Хелветијците од она на Германите; од друга страна со највисоката планина Јура, која е меѓу Секванците и Хелветијците; од трета со Леманското езеро и со реката Родан, коишто нашата провинција ја делат од Хелветијците.*

**parte** – abl.sg.-s. pars, partis(f) pars<*parts<*partis
**una ex parte –**abl. separ.
**flumine** – abl.sg.od flumen, -inis(n)
**Rheno** – abl.sg.od Rhenus, -i(m)
**latissimo** –abl. sg. superl. adi. latus 3
**atque** – coniunct.
**altissimo** –abl.sg. superl. adi. altus 3
**qui** –coniunct. relat.
**agrum** – acc.sg. -s. ager,agri(m)
**Helvetium** -acc.sg.-adi. Helvetius 3
**a** – praep. c. abl.
**Germanis** – abl.pl. (abl.separ.)
**dividit** – 3.sg. ind. praes.act.- divido 3
**altera** – abl.sg. (f)-adi. pron. alter,-a,-um
**monte**- abl.sg.-s. mons, montis(m), mons<monss<monts <montis (ts>ss>s)
**Iura** – abl.sg.-s. Iura,-ae(f)
**est** – 3.sg. ind. praes.- sum,esse,fui
**inter** – praepositio c. acc.
**Sequanos** – acc.pl.- Sequani,-orum(m)
**Helvetios** – acc.pl. od Helvetii,-iorum(m)
**tertia** – abl.sg. (f)- tertius,a,um num. ord.
**lacu** – abl.sg. (abl.instr.) lacus,-us(f), сп. англ. lake
**Lemanno** – abl.sg.-s. Lemannus,-i (m)
**Flumine** – abl.sg.-s. flumen, -minis(n)
**Rhodano** – abl.sg. –s.Rhodanus,-i (m)
**monte Iura, lacu Lemanno, flumine Rhodano-** abl. instrum**. (undique continentur)**
**provinciam** – acc.sg.-s. provincia,-ae(f), сп. провинција
**nostram** – acc.sg. (f), pron. poss. noster,-a,-um
**ab** – praep. c. abl.
***ab Helvetiis*** - abl.separationis
**dividit** – 3.sg.ind. praes. act. - divido 3

*His rebus fiebat ut et minus late vagarentur et minus facile finitimis bellum inferre possent; qua ex parte homines bellandi cupidi magno dolore adficiebantur.*

*Поради овие околности се случуваше и помалку да скитаат и потешко да покреваат војни со соседите; од таа гледна точка луѓето желни за војување беа многу незадоволни.*

**His**-abl.pl.(f)-pron.demonstr.hic,haec,hoc
**rebus** – abl.pl. (abl.caus.)-s. res, rei(f)
**fiebat** – 3.sg. ind. impf. act. fio,fieri factus sum
**ut et minus late vagarentur et minus facile finitimis bellum inferre possent** -послед. реч.
**ut** – coniunct.
**minus late** compar. descript. – adv.
**vagarentu**r – 3.pl. coni. Impf. pass. 3l.pl.od vago(r)1
**minus facile** – compar. descript.- adv.
**finitimis** – dat.pl. –s. finitimi,-orum (m)
**bellum** – acc.sg. -s. bellum, -i(n)
**inferre** – infinitiv od infero 3, tuli, latum
**bellum inferre** (c.dat.)- да покрева војна
**Possent** – конјуннктив на имперфект во 3l.pl.од possum,posse,potui, фонетски possum <*potsum Ts>ss
**qua** – abl.sg. (abl.sep.)
**ex** – praep. c. abl.
**parte** – abl.sg. (abl.sep.)
**homines** – nom.pl. –s. homo,-inis(m)
**bellandi** – gerund in gen.- bello 1 (gen.obiecti, cf. cupidi)
**cupidi –** nom.pl. (m)-adi. cupidus3
**magno** -abl.sg. (m)

**dolore** –abl.sg.-s. dolor,doloris(m)
***magno dolore***- abl.instr.
**adficiebantur**–3.pl.ind.impf.pass.-adficio=afficio 3 -feci, -fectum

*Pro multitudine autem hominum et pro gloria belli atque fortitudinis angustos se fines habere arbitrabantur, qui in longitudinem milia passuum CCXL, in latitudinem CLXXX patebant.*

*Сообразно и со мноштвото на луѓето и со воената слава и храброст сметаа дека им се тесни границите, кои се протегаа во должина од 240 илјади чекори, а во широчина од 180.*

**pro** – praep. c. abl.
**multitudine** – abl.sg.-s. multitudo,-inis(f) ***pro multitudine*** – abl.causae
**autem** – coniunc.
**hominum** –gen.pl.-s. homo,-inis(m)
**gloria** – abl.sg.-s. gloria,ae(f)
***pro gloria*** - abl.causae
**belli** – gen.sg. (gen.obi.)
**fortitudinis** – gen.sg. (gen.obi.)-s. fortitudo,-dinis(f)
**angustos** – acc.pl.-adi. angustus 3
**se** –acc. – pron. refl.
**habere** – inf. - habeo 2,
**arbitrabantur** – 3.pl.ind. na impf.act. -arbitror 1
**se angustos fines habere-**acc.c.inf. cf. arbitrabantur
**longitudinem** – acc.sg.-s. longitudo, -inis(f)
**milia** –acc.pl. (acc.loci) – num. card.
**passuum** – gen.pl.(gen.partit.)-s. passus,-us(m) mille passus – 1478 m.
**CCXL-** num.Rom. -240 ( x 1478)
**latitudinem** – acc.sg. (acc.loci)-s. latitudo,-inis(f)
**CLXXX** – num. Rom. -180 ( x 1478)
**patebant** – индикатив на имперфект активен во 3. pl. од pateo, 2
**…qui in longitudinem milia passuum CCXL, in latitudinem CLXXX patebant**.- релат. реч.

***3.*** *His rebus adducti et auctoritate Orgetorigis permoti constituerunt ea, quae ad proficiscendum pertinerent, comparare, iumentorum et carrorum quam maximum numerum coemere, sementes quam maximas facere, ut in itinere copia frumenti suppeteret, cum proximis civitatibus pacem et amicitiam confirmare.*

*Поттикнати од овие работи и заведени од авторитетот на Оргеториг, одлучиле да ги подготват оние работи што се однесуваат на походот: да купат што е возможно поголем број крупен добиток и коли, да засејат што повеќе жито, за да имат доволна количина храна на патот и да го зацврстат мирот и пријателството со соседните народи.*

**His rebus**....**auctoritate**-abl.caus. cf. adducti, permoti
**adducti**- nom.pl. partic. perf.pass. <adduco, 3 -duxi, -ductum
**permoti-**nom.pl. part.perf.pass.-permoveo 2,-movi, -motum
**constituerunt-**3.pl.ind.perf.act. -constituo 3, ui,constitutum предикат од глаголот
**Orgetorigis-**gen.possesivus
**quae pertinerent-**односна реченица во конјунктив на имперфект,бидејќи се искажува мислењето на субјектот на главната реченица, а не на писателот.
**ad proficiscendum-**gerund. in acc.
**iumentorum et carrorum-**gen. partit. **iumentum**,-i,(n)
**(se) comparare, coemere, facere, confirmare-**inf.praes.act. – acc.c.inf.
**quam maximum-**суперлатив со quam се преведува со компаратив
**(se) sementes facere-**да засеат
**ut suppeteret-**3.sg.coni.impf. **<**suppeto 3 petivi, petitum <*sub-peto –bp->-pp-
**ut in itinere copia frumenti suppeteret**… – зависно целна реч.
**in itinere-**abl.loci od iter,itineris (n)
**frumenti**-gen.partit. покрај copia- s.frumentum,-i (n)
**cum proximis civitatibus**-abl.instr.
**pacem-**acc.sg.-s.pax, pacis (f)
**amicitiam-**acc.sg.-s.amicitia, -ae (f), cf. amicus

*Ad eas res conficiendas biennium sibi satis esse duxerunt; in tertium annum profectionem lege confirmant.*

*Сметале дека две години им се доволни за да ги извршат овие работи, а за третата година со закон го потврдиле походот.*

**Ad eas res conficiendas-**герунд претворен во герундив(<ad conficiendum eas res)
**biennium satis esse -**acc.c.inf. , cf. **duxerunt**
**sibi**-dat.obi.
**in tertium annum-**acc.sg.
**profectionem-**acc.sg.-profectio,-ionis (f)-obi.dir.
**lege**-abl. (abl.modi)- lex,-gis,f
**confirmant-**3.pl.ind.praes.act.-confirmo 1

*Ad eas res conficiendas Orgetorix deligitur.*

*За извршувањето на овие работи бил избран Оргеторик.*

**Ad eas res conficiendas -**герунд претворен во герундив(<ad conficiendum eas res)
**Orgetorix** –nom.sg
**deligitur-**3.sg.ind.praes.pass.-deligo 3, -legi, -lectum <*de-lego

*Is sibi legationem ad civitates suscepit.*

*Тој го презел на себеси пратеништвото кај државите.*

**is**-n.sg.(is,ea,id-pron.demonstr.)подмет
**sibi –**dat.obi.
**legationem**-acc.sg. od legatio, -ionis, f -obi.dir.
**suscepit** 3.sg.ind.perf.act.-suscipio, 3 -cepi, -ceptum, cf. capio

*In eo itinere persuadet Castico Catamantaloedis filio Sequano, cuius pater regnum in Sequanis multos annos obtinuerat et a senatu populi Romani amicus appelatus erat, ut regnum in civitate sua occuparet, quod pater ante habuerat.*

*На тој пат го убедил Секванецот Кастик, синот на Катаманталојд,чијшто татко многу години имал неограничена кралска власт кај Секванците и кој од сенатот беше бил наречен пријател на римскиот народ, да ја земе кралската власт во својата земја,што татко му пред тоа ја имал.*

**in eo itinere**-abl.temporis
**persuadet**-3.sg.ind.praes.act.-persuadeo 2-suasi, -suasum
**Castico…filio Sequano** –obi., cf. persuadeo
**Catamantaloedis-**gen.poss.
**cuius**-gen.poss.(m)-qui,quae, quod-pron. rel.
**pater-**nom.sg. -subi.
**regnum-**acc.sg.-obi.
**in Sequanis**-abl.loci
**multos annos**-acc.pl. (acc.temp.)
**obtinuerat-**3.sg.ind.pl.perf.-obtineo 2- -tinui, -tentum, cf. teneo
**a senatu-** abl.sg. (abl. auct.)
**populi Romani**-gen.poss.
**amicus-**атр-
**appellatus erat-**3.sg**.**ind.plperf.pass.
**ut regnum in civitate sua occuparet-**зависно финална реч.
**quod pater ante habuerat-**релат. реч.

*Itemque Dumnorigi Haeduo, fratri Diviciaci, qui eo tempore principatum in civitate obtinebat ac maxime plebi acceptus erat, ut idem conaretur, persuadet eique filiam suam in matrimonium dat.*

*Исто така Хајдуецот Думнориг, братот на Дивикијак кој во тоа време беше на чело во државата и му беше мошне омилен на народот, го убеди да се обиде да го направи истото и му ја даде ќерка си за жена.*

**Dumnorigi Haeduo, fratri**-dat.obi.
**Diviciaci-**gen.poss. Diviciacus,-i(m)
**qui-** nom.sg.(m)-pron.rel. (qui,quae,quod)
**eo tempore-**abl.temporis
**principatum** –obi.dir.-s.principatus, -us (m)
**civitate**-abl.loci
**obtinebat-** 3.sg.ind.impf.act., obtineo, cf. teneo
**maxime-**adv. superl. -magnopere
**acceptus erat**-3.sg. ind.impf.act.
**plebi**-dat.obi.
**ut idem conaretur-**постул. реч**.**
**eique-**dat.sg.(obi.indir.)
**filiam suam-**acc.sg. (obi.) filia,-ae(f)
**matrimonium-** acc.sg.
**dat-**3..sg.ind.praes.act.(do1, dedi, datum

*Perfacile factu esse illis probat conata perficere, propterea quod ipse suae civitatis imperium obtenturus esset: non esse dubium, quin totius Galliae plurimum Helvetii possent; se suis copiis suoque exercitu illis regna conciliaturum confirmat.*

*Ним им потврди дека е многу лесно да се изведе обидите да се спроведат на дело, бидејќи тој самиот има намера да ја заземе власта во својата држава: нема сомнение дека Хелветијците се најмоќни во цела Галија; потврди дека тој , со своето граѓанство и со својата војска ним ќе им ги приклучи кралствата.*

**perfacile esse…perficere-**acc.c.inf. cf. probat
**factu-**abl.sup.
**quod ipse... obtenturus esset-** зависно-прич. реч. во конј. со quod caus.
**suae civitatis-**gen.obi.
**non esse dubium, quin-** консекутивна реч.
**se conciliaturum esse**- acc.c.inf., cf. confirmat(verbum dicendi)
**suis copiis suoque exercitu-**abl.soc.

*Hac oratione adducti inter se fidem et iusiurandum dant, et regno occupato per tres potentissimos ac firmissimos populos totius Galliae sese potiri posse sperant.*

*Поттикнати од овој говор тие меѓу себе си дале збор и си дале заклетва, се надевале дека откако ќе ја освојат кралската власт, преку трите најмоќни и најсилни народи ќе можат да ја заземат цела Галија.*

**hac oratione-**abl. caus.
**inter –** praep. c. acc.
**se-**acc.
**fidem**-acc.sg. -obi.-s. fides, -ei (f)
**iusiurandum-** acc.sg.-obi.
**dant**-3.pl.ind.praes.act.
**regno occupato-**abl.abs.
**occupato**-abl.sg. part.perf.pass.-occupo1, cf. capio
**per**- praep.c. acc.
**potentissimos** –acc.pl. superl.- adi.potens, -ntis
**firmissimos**-acc.pl.superl.-adi. firmus 3
**se posse potiri –**acc.c.inf., cf. sperant

*4. Ea res est Helvetiis per indicium enuntiata.*

*Оваа работа им била јавена на Хелветијците со поткажување.*

**ea**-nom.sg. (f)-pron.demonstr.is, ea, id
**res, rei** (f)- nom.sg.
**per** -praep. c. acc.
**indicium**-acc.sg.-s.indicium,-ii (n)
**enuntiata est** -3.sg. ind.perf.pass.-enuntio1

*Moribus suis Orgetorigem ex vinculis causam dicere coegerunt.*

*Според своите обичаи го принудија окован да се брани на суд.*

**moribus suis**-abl.pl. (abl.modi)
**ex vinculis**-abl.pl. (abl.separ.)
**Orgetorigem causam dicere**-acc.c. inf.
**coegerunt**- 3.pl.,ind.perf.act. cogo 3 coegi, coactum

*Damnatum poenam sequi oportebat, ut igni cremaretur.*

*Нему, кога би бил осуден, требаше да му следи казната –да биде изгорен.*

**damnatum** -acc.sg. (m) –part.perf.pass. damno1
**poenam sequi** -acc.c.inf. cf. oportebat
**ut igni cremaretur**-финална реч.
**igni** –dat.sg.-s.ignis, -is (m), сп. оган
**cremaretur** –coni.impf.pass.-cremo 1

*Die constituta causae dictionis Orgetorix ad iudicium omnem suam familiam, ad hominum milia decem, undique coegit, et omnes clientes obaeratosque suos, quorum magnum numerum*

**die constituta** - abl.abs.
**dictionis**=dictio,-onis-gen.sg.
**suam familiam**= acc.sg.
**milia decem**=број , n.cardinalia

*habebat, eodem conduxit; per eos ne causam diceret se eripuit.*

*На денот определен за одбрана на процесот, Оргеториг на судењето ги собрал од сите страни сите свои робови, околу десет илјади луѓе; на истото место ги довел и сите свои штитеници и должници, кои беа многубројни; преку нив се извлекол да не се брани.*

**coegit**= cogo, 3., perf.act.
**omnes clientes**=omnis clientis,acc.,pl.
**obaeratos**= acc.,pl.
**quorum**= qui,quae,quod;gen.,pl.
**magnum numerum** -gen.partit.
**conduxit**=conduco,3, 3l.,sg. perf.act.
**ne** – прич. сврз.
**ne causam diceret se eripuit**-прич. реч. **eripuit**=eripuo,3l.sg. perf.act.

*Cum civitas ob eam rem incitata armis ius suum exsequi conaretur multitudinemque hominum ex agris magistratus cogerent, Orgetorix mortuus est; neque abest suspicio, ut Helvetii arbitrantur, quin ipse sibi mortem consciverit.*

*Кога граѓаните, огорчени заради тоа, се обиделе да го одбранат со оружје своето право, и власта собрала мноштво луѓе од полињата, Оргеториг умрел; и нема сомневање, како што мислат Хелветијците, дека се самоубил.*

**Cum civitas ob eam rem**...-врем. реч.
**incitata**-part.perf.pass.-incito,1
**armis** - abl.instr.-s. arma,-orum (n)
**exsequi** – inf.praes.-exsequor 3 exsecutum sum, сп. егзекуција
**conaretur** - 3.sg. coni. impf. –conor 1
**hominum** - gen.pl. (gen.partit.)
**ex agris** - abl.pl. (abl.separ.)
**magistratus** - nom.pl.
**mortuus est** – 3.sg.perf. –morior 3 mortuus sum
**ut Helvetii arbitrantur** - споредб. реч.
**quin ipse sibi mortem consciverit** - реч. со quin
**ipse** –nom.sg. (m)-pron.demonstr. ipse, ipsa, ipsum
**consciverit** – 3 sg. coni. perf. act. - conscisco 3

# Q. V. Catulli Carmina (excerpta)

Л. Стрезовска - Темовска,
Н. Чурлик - Ангелакова
координатор на групата: М. Чешларов

## I Уводна белешка: Лирика

Во антиката се појавиле и се развиле три книжевни родови: лирика, епика и драма. Оваа поделба е извршена според предметот и според начинот на подражавање во секој од трите рода. Според предметот литературните родови се разликуваат по тоа што лириката го прикажува светот на човековите чувства, неговите доживувања, радост, болка, надеж, разочарување, неговиот внатрешен, субјективен живот. Во лирската песна поетот ни ги соопштува своите чувства за некоја појава што го возбудила и при тоа не ја прикажува таа појава во нејзиниот развоен тек. Поради тоа лирската поезија се нарекува и субјективна поезија.

Наспроти лириката, во епската поезија се раскажува некоја случка. И тоа се прикажува на тој начин што поетот зборува за таа случка како за нешто што е надвор од него и што нам тој ни го пренесува како очевидец. Низ целата таа слика што поетот ни ја прикажува како да ја гледа од страна, сепак тој посредно ги искажува и своите чувства. Епската поезија уште се нарекува и објективна поезија. бидејќи поетот зборува за појавите кои се случуваат надвр од него, кои објективно постојат надвор од поетот.

Драмската поезија во поглед на предметот на прикажување ги спојува во себе својствата на лирската и епската поезија. Нејзиниот предмет на прикажување е личност што дејствува, И таа покажува внатрешни доживувања како во лирската поезија, а од друга страна сето тоа го прикажува во дејство како во епската поезија.

Кај овие три литературни родови постои и разлика во начинот на прикажување. Во лирската поезија, која ги изнесува чувствата на поетот, поважно е самото чувство, отколку уметничката слика со која се изразува. Заради тоа уметничката слика во лирската поезија не ни дава многу точен и конкретен опис на некоја личност или предмет туку кај нас предизвикува одредено емоционално расположение. Сликата во лириката е само наговестување на одредено чувство. За разлика од лириката епската поезија ни дава пообјективна слика на некоја случка. А, пак, во драмата самите личности зборуваат и дејствуваат и на тој начин драмата ни го прикажува самиот живот, но не како опис, како во епската поезија, туку во облик на вистински живот.

Видовме дека како предмет на лирската поезија се внатрешните, субјективни чувства на поетот. Карактеристично за лирската песна е тоа дека таа е кратка и дека во неа нема нарација, нема фабула, нема развиток на некоја случка. Во неа има главен мотив, кој на разни начини варира и се проширува со воведување на нови, слични или контрасни мотиви, но тие воопшто не ја раздвижуваат темата напред во смисла на причинско-последичен развиток на случката. Затоа за лирската песна се вели дека е составена од низа на статични моти-

ви, кои што во различни варијации зборуваат за иста тема јакнејќи го нејзиниот впечаток. Групирањето на тие мотиви околу главниот мотив се изведува асоцијативно, т. е. тоа здружување се изведува според расположението на поетот. Во поглед на самата композициска структура во повеќето лирски песни може да се забележи типична схема на таа структура: првиот мотив во песната истовремено е и главниот мотив преку кој се искажува и темата на песната; во другиот мотив темата се развива со воведување на нови детали, и најпосле во третиот мотив се дава некој вид на емоционален заклучок. Сите три мотиви можат и понатаму да се развиваат со додавање на нови поединости но тоа развивање мора да има мерки и да оди до вообичаените граници на лирската песна. Поврзувањето на мотивите во лирската песна се врши преку таканаречени лирски паралелизми. Тоа се повторување на исти зборови и изрази на почетокот или на крајот на стиховите (анафора и епифора), и повторување на исти синтаксички конструкции.

Според чувството што се изразува во лирската песна лириката обично се дели на: лирика на непосредно чувство, лирика на воодушевување и рефлексивна лирика. Во првата група спаѓаат песни во кои поетот ги изнесува своите најинтимни и најсубјективни чувства за некои случајни појави или случки кои што го возбудиле. Такви се најчесто љубовните и описните песни, во кои поетот најобичните и секојдневни појави го возбудуваат и го потсетуваат на неговото длабоко лично чувство.

Во другата група на песни би припаѓале оние во кои што поетот пее за чувствата кои ги доживуваат и многу други луѓе околу поетот, значи за колективни чувства, кои што поетот ги доживува појако отколку останатите луѓе. Во овие песни поетот се воодушевува на некоја општа идеја и чувство: морално, социјало, патриотско и др.

Во третата група припаѓаат песните во кои што некоја длабока мисла се претвора во чувство. Поетот тука не изнесува некоја мисла просто како вистина, туку таа мисла е секогаш проткаена, обоена со чувства. Поетот првенствено го изнесува својот емоционален став спрема таа вистина.

***Хеленска лирика***

Општествените промени што се случиле во 8 и 7 век пр. н. е. како и развојот на музиката биле природни текови кои овозможиле народната лирика да се трансформира во уметничка лирика и така да се роди новиот поетски вид кој ќе опстане до денес.

Општествените промени кои се случиле се: пропаѓање на старите кралства, сталешките борби, колонизациите, како и морално- религиозната борба против традицијата од која сака да излезе современиот човек. Имено таквите општествени промени го стават поединецот во центарот на случувањата, не се веќе толку важни боговите и хероите туку моменталните случувања, учеството на секој еден во истите како и последиците што се доживуваат и чувствуваат од тие промени.

Поетот како и поединецот сака да ги искаже своите чувства и доживувања од секојдневниот живот. За таа цел се организираат и натпревари каде поетот преку стихови и го пренесува чувството на публиката. Воедно тој преку стиховите кажани во метар мора да ја истакне својата ученост, авторитет, мудрост, достоинство, божјата вдахновеност, а во исто време и да испрати морално - религиозна порака. Тој честопати дава и свој суд кој му го наметнува на народот. Песната станува реалитет со мерка. Мерката т. е. совладувањето на

страстите , на прекумерноста како и одржувањето на истата е сржта на хеленската лирика и етика.

Новите политичко - економски и социјални односи бараат премин од еп кон лирика, т. е. премин од традиција кон самостојност, излегување од минатото кон сопственото доживување, чувство, суд. Што се однесува до музиката и нејзиниот развој треба да се каже дека секој лиричар бил и музички образован човек кој се трудел својата песна да и ја приближи на публиката не само преку чувствата туку и преку ритамот и новиот изум во музиката, а тоа е хармонијата и усовршувањето на музичките инструменти.

Во музиката освен китарата, формингата и лирата се јавуваат и други музички инструменти како на пример: пектида, магадида, феник и барбитон. Потоа харфоликите: самбика и тригонон, клепсијамб, јамбик и најпосле фрулата.

Треба да се каже дека сите овие инструменти доаѓаат од Фригија и Лидија, значи не се грчки, но Хелените успеале да им дадат свој печат кој ќе одговара на нивните потреби и на тој начин создаваат своја автогена музика. Музиката е битен дел од животот на Хелените, таа е одраз на нивната духовна состојба, а имала и големо морално - воспитно влијание.

### *Монодија*

Обликот и содржината на хеленска лирика се гледа преку монодијата каде спаѓаат елегијата, јампската поезија, меликата и хорската лирика. Елегијата е во тесна врска со епот. Јампската поезија е сатирично - рефлексивна и реалистична. Меликата е чиста лирика во која поетот ги изразува своите чувства. Хорската лирика е совршен спој на зборот, музиката и играта каде преку поетот зборува народот.

Ние тука ќе се задржиме на меликата која доаѓа од зборот *melos*, што значи попевка. Како што лириката воопштено доаѓа од народот така и за меликата посебно се смета дека била еден од облиците на народната поезија. Таа се пишува во строфа во логаедички метар каде се здружуваат дактилите и трохеите, а е придружена од музичкиот инструмент барбитон. Значи меликата повеќе од елегијата и јампската поезија, а помалку од хорската лирика го искористува музикалниот елемент што на песната и дава особена леснотија и живост. Прва задача на меликата како и на другите литерарни родови била моралното-религиозно воздигнување на народот и моралната поука.

Според предметот за кој пее меликата може да биде политичка, почесна или љубовна песна. Нејзини претставници се Алкеј и Сапфо од островот Лезбос и Анакреонт од Јонија. Веднаш по основањето на библиотеката во Александрија овие тројца поети се ставени во монодичката лирика.

### *Сапфо*

Поетесата Сапфо твори кон крајот на 7 и почетокот на 6 в. пр. н. е. Потекнува од островот Лезбос кој изобилувал со секакви природни убавини, а трговијата придонесувала да има поголема живост, а со тоа и самиот народ да биде поведар и полн со животна радост. Музиката пак и гимнастиката го чинеле елементарното образование на жителите. Не било необично жените да творат во тогашниот хеленски свет, но жените на островот Лезбос имале поголема слобода и права од било кои хеленски жени.

Во едно такво окружување творела и работела поетесата Сапфо во своето женско училиште. Сапфо постојано била окружена со своите ученички, кои тука го поминувале

времето до своето мажење. Тие биле главна инспирација за поетесата. Сапфо кон тие девојки чувствувала пријателство, а бројните морални поуки и совети кои им ги давала на своите ученички ни кажуваат за духот кој владеел во училиштето. Во една од своите песни таа зборува за калокогатијата која била најголем етички идол на Хелените "Кој е убав, Ќе им се чини на очите добар, но кој е добар, истовремено ќе биде и убав".

Телесната убавина била битна за Сапфо но многу побитна била духовно- моралната убавина, која се добива со образованието. За Сапфо двете убавини прават едно цело. Она што епската поезија го поставува како норма за убавина има општо, традиционално, значење и како такво постои и во лириката но само како украс, убавината кај лириката е индивидуално чувство. Ученичките предизвикуваат кај Сапфо љубов, страст, жал но во духовна, а не телесна смисла. Затоа таа и се чувствувала како нивна духовна мајка.

Воспитни средства биле музиката, играта, хорското и соло пеењето, пеењето во придружба на лира и читањето на сопствената поезија и поезијата на другите поети.

Сапфо најмногу пеела химни, епиталамии и љубовни песни. Во химните ги славела Афродита, Харитите и Музите, Ерос и пее за разни митови. Во љубовните песни Сапфо ги изразува своите чувства, лични, општи, весели, тажни кои кај неа ги предизвикуваат нејзините ученички. Меѓу тие песни е и песната која ја наоѓаме во превод кај Катул (51)

Во средиштето на нејзината љубовна поезија се личните еротски доживувања, личните желби и мечтаења кои таа со искрено и длабоко чувство и со силна страст ги опишува во своите песни . Токму тоа ја одвојува од другите поети и токму затоа Катул и Хоратиј гледаат во неа недостижен пример на кој ќе сакаат да му се приближат.

Сапфо се служи и со сликањето на природата, но не само како гледач и мислител туку како длабоко доживување на истата не само со сетилата туку и со душата.

Сапфо е позната по својата Сапфина строфа. Во истата строфа пишува и Катул и Хоратиј во римската литература.

***Александриска лирика***

Во времето на Александар Македонски започнува вториот круг на грчката поезија, позната како хеленистичка, или александриска поезија.

Во 3 век пр. н. е. александриската литература е повеќе репродуктивна, но сепак во неа има прекрасни дела иако poeta divinus е заменет со poeta doctus.

Александриската поезија се развива и негува воглавно во училиштата, библиотеките и научните работилници. Сега веќе поетите не пеат за народот туку за потесен круг учени слушатели и за членовите на дворот кои пак се далеку од секојдневниот живот на обичниот човек.

Исто така, александриските поети не сакале големи дела туку помали со ограничена должина, па оттука се раѓаат и развиваат нови поетски видови како: службена и световна химна, епилија т. е. мал еп, потоа лирска и субјективно-еротична елегија, мим, буколска идила и особено епиграмот. Исто така, некогашното изобилство на метрички облици е заменето со прост хексаметар или елегијски дистих. Терминот „александризам“ во литературата добива значење на разгалена, сувопарна ученост со убав облик, но без идеја, со сјаен стил но без општествена тенденција.

Во овој период особено се развива епиграмот кој станал кратка песна во елегијски дистих со различна содржина.

Силата на хеленистичката уметност се гледа во областа на ситните облици: во изразувањето на интимните чувства, во создавање облик од секојдневниот живот, моменталното расположение.

Елегијата како лирски облик се изменила со тоа што се ограничува на еротиката, а со прифаќање на некои епски елементи станала некаков вид на балада, која го потиснува големиот еп и покрај себе го трпи само малиот еп.

Нејзин најстар представник е Филет, а најугледен меѓу александриските поети е Калимах (310 - 240). Тој се истакнал како библиотекар и и дал основа на историјата на хеленската литература, пишувал проза но и песни со различна содржина и тоа: елегии од кои ја издвојуваме „Береникината плетенка“ испеана 246 год. , а која ја наоѓаме во латински превод кај Катул.

Калимах исто така пишувал епилии, сатирични песни и епиграми. Епиграмите се за вистински или измислени надгробни споменици, но има и епиграми кои се замислени како натписи за книги. Во сите тие Калимах се јавува како остроумен човек кој со малку зборови умее да изрази силни судови. Целото творештво на Калимах оддава намерно оддалечување од класичното песништво, особено од Хомер, и свесно тежнеење да се задоволи модерниот вкус. Од Калимах се зачувани во оригинал 6 химни и 63 епиграми.

Покрај Калимах со своите елегии се истакнал и Еуфорион во 3в. пр. н. е. на кој се огледале Катул, Корнелиј Гал, Вергилиј. Еуфорион бил од Евбоја, студирал философија во Атина, а потоа бил библиотекар во сириска Антиохија, еден од најголемите центри на хеленистичкиот исток. Составувал епиграми и особено го сакал малиот еп со митолошка содржина омилен меѓу хеленистичките учени поети. Малиот еп можел да ја покаже ученоста и мајсторската техника во композицијата и версификацијата. Еуфорион сакал комплициран стил, ретки изрази, митолошки алузии.

***Неотериците***

За непосреден претходник на неотериците се смета Лајвиј кој во 1 век ст. е. во своите песни „Еротопаегниа“ обработува еротска тематика во облик на александриските играрии.

Во средината на 1 в. пр. н. е. во Рим група млади и талентирани поети се собираат за да уживаат во својата поетска работа и за да водат учени разговори. Членовите на овој поетски кружок се наречени неотерици (*neoterikoi*) или *poetae novi,* на чие чело стои угледниот граматичар и писател Валериј Катон. Други негови припадници биле Хелвиј Кина, Партениј од Никаја, Корнелиј Гал (заслужен за развојот на љубовната елегија во Рим), Ликиниј Калв, Фуриј Бибакул и др. Кикерон иронично ги нарекува и cantores Euphorionis и со тоа укажува на омилениот грчкиот пример на неотериците и воедно се подсмева на упорното земање теми и мотиви од делата на Еуфорион.

Неотериците ја прифаќаат хеленистичката теорија за творештво и од неа ги прифаќаат главните принципи, а тоа се :

– негување на лирските и малите епски форми,

– ревитализација на елегијата,

– внесување на учени и митолошки содржини измешани со еротика,

– виртуозност и патетика во изразот.

Се смета дека иако неотериците ги прифаќаат принципите на александриската поезија истовремено и ги упростуваат, посебно александрискиот учен артизам чиј најголем претставник е Калимах. Сепак даваат значаен допринос за развитокот на римската поезија, притоа потпирајќи се на живата и современа грчка песна. Од делата на неотериците зачувано е многу малку или опстојале под друго име, за разлика од делото на Катул како нивни најголем претставник чие дело ни е сочувано во целост.

Неотериците по однос на јазикот се служат со народниот говор кој веќе бил прифатен во сатирата и сценската лакрдија, а се служат и со поетскиот јазик на патетичната римска трагедија и епиката на Ениј.

***Катул***

Катул твори во класичниот период на Римската литература, или во третиот златен период (од диктатурата на Сула до смртта на Август, од 80 год. пр. н. е. до 14 год. н. е. , т. е. во првиот потпериод, а тоа е векот на Кикерон (80 – 30 год. пр. н. е. ). Катул е прв и најголем римски поет на субјективната љубовна поезија.

Делото на Катул го сочинуваат 116 песни, околу 2400 стиха и е поделено на три дела според метричкиот облик и обемот на песните:

– во првиот дел се песните од 1 до 60. Тоа се пократки песни со различна содржина во разни лирски облици.

– во вториот дел се песните од 61 до 68. Тоа се поголеми песни меѓу кои се и хеленистичките мали епови.

– во третиот дел се песните од 69 до 116. Тоа се епиграми во елегиски дистих.

Не се знае дали ваквиот распоред на песните го направил самиот Катул или тоа го направиле подоцнежните негови наследници и издавачи.

Темите кои Катул ги обработува во своите песни се пред се чувствата и тоа преку: љубовта и сите состојби на љубовта кон Лезбија/Клодија (радост, восхит, страст, тага, жал, разочарување), омразите, пријателствата, непријателствата, слики од природата, гозбени песни, подбивни песни, трачеви, анегдоти и случки.

Љубовната лирска поезија - е чувствена, сетилна поезија каде поетот пее од дното на својата душа, од најдлабоките делови на својата интима. Катул тоа го остварува преку непосредниот и спонтан израз, искреното и длабоко чувство и доживување кое единствено може да се сретне во својот полн облик во старата грчка лирика (Сапфо).

Навистина е реткост и во светската литература да се наиде на поет кој така длабоко и искрено ќе ја опише својата љубов кон една жена од почеток до крај. Катул се чини дека лесно ја освоил Клодија и уживал во нејзините убавини (2, 3, 5, 7, 51, 68, 86), но не бил единствениот, а за тоа дознаваме од самиот Катул кој ги спомнува своите ривали (37, 39, 40, 77, 82, 91) Патем поетот ни кажува дека Клодија/Лезбија била и мажена(83) за конзулот Квинт Метел Келер, пишува и за братот на Клодија/Лезбија, Лезбиј кого го нарекува убав – Pulcher (79), а пишува и за љубовникот на Лезбија Марко Келиј Руф (69, 77). Катул иако знае се за Клодија /Лезбија (58) сепак ја сака искрено, од дното на душата, со целата своја страст (87). Катул не може да престане да ја сака (70, 72) но во исто време заради нејзината непостојаност, нејзините доаѓања и заминувања (36, 107, 109), кај Катул се повеќе расте љу-

бовната болка, патењето и разочарувањето (38, 75, 85) Најпосле Катул се чувствува бедно (8), ја прекинува врската со Клодија (76) и не сака да ја обнови (11) после своето враќање од Битинија.

До појавата на Катуловата поезија не се среќава машки лик кој е потполно подреден на карактерот, темпераментот на една жена. Таа подреденост на вљубениот е нов елемент во поезијата кој дотогаш не се среќава. Но и Катул живее во едно ново, модерно време каде римската богата жена има повеќе слобода и права да живее, да се движи и да има што сака. Така во создавањето на Катуловата љубовна поезија голем удел штествените состојби. Исто така, во антиката воопшто има многу малку субјективна љубовна лирика (Сапфо) која би била и автобиографска, па така слободно може да се каже дека Катул дал нешто сосема ново и необично не само во римската туку и во севкупната античка литература. Но неговата љубов сепак останува во рамките на сензуалноста, на сетилното, чувственото. Исто така, љубовта која за грчката лирика е болест која го поматува здравиот разум тоа останува во добар дел и кај Катул. Катуловата песна не смееме да ја оценуваме тргнувајќи само од нејзините грчки примери. Тука се среќаваме со онаа појава на општествено и индивидуално условеното избирање, творечко подражавање и адаптирање на грчките примери, кое и дава обележје на севкупната римска литература.

Во делото на Катул среќаваме и други женски ликови (27, 32, 41, 42, 43, 59, 86, 110) кои најверојатно биле анонимни девојки со низок морал. Меѓу песните има и неколку посветени на момчето Јувенциј (24, 48, 99).

Катул прв пишува и елегија(101, 76) и епилиј (64, 65, 66).

Спојот на повеќе епиграми пишувани во елегиски дистих ја чини елегијата на Катул каде на прво место е чувството, а на второ митот и тоа повеќе како украс. Катул е претходник на субјективната римска елегија.

Во своите песни, разновидни по тема Катул се јавува како poeta doctus - епитет кој го имаат александриските поети, а тоа значи учен поет и артист кој особено во епилијот искреноста ја заменува со ученост, страста со елеганција, чувствата со разум, а сето тоа со вешта употреба на метрите. Во епилијот Катул го употребува митолошкиот елемент во полна мера кој е карактеристика на александризмот. Меѓутоа и тука може да се почувствува топлото љубовно чувство кон Лезбија/Клодија , што се пробива низ ученатa митологија и сложената александриска техника. Катул ги подражава александриските поети во долготрајната и стрплива работа, во ситните поетски облици, во префинетата форма, но не не ја става формата над содржината и вештината над талентот. Всушност тој е индивидуалист, а тоа не е ниту позајмено ниту превземено од александријците. Неговата индивидуалност е повеќе одлика на општествените прилики во кои тој живее и твори. Катул со својот талент и вештина умее да ја прикрие хеленската техника. Тој грижливо одбира што ќе превземе и подражава и на тоа му дава свој личен печат што ќе го направи оригинален во поетската уметност. Кај Катул силното субјективно доживување прави спој со хеленистичкиот артизам. Тука лежи посебната сила и вредност на Катуловото творештво. Треба да знаеме дека Катул пишувал за одреден круг учени поети и образовани луѓе. Публиката пред која се рецитирани песните не ги следела со разбирање само интимните чувства на поетот туку строго е проценувана секоја песна, т. е. колку и во која мера се остварени книжевниот вид, сите негови особености и правила.

Катул пишувал епиграми со различна содржина. Епиграмите на Катул се израз на доживувањето во рамки на епиграматската традиција, примерно остварување на тој книже-

вен вид и неговите закони. Тој пишувал љубовни епиграми во елегијски дистих (70, 72, 75, 85, 87, 92) но и во сапфина строфа (11) Во нив наоѓаме искрено излевање на чувствата. Катул на епиграмот му дава вистинска лирска искреност, каква немало во античката поезија уште од Сапфо.

Катул пишува и сатирични и политички епиграми и јамби полни со зајадливост и ирониј каде лично без некоја цел напаѓа угледни личности како на пр. Кикерон, Кајсар, Помпеј или некои нивни помошници, (10, 14, 22, 28, 29, 36, 49, 54, 57, 93, 94, 95, 105, 113, 114, 115). Катул пишува песни и со друга различна содржина на пр. за патувањето во Битинија (10, 28), за јахтата (4, 46), за враќањето во Италија и др. Тоа се пригодни песни во кои повторно може да се почувствува младешкиот дух на поетот и во кои пишува и за своите пријатели. (4, 10, 12, 14, 22, 31, 35, 38, 46, 50, 53, 56, 95, 96, 113). Меѓутоа ваквите песни немале никакви последици врз Катул бидејќи немале политичка заднина. Сепак многу ни кажуваат за животот во Рим за време на Каесар, тие се повеќе во римски и италски дух од љубовните песни.

Катул пишува љубовни песни и во холијамб - хром јамб (8). Холијамбот е стих на скоптичната поезија на грчките јамбографи и тој стих на подбивна песна му наметнува на античкиот поет особени барања, не само метрички туку и содржински. Стихот е пократок, изразот пожив, зборот помалку достоинствен.

Катул има напишано и неколку епиталамии во разни метри (3, 64, 61, 62).

Пишува и песни кои припаѓаат на разни видови на хеленистичка ситна поезија. Такви се еротопаегниа, галантна шега или нуги - ситни песни (1, 13, 45, 46, 70).

Катул е единствен претставник, пред сè, на субјективната римска љубовна поезија чие дело ни е сочувано во целост, и кое го плени и денешниот читател со искреното и длабоко излевање на чувствата.

## II Оригинален текст

Q. Valerii Catulli
Carmina

*2.*
Passer, deliciae meae puellae,
quicum ludere, quem in sinu tenere,
cui primum digitum dare appetenti
et acres solet incitare morsus
cum desiderio meo nitenti
carum nescioquid libet iocari,
credo, ut, cum gravis acquiescet ardor,
sit solaciolum sui doloris:
tecum ludere, sicut ipsa, posse
et tristes animi levare curas
tam gratumst mihi quam ferunt puellae
pernici aureolum fuisse malum,

quod zonam soluit diu ligatam.

*3.*

Lugete, o Veneres Cupidinesque,
et quantumst hominum venustiorum!
passer mortuus est meae puellae,
passer, deliciae meae puellae,
quem plus illa oculis suis amabat:
nam mellitus erat suamque norat
ipsam tam bene quam puella matrem,
nec sese a gremio illius movebat,
sed circumsiliens modo huc modo illuc
ad solam dominam usque pipiabat.
qui nunc it per iter tenebricosum
illuc, unde negant redire quemquam.
at vobis male sit, malae tenebrae
Orci, quae omnia bella devoratis:
tam bellum mihi passerem abstulistis.
o factum male, quod, miselle passer,
tua nunc opera meae puellae
flendo turgiduli rubent ocelli!

*5.*

Vivamus, mea Lesbia, atque amemus,
rumoresque senum severiorum
omnes unius aestimemus assis.
soles occidere et redire possunt:
nobis, cum semel occidit brevis lux,
nox est perpetua una dormienda.
da mi basia mille, deinde centum,
dein mille altera, dein secunda centum,
deinde usque altera mille, deinde centum.
dein, cum milia multa fecerimus,
conturbabimus illa, ne sciamus,
aut nequis malus invidere possit,
cum tantum sciat esse basiorum.

*51.*

Ille mi par esse deo videtur,
ille, si fas est, superare divos,
qui sedens adversus identidem te
spectat et audit

dulce ridentem, misero quod omnes
eripit sensus mihi: nam simul te,
Lesbia, aspexi, nihil est super mi
<vocis in ore;>

lingua sed torpet, tenuis sub artus
flamma demanat, sonitu suopte
tintinant aures geminae, teguntur
lumina nocte.

otium, Catulle, tibi molestumst:
otio exsultas nimiumque gestis:
otium et reges prius et beatas
perdidit urbes.

# III Анализа

## *Песна 2.*

Напишана е во *versus hendecasyllabus* (*phalaeceus*): lklkklklklkk.

Клучниот збор во оваа песна е passer (врабецот) за кој пее Катул. Врабецот (миленичe на богатите госпоѓи во Рим, каква што била и Лезбија/Клодија) и бил посветен на божицата Венера.

Катул од самиот почеток со својот опис на играта меѓу господарката и миленичето нé наведува на чувственост. Врабецот е радоста на неговата љубена, со кого таа постојано игра, го милува, ја чувствува неговата топлина, треперење, а со сето тоа таа ја развеселува својата душа.

Во целата песна Катул, стих по стих, како да ни создава слика по слика, која најпосле станува целина - жена која со радост се забавува со своето миленичe. Тука тој се потврдува како ненадминлив артист кој умее песната да ни ја претстави како слика од зборови.

Уште една карактеристика на Катуловата поезија е подреденоста, зависноста на љубовникот од љубената, што е исто така новина во римската литература. Тој е подготвен да си игра со нејзиниот миленик, па дури посакува самиот да биде на негово место за да ја придобие нејзината љубов.

Се смета дека оваа песна е напишана на почетокот на љубовната врска меѓу Катул и Клодија, и ја опишува искрената љубов, не само меѓу господарката и миленичето, туку и поетовата желба за искрена љубов со Клодија.

*Passer, deliciae meae puellae,*
*Quicum ludere, quem in sinu tenere,*

**v.1. passer** - nom.sg.; passer, -eris (m) -подмет
**deliciae** - nom.pl; deliciae, -arum (f) (pl.tantum)
**meae** - gen.sg (pron.poss.) meus, -a, -um
**puellae** - gen.sg.; puella, -ae (f)
**meae puellae** – gen.poss.
**deliciae meae puellae**-апозиција на passer; *puel-la<*puer-la =регрес.асимилација*
**v.2. quicum** = quocum - abl.sg. (socii) од qui, quae, quod (pron.relat.)
**ludere** - inf.praes.act.; ludo 3, lusi, lusum
**quem** - acc.sg. (obiecti dir.); од qui, quae, quod (pron.relat.)
**in** (praep. со acc. и abl.)
**sinu** - abl.sg. (loci) од sinus,-us (m)
**tenere** - inf. praes. act. од teneo2 , -ui, -tum

*Quicum(star abl.)<quocum*
*Lude-re<*lud-e-se – ротацизам*
*Tene-re<*tene-se*

*Cui primum digitum dare appetenti*
*Et acris solet incitare morsus,*

**v.3. cui** - dat.sg.; од qui, quae, quod (pron.relat.) - dat.commodi
**dare** - inf.praes.act.; do1, dedi, datum
**appetenti** - dat.sg., part. praes. act.
**appeto** 3, -petivi, -petitum
**primum** - acc.sg.; primus 3
**digitum** - acc.sg.;digitus,-i (m)
**primum digitum** - acc.dir.obiecti
*da-re<*da-se = ротацизам*
*ap-peto<*ad-peto = асимилација*
**v.4. et** (*coniunct.*)
**acris** - gen.sg.; acer, -cris, -cre
**morsus** - gen.sg.; morsus, -us (m)
**incitare** - inf. praes. act.; incito, 1 - inf. obiecti
**solet** - 3.sg; soleo 2, -, solitus sum; глагол кој покрај себе има инфинитивите како објекти
*et < eti = апокопа*
*in-cita-re<*in-cita-se = ротацизам*

*Cum desiderio meo nitenti*
*Carum nescio quid libet iocari,*

**v.5. cum** - (*coninct*. iterativum)
**desiderio** - dat.sg.; desiderium, -i (n)
**meo** - dat.sg.; pron. poss. meus,-a,-um
**nitenti** – dat.sg., part.praes.act.; part.coniuc.
**desiderio meo** – dat. poss.
**nitor**, 3 nixus (nisus) sum
**v.6 carum** - acc.sg.; carus, 3
**carum libet iocari** – acc. cum inf.
**libet**, 2 libuit, libitum est - verb. impers.
**iocari** – inf. praes.pass.; iocor,1-(verb.depon.)
**nescio** - 1.sg. ind.praes.act; nescio 4, -ivi, -itum
**quid** – Acc.nom.sg. (pron.interrog.) quis,quid
*libet* : *lubet*
*ioca-ri<*ioca-sai/sei =ротацизам*

*Et solaciolum sui doloris,*
*Credo, ut tum gravis acquiescat ardor:*

**v.7. et** (*coninct.*)
**solaciolum** -acc.sg.; solaciolum, -i (n) acc.dir.obiecti
**sui** - gen.sg. (pron.poss.reflex.) suus,-a,-um
**doloris**-gen.sg.; dolor, -oris (m)
**sui doloris** – gen.poss.
**v.8. credo** - 1.sg.; ind.praes.act. од credo, 3 -didi, -ditum
**ut** - (*coninct*) – со verba dicendi et sentiendi за зелба во барателни реч.
**tum** (*adv.*)
**acquiescat** - 3.sg.; coniunct. praes. act.; (coniunc. optativus) од
**acquiesco** 3, -quievi, -quietum
**gravis** - nom.sg.; gravis,-e
**ardor** – nom.sg.; ardor, -oris (m)
**gravis ardor** - подмет
*ac-quiesco<*ad-quiesco= асимилацуја*

*Tecum ludere sicut ipsa possem*
*Et tristis animi levare curas!*

**v.9. tecum** – abl.sg.; tu (pron.pers.) - abl. socii
**ludere** - inf. praes. act.; ludo, 3 inf.obiecti
**sicut** (*coninct.*)

**ipsa** - abl.sg. ipse,-a,-um (pron.demonstr.) abl. socii
**possem** -1.sg. coniunct.imprf. activi possum, posse, potui; coniunct. optativus
*Possum<*po(ts)um(асимилација)*
*<*pot(i)sum(синкопа)<*pote- sum*
*i-pse<*is-pse = дисимилација*
**v.10. tristis** – gen.sg.; tristis,-e
**animi** - gen.sg.; animus, -i (m)
**tristis animi** – gen. poss.
**levare** - inf. praes. act.; levo,1 inf.obiecti.
**curas** – acc.pl.; cura, -ae (f) -acc.dir.obiecti

## *Песна 3.*

Миленичето на Лезбија, нејзиното врапче, угинало, па поетот го оплакува и се обидува да ја утеши саканата.

Песната е напишана во *versus hendecasyllabus*.

*Lugete, o Veneres Cupidinesque,*
*Et quantum est hominum venustiorum!*

*Плачете, о Венери и Купидони,*
*И колку што има (од) понежни луѓе!*

**Lugete** – Imper. I, 2. Pl. - прирок
**O Veneres Cupidinesque** - Voc. pl., Venus,-eris *f.* и од Cupido,-inis *n.*
**quantum** - Acc.sg., quantus, -a, -um
**est** - 3.sg. ind. pres., sum, esse, fui
**hominum venustiorum** -G.pl. partitivus
**homo,-inis** *m.*
**venustus**,-a,-um /компар. venustior,-ius/
**Барателна реченица со императив**

*Passer mortuus est meae puellae,*
*Passer, deliciae meae puellae*
*Quem plus illa oculis suis amabat,*

*Умре врабецот на мојата девојка,*
*Врабецот, радоста на мојата девојка*
*Кој што повеке таа го сакаше од своите очи*

**Passer,-eris** (m) - N.sg. - подмет
**mortuus est** – 3. sg., indic. perfecti pass. од morior, 3 mortuus sum – прирок
**meae puellae** - G.sg. posses.; meus,-a,-um (pron. poss.) puella, -ae
**deliciae, -arum** (f) -N.pl. (plur. tantum) -апозиција на passer
**quem** - Acc. sg. (m), qui, quae, quod (pron. relat.)
**plus** (*adi.*) – компар. од multus, -a, -um
**illa** - N.sg. f., ille, illa, illud (pron. demostr.) - подмет
**oculis suis** - Abl.pl. (comparationis) – amabat – 3. sg., ind. imperf. activi, amo,1
**...Quem plus illa oculis suis amabat** -релативна реченица

*Nam mellitus erat suamque norat*
*Ipsa tam bene, quam puella matrem.*

*Имено сладок беше и ја познаваше*
*Така добро, како што самата девојка*
*ја знае (својата) мајка..*

**Mellitus** 3 (*adi.*) N. sg. m. – подмет (се однесува на passer)
**erat** – 3. sg., ind. imperf. activi - прирок
**norat** = noverat – 3. sg. ind. plusquamperf. nosco, 3, novi, notum
**suam** - Acc.sg. *f.*, suus, -a, -um (pron. poss. refl.)
**ipsa** - N. sg. *f.*- ipse, ipsa, ipsum (pron. demon.) - подмет
**bene** – (*adv.*)
**puella** – N.sg., puella, -ae *f.* - подмет
**matrem** - Acc. sg., mater,-is *f.* – директен предмет
**Ipsa tam bene, *quam puella matrem*.** - Споредбена реченица со индикатив

*..Nec sese a gremio suo movebat*
*Sed circumsiliens modo huc modo illuc*
*Ad solam dominam usque pipiabat.*

*..Ниту се помрднуваше од нејзиниот скут,*
*Туку потскокнувајќи час овде час онде*
*Непрестајно и црцореше*
*на својата господарка.*

**Sese** = se - Acc.sg. (pron. refl.)
**a** – praep. co Abl.
**gremio suo** - Ab.sg., gremium, -ii *n.*;
**suo** - Ab.sg., suus, -a, -um (pron. poss. ref.)
**movebat** – 3.sg., ind. imperf. act. - прирок
**Circumsiliens** – N.sg., part. praes. activi, circumsilio, 4 (се однесува на passer, -is m.)
**modo** – (*adv.*)
**huc…illuc** - (*adv.*)
**ad** - predlog so Acc.
**solam** - Acc.sg. *f.*, solus, -a, -um;
**dominam** - Acc.sg., domina, -ae *f.*
**usque** = semper (*adv.*)
**pipiabat** -3. sg. – ind. imperf. act., pipio,1 - прирок

*..Qui nunc it per iter tenebricosum*
*Illuc, unde negant redire quemquam.*

*..Кој што сега оди по темниот пат*
*онаму, од каде одрекуваат*
*дека било кој се вратил.*

**qui** - N.sg.*m.* од qui, quae, quod (pron. relat.) - подмет
**nunc** – (*adv.*)
**it** – 3. sg., ind. praes. act. eo, ire, ii, itum - прирок
**per** – (*praep.* со Acc.)
**iter** - Acc.sg. од iter, itineris *n.*
**tenebricosum** - Acc. sg. *n.* (се однесува на iter), tenebricosus, -a, -um
**illuc... unde** - (*adv.*)
**negant** -3. pl. ind. prees. act. - прирок
**redire** – inf. praes. act. од redeo, -ire, -ii, -itum
**quemquam** - Acc.sg. од quisquam, quidquam (*pron. indef.*)
**redire quemquam** - конструкција ACI покрај *verbum dicendi*: negare
**Qui nunc it per iter tenebricosum** -релативна реченица

*..At vobis male sit, malae tenebrae*
*Orci, quae omnia bella devoratis..*

*И вам ви посакувам зло, зли темнини*
*на Орк, кои што сè што е убаво*
*уништувате...*

**vobis** - D.pl. од vos (pron. pers.) -индиректен предмет
**male** – (*adv.*за начин)
**sit** – 3.sg. coni. praes. act. од sum, esse,fui (coniunc. optativus)
**malae** - V.pl. *f.* од malus, -a, -um
**tenebrae** – V.pl. од tenebrae, -arum *f.*
**Orci** – G.sg. од Orcus,-i *m.*
**Omnia** - Acc.pl. *n.* од omnis, -e и bella - Acc.pl. *n.* од bellus, -a, -um - директен предмет
**devoratis** – 2.pl, ind. praes. act. од devoro,1-прирок

*…tam bellum mihi passerem abstulistis.*
*O factum male, o, miselle passer!*

*..Толку убавиот врабец ми го земавте.*
*О зло дело, о, кутро врапче!*

**tam** – *adv.* за начин
**bellum passerem** - Acc.sg. *n.*- директен предмет
**mihi** - D.sg. од ego (dativus incommodi)
**abstulistis** – 2.pl., ind. perf. act. од aufero, auferre, abstuli, ablatum -прирок
**miselle** – V.sg. од miser, -era, -um
**passer** - V.sg. од passer, -eris *m.*

*Tua nunc opera meae puellae*
*Flendo turgiduli rubent ocelli.*

*Сега по твоја вина на мојата девојка*
*и се црвенеат од плачење*
*немирните очиња.*

**tua opera** - Abl.sg. од tuus,-a,-um и opera,-ae *f.* (abl. causae)
**meae puellae** - G.sg. *f.*- од meus,-a,-um puella,-ae (gen. possesivus)
**flendo** - gerundivum (Abl. sg.) од fleo 2,-evi,-etum
**turbiduli ocelli** (demin.) - N.pl. *m.*-подмет
**rubent** – 3. pl., ind. praes. act. од rubeo 2, -ui - прирок

## *Песна 5.*

*Vivamus, mea Lesbia, atque ametmus*

*Да живееме, моја Лезбијо, и да се сакаме*

**Vivamus... amemus** - конјуктив на презент активен (coniunct. adhortat.)
**mea** - V.sg. f.; meus, -a, -um (pron. poss.)
**Lesbia** – V.sg.; Lesbia, -ae

*..Rumoresque senum severiorum*
*Omnes unius aestimetmus assis…*

*II озборувањата на строгите старци*
*Сите да ги процениме на еден ас..*

**Omnes rumores** - Acc.pl. (m); rumor,-oris; omnis,-e (obiect. dir.)
**senum severiorum** - G.pl. (poss) од senex,-is и severior,-oris – comp. od severus,-a,-um
**unius assis** - G.sg.; unus assis (Gen. pretii) покрај гл. aestimemus (coniunct. adhortat.)

*..Soles occidere et redire posunt*

*Сонцето може да изгрева и да заоѓа*
*(Сонца можат да заоѓаат*
*и повторно да изгреваат)*

**soles** - N.pl.; sol, -is (m) - подмет
**occidere... redire** – inf. praes. act. од occido, 3; redeo, -ire, -ii, -itum
**posunt** – 3. pl. ind. praes. act. од possum, posse, potui

*…Nobis, cum semel occidit brevis lux*
*Nox est perpetua una dormienda.*

*Нам, кога еднаш ќе ни зајде*
*кусата светлина*
*ноќта ни е/останува*
*една вечна за спиење...*

**nobis** - D.pl. (comm.) од nos (pron. pers.)
**cum semel occidit brevis lux...** - временска реченица
**semel** - прилошки број
**occidit** – 3.sg.; ind.perf.act. – прирок
**brevis lux** - N. sg. f.од brevis, -e; lux, -cis - подмет
**Nox…una...** - N.sg.. од nox,-tis (f) и unus, -a, -um - подмет
**perpetua** - N.sg. (f); perpetuus, -a, -um се сложува со nox, -tis во род,број и падеж и е дел од именскиот прирок
**dormienda** -N.sg. (f) - герундив од dormio, 4
*occidit<*occedit<*ob-cadit-апофонија и асимилација*

*...Da mi basia mille, deinde centum*
*Dein mille altera, dein secunda centum*
*Deinde usque altera mille, deinde centum*

*Дај ми илјада бакнежи, потоа сто*
*Потоа други илјада, потоа други сто*
*Потоа уште други илјада, потоа сто...*

**da** – 2. sg.; Imper. I од do,1, dedi, datum
**mi** = mihi - D.sg. од ego - индиректен предмет
**basia** - Acc.l. од basium, -ii (n) - директен предмет
**mille**; **centum** (numeralia cardinalia)
**dein** = deinde (*coninct.*)
**altera** -Acc.pl.(n) – alter, -a, -um (pron. adi.)
**secunda** - Acc.pl.(n); secundus, -a, -um (num. ord.)

*…Dein, cum milia multa fecerimus…*

*Потоа, кога многу илјади*
*(бакнежи) ќе направиме...*

**Временска реченица со cum temporale**
**milia multa** - Acc.pl. (n) - директен предмет
**fecerimus** – 1.pl.; futur II act. – facio, 3 feci, factum - прирок

*…Conturbabimus illa, ne sciamus..*

*Ке ги измешаме оние (илјада),*
*за да не знаеме..*

**conturbabimus** – 1. pl.; Fut. I act. conturbo,1 - прирок
**illa** - Acc.pl.n. ille, -a, -ud (pron. dem.)
**...ne sciamus...** - целна реченица
**sciamus** – 1.pl.; coni. paes. act. од scio, 4 scivi, scitum

*...Aut ne quis malus invidere possit...*

**Aut ne quis ....** - целна реченица

*ИЛи за да не може некој зол*
*да ни завидува...*

**quis malus** - N.sg. (m) - подмет
**invidere** – inf. praes. act. од invideo, 2
**possit** – 3.sg.; coni. praes. act. од possum, posse, potui

*...Cum tantum sciat esse basiorum.*

*Кога би знаел дека се толку бакнежи.*

**Tantum...esse...**- ACI
**tantum** - Acc.sg. од tantus, -a, -um
**esse** – inf. praes. од sum, esse, fui
**sciat** – 3.sg.; coni. praes. act. од scio, 4 scivi,scitum - прирок
**basiorum** - G.pl. (partit.) од basium, -ii (n)

## *Песна 51.*

Ова е најстара сочувана песна во која Катул ја опева љубовта кон Лезбија. Првите три строфи се, всушност, превод на една песна од Сапфо, а последната строфа е на Катул.

Со оглед на метарот тоа е прва латинска песна во сапфина строфа која се состои од четири стиха: првите три се единаестерци, кои се состојат од трохеи, здружени со дактил во средната стопа, а четвртиот стих е адонијски стих кој се состои од дактил и трохеј.

*Ille| mi par| esse de|o vid|etur*
*Ille,| si fas| est, super|are| divos*
*Qui sed|ens ad|versus i|denti|dem te*
*Spectat et| audit.*

*Клучниот збор во оваа строфа е ille – оној , т.е. саканиот, љубениот, Катул.*
*Првата строфа ја кажува Лезбија, обраќајќи му се на некое трето лице и зборувајќи за Катул.*
*Катул се јавува во двојна улога: на раскажувач и оној што е или би сакал да биде предмет на обожување.*
*Таа (Лезбија) го изедначува со бог, со она што е над смртноста и што е вечно.*
*Во третиот и четвртиот стих таа зборува за однесувањето на Катул кон неа како објект на неговото запазување (spectat et audit).*

**v.1. Ille par esse videtur** – Nom. cum inf.
**Ille** – nom.sg. *m*., pron.dem. – подмет на конструкцијата
**par** –n.sg. *m* од par, paris (*adi.*)
**esse** inf. од sum,esse, fui – прирок на конструкцијата;
**videtur** - ind. praes. pass. 3. sg. video,2 vidi,visum; verbum regens
**mi** = mihi - dat. pron.pers. 1.sg. ego
**mi** -dat. obiecti indirecti
**deo** – dat.sg od deus,-i *m*; dat.finalis
**v.2. ille** – nom.sg., pron.dem. ille, -a, -ud
- подмет
**si** – coniunct.
**fas est** – прирок покрај ACI (superare divos) како подмет
**superare** - inf.praes.act. од supero1-avi, atum
**divos** - acc.pl.; divus,-i *m*.
**v.3. qui** - nom.sg. *m*. pron.rel.
- подмет
**sedens** - nom.sg., part.praes.act.
**sedeo**, 2 sedi, sesum; атрибутен парт.
**adversus** (*adv.*)
**identidem** (*adv.*);
**te** - acc., pron.pers. 2.sg. tu; acc.obiecti directi
**v.4 spectat** – 3.sg., ind. praes. act - specto1,-avi,-atum прирок
**audit** – 3.sg., ind.praes.act. - audio, 4 -ivi, -itum прирок
**et** (*coninct.*)
*v.1.es-se - инф.наст.*-se*
*v.2.supera-re<* supera-se – ротацизам*
*v.4.et<*eti –апокопа*

*Dulce| riden|tem, (m)ise|ro quod |omnis*
*Eripi|t sens|us mihi;| nam si|mul te*
*Lesbi(a)|,adspe|xi,nihil| est su|per mi,*
*Lesbia, vocis*

**v.5 Dulce** – (*adv.*)
**ridentem** – part.praes.act., acc.sg.; rideo 2 предикатен part. (се преведува со исказна реченица)
**v.5-6 mihi**-dat.sg. pron.pers.; ego
**misero** – dat.sg. miser,-a,-um (*adi.*)
**mihi misero** - dat.ind.obiecti

*Клучниот збор во оваа строфа е ridentem т.е. dulce ridentem околу кое се врти целата мисла на поетот.*
*Во втората строфа, за разлика од првата, говори самиот Катул.*
*Објектот е самиот тој и неговото чувство (omnis sensus). Катул на самиот почеток се нарекува беден, несреќен, во склад со мисленьето дека љубовта е некаква болест која го заматува умот.*
*Поетот говори во миг кога му се случува одземањето на секое чувство, под силен емотивен притисок. Штом ќе ја здогледа љубената Лезбија/Клодија не само што му се одземаат чувствата туку останува и без глас, занемува. Катул овде дава една психолошка слика на вљубениот човек. Во овие два стиха тој отворено и искрено и се обраќа на Лезбија.*

**quod** – nom.sg.; pron.rel. qui,quae,quod
**omnis** - nom.sg.;omnis,-e (*adi.*); sensus – nom.sg. sensus,-us *m*;
**omnis sensus** – nom.sg. podmet
**Eripit** – 3.sg.,ind.praes.act. eripio,3 ripui, reptum - прирок;
**v.5-6 исказна реч. со индикатив**
**Nam** (*coninct.*)
**Te** - acc.од tu (pron.pers.); acc. obi. dir.
**v.6-7 simul** (*adv.*)
**adspexi** – 1.sg. ind.perf.act.
**aspicio**, 3 spexi, spectum;
**simul adspexi** – зависна временска реч. со ind.perf.act. за предвременост, каде simul се јавува како сврзник;
**v.7-8 Lesbia** – voc.sg. од Lesbia, -ae *f.*
**nihil** – nom.sg., pron.def. - подмет
**superest** 3.sg. од supersum,-esse,-fui - прирок;
**mi** = mihi – dat.sg.; pron.pers. ego dat.obiecti indirecti
**vocis** – gen.sg. vox, - cis *f*;gen.partitivus
*v.5 Ridente(m),misero - елизија*
*v.7specio<spicio – апофонија e<i*
**adspecio>*asspecio>aspicio - асимилација*
*v.7.Lesbi(a),adspexi – елизија*
*Nihil > ne + hilum – асимилација e>i*
*Est super = super est - тмеза*
*v.8. vox <*voc – i –s –синкопа на i*

*Lingua| sed tor|pe(t), tenu|is sub| artus*
*Flamma| dema|nat, soni|tu su|opte*
*Tinti|nant au|res, gemi|na te|guntur*
*Lumina| nocte*

*Во целата трета строфа Катул ги наведува промените кои настануваат кај човекот како последица на емоциите,чувствата , кои се јавуваат во присуство на саканиот/-та:*
*- привлекување на вниманието (dulce ridentem)*
*- запазување (adspexi)*
*- чувство (sensus)*
*- промена (superest vocis, lingua sed turpet……)*
*II во оваа строфа се гледа доброто познавање на психологијата кај Катул. При анализата на овие три строфи мора постојано да се има на ум дека тие, всушност, и припаѓаат на Сапфо. При анализа на другите песни на Катул може да се види влијанието од грчката поетеса Сапфо особено во искреното и длабоко чувство на поетот, во психологијата која кај Катул е порафинирана, како и во извесниот артизам.*

**v. 9. Lingua**-nom.sg. lingua,-ae *f.* - подмет
**torpet** -3.sg., ind.praes.act. од torpeo 2,-ui,-; прирок
**sed** (coniunct)
**v.9.-10. tenuis** – nom.sg.; tenuis,-e (*adi.*) flamma – nom.sg; flamma,-ae *f.*
**tenuis flamma** - подмет
**sub** (praep.) со acc. и abl.
**artus**,-us *m.*-acc.pl.; acc. obiecti dir.
**demanat** 3.sg., ind.praes.act.; demano,1-прирок
**sonitu** – abl.sg., sonitus,-us, *m.*
**suopte** – abl.sg.; suus,-a,-um; pron. poss. reflex. + -pte;
**sonitu suopte** abl. causae
**v.11 Tintinant** -3.pl., ind.praes.act; tintino1 - прирок
**aures** –nom.pl.;auris,-is *f.* – подмет
**v.11-12 gemina** - nom.pl., geminus, 3
**lumina** – nom.pl.; lumen,-inis *n.*
**gemina lumina** - подмет
**teguntur** -3.pl., ind. praes. pass.
**tego** 3 texi, tectum - прирок
**nocte** –abl.sg., nox,-ctis *f.*; abl.causae
Целата строфа е независно-сложена реченица во индикатив, т.е. составена од повеќе исказни реченици
*v.12 Lumen ,- inis – апофонија*
*v.12 Nox <*noc – i – s – синкопа на i*

*Otium,| Catul|le, tibi| moles|tum est*
*Otio| exsul|tas nimi|umque| gestis*
*Otium| et re|ges prius| et be|atas*

**v.13 Otium** - nom.sg., otium,-i *n.* –подмет
**Catulle** - voc.sg.; Catullus,-i (m)
**tibi** - dat.sg.; pron.personale; dat. obiecti indirecti
**molestum est** – именски прирок

*Perdidit |urbes*

*Клучниот збор во четвртата строфа е otium - бездејственост, денгубење или летаргија како последица на чувствата. Ова води до пропаѓање на самиот човек, физички и психички, правејќи споредба со кралевите и градовите, мислејќи можеби на Хомеровата Троја, Елена, Парис. Сапфо својата песна ја завршува со страдање и поднесување, а Катул со пропаѓање. За Сапфо е разбирливо ученичките да го напуштат училиштето, додека кај Катул се работи за друг вид љубов, која тој сака да ја има, да ја задржи. Кај него се насетува измачување, но и очекување и надеж дека ќе му се возврати љубовта од саканата личност.*

**molestum** nom.sg.;molestus 3;
**est**-3 l.sg.ind.praes.od sum,esse,fui
**v.14 Otio** - abl. sg. otium,-i (n);abl.causae
**exsultas** – 2.sg., ind.praes.act. exsulto1-прирок
**nimium** (*adv.*)+ -que (*coninct.*)
**gestis** - 2.sg., ind.praes.act. gestio 4; -прирок
**v.15. Otium** - nom. sg.; - подмет
**et** (*coninct.*)
**reges** – acc.pl., rex,-gis (m); acc.dir.obiecti
**prius** (*adv.* во компаратив)
**beatas** - acc.pl., beatus 3;
**urbes** - acc.pl., urbs,-bis (f)
**beatas urbes** - Acc.dir.obiecti
**Perdidit** – 3.sg., ind.perf.act.;
**perdo** 3, -didi, -ditum; - прирок
*v.13.Molestumst – елизија*
*v.14Exsulto <* ex-salto – делумна апофонија во среден затворен слог*

# III

## Избор од индивидуални семинарски работи на теми од изборните предмети

# Листа на изборни предмети

за мастер студии по дидактика на класични јазици

1. Антички книжевни теории
2. Античка реторика
3. Латинска палеографија
4. Грчка палеографија
5. Латинска епиграфика
6. Грчка епиграфика

# Иронијата во "Втората Филипика" на Кикерон

Светлана Кочовска

Феноменот *ирониј*а поради својата повеќеслојност и полисемантичност предизвикува голем интерес од антиката до денес. Овој интерес резултира со своевидна 'историја на иронијата' и со неопфатно голем број истражувања кои се занимаваат со најразлични аспекти на иронијата и кои имаат тенденција да прераснат во еден вид иронологија.[1] Извесно стеснување на широката и богата палета на значења на иронијата претставува вербалната ирониј или иронијата како реторска категорија. Неодминливо значење во традицијата и развојот на овој концепт имаат реторичките списи на Кикерон, во кои за прв пат е направена јасна дистинкција меѓу ирониј како животен став, начин на однесување и општење со луѓето и иронијата како начин на изразување.[2] Со оглед на тоа што иронијата е присутна во сите нејзини нијанси и појавни модалитети и во говорите на Кикерон, анализата на апликацијата на теоретските начела за иронијата во актуелен говор претставува предизвик.

Предмет на нашето иследување се Кикероновите теориски поставки за иронијата и нивната практична апликација во еден негов подоцнежен говор - *Втората Филипика.* Теориските поставки ќе ги разгледуваме во Кикероните реторички дијалози *За говорникот, Брут* и *Говорник* и во Квинтилијановиот учебник по реторика *За образованието на говорникот*. Квинтилијан, чиј идеал за *vir bonus dicendi peritus* бил токму Кикерон, ги објаснил и дополнил Кикероновите реторички поставки, така што неговата класификација на видовите ирониј, проследена со суптилни и прецизни коментари и забелешки ќе ни биде од огромна помош при анализата на апликацијата на реторската ирониј во избраниот говор. Изборот на говорот се должи на фактот што Квинтилијан како парадигма за своите теориски поставки за стилот често наведува фрагменти токму од овој говор.

### *Теориски поставки за иронијата*

Почнувајќи од Аристотеловата *Реторика*[3] и Анаксименовата *Реторика за Александар*[4], па сè до современите стилистички теории, дефинициите за иронијата варираат. Главно, со терминот *ирониј*а пред Кикерон се означува начин на изразување кој подразбира да се мисли едно, а да се зборува нешто сосем спротивно, да се кажува нешто со преправање дека не се кажува тоа туку нешто друго, па на тој начин со подбив или потсмев кон противникот

---

[1] Димовска, 2000: 209.

[2] Бројните видови ирониј кои се споменуваат во теоријата (Сократова, философска, дијалектичка, драмска, романтичка ирониј etc.) можат да се сведат на два основни типа ирониј – ситуациска или ирониј на ситуација – ирониј како животен став и вербална ирониј – ирониј како начин на изразување (Cuddon, 1998: 430).

[3] Аристотел, *Реторика*, 1739b.

[4] Анаксимен, *Реторика за Александар*, 21, 1, 1

да се предизвика гнев или смеа кај слушателите. Во овие традиционални определби очигледно е влијанието на Сократовата ирониј, чија крајна цел е потрагата по вистината, т.е. стремежот од незнаење да се дојде до знаење.[5]

Кикерон прв направил јасна терминолошка дистинкција меѓу ирониј ата како реторска фигура и ирониј ата како став или начин на однесување. Концептот за ирониј ата како реторска категорија најопсежно го елаборирал во неговиот спис *За говорникот (De oratore),* но на релевантни одредници наидуваме и во *Брут (Brutus sive claris oratoribus*) и *Говорник (Orator).* Издвојувањето на ирониј ата како реторска категорија се должи на Кикероновата колебливост кон ирониј ата како начин на однесување. Оваа колебливост произлегува од ставот дека оваа ирониј а не е во склад со virtus Romana и не му доликува на слободниот и благороден Римјанин. Потребата за различување на овие две категории го довела до создавање на два нови термини, кои иако се семантички многу блиски, суптилно се разликуваат – ***simulatio*** и ***dissimulatio***. Терминот *simulatio* се однесува на ирониј ата како животен став или начин на однесување, а терминот *dissimulatio* на ирониј ата како реторска категорија.

Во списот *За говорникот* е претставен портретот на идеалниот говорник, кој не е само вешт и прагматичен техничар, туку мислител кој со своите искрени и длабоки убедувања поседува моќ да ги убеди слушателите и да влијае врз нив во посакувана насока. Својата концепција за ирониј ата како вид шега, духовита досетка, начин да се разбие сериозноста на атмосферата и да се предизвика благонаклоно расположение кај слушателите Кикерон ја изложува во рамки на 'теориј ата за смешното', како дискусија меѓу Каесар и Страбон Антониј.[6] Во овој подолг екскурс, побудувањето емоции кај аудиториумот го наведува како една од задачите на говорникот (officia oratoris). Говорот треба да поседува духовитост и досетливост (lepos facetiaeque), брзина и краткост (celeritas et brevitas), како при одговарањето (respondendi), така и при нападот (lacessendi), треба да се одликува со префинетост (venustate) и со градска угладеност (urbanitate). Ирониј ата како реторска категорија ја означува со терминот – *dissimulatio*, а ја дефинира на следниот начин:

> *Фр. 1. Urbana etiam dissimulatio est, quum alia dicuntur, ac sentias, non illo genere, de quo ante dixi, quum contraria dicas, ut Lamiae Crasus, sed quum toto genere oratione severe ludas, quum aliter sentias, ac loquare. (Кикерон, За говорникот, 2, 269)*[7]

Оваа дефиниција отвора една нова перспектива во третманот кон ирониј ата, па оттогаш наваму на неа не се гледа како на средство со кое се кажува спротивно на она што се мисли, туку исто така може да значи и да се каже нешто друго од она што се мисли. Извесно дополнување на оваа дефиниција за *urbana dissimulatio* е следниот фрагмент:

> *Фр. 2. Est huic finitimum dissimulationi, quum honesto verbo vitiosa res appelatur. (ibid. 2, 272)*[8]

---

[5] Синтагмата Сократова ирониј а (εἰρωνεία Σωκράτους) прв пат се споменува во Платоновата *Политеја* (Платон, *Политеја*, 337a, 4). Суштината на овој вид ирониј а е желбата на Сократ низ прашања да го фати соговорникот во грешка поради незнаење и на тој начин да го доведе до спознавање на вистината. Поривот да иронизира Сократ му го припишува на дајмонот кој постојано го предупредува и укорува (Платон, *Сократова одбрана*, 31 d), го тера да ја преиспитува смислата на животот. Сократовата ирониј а претставува парадигма за ирониј а како став, начин на однесување и општење со луѓето.

[6] Кикерон, *За говорникот*, 2, 216 – 290.

[7] *Истенчен вид ирониј а е кога говориш поинаку од она што мислиш, но не од оној вид за кој кажав погоре – да го говориш спротивното, како Крас на Ламиј, туку кога низ целиот говор со сериозен изглед си поигруваш, говорејќи едно, а мислејќи друго.*

Кикерон говори за ирониј и во третата книга на истиот спис, во рамки на делот кој се однесува на изразните средства кои треба да ги користи добриот говорник. Отсуството на класификација на видовите ирониј која би требало да укаже на нијансите во значењето ја надоместува со употребата на повеќе термини, кои очигледно се однесуваат на различни појавни модалитети на иронијата. Имено, покрај терминте *simulatio* и *dissimulatio*, и нивните глаголски пандани *simulare* и *dissimulare*, ги употребува и терминте *extenuatio* - *'ублажување', 'намалување',' унижување'* или *'омаловажување', illusio – 'шега', 'потсмев', 'подбивање'* и перифразата *ad hilaritatem impulsio – 'развеселување [на публиката]', 'шега'*[9]. Оваа разноликост во терминте можеби се должи на тоа што Кикерон немал намера да понуди строг еквивалент на грчкиот термин εἰρωνεία.

Во дијалогот *Брут*[10] Кикерон одбива самиот да биде сметан за ироничар, што јасно упатува на неговиот став дека иронијата како животен став не е во склад со римската сериозност:

*Фр. 3. Quare εἴρωνα me, ne si Africanus quidem fuit, ut ait in historia sua C. Fannius, existimari velim.*[11] *(Кикерон, Брут, 299)*

Во *Говорник*[12] иронијата не ја именува, но во делот во кој говори за тоа каков треба да биде добриот говорник и со кои фигури треба да се служи ја споменува преку еден вид парафраза:

*Фр. 4. Sic igitur ille … ut interrogando urgeat; ut rursus quasi ad interrogata sibi ipse respondeat; ut contra, ac dicat, accipi et sentiri velit; ut addubiet, quid ptius, aut quo modo dicat. (Кикерон, Говорник, 137)*[13]

Квинтилијан не посветува големо внимание на дефиницијата на иронијата, но ги објаснува нејзините видови. За ирониј зборува на две места, од кои на првото го употребува грчкиот термин - *εἰρωνεία* (фр. 5), а на второто латинскиот – *dissimulatio* (фр. 6):

*Фр. 5. εἰρωνεία quae diversum ei, quod dicit, intellectum petit. (Квинтилијан, За образованието на говорникот, 6, 2, 15)*[14]

*Фр. 6. ... tum illa quae maxime quasi inrepit in hominum mentes, alia dicentis ac significantis dissimulatio ... (ibid. 9, 1, 29-30)*[15]

---

[8] *Блиско на оваа ирониј е кога нешто лошо се нарекува со добар збор.*

[9] Кикерон, *За говорникот*, 3, 202-205.

[10] Дијалогот Брут е расправа за грчкото и римското говорништво која кулминира со разгледување на современите состојби во римското говорништво во кое е сè поприсутно влијанието на атицизмот.

[11] *Затоа не сакам мене да ме сметаат за ироничар, и покрај тоа што Гај Фанија во својата историја го смета за таков Скипион Африкански.*

[12] Во списот *Говорник* Кикерон се осврнува на одделни аспекти на стилот, пред сè на композицијата и ритамот.

[13] *Вака значи треба да говори тој [говорникот] ... да притиска прашувајќи, сам на себе да си одговара на прашањата, да говори едно додека мисли и чувствува друго, да се двоуми што или на кој начин ќе каже.*

[14] *И Иронијата е фигура во која на зборовите им се дава спротивно значење од она што тие го имаат.*

[15] *… она што најмногу влијае на душите на луѓето – иронијата, кога мислиме едно, а зборуваме друго.*

Типологизацијата на видовите иронија е многу сложено прашање, прашање за кое не постои communis opinio ниту во традиционалната реторика, ниту во современата стилистика. Несовпаѓање се јавува уште при поделбата на основните изразни средства на тропи и фигури,[16] а понатаму и при нивното дефинирање и типологизација. Во модерната стилистика се задржани имињата на триесетина тропи и фигури, дефинирани во рамки на античката реторика и поетика. Модерната стилистика ја релативизира нивната употреба, односно настојува да ги опише средствата и постапките на јазичното изразување кои се карактеристични за одредено дело, автор или правец, како и нивната функција во рамките на целината на уметничкото дело.[17]

Во Кикероновите списи *За говорникот* и *Говорник* иронијата секогаш им припаѓа на фигурите на мислата, но во говорите може да се забележат голем број примери на иронија – фигура на зборот или на иронија – троп. Додека иронијата како фигура на зборот релативно лесно може да се препознае, иронијата како фигура на мислата е потешко препознатлива. Кога говори за фигурите на мислата во *Говорник* ја објаснува како свесна желба на говорникот публиката да го разбере спротивното од она што тој го говори: *ut contra, ac dicat, accipi et sentiri velit*,[18] со што ја потенцира намерата на говорникот неговото прикривање и дволичност да бидат разоткриени, зашто единствено во тој случај ироничниот сигнал има смисла и го постигнува посаканиот ефект.

Квинтилијан иронијата ја вбројува меѓу тропите и фигурите на мислата,[19] но инсистира на неможноста за нивна стриктна поделба во текст. Според него, јасна дистинкција може да се постави единствено во реторските прирачници.

Со оглед на разликите кои постојат во реториката во однос на дистинкција и типологизација на иронијата, нејзините појавни модалитети - иронијата како троп и иронијата како фигура на зборот ќе ги разгледуваме заедно. Видовите иронија и теоретските начела за нив ќе се обидеме да ги објасниме преку нивната апликација во *Втората Филипика*.[20] Покрај тоа што сме свесни за опасноста што ја содржи обидот – книжевни феномени да се класифицираат во квадрати и рамки, поради поголема прегледност, застапеноста на видовите иронија ќе ја прикажаме графички, а видовите иронија ќе ги подредиме во прегледни табели.

---

[16] Поделбата на изразните средства на тропи и фигури кои не се тропи, водела кон понатамошна диференцијација на безброј видови, подвидови и под-подвидови. Тропите – зборовните пресврти, (од грчкото τρόπος - пресврт, обрт, лат. motus) и фигурите на говорот (грч. σχήματα λέξεως, лат. figurae elocutionis vel verborum) според Квинтилијан претставуваат уметничка промена на значењето на зборовите (Квинтилијан, *За образованието на говорникот,* 8, 6, 1). Фигурите на мислата пак, (грч. σχήματα διανοίας, лат. figurae sententiarum) се група фигури кои се однесуваат на поширокатa смисла на она што е изговорено. Кикерон на сличен начин ја објаснува разликата меѓу едните и другите, велејќи дека со промената на зборовите, фигурите на зборот се нарушуваат, додека фигурите на мислата се запазуваат без оглед на употребените зборови. (Кикерон, *За говорникот*, 3, 34). Додека фигурите на зборот се однесуваат на јазичната конкретизација, фигурите на мислата се однесуваат на мисловната концепција. Сепак, поради нивната взаемна блискост, некои фигури на мислата едвај можат да се различат од фигурите на зборот, па оттаму еднаш се вбројуваат меѓу тропите, а друг пат меѓу фигурите на мислата. Таков е случајот со алегоријата, реторското прашање и со иронијата.

[17] Солар, 1986: 62 – 66.

[18] Кикерон, *Говорник*, 137

[19] Квинтилијан, *За образованието на говорникот*, 9, I, 14.

[20] Филипиките се четиринаесет говори против Антониј одржани кон крајот на 44 година. Наречени се Филипики по углед на Демостеновите говори против Филип.

***Апликација на видовите ирониј***

Во текстот на *Втората Филипика* иронијата се јавува како алегорија (allegoria), иронично воскликнување (exclamatio), антономасија (antonomasia), придавање (adiectio), емфаза или хипербола (emphasis), антифраза (antiphrasis), прашање (rogatio), самоунижување (reprehensio), колебање (dubitatio), обраќање (communicatio) и заповед (imperatio).

***Алегорија*** *(allegoria).* Во *Втората Филипика* најзастапено средство за реализација на ироничен ефект е иронијата како алегорија. Се среќава 13 пати. Застапени се нејзините наједноставни и најкуси форми – 'нешто лошо да се нарече со убав збор' и развиените алегорични искази кои се протегаат во повеќе редови, најчесто од типот 'да се укори со пофалба'. И покрај тоа што овој облик на ирониј е најзастапен во говорот, во Кикероновите списи иронијата само на едно место се поистоветува со алегорија, и тоа имплицитно. Имено, извесен Нерон го укорил својот роб крадливец со следните зборови: *Solum esse, cui domi nihil sit nec obsignatum nec obclusum.* [*Единствено на тебе во мојот дом ништо не ти е заклучено и запечатено*].[21] Кога истите зборови би му биле упатени на некој чесен роб, тие би претставувале израз на пофалба, но во овој случај пораката е поинаква. Тоа претставува потврда дека со исти зборови можеме и да пофалиме - кога говориме сериозно, но и да укориме - кога говориме иронично. Зборовите имаат различно значење во зависност од тоа кому му се упатени.

Додека Кикерон само имплицитно ја поистоветува иронијата со алегорија, Квинтилијан експлицитно ја прогласува за вид ирониј:

> *Фр. 7. Allegoria, quam inversionem interpretantur, aliud verbis, aliud sensu ostendit, etiam interim contrarium ... In eo vere genere quo contraria ostenduntur ironia est inlusionem vocant: quae aut pronuntiatione intellegitur aut persona aut rei natura; nam si qua earum verbis dissentit, apparet diversam esse orationi voluntatem… Et laudis autem simulatione detrahere et vituperationis laudare concessum est ... Ut tristia dicamus melioribus verbis urbanitatis gratia aut quaedam contrariis significamus. (Квинтилијан За образованието на говорникот 8, 6, 44-57)*[22]

Овој вид ирониј – 'да се куди со божемна пофалба', како да бил најпогоден начин за изразување на Кикероновото нетрпение кон Антониј. Во следните фрагменти евидентно е дека Кикерон ја куди дрскоста на Антониј 'пофалувајќи ја':[23]

> *Фр. 8. Hoc quidem est beneficium (Фил. II, 1, 2)*[24]

---

[21] Кикерон, *За говорникот*, 2, 24.

[22] *Алегоријата, која се преведува со inversio, нуди различна смисла од зборовите, понекогаш дури и спротивна … Овој вид (алегоријата), кај кој смислата е спротивна на она што е кажано со зборови, се нарекува ирониј. Тоа може да се насети од тонот на говорникот, од неговото однесување или од природата на предметот; бидејќи, ако една од овие работи не е во согласност со зборовите, веднаш станува јасно дека говорникот има цел сосема различна од она што го изразува со зборови… Дозволено е да се куди со божемна пофалба и да се фали со укор … [алегорија е] кога некои лоши работи ќе ги завиткаме во нежни зборови или кога поради угладеност некои работи ќе ги изразиме со сосема спротивни зборови.*

[23] Со оглед на тоа што Кикероновите *Филипики* не се преведени на македонски јазик, овој и сите подолу посочени фрагменти се во превод на авторот на текстот.

[24] *Тоа навистина е добро дело.*

*Фр. 9. At vir bonus et re publica dignus. (Фил. II, 56, 12)*[25]

*Фр. 10. Frugi factus est. (Фил. II, 69, 8)*[26]

Во фр. 11 предмет на Кикероновата божемна пофалба е говорот што Антониј го одржал при одржувањето на погребните почести по убиството на Каесар. Својот божемен восхит од овој говор го засилува со употребата на уште две други реторски фигури *adiectio* – повторување на исти зборови со цел да се потенцира некој искажан факт (tua … tua … tua) и exclamatio – иронично воскликнување. Со тоа го засилува ироничниот ефект:

*Фр. 11. Tua illa pulchra laudatio, tua miseratio, tua cohortatio!" (Фил. II, 91, 1)*[27]

Покрај овие куси и едноставни алегорични искази, кои во целост соодветствуваат на Квинтилијановата определба на иронијата, во говорот постојат искази во кои иронијата како алегорија е толку отворена и јасна што би можеле да ја окарактеризираме како вистински сарказам. Во фр. 12 Кикерон го потенцира 'безумието' на Антониј, поистоветувајќи го со Гај Лаелиј, личност која претставува парадигма за вистинска мудрост:[28]

*Фр. 12. Confecto negotio bonus augur (C. Laelium diceres) "ALIO DIE inquit. (Фил. II, 83, 1)*[29]

Иронијата како алегорија е очигледна и во следниот фрагмент. Во него, Кикерон, обраќајќи му се аудиториумот, злосторствата што ги доживеал од Клодиј ги нарекува beneficia – добри дела. Имено, народниот трибун Клодиј поради омразата кон Кикерон поднел законски проект според кој на прогонство од Рим бил подложен секој кој без суд ќе погуби римски граѓанин. Со донесувањето на законот, сенатската одлука за погубување на привржаниците на Катилина, донесена за време на Кикероновиот конзулат, била прогласена за незаконска. Кикерон бил осуден на прогонство, а неговиот имот бил конфискуван. Најголем дел од конфискуваниот имот приграбил токму Клодиј. За време на прогонството, куќата на Кикерон на Палатин била урната, а на нејзиното место Клодиј изградил храм посветен на божицата на Слободата. Иронијата се состои во именувањето на овие дела *beneficia:*

*Фр. 13. Intimus erat in tribunatu Clodio, qui sua erga me beneficia commemorat. (Фил. II, 48, 1)*[30]

Во следниот фрагмент Кикерон ја потенцира противречноста и неспоивоста на тоа што на Антониј му било должност како аугур и тоа што го направил – злоупотреба на свештеничката функција. Во фрагментот станува збор за уништувањето на изборот на Долабела, кој од Каесар бил назначен за заменик конзул. Бидејќи оваа одлука на Каесар на Антониј не му се допаѓала, ја искористил својата функција на аугур и ги поништил изборите

[25] *Добар човек [си] и достоен за државата.*
[26] *Благоразумен човек стана.*
[27] *Оној твој прекрасен фалбен говор, она твое оплакување, она твое бодрење!*
[28] Гај Лаелиј му бил пријател на помладиот Скипион. Се споменува во Кикероновите филозофски списи *За пријателството* (De amicitia*)* и За староста (De senectute*)*. Поради разборитоста и мудроста го добил прекарот Мудриот (Sapiens).
[29] *Кога работата беше завршена, добриот аугур (човек би можел да го нарече Гај Лаелиј) рече: Друг ден.*
[30] *Близок беше за време на трибунатот со Клодиј, кој те потсети на своите добри дела кон мене.*

велејќи дека знаците не биле соодветни. Иронијата се состои во замената на името на Антониј со неговата функција покрај која стои придавката *bonus*:

*Фр. 14 ... sed cum Caesar ita dixisset, tum hic bonus augur eo se sacerdotio praeditum esse dixit, ut comitia auspiciis vel inpedire vel vitiare posset, idque se facturum esse adseveravit. (Фил. II. 80, 5)*[31]

И покрај тоа што говорите доаѓаат до нас во книжевна форма, па за говорничката и психагогиска умешност судиме единствено врз основа на пишан текст, без можност да ги почувствуваме придружните елементи на живата реч, како што се гестикулацијата, мимиката, висината и бојата на гласот, севкупното држење на говорникот, иронијата во сите овие случаи е лесно препознатлива.[32]

***Иронично воскликнување*** *(exclamatio).* По алегоријата следна според застапеност е реторскатата фигура иронично воскликнување. Во говорот се јавува 10 пати. Кикерон оваа фигура ја вбројува меѓу фигурите на говорот.[33] Во истата категорија ја вбројува и Квинтилијан, нагласувајќи дека токму таа е едно од најсоодветните средства за предизвикување емоции. Според него, извикувањето не треба да биде вистинско и искрено, туку лажно (simulata) и извештачено (arte composita).[34] Треба да претставува неискрено чудење, восхит, желба, радост или гнев. Како парадигма за exclamatio наведува пример токму од *Втората Филипика*:

*Фр. 15. Miserum me! Consumptis enim lacrimis tamen infixus haeret animo dolor. (Фил. II, 64, 4)*[35]

Далеку побројни од ироничните извикувања се извикувањата кои не содржат ирониja. Многу често, Кикерон, не можејќи да се воздржи од дрскоста и бесрамноста на Антониј, извикува: *O incredibilem audaciam, o impudentiam praedicandam!* (II, 4, 2) [*Ох колку неверојатна дрскост, бесрамност за каква што треба да се зборува!], O foeditatem hominis flagitiosam, o impudentiam, nequitiam, libidinem non ferendam!* (II, 6, 15) [*Ох, каква срамна грозотија од човек, ох каква бесрамност, разврат, своеволие што не може да се поднесе!], O audaciam immanem! (*II, 68, 1) [*Ох, каква неизмерна дрскост].* Нивното присуство полесно ја предочува иронијата во неискрените извикувања од следниот тип:

*Фр. 16. Quod quidem cuius temperantiae fuit, de M. Antonio querenem abstinere maledictis. (Фил. II, 6, 9)*[36]

*Фр. 17. Quanto in rebus sententiisque maior! (Фил. II, 30, 8)*[37]

*Фр. 18. Magnum beneficium! (Фил. II, 59, 9)*[38]

*Фр. 19. Quam porro spectatus civis, quam probatus! (Фил. II. 69, 10)*[39]

---

[31] *...кога Кајсар така беше кажал, тогаш овој добар аугур рече дека тој овластен од својата свештеничка функција има моќ со ауспикиите или да ги спречи или да ги уништи изборите, и уште потврди дека тој тоа и ќе го направи.*

[32] Освен во наведените фрагменти, иронијата како алегорија се јавува и во, 3, 13; 5, 1; 8, 8; 26, 10; 44, 4 и 84, 7.

[33] Кикерон, *За говорникот, 3*, 207, 3; *Говорник,* 135, 14.

[34] Квинтилијан, *За образованието на говорникот,* 9, 2, 27.

[35] *... кутриот јас, иако ми пресушија солзите, сепак болка лежи втисната во срцето.*

[36] *Каков знак за умереност беше тоа: додека јас се жалев од М. Антониј, тој се воздржуваше од погрдни зборови!*

[37] *Колку беше величествен во постапките и размислувањата!*

[38] *Ох, колку големо доброчинство!*

Бројноста на ироничните и не-ироничните извикувања[40] е резултат на Кикероновата огорченост од Антониј.

***Придавање*** (adiectio). Оваа фигура претставува повторување на исти зборови на почетокот на секоја реченица или дел-реченица. Квинтилијан ја вбројува меѓу фигурите на зборот, но акцентира дека таа всушност е во функција на мислата. Често се употребува иронично (rem ironiam ad elevandum convertitur),[41] со цел да омаловажи, да потенцира некој искажан факт или едноставно да го засили впечатокот од искажаните зборови. Квинтилијан сведочи дека во хеленската реторика истата фигура се означува со терминот ἐπάνοδος, кој одговара на латинскиот термин regressio.[42] Кога зборовите не се употребуваат за да го потврдат истото значење, туку за да му дадат тон на презривост на говорот, станува збор за иронично придавање. Придавањата најчесто се инкорпорирани во другите фигури (види фр. 11), со што ироничниот ефект уште повеќе се засилува. Свој полн израз добиваат во живата реч придружена со гестикулација, мимика, повишување на гласот. Можат да бидат повеќекратни и повеќечлени. Парадигма за тричлено иронично придавање е погоре споменатиот фр. 11. Во *Втората Филипика* има многу придавања, но само мал дел од нив се иронични:

*Фр. 20. Hasta posita pro aede Iovis Statoris bona Gn. Pompei (miserum me consumptis enim lacrimis tamen infixus haeret animo dolor) bona, inquam, Gn. Pompei Magni voci acerbissimae subiecta praeconis." (Фил. II, 64, 3)*[43]

*Фр. 21. Dolebam, dolebam, patres conscripti, rem publicam vestris quondam meisque consiliis conservatam brevi tempore esse perituram." (Фил. II, 37, 7)*[44]

***Антономасија*** (antonomasia). Во алегоричните искази често се инкорпорирани типични, парадигматски замени на лично име со општа именка или комбинација од именка и придавка. Во овие случаи станува збор за реторската фигура *антономасија*. Иако оваа фигура не се споменува во Кикероновите реторски списи, во *Втората Филипика* се јавува 6 пати. Квинтилијан ја вбројува меѓу тропите.[45] Иронична е само кога во неа е присутна алегорија од типот нешто лошо да се нарече со добар збор. Парадигма за иронична антономасија претставуваат следните фрагменти:

*Фр. 22. Quid habes, quod mihi opponas, homo diserte? (Фил. II, 8, 2)*[46]

*Фр. 23. Haec tu homo sapiens, non solum eloquens, apud eos, quorum consilio sapientiaque gesta sunt, ausus es vituperare? (Фил. II, 11, 5)*[47]

---

[39] *Колку способен граѓанин, колку чесен!*

[40] За други примери на иронично воскликнување, види Фил. II, 6, 10; 40, 4; 86, 5; 95, 5; 100, 11.

[41] Квинтилијан *За образованието на говорникот,* 9, 3, 28.

[42] Ibidem

[43] *Имотот на Гнај Помпеј, кој се наоѓа пред храмот на Јупитер Статор (ох, кутриот јас, иако ми пресушија солзите, болка лежи длабоко втисната во срцето), велам имотот на Великиот Гнај Помпеј го изложил на јавна продажба со премногу силниот глас на гласникот.*

[44] *Тагував, тагував, сенатори, што државата чувана од мојата и вашата благоразумност, за толку кратко време пропаѓа.*

[45] Квинтилијан *За образованието на говорникот* 8, 6, 29

[46] *Што имаш, со што мене би ми се спротивставил, красноречив човеку?*

[47] *Ти мудар, а не само речит човек, си се осмелил да ги осквернавиш пред нив оние нешта, коишто се извршени според нивна одлука и во согласност со нивната мудрост.*

*Фр. 24. Homo disertus non intellegit eum quem contra dicit, laudari a se, apud quos dicit, vituperari. (Фил. II, 19)*[48]

*Фр. 25. Ти homo sapiens et considerate, quid dicis? (Фил. II, 31, 8)*[49]

Ироничната антономасија му дава презрив тон на говорот. Во примерите за антономасија личното име на Антониј е заменето со *homo disertus, homo sapiens, homo consideratus*.[50]

***Емфаза*** (emphasis). Израз на Кикероновата резигнација претставува и употребата на реторската фигура емфаза. Емфаза или хипербола - *увеличување, зголемување* е реторска фигура која обично се користи при опишување на негативностите, престапите или грешките на противникот. Во списи за реториката Кикерон ја вбројува меѓу фигурите на мислата.[51] Според него, употреба на оваа фигура треба да се одбегнува, бидејќи не е во склад со идеалот на говорникот - vir bonus. Квинтилијан, за разлика од Кикерон, емфазата ја смета за добронамерно преувеличување на вистината и не ја вбројува меѓу фигурите на мислата, туку меѓу тропите.[52] Претставува вид иронија од аспект на тоа што преку неа се говори едно, а се мисли на нешто друго. Парадигма за емфаза се следните фрагменти:

*Фр. 26. In coetu vero populi Romani negotium publicum gerens magister equitum, cui ructare turpe esset, is vomens frustris esculentis vinum redolentibus gremium suum et totum tribunal implevit. (Фил. II, 63, 8)*[53]

*Фр. 27. Quae Charybdis tam vorax? Charibdim dico? Quae si fuit, animal unum fuit. Oceanus medius fidius vix videtur tot res tam dissipatas, tam distantibus in locis positas tam cito absorbere potuisse. (Фил. II, 67, 1)*[54]

*Фр. 28. Saturavit se sanguine dissimillimorum sui civium. (Фил. II, 59, 2)*[55]

И покрај двоумењето на Кикерон околу прикладноста на хиперболата како изразно средство, таа во *Втората Филипика* е застапена со 6 употреби.[56]

***Антифраза*** (*antiphrasis*). Реторската фигура антифраза е еден вид лажно премолчување.[57] Говорникот се преправа дека нема намера да говори за нешто, а сепак говори. Истата фигура во реториката се означува и со термините *paralepsis, omissio, occultatio, praeteritio*. Претставува вид иронија бидејќи најавата е лажна – говорникот не го премолчува тоа за кое најавил дека нема да говори, а со тоа уште повеќе го потенцира. Оваа реторска фигура е лесно препознатлива поради присуството на глаголите *omitto, praetereo, non dicam, praetermitto, relinquam*: [58]

---

[48] *Овој речит човек не сфаќа дека тој всушност ја фали личноста на тој што го обвинува, а оние пак што има намера да ги одбрани, ги побива.*

[49] *Ти разумен и внимателен чевеку, што зборуваш?*

[50] Види уште *Филипика*. II, 7, 6; 56, 12;

[51] Кикерон, *Говорник*, 137, *За говорникот*, 3, 202.

[52] Квинтилијан *За образованието на говорникот* 8, 6, 68.

[53] *Во римското собрание, извршувајќи јавна функција како заповедник на коњицата, за кого што е срамно и да подригнува, тој повраќајќи го исполни не само својот скут, туку и целиот трибунал со парчиња храна кои мирисаат на вино.*

[54] *Кога Харибда била толку лакома? Харибда ли реков? Таа ако постоела била едно чудовиште. Бога ми, ми се чини дека ни Океанот не би можел толку брзу [како Антониј] да проголта работи така расеани и така расфрлани на далечни места.*

[55] *Се нахрани себе си со крвта на граѓани многу различни од него.*

[56] Види уште *Фил*. II, 7, 1; 30, 1; 105, 6.

[57]Квинтилијан *За образованието на говорникот* 9, 2, 47.

[58] Ibid. 9, 2, 47.

*Фр. 29. Sed iam stupra et flagitia omittamus. (Фил. II, 47, 1)*[59]

*Фр. 30. Quid ego istius decreta, quid raprinas, quid hereditatum possesiones datas, quid erreptas proferram? (Фил. II, 62, 9)*[60]

*Фр. 30. Quid prandiorum adparatus, quid furiosam vinulentiam tuam proferam? (Фил. II, 101, 3)*[61]

***Самоунижување*** (reprehensio). Оваа фигура е спротивна на емфазата. Додека емфазата претставува увеличување оваа фигура претставува намалување - самоунижување, самопрекорување, намалување на сопствените способности или признавање на сопствените грешки.[62] Ироније е од аспект на тоа што говорникот со цел да предизвика емоции кај публиката не се самопрекорува искрено туку лажно. Во *Втората Филипика* наидуваме на 3 употреби[63] на овој вид ироније:

*Фр. 31 Cn. Domitium non patris interitus, clarissimi viri, non avunculi mors, non spoliato dignitatis ad reciperandam libertatem, sed mea auctoritete excitavit? (Фил. II, 27, 1)*[64]

***Прашања*** (rogatio, interrogatio, rogatio ficta). Еден од основните белези на Кикероновиот стил е поставувањето прашања на кои не се очекува одговор. Во *Говорник*, во дискусијата за тоа каков треба да биде добриот говорник и со какви фигури треба да се служи, Кикерон вели: 'Sic igitur dicet ille … ut interrogando urgeat; ut rursus, quasi ad interrogata sibi ipse respondat. [*Вака ќе говори оној [говорникот]... ќе го притиска противникот со прашања, ќе си одговара самиот на поставените прашања...]*.[65] Во споменатиот спис прашањата ги вбројува меѓу фигурите на мислата. Прашањата се навидум случајни, несвесни, поставени божем за подобро да се разбере противникот, а всушност вистинската нивна цел е да се разобличи противнкот. Во таа смисла, тие претставуваат еден вид *simulatio* и се блиски до Сократовата ирониј. Но, прашањето може да претставува и вид на dissimulatio. Такви се реторички (interrogationes) – *interrogandi se ipsum respondendi sibi* – кога говорникот се прашува самиот себе и самиот си одговара, и фиктивните (ficta rogationes) – кога наведува прашање кое би можел некој да го постави, а на ова претпоставено прашање има подготвен одговор.[66] Овие прашања претставуваат еден од појавните модалитети на реторичката ирониј од аспект на тоа што со нив говорителот го прикрива (dissimulare) сопственото мислење, преправајќи се дека не го разбира туѓото.[67] Во *Втората Филипика* се застапени само прашањата од првиот тип – прашања кои претставуваат облик на simulatio:

[59] *Да не зборуваме за блудните и срамни дела.*
[60] *Зошто јас да ги изнесувам на виделина неговите наредби, грабежи, зошто подарените, а зошто украдените наследства?*
[61] *Зошто да говорам за раскошот на ручеците, зошто да говорам за твоето разбеснето опијанување?*
[62] Кикерон, *За говорникот*, 3, 207.
[63] Види *Фил.* II, 26, 1; 26, 9.
[64] *Зарем Гнај Домитиј не го растревожила судбината на татко му, многу славен човек, ниту смртта на чичко му, ниту лишувањето од достоинства за да си ја поврати слободата, туку мојот углед?*
[65] Кикерон, *Говорник*, 137.
[66] Квинтилијан, *За образованието на говорникот*. 9, 2, 14 passim.
[67] Dissimulatio est aliena se parum intellegere fingientis. [*Иронија е кога се преправаме дека не го разбираме туѓото мислење*] (Квинтилијан, *За образованието на говорникот*, 6, 3, 85).

*Фр. 32. Quae enim res umquam, pro sancte Iuppiter! Non modo in hac urbe, sed in omnibus terris est gesta maior, quae gloriosior, quae commendatior hominum memoriae sempiternae? (Фил. II, 32, 9)*[68]

Прашања како облик на dissimulatio - interrogationes и ficta interrogationes не се присутни во текстот на писмата.

***Заповед*** (imperatio)**.** Во списот на Квинтилијан третман на еден од видовите ирониј има фигурата imperatio: 'εἰρωνεία est et cum similes imperantibus ... sumus.' [*иронија е и кога сме еднакви на заповедници*].[69] Во *Втората Филипика* има само еден пример за ирониична заповед:

*Фр. 33. Accusa senatum, accusa equestrem ordinem, qui cum senatu copulatus fuit, accusa omnis ordines, omnis cives … (Фил. II, 19, 7)*[70]

***Обраќање*** (communicatio). Со оваа фигура говорникот директно му се обраќа на говорникот или на слушателите преправајќи се дека од нив бара совет или одговор.[71] Со тоа таа директна комуникација меѓу нив се постигнува впечаток на блискост. Еден од примерите за communicatio претставува самиот почеток на говорот:

*Фр. 34 Quonam meo fato, patres conscripti, fieri dicam, ut nemo his annis viginti rei publicae fieri hostis, qui non bellum eodem tempore mihi quoque indixerit? (Фил. II, 1, 1)*[72]

Ова патетично обраќање се коси со Кикероновото начело според кое почетокот на говорот треба да биде достоинствен и блескав, умесен и упатен во однос на предметот, пријатен и пропорционален, како влезот на куќата.[73]

***Заклучок***. Анализата покажа дека во *Втората Филипика* иронијата се јавува единствено како алегорија, ирониично воскликнување, придавање, антономасија, антифраза, емфаза и премолчување. Прашањата се многу присутни во текстот на говорот, но во ниедна употреба не претставуваат парадигма за interrogatio или ficta rogatio. Изненадува отсуството на ирониични прашања (rogationes, ficta rogationes), признавања (concessiones), допуштања (permissiones) и колебања (dubitationes), видови иронија присутни во другите говори на Кикерон.[74] Нивното отсуство од овој говор може да се објасни само како манифестација на огорченост. Гневот, чувството на презир и решителноста најжестоко да му се спротивстави на противникот се толку големи што нема простор за допуштање, признавање, самопонижување или колебање. Во табелата е прикажана застапеноста на видовите иронија поодделно, а во графиконот е даден графички приказ на истите видови:[75]

---

[68] *И имало ли некогаш, жими Јупитер, во сеќавањето на луѓето низ вековите, не само во овој град, туку и во целиот свет, некој поголем и прославен подвиг, уште подостоен за фалење?*

[69] Квинтилијан, *За образованието на говорникот,* 9, 2, 48.

[70] *Обвини го сенатот, обвини го витешкиот сталеж, кој тогаш беше соединет со сенатот, обвини ги сите сталежи, сите граѓани...*

[71]Квинтилијан, *За образованието на говорникот*, 9, 2, 20.

[72] *Со каква ли моја судба, сенатори, да кажам дека сум се родил, кога нема никој во овие дваесет години да бил непријател на државата, а во исто време да не водел војна и со мене?*

[73] Кикерон, *За говорникот*, II, 320.

[74] Види Димовска, 2000.

[75] Фрагментите кои содржат повеќе од еден вид иронија (фр. 11) се вклучени во два различни вида истовремено.

| ***Dissimulatio*** ***во Втората Филипика*** | |
|---|---|
| *allegoria* | 13 |
| *exclamatio* | 10 |
| *adiectio* | 8 |
| *antonomasia* | 8 |
| *antiphrasis* | 6 |
| *emphasis* | 6 |
| *reprehensio* | 4 |
| *communicatio* | 1 |
| *imperatio* | 1 |

Табела. Застапеност на видовите иронија во *Втората Филипика*




Графикон. Графички приказ на застапеноста на видовите иронија

Огорченоста на говорникот резултира со поголемо присуство на не толку суптилни видови иронија – алегорија, антифраза, иронично воскликнување, а и со присуство на видови иронија кои воопшто не се во склад со неговите сопствени теориски начела за иронијата. Последната забелешка пред cè се однесува на употребата на емфазата и на прашањата кои не претставуваат израз на dissimulatio, туку на simulatio. Иронијата во говорот е толку прозирна и лесно препознатлива што слободно може да се каже дека не само што излегува од рамките на она што Кикерон го нарекува urbana dissimulatio, туку наместа преминува во вистински сарказам.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

А. ИЗВОРНА ЛИТЕРАТУРА И КОНСУЛТИРАНИ ПРЕВОДИ:

– Anaximenes, Ars rhetorica vulgo Rhetorica ad Alexandrum, ed. M. Fuhrmann. Leipzig: Teubner, 1966

– Aristotelis, Ars Rhetorica, ed. W.D. Ross, Oxford: Clarendon Press, 1959.

– Аристотел, *Реторика*. Превод од старогрчки, предговор, белешки и коментари Весна Томовска, Македонска книга, Скопје 2002.

– Ciceronis M. T. *Opera rhetorica et oratoria,* textum collatis optimis editionibus recensuit J. W. Rin, volumen primum, Bibliotheca classica latina, Parisiis, 1831.

– Ciceronis M. T. *Opera rhetorica et oratoria,* textum collatis optimis editionibus recensuit J. W. Rin, volumen alterum, Bibliotheca classica latina, Parisiis, 1832.

– Ciceronis M. Tulli *Rhetorica I-II,* Oxonii: e typographeo Clarendoniano, 1902.

– Cicero. *Brutus*, with an English translation by G. L. Hendrickson, *Orator,* with an English translation by H. M. Hubbell, Cambridge, Massachusetts Harvard University Press, 1959.

– Cicero. *De oratore*, in two volumes, with an English translation by E. W. Sutton, London, W. Heinmann Ltd – Cambridge, Massachusetts Harvard University Press, 1959.

– Cicero. *Philippics*, with an English translation by Walter C. A. Ker, M. A., W. Heinmann Ltd – Cambridge, Massachusetts Harvard University Press, 1959.

– Quintilianus Marcus Fabius, *Institutio oratoria I-III,* cum integris commentariis Georgii Ludovici Spalding, Bibliotheca classica latina, Parisiis, 1822-1823.

– Марк Тулий Цицерон, *За оратора, Брут, или за прочутите оратори*, София, 1992.

– Kvintilijan Marko Fabije, *Obrazovanje govornika – odabrane strane,* Sarajevo, 1967.

Б. ОСТАНАТА ЛИТЕРАТУРА:

– Cuddon, J. A. *The Penguin Dictionary of literary terms and literary theory*, Penguin Books, London, 1998.

– Димовска В. *Иронијата како реторичка категорија кај Кикерон*, докторска дисертација (необјавена), Скопје, 2000.

– Паходня, С. И. *Языковые виды и средства реализации иронии,* Киев. 1989.

– Јанкелевиц, В. *Ирониja*, Сремски Карловци: Издавацка књижарница Зорана Стојановића. 1989

– Стојановић, Д. *Ирониja и значење*. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 1984.

– Ќулафкова К. *Фигуративниот говор и македонската поезија,* Скопје: Наша книга. 1984

# Латинска палеографија:
# *Ќирилската Библија на Алкуин*

Даниела Ѓорѓиева

Палеографијата е наука за проучување на старите писма и ракописи. Таа е дел од групата на помошните историски науки.

Латинското писмо низ својата долга историја минало низ многу развојни фази, поделени главно во три поголеми периоди – римски, средновековен и модерен. Значаен пресврт во проучувањето на овие процеси направила *тезата за генетичкиот процес на латинското писмо* на Шчипион Мафеи, според која постои само едно римско (латинско) писмо, кое се јавува во три основни видови: мајускула, минускула и курзив.

### *Унцијала (Scriptura uncialis)*

Scriptura uncialis е термин за означување на вид книжевно мајускулно писмо кое се разликува од капиталата по генералниот изглед, како позаоблено, односно, помеко писмо, кое според намената е писмо со калиграфски карактер.

Најстарите примероци на ова писмо се појавиле уште во времето на употреба на капиталата, но сепак се смета за подоцнежно писмо. Самиот термин uncialis littera прв пат се споменува во IV век од отец Јероним, и може да се заклучи дека писмото е најмалку еден век постаро. Унцијалата била во употреба сé до VIII/IX век. Значењето на самиот термин uncialis сé уште не е со сигурност и докрај разрешено. Има повеќе претпоставки за тоа, една од нив е дека можеби е поврзано со старата римска мерка за тежина uncia.

Ова писмо комплетно е оформено во IV век преку тенденцијата на заоблување на капиталата. Унцијалните ракописи речиси исклучиво биле пишувани на помек материјал, папирус и пергамент, а се карактеризирале, меѓу другото, и со тоа што почетните букви на страната или на почетокот на листот биле убаво обликувани и со минимална орнаментика.

Во шестиот и седмиот век е забележливо опаѓање на класичната строгост на буквите. Во осмиот век доаѓа до обнова на калиграфската уницијала и имитирање на класичната, но се јавува и спротивен тренд на опаѓање на уметничките тенденции, а истовремено и писарските грешки стануваат почести.

### *Полуунцијала (Scriptura semiuncialis)*

Полуунцијалата е преодно писмо од мајускула кон минускула и може да се каже дека е многу позитивно и важно достигнување. Во почетокот било книжевно писмо кое се употребувло за пишување црковни ракописи во манастирските скриптории.

Полуунцијалното писмо своите почетоци ги има во третиот и четвртиот век, но врв во својот развој достигнува во периодот помеѓу петтиот и деветиот век. Тоа е пронајдок на христијанството, но според Шјапарели, на полуунцијалата и претходела некој вид архаична полууницијала. За генезата на полуунцијалата постојат три основни теории: Првата

вели дека ова писмо е пронајдок на христијнството, резултат на уметничка инвенција или реформа. Според втората, полуунцијалата потекнува директно од унцијалата, а според третата, оваа калиграфска творба е изведена од минускулниот римски курзив.

Според Лав, особено карактеристични и препознатливи се буквите *b, d, m, r* или *b, g, s,* додека други автори пак сметаат дека тоа се буквите *a, g, r.* Буквата *N* има непроменет и единствен мајускулен изглед. За насловите и за иницијалите понекогаш била употребувана унцијала измешана со капитала.

Лигатурите се несомнено од помладиот римски курзив, пред сé буквите *a, e, i, u* поврзани со буквите *f, g, l, r, t.* Хоризонталните потези на *e, f, t,* се продолжени до следната буква, па изгледаат поблиску поврзани отколку кај унцијалата.

Предмет на ова истражување, или поскоро – анализа, е еден средновековен полуунцијален кодекс, создаден и откриен во градот Тур. Станува збор за кодекс напишан во 804 година во манастирот Св. Мартин, со полуунцијала карактеристична за Тур. Овој манускрипт се чува во Кантоналната библиотека во Цирих, а се нарекува *Циришка библија на Алкуин.* Хартијата на која е напишан има димензии 48×36 сантиметри, а самиот текст е со димензии 36×27 сантиметри. Факсимилот кој го имаме на располагање е со намалени димензии.

На почетокот од кодексот напишани се извадоци од Стариот и Новиот завет, кои започнуваат со следниве зборови: "In hoc quinque libri retinentur codice Moysis," и понатаму продолжуваат: "Iusserat hos omnes Christi deductus amore – Alcunius ecclesiae famulus perscribere libros. – Pro quo, quisque animae requiem concedat in aevum – Illius aeternam. Semper laus, gloria Christo."

INCIPIT PRAEF*ATIO*
S*ANCTI* HIERONIM*I* PR*ES*B*YTE*RI
IN LIBRO GENESIM

Desiderii mei desideratas accepi ep*isto*las qui quoda*m* praesagio futuroru*m* cum Danihele sortitus e*st* nomen obsecrantis ut translatu*m* in latina*m* lingua*m* de hebreo sermone Pentateuchu*m* no*st*roru*m* auribu*s* tradere*m*. Periculosum opus certe obtrectatoru*m* latratib*us* patens, qui me asser*unt* in LXX inte*r*pr*e*tu*m* sugillationem nova pro veterib*us* cudere ita ingeniu*m* quasi vinu*m* probantes, cum ego sepissime testatus si*m*, me pro vili portione in tabernaculo D*e*i offere quae possim nec opes alterius alioru*m* paupertate fedari. Quod ut audere*m* Origenis me studiu*m* provocavit qui aeditioni antiquae translatione*m* Theodotionis miscuit asterico et obelo id e*st* stella et veru opus omne distinguens: dum aut inlucescere fac*it*, quae minus ante fuerant, aut superflua quaeq*ue* iugulat et c*on*fodit, maxime quae evangelistaru*m* et ap*osto*lor*u*m auctoritas promulgavit. In quib*us* multa de veteri testam*en*to legim*us*, quae in no*s*tris condicib*us* n*on* habent*ur* ut e*st* illud: "Ex Aegipto vocavi filium meum; et "Quoniam Nazareus vocabitur"; et "Videbunt in quem compunxerunt"; et, "Flumina de ventre eius fluent aquae vivae"; et "Quae nec oculus vidit nec auris audivit, nec in cor hominis ascenderunt, quae praeparavit Deus diligentibus se"; et multa alia quae propriorum *syntagma* desiderant. Interrogemus ergo eos, ubi haec scripta sint et cum dicere non potuerint, de libris hebraicis proferamus.


INCIPIT PRAEF
SCI HIERONIM PRBI
IN LIBRO GENESIM·
ESIDERIJ
mei DESI
DERATAS
ACCEPI
epLAS
quiquo
DA PRAE
SAGIO
FUTU
RORU
CUMDA
NIhiLE
SORTITUS
E·NOMEN·
OBSECRANTIS
ut TRANSLATIONIN latinA LIN GUA de hebreo ser-
mone pentateuchU· NRORU aurib: tradere
periculosum opus certe obTRACTORU latra
tab: patens quime asser IN·LXX· INTPAU su
zillationem noua prouerb: cudere. Jtain
zeNU quasi uiNU probantes: Cum ezo sepis
sime uetus sim prouiu portione inta
bernaculo dIofferre quae possim neco
pe sal teriu salioru pauperta te fedari
Quo dutaudere orizenis me studiu prouo
cauit· quiaeditionIantiquae TRANSLA

Primum testimonium est in Osee; secundum in Esaia; tertum in Zacharia; quatrum in Proverbiis; quintum aeque in Esaia. Quod multi ignorantes apocryforum deliramenta sectantur et Hiberas nenias libris authenticis praeferunt.

Causas erroris non est meum exponere. Iudaei prudenti factum dicunt esse consilio: ne Ptolemeus, unius Dei cultor, etiam apud Hebraeos duplicem divinitatem deprehenderet. Quod maxime idcirco faciebat, quia in Platonis dogma cadere videbatur. Denique ubicuique sacratum aliquid scriptura testatur de Patre et Filio et Spiritu sancto, aut aliter interpretati sunt aut aliter interpretati sunt aut omnino tacuerunt: ut et regi satisfacerent et arcanum fidei non vulgarent. Et nescio quis primus auctor LXX cellulas Alexandriae mendacio suo extruxerit, quibus divisi eadem scriptitarent, cum Aristheus eiusdem Ptolomei *hyperaspistes* et multo post tempore Ioseppus nihil tale retulerint, sed in una basilica congregatos contulisse scribant, non prophetasse. Aliud est enim vatem, aliud esse interpretem. Ibi Spiritus ventura praedicit hic eruditio et verborum copia ea quae intelligit, transfert. Nisi forte putandus est Tullius Oeconomicum Xenofontiset Platonis Pitagoram et Demostenis pro Tesifonte afflatus rethorico spiritu transtulisse. Aut aliter de hisdem libris per LXX intrepretes aliter per apostolos Spiritus sanctus testimonia texuit, ut quod illi tacuerunt, hi scriptum esse mentiti sint. Quid igitur? Damnamus veteres? Minime. Sed post priorum studia in domo Domini quod possumus laboramus. Illi interpretati sunt ante adventum Christi, et quod nesciebant dubiis protulere sententiis; nos post passionem et resureectionem eius non tam prophetiam quam historiam scribimus. Aliter enim audita aliter visa narrantur. Quod melius intelligimus, melius et proferimus. Audi igitur aemule, obtrectator ausculta: non damno, non reprehendo LXX, sed confidenter cunctis illis apostolos praefero. Per istorum os mihi Christus sonat, quos ante prophetas inter spiritala charismata positos lego, in quibus ultimum pene gradum interpretes tenent. Quid livore torqueris? Quid imperatorum animos contra concitas? Sicubi tibi in translatione videar errare, interoga Hebraeos, diversarum urbium magistros consule. Quod illi habent de Christo, tui codices non habent. Aliud est, si contra se postea ab apostolis usurpata testimonia probaverunt, et emendatiora sunt exemplaria latina quam greca, greca quam hebraea. Verum haec contra invidos. Nunc te precor, Desideri carisssime, ut quia tantum opus me subire fecisti, et a Genesi exordium capere orationibus iuves, quo possim eodem Spiritus quo scripti sunt libri in latinum eos transferre sermonem.

EXPLICIT PRAEFATIO.

ЗАПОЧНУВА ПРЕДГОВОРОТ

НА ПРЕЗВИТЕРОТ СВ. ХИЕРОНИМ

КОН КНИГАТА БИТИЕ

Ги добив посакуваните писма од мојот Дезидериј (кој, патем речено, поради некакво пророштво за иднината исто како и Даниел се здоби со углед на молител), за да го преведам Петокнижието од хебрејски на латински јазик, т.е. да го направам достапно за нас. Вакватa опасна задача, се разбира, е изложена на лаежот на завидливците, кои, оценувајќи ги човековите способности како што го оценуваат виното, тврдат дека ги навредувам седумдесеттемина преведувачи и дека на местото на стариот ковам нов превод, иако јас честопати сум докажувал дека колку сум можел – сум придонесувал со еден малечок удел во Божјиот шатор и дека нечија умствена сила не се загушува од умствената сиромаштија на другите.

Да се зафатам со оваа задача ме поттикна дејноста на Ориген, кој преводот на Теодоцион го измеша со старото издание, притоа ставајќи низ целото дело како интерпункцис-

ки знаци астериск и обел, т.е. ѕвезда и ражен. Вака тој или прави да се осветлат оние места кои претходно биле повеќе во сенка, или ги дави и закопува оние излишните, а особено оние кои ги објавил угледот на евангелистите и апостолите. Во нив читаме многу нешта од Стариот Завет, кои не се содржат во нашите книги, како на пример: „Од Египет го повикав мојот син“, или „Бидејќи ќе биде наречен Назареј“, или „Од неговата утроба ќе течат реки од жива вода“, или „Она што ниту очите го виделе, ниту ушите го чуле, ниту во човечкото срце се родило, тоа го подготвил Бог за оние кои го љубат“, или многу други места кои си бараат соодветен контекст. Значи, ајде да ги запрашаме нив каде се запишани овие реченици и, кога не ќе можат да ни кажат, да им ги посочиме хебрејските книги. Првово сведоштво се наоѓа во книгата на Осија, второто – во книгата на Исаија, третото – во онаа на Захарија, четвртото – во Пословиците, петтото – повторно во книгата на Исаија. Многумина, не знаејќи го ова, се поведуваат по будалаштините од Апокрифите и претпочитаат хиберискиот басми пред автентични книги. Не е мое да ги изложувам причините за грешката. Јудејците велат дека тоа е направено со мудра промисла: за Птолемеј, кој почитувал еден бог, да не пронајде двојна божеска природа и кај Хебрејците. Тој ова го правел најмногу затоа што изгледа потпаѓал под Платоновата догма. Со еден збор, каде било во Светото Писмо да има сведоштво за светоста на Таткото, Синот и Светиот Дух, тие тоа или поинаку го превеле, или сосема го премолчиле, и за да го задоволат кралот и за да не ја рашират меѓу народот тајната на верата. А и не знам кој историчар најпрв со својата лага ги изгради оние седумдесет ќелии, во кои божем се сместиле и работеле преведувачите, бидејќи ни Аристеј, телохранител на истиот оној Птолемеј, а ни Јосип, многу време потоа, не пренесуваат вакво нешто, туку пишуваат дека преведувачите се собрале во една базилика, а и дека не пророкувале. Зашто, едно е да се биде пророк, а друго – преведувач. Кај првиов Светиот Дух го предвидува она што ќе биде, а вториов со помош на своето образование и големиот фонд на зборови го преведува она во кое проникнува. Освен ако треба да сметаме дека Тулиј вдахновен со реторски дух го превел списот „Економик“ од Ксенофонт, дијалогот „Питагора“ од Платон и говорот „За Ктесифонт“ од Демостен.

Или пак, во врска со овие книги Светиот Дух на еден начин исплел сведоштва преку седумдесеттемина преведувачи, а на друг начин преку апостолите, така што за она што прв иве го премолчиле вториве да лажат дека било запишано. И, што сега? Ги обвинуваме ли старите преведувачи? Најмалку. Но, откако ќе ги проучиме нив работиме што можеме во Божјиот дом. Тие преведувале пред доаѓањето на Христос и она што не го знаеле го изнеле во несигурни реченици. Ние, пак, по неговото страдание и воскресение пишуваме не толку пророштво колку историја. Зашто, човек поинаку го раскажува она што го слушнал, а поинаку она што го видел. Она што подобро го спознаваме подобро и го излагаме. Затоа, слушај соперникуу, почуј ме добро, завидливецу: не ги обвинувам, не ги кудам седумдесеттемина преведувачи, туку самоуверено ги претпочитам апостолите пред сите нив. Преку нивната уста ми говори Христос и за нив читам дека биле ставени пред пророците во однос на духовните дарови, во кои преведувачите, пак, го држат речиси последното место. Зошто се мачиш со завист? Зошто ги поттикнуваш против мене душите на неопитните? Ако ти се чини дека некаде во преводот грешам, запрашај ги Хебрејците, советувај се со учителите од разните градови. Она што тие го знаат за Христос, твоите книги не го знаат. Друго прашање е ако тие ги одобриле сведоштвата употребени против нив од страна на апостолите, а латинските преписи се со помалку грешки од грчките, а грчките – со помалку од хебрејските. Овие факти, навистина, говорат против завидливците.

А сега те молам, најдраг Дезидериј, бидејќи направи да се подложам на толкав труд, со молитви да ми помогнеш да започнам од книгата Битие, за на тој начин да можам, со истата онаа помош од Светиот Дух со која книгите и биле напишани, да ги преведам нив на латински јазик.

ОВДЕ ЗАВРШУВА ПРЕДГОВОРОТ.

Прикажаниот факсимил, всушност, претставува дел од почетната страница на кодексот, која го содржи предговорот на Св. Хиероним кон Книгата за Постанокот. Веднаш под факсимилот следи транскрипција на предговорот, во која во првите десетина реда е демонстрирано на кој начин се расчитува еден ракопис. Имено, со искосени букви се предадени оние букви кои недостасуваат во зборовите во самиот манускрипт, односно, разновидните лигатури и скратувања (абревијации). Вообичаените абревијации во латинските манускрипти можат да бидат сигли (кога една буква претставува цел збор), посебен вид абревијации се суспензиите (кога од зборот се изоставени последната или неколку последни букви) и контракциите (кога во средината на зборот ќе се изостават неколку букви). Контракциите биле ретка појава во стариот век, но многу честа во средниот век (DCS = dictus, TRA = terra, OME = omne), а особено карактеристични за ранохристијанскиот период, подоцна и за црковните книги, пред сè, за Библијата. Како и што може да се очекува заради природата и содржината на текстот, многу чести се и т.н. Свети имиња (Nomina sacra), односно кратенките за нив .

Некои од нив може лесно да се воочат на факсимилот од почетната страна на кодексот:

*Суспензии:*
PRAEF *(со цртичка над F)* = praefatio
Quodā = quodam
ē = est
apocriforū = apocriforum

*Контракции:*
eplās = epistolas
nrorū = nostrorum

*Nomina sacra:*
PRBI *(со цртичка над RB)* = presbyteri
SCI = sancti
HRI = Christi

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Novak, V.: *Latinska paleografija,* Beograd, 1980.

Tompson, E. M.: *A Handbook of Greek and Latin Paleography,* 1975.

Steffens, F.: *Lateinische Paläographie,* Trier, 1909.

# Латинска палеографија:
# *Материјали за пишување на текстови*

Силвана Величковска

***Увод***

Палеографијата најкусо може да се дефинира како помошна историска наука која се занимава со проучување на старите писма. Жан Жак Мабијон укажал на потребата од проучување на материјалите на кои се пишувале ракописите во минатото. Имено, својствата на материјалот можат да бидат од голема важност и да помогнат при определувањето на времето и местото на настанување на определен ракопис. Спецификите на материјалот влијаеле на ширењето на одреден вид писмо, како и на морфолошките промени во развојот на писмото.

Римскиот автор Гај Плиниј Постариот, во делото *Naturalis Historia*, нè известува дека во времето на Александар Македонски како материјал за пишување се користеле листови од растенија, лико (внатрешната страна на кората од дрвјата), олово и платно.

Листовите од различни растенија (или материјали подготвени од овие листови) се користеле за запишување и зачувување на некој текст, цртеж или знак, и тоа во време на преодот од праисторискиот во историскиот период од развојот на човештвото. Во Индија и во други земји на Истокот се користеле листови од палма. Пронајдени се многу стари примероци на ракописи испишани на листови од палма, кои се доволно големи да се врежуваат знаци, а се покажало дека се доволно трајни во одредени услови.

Во античка Грција и Италија се користеле листови од маслиново дрво за гласање. На маслиновите и ловоровите листови се запишувале и разни формули за гатање, но нивната големина не дозволува запишување на некој поголем текст.


Посоодветен материјал за пишување било ликото (кората од дрвјата). За употребата на овој материјал повторно дознаваме од Плиниј. За изработка на ракописи и книги од лико, покрај Плиниј, сведочат и некои средновековни автори, како Исидор од Севиља во неговото дело *Origines*. Ликото е меко, има релативно поголема површина, мазно е и светло, а книгите од лико имале облик на свиток (*rotulus*). Особено погодно за пишување било ликото од стебло на липа (*tilia*).

Познато е дека Египќаните и Етрурците мумиите ги обвиткувале со платно на кое бил испишан текст. Тит Ливиј пишува за "старата платнена книга" (*liber vetus linteus),* која се употребувала при некој ритуал, а Плиниј пишува за "платнени свитоци" (*volumina lintea*). Бидејќи платното е трошен и непостојан материјал, речиси не се сочувани примероци од вакви книги, туку за нивното постоење дознаваме од други пишани извори.

Глината била многу популарен материјал за пишување кај Асирците и Вавилонците. До денес се сочувани многубројни испишани плочи од глина и тоа не само од источните области и цивилизации туку и од грчко-римската цивилизација. Нив ги има во различни форми: ќерамиди, цигли, плочи, табли; се наоѓаат во речиси сите музеи во Европа во кои

се чуваат археолошки артефакти. Тие се интересни поради морфолошките особености и поради разновидните содржини на текстовите испишани на нив - од најкуси гласачки изјави до разни документи.

Како подлога за пишување во антиката служеле и ѕидовите. Натписите на ѕид се нарекуваат графити и ги има со различна големина и со различна содржина, со карактеристични морфолошки особености. Тие се пишувани со јаглен или со боја и четка, но можат да се сретнат и такви кои се врежувани во ѕидот со остар предмет. Графити се најдени во Помпеи и во христијанските катакомби.



*остракон од керамика*



*графити во Помпеи*

Спомениците напишани на метал се интересни и за археолозите, епиграфичарите и нумизматичарите, но и за палеографите.

Од металите за пишување се користеле: злато, сребро, олово и бронза. Златото и среброто се користеле во вид на тенки листови (плочки), на кои биле испишувани различни текстови и формули, кои се носеле за заштита, т.е. служеле како амајлии.

Оловото имало голема примена како материјал за пишување, за тоа дознаваме од повеќе автори, како Плиниј, кој споменува оловни книги *(volumina plumbea)*. Павсаниј пишува за оловна табла *(molybdos)* на која биле испишани *Дела и Дни* на Хесиод, а која тој ја видел на Хеликон. Уште во Дидона се пронајдени оловни таблички на кои се испишани молби кон пророчиштето или одговори од него.

На бронза старите Грци и Римјани испишувале вотивни текстови, закони, договори и други документи.

Дрвото се користело за пишување уште многу одамна. Тоа често било прекривано со некоја материја на која полесно се врежувал текстот, а се пишувало и на самото дрво со мастило или други пигментирачки материи.

Уште во раната антика во Грција и Рим се користеле восочни таблички, т.е. таблички прекриени со восок. Табличките биле направени од дрво, слонова коска, метал или дури од кристал. По восокот се пишувало со писалка *(stilus)*, која исто така била изработена од метал, дрво и сл. и од едната страна била зашилена и служела за пишување, а од другата страна била во вид на лопатче за рамнење на восокот, за да може повторно да се пишува на него. Мекоста на восокот овозможува побрзо пишување, а тоа довело до побрз развој на писмото. Восочните таблички биле застапени од Антиката па сé до XIX век. Во средниот

век најмногу ги користела црквата. На нив биле запишувани: литургиски текстови, заповеди, казни и сл. Нивната голема застапеност се должи на нивната достапна цена, т.е. не биле скапи како пергаментот. Восочните таблички можеле да бидат двојни, тројни или составени од повеќе таблички. Во Рим се нарекувале *tabulae cerae, tabellae ceratae*, а споените се викале кодекс *(caudex, codex).*



*дрвена табличка од доцната антика*





*tabella cerrata*

Од антиката се пронајдени два поголеми наоди: првиот во Трансилванија, каде кон крајот на XVIII век се откриени диптиси со сочувани текстови датирани од II век, што претставува драгоцен материјал за проучување на развојот на писмото; и другиот наод е дрвено ковчеже откриено во Помпеи во куќата на некој *Лукиј Каекилиј Јукунд*, римски банкар, во кое имало 127 восочни таблички од I век н.е. со записи за позајмици, сметки и сл.

Папирусот, пак, материјал по потекло од Египет, во антиката бил единствениот вистински носител на класичната книжевност. Тој се употребувал до XI век, кога конечно бил потиснат од пергаментот. Го добива името од растението папирус од кое што се прави. Херодот ова растение и овој материјал за пишување ги нарекува *biblos*, информации и детален опис на оваа растение наоѓаме кај Теофраст, а некои податоци се дадени и кај Плиниј. Станува збор за мочуришна билка, некој вид трска *(Cyperus papyrus),* со високо стебло до два метра, која се одгледувала во делтата на реката Нил.

Папирусот има огромно значење за севкупниот развој на писменоста и на културата воопшто. Технологијата за производство на папирус била следнава: Од срцевината на стеблото на трската се сечеле тенки и долги ленти, широки 2-3 цм, кои се ределе една до друга на навлажнета дрвена подлога, па се премачкувале со некој вид течно лепило. Врз нив се редел друг слој ленти, во спротивен правец и се притискале додека сосема да се спојат и измазнат. Исушената плагула се мазнела со слонова коска или со школка за да се подготви за пишување. Измазнетата плагула се режела во потребна големина и можела да се спои со други плагули најмногу до 20 - што правело еден табак *(scapus)*. На папирусот најчесто се пишувало само од едната страна, но понекогаш се пишувало и двострано заради заштеда на материјал. Испишаниот скапус се виткал во свиток, ротулус *(rotulus)*, а ваквиот облик на ракопис или книга се нарекувал уште *biblion, tomos, liber, volumen*. За полесно свиткување и одвиткување на свитокот се користело стапче, *umbilicus (грч. omfalos)*, прицврстено на една од потесните страни на свитокот. На папирус се пишувало со *calamus*, цевче од трска, зашилено на едниот крај. Подоцна, зашилениот крај за пишување се засекувал по средината, што овозможувало сенчење на буквите - здебелувања или истенчу-

вања на одделни делови на буквите. Мастилото било црно, а се произведувало од гареж, смола и вода. Во Рим не се произведувал папирус, но се увезувал (не се знае точно од кога, но во време на царството неговата употреба веќе била широко распространета) и се складирал во големи магацини, а понекогаш и се доработувал за да биде што помазен, потенок и побел.



*ракописи на папирус*

Севкупното ракописно наследство, од историски и литературен карактер, запишано и сочувано на папирус, а складирано во голем број светски музеи и библиотеки, може да се подели на три категории: египетски манускрипти, манускрипти од Херкуланеум и средновековни манускрипти. Најстариот откриен ракопис на папирус содржи копија на дело напишано за време на владеењето на петтата династија во Египет, потекнува 2500 години п.н.е, а се чува во Париз.

Меѓу откритијата од Херкуланеум, најголем дел се свитоци напишани на грчки јазик и се со епикурејска филозофска содржина, но меѓу нив има и 24 латински ракописи, кои биле сместени во еден ковчег за книги. Средновековните латински ракописи се многу побројни, а главно се дипломи, повелби, едикти и слично.

Кај Плиниј постариот наоѓаме информации до кои тој дошол од антикварот Публиј Терентиј Варон. Според овие податоци, пронаоѓањето на пергаментот се должи на ривалски натпревар помеѓу двата културни центри - Александрија и Пергам. Птоломеј, поради завист предизвикана од успесите на новооснованата пергамска библиотека, забранил извоз на папирус во градот Пергам. Тогаш пергамскиот владетел Евмен II решил книгите да се пишуваат на кожа. Според некои истражувачи, пергамент се произведувал и се користел и пред Евмен II и на други места – како на пример во Египет, кај Евреите итн.

Животинската кожа обработена и подготвена за пишување, Плиниј ја нарекува *membrana*, додека Херодот ја именува како *diptera*. Името пергамена, секако доаѓа од името на градот каде се произведувал овој материјал за пишување – Пергам или Пергамон (денешна Бергама во Турција).

Пергаментот можел да биде изработен од кожа на различни животни: кози, овци, телиња. Но најквалитетен, префинет и најскап бил пергаментот направен од кожа на штотуку родено, или, неродено јагне. Во Рим пергамент имало уште во времето на Кикерон, ако се точни наводите на Плиниј за некој пергамент на кој била испишана Хомеровата Илијада. И Хоратиј пишува за дела на Хомер, Вергилиј, Кикерон, Ливиј, Овидиј и негови сопс-

твени (во I век п.н.е.) напишани на пергамент. Во време на царството сигурно се користел и тоа во поголема мерка.

Веќе во IV век свитокот од папирус се повеќе се заменувал со пергамент во облик на кодекс – облик кој ќе го преживее средниот век и ќе стане вообичаен облик и за печатените книги, сé до денешен ден. Кодексот се покажал попрактичен: во кодекс може да се собере дело од многу поголем обем, или, дури и повеќе дела, додека свитокот може да биде само еден дел од некое дело. Во VII и VIII век почнал и процесот на препишување на дела од папирус на пергамент, процес од исклучително значење за зачувување на книжевното културно наследство.



*ракопис на пергамент*



*најквалитетен пергамент, vellum*

Во Италија претежно се користел пергамент од јагнешка кожа, а во Германија, од телешка. Пергаментот има некои особини кои ги нема папирусот или ги има во помал степен: пергаментот може многу полесно да се обои и од него може да се симне еден слој текст за да се напише друг. Пергаментот најчесто се боел со пурпур, а поретко со шафран или црна боја. Особено раскошни биле манускриптите испишани со златна или сребрена боја на пергамент потопен во пурпур *(codex aureus, codex argenteus)*. Пергаментите од кои бил симнат еден слој текст за да се напише друг се нарекувале палимпсести.

Палимпсести со дела од класичната литература кои биле пронајдени во различни библиотеки претставуваат незаменливо богатство, благодарение на кое можеме да ги читаме делата кои инаку би биле осудени на пропаст.


На пергамент се пишувало со трска или со перо од птица *(calamus)*, а многу поретко со метално перо или тенка четкичка. Мастилото се изработувало по различни рецептури, а секоја скрипторија ја чувала тајната за начинот на изработка на своето мастило.

Пронаоѓањето на хартијата е заслуга на Кинезите. Според некои историски извори овој значаен пронајдок датира околу 105-та година, а најстарите сочувани примероци потекнуваат од IV век.


Технологијата за производство на хартија долго време била строго чувана тајна, се додека во VIII век, кинеските заробеници во Самарканд не им ја откриле тајната на Арапите – во замена за својата слобода. Арапите ја пренеле и на запад (Африка и Европа).

Суровината за производство на хартија повторно е од растително потекло (лико, лен, дудинка, трска), со тоа што од растителните влакненца иситнети на најситни делчиња се

правела каша, во која се додавало гипс, желатин и лепило, од која по механички пат се произведувала хартија. Со сигурност се знае дека во Европа хартијата била употреба во IX век, и тоа во Шпанија (од увоз), а првата фабрика за хартија била подигната во XII век во Валенсија. Најстариот зачуван европски документ напишан на хартија е повелбата на гроfицата Аделаида од 1109 година.



*ран ракопис на хартија*




*фрагмент од илуминирана книга*

***Заклучок***

Овие и слични податоци можат да им користат на учениците за да ја комплетираат "сликата" за животот во антиката и пошироко, конкретно за појавата и развојот на книгата. Правилно и одмерено рапределени меѓу другите содржини од предметите Латински или Старогрчки јазик, можат да ги мотивираат учениците и самите да истражуваат на оваа тема, да бараат информации и илустрации од Интернет. Содржините од палеографија можат да бидат инспиративни особено ако се придружени со одбрани илустрации. По избор и наоѓање на наставникот и со негова помош податни се и за вежби при кои учениците би се обиделе да ги прочитаат и да преведат покуси извадоци од некој ракопис.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Novak, V.: *Latinska paleografija,* Beograd, 1980.

Tompson, E. M.: *A Handbook of Greek and Latin Paleography,* 1975.

# Латинска палеографија:
# *Материјали на кои се пишувало во антиката*

Лиле Доневска

***Увод***

Постанокот на латинската палеографија официјално започнува со фламанскиот језуит Жан Боланд. Неговото обвинување за издавање лажни дипломи од страна на одделни манастирски (бенедиктински) скриптории, предизвикало целиот бенедиктински ред да се зафати со проучување на историскиот материјал. Најпознатиот меѓу нив бил Жак Мабијон кој и пристапил на материјата од научни позиции. Тој прв во своето дело *De re diplomatica libri sex* расправа за развојот на латинското писмо и прави систематизација – старо римско писмо и средновековни латински писма. Во осмата глава од првата книга од *De re diplomatica* укажува на употребата на многубројните разновидни материјали на кои пишувале старите народи. Со тоа укажал и на потребата од проучување на материјалите на кои се пишувале ракописите во минатото.

Всушност материјалите се од голема важност при определувањето на времето и областа каде настанал определен ракопис. Спецификите на материјалот влијаеле на ширењето на одреден вид писмо и неговите морфолошки промени во развојот. Оттука произлегува дека материјалот на кој се пишувало има многу големо значење за палеографијата.

Палеографијата како помошна историска наука која го проучува потеклото, развојните процеси и појаси на ширење на старите писма, во поширока смисла, се занимава со проучување на остатоците од старите писма сочувани на најразлични материјали: камен, метал, платно, дрво, восок, папирус, пергамент и хартија. Но во потесна смисла се ограничува на проучување на ракописи кои се напишани на меки и полумеки материјали, како што се: восок, папирус, пергамент, хартија. Натписите на сите останати материјали (тврди материјали како каменот, стаклото, металот, слоновата коска, печената глина, разни ткаенини, како и листови од некои растенија) се предмет на изучување на археологијата, или поточно на нејзините помошни гранки- епиграфиката и нумизматиката. Но бидејќи палеографијата го проучува потеклото и развојот на писмото во целина, а со тоа и во одредени различни епохи, не може и не треба да се има остра граница меѓу полињата и предметите на истражување на одделни научни дисциплини кои се сродни.

***Листови од растенија***

Во преодот од праисторискиот во историскиот период од човековиот развој за пишување се користеле природни материјали како лисја, билки, дрвја, на кои што можеле да се врежуваат знаци за меѓусебно разбирање. Така, во некои области на Индија и Истокот со векови се употребувале листови од палма кои со својата трајност одговарале за својата намена. Во античка Грција и Италија листовите од маслинка се употребувале за гласање.

Тој обичај во Сиракуза се нарекувал pelatismos, а во Атина сличниот обичај е нарачен emphillophoria.

***Лико (кора од дрво)***

Многу подобро за пишување било ликото, за кое ни говори Плиниј, а ликото го спомнуваат и некои раносредновековни автори како Исидор од Севиља (во неговото дело *Origines*). Тоа било меко, мазно, светло и со поголема површина за пишување, такашто било посоодветно од листовите од растенијата. Испишаното лико добивало облик на свиток (rotulus), слично на свитоците од папирус. Посебно погодно за пишување било ликото од липа (грч. *philyra*; лат. *tilia*). Така според материјалот, а и како составен дел на книгата – листот, книгата го добила името. Во старогрчкиот зборот biblos значел *лико*, а подоцна *книга*.

***Платно***

Во Египет мумиите ги обвиткувале со платно на кое бил испишан текст. Истото го правеле и Етрурците. Историчарот Тит Ливиј знаел за стара платнена книга (liber vetus linteus), ракописи коишто биле употребувани во некои ритуали, а Плиниј зборува за некои платнени свитоци – volumina lintea. Бидејќи платното како материјал е непостојан, затоа не се сочувани примероци од вакви книги, туку за нив дознаваме од литерарните извори.

***Глина***

Глината како материјал за пишување била омилена кај Вавилонците и Асирците. Познати се голем број споменици напишани на глина испечена на оган или сонце од источните земји, но исто така и голем број од европските региони на грчко-римската цивилизација. Речиси сите европски музеи изобилуваат со вакви археолошки артефакти од грчко-римскиот ареал во најразлични форми (керамиди, цигли, плочки, табли ). Тие се интересни не само поради морфолошките особености туку и поради разновидните куси содржини на испишаните текстови од гласачки изјави (острака) до различни записи, пописи итн.

***Графити***

Палеографијата исто така се интересира и за натписите испишани по видови со различна големина и содржина, и секако со многу карактеристични морфолошки особености. Тоа се графити, кои се испишани од различни луѓе со јаглен или некоја друга боја, а најчесто врежани со остар предмет. Графитите се наменети за поширок круг на граѓани и затоа се интересни и од културолошко-историски аспект, не само од палеографски. Вакви графити се ископани во Помпеја и во христијанските катакомби.

***Метал***

Различните видови метал исто така се користеле како материјал за пишување, а вакви ракописни споменици предизвикуваат голем интерес не само кај палеографите, туку и кај археолозите, епиграфичарите и нумизматичарите. На злато и сребро на помали плочки или тенки листови се испишувале различни текстови. Оловото веќе било во многу поширока употреба како материјал за пишување, како што сведочат Плиниј и Павсаниј. Плиниј пишува за оловни книги-volumina plumbea, а Павсаниј за оловна табла (molybdos) од Хеликон, на која се наоѓал тексот на Хесиодовите *Дела и дни*. На оловни таблички најдени во Додона, се испишани молби или одговори од пророчиштето. Оловото многу се упо-

требувало и за пишување текстови за заштита од уроци (tabellae defixionum). Ваквата употреба не е карактеристична исклучиво за паганството, туку и христијаните го прифатиле ова празноверие.

Грците и Римјаните на бронза пишувале вотивни текстови, закони, договори и други свечени документи. Исто така, во голем број се сочувани бронзени плочи (tabulae honestae missionis, privilegia militum) со едикти со кои на војниците ветерани по отслужениот воен рок им се доделувале земја и одредени права (ius civitatis и ius connubii). Од внатрешната страна на двете бронзени плочи се наоѓал изгравиран текст од царскиот едикт со името на привилегираното лице. Двете таблички биле споени со три кругови од подолгата страна, а од другата страна низ два отвора била провлечена железна жица која од предната страна била запечатена со седум печати од седуммина сведоци. На предната надворешна страна стоел текстот со привилегиите.

***Дрво***

Дрвото одамна било познато и се користело како материјал за пишување. Египќаните покрај мумиите ставале таблички од липово дрво на кои биле напишани податоци за покојниот или куси тажалки. Кај Словените неговата употреба била позната уште за времето на просветителската дејност на Кирил и Методиј, а за тоа дознаваме од првиот филолог Црноризец Храбар, Македонец од десетиот век.

На дрвените таблички се запишувале разни сметки, потврди, одлуки, рецепти и други куси записи. Се користеле и во училиштата за вежбање и пишување. На самото дрво се пишувало со мастило или некои други пигментирачки материи, а често дрвото било премачкано со некоја материја - најчесто восок.

***Восочни таблички***

Археолозите и палеографите се согласуваат дека употребата на восочните таблички потекнува дури и пред почетокот на нашата ера. Тоа се всушност правоаголни дрвени таблички, кои правилно се издлабени и врамени со подигнат раб од сите четири страни. Биле изработувани и од друг материјал како слонова коска, метал и кристал. Во нив бил излеан восок, а се пишувало со писалка - stilus (направена од метал, дрво, или слонова коска). Едниот крај од писалката бил заострен и служел за пишување, а другиот крај бил плоснат и служел за израмнување на восокот. Восокот како мек материјал овозможил и побрзо формирање на буквите како и менување на нивните морфолошки особености. Овие таблички се употребувале во црквата (за литургиски диптиси, заповеди, казни), во манастирските училишта, но и во секојдневниот живот за запишување на разни белешки, сметки, за разни трговски договори, па и за допишување, како писма.

Писалката се нарекувала уште и graphium, па оттаму и кутијата во која се носеле таблиčките се нарекувала graphiarium. Кога белешките веќе не биле потребни восокот се загревал и се израмнувал, па таблиčката била повторно спремна за пишување. Затоа кај Хоратиј и Кикерон се сретнува терминот stilum vertere (да се сврти писалката). Самиот глагол scribere кој во класично латинскиот се преведува - *пишува*, всушност значи *гребе*, додека именката littera (буква) доаѓа од litura (размачкување на восокот), односно од глаголот linere (размачкувам, измазнувам). Тие таблички можеле да бидат единечни, или пак споени - двојни, тројни или повеќеслојни. Во Рим биле нарекувани tabulae ceraе или tabellae ceratae и биле споени со кожна врвка, со која се соединувале повеќе таблички, и така го добиле

името кодекс (caudex, codex). Две споени таблички се нарекувале duplices (грч. diptycha), три triplices (грч. triptycha ), пет - quintuplices (грч. pentaptycha) или споени повеќе таблички - multiplices (грч. polyptycha).

Покрај сосема едноставните диптиси од дрво, имало и такви кои биле изработени од драгоцени материјали, релјефно украсени со резба (за релјефна обработка најпогодна била слоновата коска).

Значи восочните таблички биле употребувани од антиката па сé до XIX век. Пронајдени се два поголеми наоди на восочни таблички. Првиот наод е откриен околу 1786/7 год. во Трансилванија, во стар запуштен рудник за злато, каде се пронајдени диптиси со текст кој датира од II век н.е. Писмото е мајускулно - постар римски курзив. Прв успеал да го прочита Х. Ф. Масман кој што во Лајпциг 1840 год. ги објавил резултатите. Вториот наод е околу 1875/6 год. во Помпеи, во куќата на некој римски банкар Лукиј Каекилиј Јукунд. Во дрвено сандаче се најдени 127 таблици со записи за признаници, платени сметки и сл., кои датираат од I век од нашата ера.

***Папирус***

Познато е дека на восочни таблички се сочувани и некои литературни споменици, но сосема е оправдано мислењето дека со преработката на египетската билка - папирус, всушност почнува историјата на книгата. Овој материјал, по потекло од Египет, бил единствениот и прв носител на класичната книжевност. Грците го прифатиле овој материјал, а од нив и Римјаните. Папирусот по антиката се задржал долго и во средниот век, бил на цена, но сепак во XI век бил потиснат од пергаментот, дури и во Ватикан, во папската канцеларија, каде најдолго се одржал во употреба.

Етимолошки зборот papiros (кој се смета дека е со египетско потекло) значи *она од реката*, т.е. билката од Нил која што Херодот ја нарекува biblos, а подетален опис на ова растение наоѓаме кај Теофраст. Но најмногу и најчесто податоците за овој материјал ги добиваме од Плиниевата Naturalis historia. Папирусот, според ботаничката терминологија наречен Cyperus papyrus, е мочуришна билка со разгранет корен и високо стебло. Тој се одгледувал во мочуришните предели на долен Египет, и најверојатно е пренесен од Нубија уште од рано праисториско време, бидејќи во Египет веќе го нема, а како дива билка се наоѓа во Нубија во Палестина. Улогата што ја одиграл папирусот, значењето што овој материјал го имал во писменоста и културата предизвикувало голем интерес и оттука многубројните истражувања и расправи околу начинот на производство и искористеност на ова растение. Денес дури и се појавува нова научна дисциплина, која се занимава со папирусот, наречена папирологија.

Денешните сознанија за производството на папирусот не се многу различни од Плиниевите описи. Срцевината на стеблото од трската се сечела на долги и тенки ленти со ширина од 2-3 см, кои на наваљнета дрвена подлога се ределе една до друга, и се премачкувале со некое течно лепило. Врз нив во спротивен правец се ределе други ленти и се притискале додека да се спојат и изедначат. Исушената plagula се мазнела со тврд предмет и дури тогаш била подготвена за пишување. Плагулата се сечела на потребната големина и потоа можела да се состави со друга плагула, а најмногу 20 вака слепени плагули правеле еден табак - scapus, наречен уште и charta - грч. hartes. Најчесто била испишана едната страна, но понекогаш поради заштеда на материјал било пишувано и од двете страни. Испишаниот scapus се виткал во свиток - rotulus, кој бил нарекуван уште и biblion, tomos,

liber, volumen. За свиткување и одвиткување на свитокот било користено стапче umbilicus (грч. omphalos), на чии краеви се ставале мали рачки - cornua за да може правилно да се витка свитокот. Ова стапче можело да биде обоено, украсено или позлатено и на неговиот крај да биде прицврстено ливче кое ја означувало содржината на свитокот. Ливчето се викало sillibos, index или titulus. Околу свитокот се обвиткувала кожна врвка која се наоѓала на последниот, здебелен крај од листот и се викала lora. Првиот лист од свитокот се викал protokolon, термин кој денес во дипломатијата се користи како *протокол*.

На папирусот се пишувало со calamus - цевче од трска, зашилено на едниот крај. Подоцна зашилениот крај се расекувал и со тоа цевчето ја добило својата еластичност и можело да се постигне сенчење на буквите - задебелување или истенчување на одделни делови од буквите. Мастилото било црно и се правело од гареж, смола и вода и. Подоцна, во средниот век имало мастила во други бои како жолта, зелена, црвена. Мастилото со црвена боја било одредено само за царска употеба.

Градот Александрија како центар на најголема научна и книжевна дејност бил главниот центар за трговија со папирус. Од таму тој се разнесувал насекаде во светот. Од Грците, Јонците биле први кои почнале да го користат папирусот, додека кај Римјаните не се знае кога точно почнал да се употребува, но за време на царството тој бил распространет и неговата употреба била многу раширена.

Во историјата на развојот на производството на папирусот се издвојуваат два периода. Првот бил од најстаро време се до заземањето на Египет од страна на Арапите во VII век, кога папирусот се произведувал во Египет. Вториот период е по освојувањето на Египет кога Арапите ја преземаат трговијата со папирусот. Но во XI век настанува константна суша и со тоа се губат мочуришните предели, а со тоа и папирусот и неговото производство. Поради сушата папирусот полека бил потиснуван од пергаментот и хартијата.

Целокупниот материјал со историска и книжевна важност зачуван на папирус е складиран и се чува во светските музеи и библиотеки и може да се подели во три категории: египетски манускрипти, манускрипти од Херкуланеум и средновековни манускрипти. Ракописите од првите две категории во најголем дел се ориентални, грчки и латински додека средновековните се во поголем дел дипломатички, а помал дел литературни споменици. Во Египет папирусните манускрипти биле пронаоѓани од локалното население во голем број, но поради неукост и биле уништувани. Од 1877-1878 година кога е пронајдено значајно мноштво на ракописи во Арсиное - денешен Ел Фајум - во гробовите и кај мумиите, се променил односот кон папирусот и неговото значење.

Најстариот откриен ракопис на папирус е копија на дело напишано за време на владеењето на петтата династија во Египет, 2500 години п.н.е. и се чува во Париз. Откритијата во Херкуланеум помеѓу 1752 и 1754 година се исто така од големо значење и голем број од нив припаѓаат на грчката епикурејска филозофија. Меѓу нив во еден ковчег за книги се најдени 24 латински ракописи воглавно средновековните латински ракописи се дипломи, повелби, едикти и слично.

### *Пергамент*

Според информациите кои ги читаме кај Плиниј Постариот, а кои тој ги добил и слушнал од антикварот Публиј Терентиј Варон, до пронаоѓањето на пергаментот дошло поради ривалскиот натпревар помеѓу двата големи културни центри - птоломејската Александрија и атаровскиот Пергам. Птоломеј од завист поради успесите на новооснованата

библиотека во Пергам за време на владеењето на Евмен II, забранил извоз на папирус, па Евмен II одлучил книгите да се пишуваат на кожи. Но според некои истражувачи, пергаментот се произведувал и користел пред него и кај други народи како на пример кај Евреите. Плиниј животинската кожа спремна и обработена за пишување ја нарекувал membrana, а Херодот diphtera, што се смета за персиски термин и означува книжна тетратка (спореди со нашето *тефтер*). Името pergamena, секако е добиено според името на градот Пергам или Пергамон (денешна Бергама во Турција).

Пергаментот можел да биде од кожа на различни животни: овци, кози, телиња, но најквалитетен и најскап пергамент бил пергаментот од кожа на штотуку родено или нероденo јагне. Од сигурни податоци се дознава дека уште во Кикероново време имало испишани кодекси на пергамент, и ако се точни информациите на Плиниј, тој не известува дека и Хомеровата Илијада била испишана на пергамент. И Хоратиј пишува дека некои дела на Хомер, Вергилиј, Кикерон, Ливиј, Овидиј како и некои негови дела (I век п.н.е.) се напишани на пергамент. Веќе во IV век се повеќе папирусовиот свиток се заменува со пергаментниот кодекс - со книга - и тоа во таков облик кој ќе го преживее и средниот век и ќе стане вообичаен облик и за печатените книги сé до денес. Во VII и VIII век пергаментот го зазема своето место и во канцелариите (освен во папската). Почнал и процесот на препишување на дела од папирус на пергамент.

Имало повеќе начини на преработка на кожата. Еден од нив е кога кожата се ставала во вода од гасен варовник неколку дена, за да омекне и полесно да се извадат влакната и маснотијата. Потоа се миела во варовна вода и откако ќе се истругала со остар предмет се растегнувала и се оставала да се исуши. Тогаш со камен се стругала и измазнувала. На крај кожата повторно се натопувала со варовна течност и била спремна за пишување.

Кожата се обработувала подеднакво од двете страни, но сепак од внатрешната страна таа била помека и побела. Во Италија преовладувала употребата на јагнешка кожа, која била полесна, потенка и побела, а во Германија се употребувала телешката кожа која е погруба, потврда и подебела. Пергаментот има некои особини кои ги немал или во помала мера ги имал папирусот. Тој полесно се боел и можело да се тргне еден слој за да се напише друг текст. Најчесто се боел со пурпур, шафран или со црна боја. Особено раскошни биле манускриптите испишани на пурпурен пергамент со златна или сребрена боја (codex aureus, codex argenteus). Пергамент од кој бил симнат еден слој текст бил нарекуван палимпсест. Ова се правело со цел да се заштеди материјал, но понекогаш и поради непочитување на првичниот текст. Но за науката овие палимпсести се од голем интерес, зашто по хемиски пат или со флуоресцентна фотографска постапка може да се добие и првобитниот текст, а да не се оштети сегашниот. На пергаментот се пишувало и со трска или перо од птица (calamus), поретко со метално перо или тенка четкичка.

### *Хартија*

Најмладиот вид на материјал на којшто во средниот век се пишувало и кој го потиснал пергаментот од употреба е хартијата. Пронаоѓањето на хартијата им припаѓа на Кинезите, а се датира околу 105-та година, додека најстарите сочувани примероци потекнуваат од IV век. Неговата конкурентност се должела на ниската цена на производство и лесниот начин на обработка и транспорт, па успеал да ги потисне папирусот и пергаментот.

Технологијата за производство на хартија долго време била строго чувана тајна на Кинезите, се додека во 751 година, некои кинески заробеници не им ја кажале технологија-

та на Арапите за да се ослободат. Но 140 години порано, кореански свештеници ја научиле оваа технологија и ја пренеле на исток во Кореја и Јапонија. Арапите согледувајќи ја предноста на хартијата, со својата територијална експанзија ја пренеле технологијата за производство на хартија на запад (Африка и Европа).

Суровината за производство на хартија е повторно од растително потекло (лико, лен, дудинка, трска), со тоа што од најситно исецканата срцевина помешана со вода правеле каша во која се додавало гипс, желатин и скробно лепило, и по механички пат се добивала хартија. Арапите откако ја презеле трговијата со хартија, самите настојувале да ја усовршат технологијата за преработка на хартија. Се знаело со сигурност дека употребата на хартија во Европа е документирана од IX век, во Шпанија (од увоз), а првата фабрика за хартија на европска територија е направена во XII век во Валенсија. Најстариот европски документ напишан на хартија е повелбата на грофицата Аделаида од 1109 година. Хартијата во XII век е добро позната и во Франција и во Италија, а од XIII век се појавува и т.н. воден знак, во различни облици и мотиви како заштитен знак на фабриката каде била произведена хартијата.

Користена литература:

Novak, V.: *Latinska paleografija,* Beograd, 1980.

Tompson, E. M.: *A Handbook of Greek and Latin Paleography,* 1975.

# Формите од глаголот *sum, esse, fui* во натписите од Горна Мезија

Лиле Стрезовска - Темовска

***Увод***

Во латинскиот јазик некои глаголи покажуваат различни особености во творењето на облиците од презентската основа, по што се разликуваат од обичните глаголи. Тие глаголи се нарекуваат verba anomala, меѓу кои спаѓа и глаголот *sum*, *esse*, *fui*. Овој глагол од сите verba anomala покажува најмногу особености. Така во поедини облици од презентската основа гледаме аблаут, атематска творба и ротацизам.

Аблаутот е најзастапен во формите од презентската основа, каде што има варирање на полната степен од коренот **es* со нултата степен **s-*. Притоа формите со нулта степен се тематски, а формите со полната степен се атематски.

На пример во индикатив на презентот активен е застапена нултата степен **s-* во формите *sum*, *sumus* и *sunt*. Во останатите лица се гледа полната степен **es-*, сп. *es*, *est*, *estis*. Во другите индоевропски јазици распределбата на полната и нултата степен не е иста. Во старогрчкиот на пример, во сите лица е присутно **es-*, сп. 1л. синг. *εἰμί*, лезб. *ἔμμι* (< **ἐσμί*), 2л. синг. *εἶ* (< **ἐσί*), 3л. синг. *ἐστί*, 2л. плур. *ἐστέ*. Во санскритскиот полната степен се јавува само во сингулар, сп. *ásmi*, *ási*, *ásti*, а нултата степен се јавува само во плурал, сп. *smás*, *sthá*, *sánti*. Состојбата во санскритскиот веројатно најдобро ја отсликува првичната ситуација во индоевропскиот, каде што полната степен **es-* била обележје на формите на еднина, а нултата степен **s-* била обележје на формите на множина. Санскритскиот во исто време покажува и дека овој глагол првобитно имал целосно атематска конјугација. Тематските форми во латинскиот настанале по аналогија со тематските глаголи, а тргнувајќи од формата за 3 лице множина **s-onti* која била сфатена како тематска.[1] И во конјунктивот на презентот активен во сите лица се сретнува нултата степен од коренот **s-*, сп. *sim*, *sīs*, *sit*, *sīmus*, *sītis*, *sint*; ст.лат. *siem*, *siēs*, *siet*; ст.инд. 1л. синг. *syā́m*, 2л. синг. *syā́h*, 3л. синг. *syā́t*, 1л. плур. *syā́ma*.[2]

Кај овој глагол има и примери на ротацизам, во индикатив на имперфект активен, сп. *eram* < **esām*, *erās* < **esās*, *erat* < **esāt*, *erāmus* < **esāmos*, *erātis* < **esātis*, *erant* < **esānt*, во футур активен, сп. *erō* < **esō*, *eris* < **esesi*, *erit* < **eseti*, *erimus* < **esomos*, *eritis* < **esetis*, *erunt* < **esonti*. Ротацизмот не е забележан во другите јазици, сп. ст.инд. имперф. *ā́sam*, *ā́s (ā́sīs)*, *ā́s (ā́sīt)*, *ā́sma*, *ā́sta, ā́san*; фут. *ásati*.[3] Останатите времиња кај овој глагол се градат од перфектната основа *fu-*.

---

[1] A. L. Sihler, *Comparative Grammar*, str. 548-9.
[2] A. L. Sihler, *Comparative Grammar*, str. 553.
[3] A. L. Sihler, *Comparative Grammar*, str. 550, 552.

***Истражување***

Предмет на ова истражување се формите од помошниот глагол *sum*, *esse*, *fui* кои се сретнуваат на натписите од Горна Мезија, во регионот на Скупи т.е. нивните фонетски, морфолошки и синтаксички особености. Во истражувањето се земени предвид првите 100 натписи објавени во изданието „Inscriptions de la Mésie Supérieure, vol. VI Scupi et la région de Kumanovo", ed. B. Dragojević-Josifovska, Beograd, 1982. Спецификите на овој глагол од фонетско-морфолошки аспект се објаснети во уводот. Интерес на ова истражување се формите на овој глагол во индикатив презент активен во 3 лице синг. и плур., бидејќи во првите 100 натписи се сретнуваат само тие. На овие натписи нема траги од сложенките од глаголот *sum*, *esse*, *fui*.

Формата *est* се состои од презентската основа **es-* и наставката **t* < **ti*. Крајниот вокал *i*, во латинскиот е апокопиран, а неговото постоење го потврдуваат ст. грч. *ἐστί*, ст.инд. *ásti*. Во првите 100 натписи од регионот на Скупи формата *est* е составен дел од формулата H.S.E., /*hic sītus* или *sīta est*/, „Овде е положен или положена, овде почива". Оваа формула ни кажува и за карактерот на натписите каде се сретнува формата *est*, а тоа се надгробни споменици. Индикативен е и фактот дека на првите 27 натписи, кои се претежно вотивни, не се сретнува ниту една форма од овој глагол. Отсуството на оваа глаголска форма кај наведените натписи укажува уште и на едно друго размислување, дека можеби глаголот *sum* немал некоја посебна улога во содржината на таквите натписи. Имено, натписите се секогаш составувани според една типична формула.

Во фразата H.S.E /*hic sītus, -a est*/ глаголот *sum* е употребен како дел од пасивна перфектна форма од глаглот *sino*, *sīvī*, *sītus*, „поставувам, положувам".

Треба да се одбележат два натписа на кои формата *est* е употребена како целосна форма, а не како кратенка.

***а.*** Натписот бр. 44 е надробен натпис од крајот на 2, почеток на 3 в.н.е., пронајден во селото Бањане, Скопско. Текстот гласи:

D(is) M(anibus)
T.Dindius Marce[l]lus
cornicularius legati
leg(ionis) VII Cl(audiae) vix(it) ann(is) XL h(ic) s(itus) e(st)
Quot testa[me]nto fieri
praeceperat[at fam]ula Par
thenope n[---] eris
f[aciendum] c[uravit]. Quod opu[s---]
est idus Aug.[---]
Aeliano [co(n)s(ulibus)].

„На боговите Мани, Т. Диндиј Маркел, корникулариј на легатот, седма Клаудиева легија, живееше 40 години. Овде е положен. Да се исполни заветот заповеда слугинката Партенопа ... наследник. Се погрижи за правењето. Делото е .... Августовски иди..... Аелијан конзули."

Натписот е оштетен и нецелосен на повеќе места. Според Б. Драгојевиќ - Јосифовска, во седмиот ред пред *eris*, што е всушност специфична графија за *heres*, „наследник, нас-

ледничка“, можеби треба да се реконструира именката *nutrix* или *nutricula*, „доилка“. Во регионот на Скупи, оваа именка се среќава и на други натписи кои претставуваат надгробни споменици посветени на доилката, сп. натпис бр. 32, 116.[4] Во деветиот ред она што недостасува е името на другиот конзул.

Формата *est* се среќава на почетокот од деветтиот ред и веројатно треба да се поврзе со именката *opus* во претходниот ред, но тука има празнина бидејќи натписот е оштетен. Според Б. Драгојевиќ-Јосифовска, веројатно она што недостасува е формата *perfectum*, така што целата фраза би гласела *Quod opus perfectum est*. Слично на натписот бр. 219 од Кумановско стои *opus e<f>fectum curante* ...[5] Ако е ова вака тогаш *est* тука е дел од пасивна перфектна форма од глаголот *perficio, perfēcī, perfectus*, „завршувам, извршувам“.

***б.*** Натписот бр. 53 е надгробен споменик, најден во село Бардовци, Скопско. Текстот гласи:

[D(is)] M(anibus)
C.Iulio Ponti
co vet(erano) leg(ionis) VII
C(laudiae) p(iae) f(idelis) deductus
Scup(os) vixit ann(is)
LX h(ic) se[pul]tus
est in praedio
suo iug(erum) [ ] in
quadra[tum]
[Iu]lia Po[n]tinia

„На боговите Мани, Гај Јулиј Понтик, ветеран на седмата Клаудиева легија, побожна и верна, доселен во Скупи, живееше 60 години, тука е погребан, на својот имот од .... југери во вид на квадрат, Јулија Понтинија.

Формата *est* тука е дел од фразата *Hic sepultus est*, „Овде е погребан“, која стои наместо вообичаената кратенка *H.S.E., Hic sītus est*, „Овде е положен“. Повторно се работи за пасивна перфектна форма, но сега од глаголот *sepelio*, *sepellī*, *sepultus*, „погребувам“. Оваа формула со *sepultus* наместо *situs* се јавува и на други натписи од римското царство.

На првите 100 натписи од Горна Мезија се забележува и формата *sunt*, 3 л. плур., индикатив на презентот активен. Оваа форма е составена од нултата степен *s- и наставката *-onti*, сп. ст.инд. *s-anti*, ст. грч. *εἰσί* (**ἐσ-εντι*). Оваа форма е употребена во формулата H.S.S. /*Hic sītī sunt*/ и тоа само на три натписи 28, 67 и 78. Единствено во натписот под број 82 оваа форма се сретнува целосно употребена.

***в.*** Натписот бр. 82 е најден во селото Бардовци, Скопско. Текстот гласи.

D(is) M(anibus)
Afrodisia vi

[4] B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions*, str. 77.
[5] B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions*, str. 77.

xit ann(is) [X]XXXIII
h(ic) s(ita) e(st)
Numerius
vixit ann(is) LX
h(ic) s(itus) e(st)
sibi et coniugi
posuit Nume
rius. [Ha]ec sunt.

„На боговите Мани, Афродисија живееше 43 години, овде е положена. Нумериј живееше 60 години, овде е положен. За себеси и за сопругата го подигна Нумериј. Ова е."

Формата *sunt*, овде е усогласена со заменката *haec*, множина од средниот род *hoc*, „ова". Вулиќ, кој го има објавено овој натпис во *Споменик* XCVIII (1941-48), no. 422, ја споредува оваа фраза со грчкото *ταῦτα* во еден натпис од 2-3 в.н.е., пронајден во околината на Белград, сп. *Εὐτύχῳ Σωτήριχος ὁ ἀδελφὸς μνήνης χάριν. ταῦτα.* (IMS I, 71), „На Евтих, Сотерих, брат, за спомен е ова."

***Заклучен коментар***

Натписите кои беа дел од нашето истражување датираат од 2 - 3 в. н. е. Тие можат да се поделат во три групи, вотивни споменици, почесни натписи и надгробни споменици. Секоја од овие групи, се одликува со типична структура на текстот и со употреба на стандардни формули. Оттаму јасно е зошто форми од глаголот *sum* имаме само кај надгробните споменици. Во врска со формулаичноста на натписите е и фактот што при истражувањето сретнавме само форми за 3л. еднина и множина, презент, како кратенки. Имено, надгробните натписи вообичаено започнувале со посвета на боговите Мани, познатата формула *D.M.* која ја има речиси на сите надгробни споменици, а потоа следува името на покојникот во датив, но на некои споменици се сретнува и во номинатив, потоа следуваат информации за евентуални негови титули или за неговата професија, бројот на годините колку што проживеал и кратенката *H.S.E.*, /*hic sītus* или *sīta est*/ или *H.S.S.*, /*hic sītī sunt*/, а на крајот е наведено името на оној што го подигнал споменикот.

Натписите од Горна Мезија во таа смисла немаат некои посебни специфики, по што би се разликувале од натписите во другите региони од Римското царство.

Но, сепак имаме три натписи, бр. 44, 53, 82 на кои се сретнуваат формите *est* и *sunt* како целосни. Причината заради која што во овие случаи се употребени целосните форми е тоа што тука *est* и *sunt* се дел од други фрази, а не од вообичаената формула *hic sītus* или *sīta est* или *hic sītī sunt*. Тоа зборува дека и покрај тоа што главно се следела вообичаената формулаичност, понекогаш сепак писарите отстапувале од неа и бележеле малку поинакви информации за покојникот. Ова се разбира не е невообичаено и за другите делови од Римското царство.

Користена литература:

B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions de la Mésie Supérieure, vol. VI, Scupi et la région de Kumanovo*, ed., Beograd, 1982.

М. Будимир, Љ. Црепајац, *Στοιχεια Ελληνικα*, Београд, 1986.

V. Gortan, O. Gorski, P. Pauš, *Latinska gramatika*, Zagreb,1985.

Анка Милошевиќ, *Латинска епиграфика*, Београд, 1971.

A. L. Sihler, *New Comparative Grammar of Greek and Latin*, New York, Oxford, 1995.

# Придавките во натписите од Горна Мезија

Наде Чурлик - Ангелакова

***Увод***

Придавките се зборови кои ја појаснуваат именката, најчесто стојат до неа и се слагаат со именката во род, број и падеж.

Латинскиот јазик има придавки кои припаѓаат на I и II деклинација, кои во ном. синг. завршуваат и се менуваат исто како именките од I и II деклинација, на пр. *clārus*, *clāra*, *clārum*; *līber*, *lībera*, *līberum*.[1] Натписите на кои подолу подетално ќе се осврнеме, ќе видиме дека содржат голем број правилни придавски форми од прва и втора деклинација, но и примери кои отстапуваат од класичниот латински. Како споредба со другите ИЕ- јазици ќе ги наведеме и придавките кои припаѓаат на вокалните основи во старогрчкиот јазик, сп. *σοφός*, *σοφή*, *σοφόν*.

Има и придавки кои припаѓаат на трета деклинација и тоа на *i*-основите, а можат да бидат со три завршока, на пр. *ācer*, *ācris*, *ācre*, со два, на пр. *fortis*, *forte* или со еден завршок за сите три рода, на пр. *fēlīx*, *-īcis*.[2]

Во натписите кои се предмет на ова истражување исто така има форми од овие придавки, кои се дадени или во цела форма или во скратена или се супстантивизирани. И тука примерите се главно како во класичниот латински, но има и примери кои отстапуваат. И во старогрчкиот јазик има придавки кои припаѓаат на консонантската деклинација и ги има исто така со три, со два и со еден завршок, на пр. *μέλας*, *μέλαινα*, *μέλαν*, „црн, темен“; *εὐδαίμων*, *εὔδαιμον*, „среќен“; *φυγάς, φυγάδος*, „избеган, бегалец“.

Специфичност на придавките е степенувањето.

Компаративот се гради со завршоците *-ior* за машки и женски род и *–ius* за среден род. Всушност, и *-ior* и *-ius* произлегуваат од индоевропскиот суфикс за компаратив *-yōs-*.[3] Во дадените натписи нема ниеден компаратив.

Суперлативот се гради со завршоците *–issimus*, *-issima*, *-issimum*, на пр. ном. синг *clārus*, *clāra*, *clārum*, ген. синг. *clāri*, суперлатив *clār-issimus*, *clār-issima*, *clār-issimum* или со завршоците *-rimus*, *-rima*, *-rimum*, на пр. *pulcher*, *pulchra*, *pulchrum*, суперлатив *pulcher-rimus*, *pulcher-rima*, *pulcher-rimum*. Во дадените натписи имаме неколку суперлативи.

Постојат и неколку придавки кои имаат различни форми за позитив, компаратив и суперлатив, а кои се чести кај натписите. Тоа се :

---

[1] A. Ernout, *Morphologie*, str. 72.
[2] A. Ernout, *Morphologie*, str. 72.
[3] A. Ernout, *Morphologie*, str. 73.

| | | |
|---|---|---|
| *bonus* | *melior, melius* | *optimus* |
| *malus* | *pēior, pēius* | *pessimus* |
| *māgnus* | *māior, māius* | *māximus* |
| *parvus* | *minor, minus* | *minimus* |
| *multus* | *plūs* | *plūrimus* |

***Истражување***

Истражувањето се базира на првите 50 натписи од Горна Мезија, од регионот на Скупи кои се објавени во изданието „Inscriptions de la Mésie Supérieure, vol. VI Scupi et la région de Kumanovo", ed. B. Dragojević-Josifovska, Beograd, 1982. Натписите датираат од првите векови на нашата ера и претставуваат натписи како посвети на божества, почесни натписи, надгробни натписи.

Бидејќи цел на ова истражување се придавките во овие натписи ќе ја видиме нивните употреба според статистичките податоци и тоа кај одреден тип на натписи:

– од која деклинација имаме застапено најмногу придавки, во кој падеж и род;

– дали се во супстантивизирана или обична придавска форма;

– дали придавките се напишани како кратенки, како дел од некоја општопозната формула или се напишани во цела форма;

– дали се среќаваат во лични имиња или врзани за друга придавка;

– дали формата е класичнолатинска, ранолатинска или доцнолатинска;

– дали има некакви специфичности и разлики.

***а) Посвета на божество***

Во почетокот посветите на божества биле кратки, составени од неколку збора, сликани или врежани на вази, жртвеници и метални плочки. Во натписите од Горна Мезија се работи за врежани натписи на жртвеници како посвети на одредени божества. Кога почнале да се пишуваат таквите посвети, тие почнувале со името на божеството во ген. или дат. и името на заветниот предмет. На натписите од Горна Мезија името на божеството стои во датив најчесто на почетокот од натписот, а се наведува и името на дедикантот во номинатив, па името на заветниот дар или во некои случаи храмот со глаголската форма *fēcit* или *posuit*.

Бидејќи нашиот предмет на истражување се придавките, истите ги среќаваме на самиот почеток на посветата на боговите во нивниот позитив или суперлатив, секогаш во датив.

| *Натпис бр.* | *Позитив* | *Суперлатив* |
|---|---|---|
| *12* | *Aug(ustae), ж.р. од augustus, „величествен"* | |
| *7* | *Beātō од beātus, „блажен"* | |
| *11* | *L(ī)b(erō) од līber, „слободен"* | |

| | | |
|---|---|---|
| *6,7,8,9* | | *M(āximō) од maximus, „најголем“* |
| *6,7,8,9* | | *O(ptimō) од optimus, „најдобар“* |
| *9* | | *Sānc(tissimae), ж.р. од sānctissimus, „највозвишен“* |
| *15* | *Syriae, ж.р. од Syrius, „сириски“* | |

Од придавките кои се употребени при посвета на божество можеме да заклучиме дека имаме употреба на придавки кои се менуваат по прва и втора деклинација во дат. синг. машки и женски род, а исто така имаме и степенувани придавки во дат. синг. машки и женски род. Формите *Lĭbero* од *Lĭber* и *Syriae* од *Syria* се всушност супстантивизирани придавки, имиња на божества. Во случајот на *Syria* се работи за божество кое не е од римско потекло. Божицата на Хиерапол на истокот започнала да се почитува во 2 в.п.н.е., а нејзиниот култ во Горна Мезија го донеле робовите и војниците.[4] Натписот бр. 15 претставува посвета на храм на *deae Syriae* - на сириската божица или на божицата Сирија. Името на божеството тука се наоѓа на крајот на посветата, што е еден исклучок со оглед на тоа што рековме дека вообичаено стои на почетокот на посветата и не е во скратена форма.

Придавките се почесто напишани како кратенки, како дел од некоја општопозната формула, но во случајот на *beāto* имаме една цела форма. Кај сите примери формата е класичнолатинската.

Освен како атрибут на одредено божество придавките се јавуваат и како атрибути на имињата на дедикантите. Во нашите примери кај имињата на дедикантите се среќаваме со cognomina изведени од придавки т.е. со супстантивизирани придавки. Стојат во ном. синг.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| *6* | | *Celer од celer, „брз“* |
| *3,9,14,18* | | *l(ibēns), „со задоволство, весел“* |
| *2* | *Verēcu[n(dus)] од verēcundus, „срамежлив, скромен“* | |

Од придавките кои се однесуваат на дедикантите при посвета на божество можеме да заклучиме дека доминираат придавките од трета деклинација, во ном. синг. м.р. Кај когномените, придавките се супстантивизирани. Придавката *libens* се среќава најчесто како дел од кратенката *v.s.l.m.*, *votum solvit libēns meritō*, „го исполни заветот со задоволство и заслужено“. Во случајот на когноменот *Celer* гледаме целосна форма. Во сите случаи формата на придавката е класичнолатинска. Нема специфичности и разлики.

### *б) Почесни натписи*

Најстарите почесни натписи се викаат „елогии“ (надгробни натписи во стих) кои биле ставани пред портретот на предокот (imagines maiorum) во атриумот на римската куќа. Во времето на царството почесните натписи биле слични со натписите со посвети. Кога станува збор за царот сите негови титули се опширно наведени, со точен број на конзулс-

[4] B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions*, str. 58.

твата што ги вршел: трибунски власти, триумфални дочеци кои му се приредени до моментот на пишување на посветата.

Кога се работи за приватно лице, најпрво се наведува името на лицето на кое му се оддава почест во ген. или дат. По името следува неговиот cursus honorum во ген. или дат. Потоа во ном. стои името на лицето и општината која дава да му се вреже натпис или да му се подигне статуа. Потоа се наведуваат причините заради укажување почест на дотичното лице, неговите доблести, заслуги, делата по кои е славен во татковината, а тоа се искажува со одредени формули. Може да се наведе лицето кое се грижи за изработката, сумата која е потрошена за подигање на таквиот споменик и која ја дава таа сума, самата личност или општината.

И кај овој тип на натписи имаме употребено придавки. Поголем дел од придавките се однесуваат на лицето кому му е посветен натписот и стојат во генитив или датив.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| | *позитив* | |
| *21* | *Adiabēn(icī), ген.сг. од Adiabēnicus, „адијабенски или Адијабенец“* | |
| *21* | *Arab(icī), ген.сг. од Arabicus 3, „арапски или Арап“* | |
| *21* | *Augustōr(um), ген. пл. од augustus, „величествен“* | |
| *23* | | *compa[r]ī, dat. сг. од compār, „рамен, еднаков“* |
| *23* | *[i]nvictō, dat. сг. од invictus, „непобедлив“* | *f(ēlīcī), dat.сг. од fēlīx,-īcis, „среќен“* |
| *21, 23* | *Pi(i), Piī, ген. сг од pius, „побожен, свет“* | |
| | *p(iō), dat. сг.* | |
| *21* | *Sevērī, ген. сг од sevērus, „сериозен, строг“* | *Pert(inācis) од pertināx, „цврст, упорен“* |
| | *суперлатив* | |
| *27* | *Māximae, dat. сг. ж.р. од Māximus, „најголем“* | |
| *27* | *sānctissimae, dat.сг. ж.р. од sānctissimus, „најсвет, највозвишен“* | |

Меѓу придавките кои служат да го оквалификуваат лицето кому му е посветен натписот, имаме примери од сите три деклинации, како и степенувани придавки, во генитив и датив, машки и женски род. Дел од придавките и тука се супстантивизирани, односно имаат функција на когномен. Бројот на примерите кои се во цела форма е поголем отколку во

случајот со атрибутите кои се однесуваат на божества. Сите форми се како во класичнолатинскиот. Нема фонетски промени.

Придавки се среќаваат и при наведувањето на дедикантот. Тие се во ном. синг.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| | *позитив* | |
| *24* | *Dīvus од dīvus, „божествен“* | *l(ibēns), libēns, „со задоволство, весел“* |
| *27* | *Sevērus од sevērus, „строг“* | |
| | *суперлатив* | |
| *27* | *c(lārissimus), „најјасен, најсветол“* | |

И тука имаме употреба на придавки од сите деклинации. Дел од примерите се всушност супстантивизирани, когномени. Од четири примери, два се во цела форма, а два во скратена. Сите форми се класичнолатински.

***в) Надгробни натписи - епитафи***

Во почетокот, епитафот имал едноставен облик. На почетокот е името на покојникот во ном. синг, подоцна во ген. синг, но се јавуваат и други известувања како староста или занимањето на покојникот.

По почетните формули доаѓа името на покојникот со или без известување за неговото потекло, триба, престојувалиште, занимање, почестите кои му биле дадени. Името на покојникот стои во номинатив и во тој случај е пропратено со *vīxit*, V; *hic sītus est*, HSE или во генитив и тогаш зависело од почетната формула, или во датив.

Бидејќи нашиот интерес се придавките најпрво ќе ги видиме придавките кои се однесуваат на покојникот, кој во некои случаи и самиот додека е жив си го подига споменикот, така што во исто време е и дедикант. Овие придавки се главно когномени.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| | *позитив* | |
| *49, 34* | | *Celer, ном.сг од celer, „брз“*<br>*Celerī, дат.сг.од celer, „брз“* |
| *45* | *Māgnō, дат.сг. од māgnus* | |
| *30* | *Marīnus, ном.сг. од marīnus, „морски“* | *inconparābili, дат. сг. од imcomparābilis, „неспоредлив“* |
| *37* | *Optāt[us], ном.сг. од optātus, „посакуван, мил“* | |
| *34* | | *Pudinti, дат.сг.од pudēns, -entis, „срамежлив, скромен“* |

| | | |
|---|---|---|
| *48* | *Priscus, ном.сг. од priscus, „стар“* | |
| *30* | *Romānus, ном. сг., „римски“* | |
| *43* | | *Valēns, ном. сг. од valēns, -entis, „силен, здрав“* |
| *41* | | *Vēlōx, ном.сг од vēlōx,-ōcis, „брз“* |
| *28* | *vīlica, ном. сг., ж.р. од vīlicus, „селски“* | |
| | *суперлатив* | |
| *34* | *Māximō, дат сг. од māximus, „најголем“* | |
| *47* | *piissimō, дат сг. од piissiimus, „најпобожен, најсвет“* | |

Од придавките кои се употребени во надгробни натписи како атрибути на лицето кое починало можеме да заклучиме дека имаме употреба на придавки од сите три деклинации, и тоа во ном. и дат синг. машки и женски род., исто така има употреба и на степенувани придавки во дат. синг. Голем дел од придавките се супстантивизирани и се во функција на когномен. Сите придавки се во цела форма.

Во оваа категорија на придавки имаме две форми кои отстапуваат од класичниот латински. На натписот 34 се среќава формата *Pudinti* наместо очекуваната *Pudenti*. Според Б. Драгојевиќ Јосифовска во овој случај се работи за грешка на писарот, а не за вулгарна форма. И во десеттиот ред од истиот натпис тој напишал SEUP наместо SCUP.[5] На натписот бр. 30 се среќаваме со формата *inconparābili*, која стои наместо класичната форма *incomparābili*. Се работи за етимолошки правопис,[6] имено префиксот *com-*, првобитно гласел **con-*.

На крајот од натписот вообичаено се укажува на личноста која го подигнала гробот. И тука се среќаваат придавки.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| *31* | *Iūstus, ном.сг од iūstus, „праведен“* | |
| *46* | *Probātus, ном. сг. од probātus, „проверен, чесен“* | |
| *36* | *Pulcher, ном.сг од pulcher, „убав“* | |
| *34, 42, 42* | *vīva, ном. сг. од vīvus, „жив“* | |
| | *vīvos, ном. сг. vīvo, дат. сг.* | |
| *41, 42* | | *Valēns, ном. сг. од valēns, -entis, „силен, здрав“* |

[5] B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions*, str. 69.
[6] B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions*, str. 66.

| | | |
|---|---|---|
| *30* | | *Vītālis, ном. сг. од vitalis, „здрав, полн со живот“* |

Од придавките кои се употребени во надгробни натписи како атрибути на имиња на дедиканти можеме да заклучиме дека имаме употреба на придавки од сите три деклинации, главно во ном. синг., но имаме и една форма во дат. сг., сп. *vīvō*. Во случајот на когномените, придавките се супстантивизирани. Сите придавки се забележани во цела форма, која е класичнолатинската. Исклучок претставува *vivos* на натписот бр. 42, ном. синг. наместо *vīvus*. И на други натписи од Горна Мезија имаме примери на ном. синг. на *-os*, наместо на *-us*, сп. *filios acerbos* (нат. 135). Примери на ном. синг. на *-os* кај имињата од II деклинација имаме насекаде низ римското царство. Според статистиката на Џованбатиста Галди 38,2 % од примерите од натписи од источните провинции се од придавката *vīvus*. Станува збор пред сè графички архаизам, но во некоја мера и за влијание од грчкиот јазик.[7]

### *г) Придавки употребени покрај именки кои означуваат некаква титула или именки како legio, colōnia*

Во сите категории на разгледани натписи се среќаваат и придавки, кои стојат покрај именките *legio*, „легија“, *colōnia,* „колонија“ или пак покрај именки кои означуваат некаква титула т.е. функција, како *decurio, duumvir, sēvir*. Од следнава табела може да се види употребата на овие придавки.

| *Натпис бр.* | *I и II деклинација* | *III деклинација* |
|---|---|---|
| | *со титула* | |
| *3, 34* | | *augustālis, ном. сг. „августов“* |
| | | *aug(ustālī), дат. сг.* |
| *9, 46* | | *cō(n)s(ulāris), ном. сг. „консулски“ или „бивш конзул“* |
| | | *cōnsulā(ris), ном. сг.* |
| *45* | | *inmūnis, ном. сг. од immūnis, „ослободен од задолженија, даноци“* |
| *34* | *praetōr(iānus), ном. сг., „преторски“ или „преторијанец“* | |
| *1, 6, 31* | | *q(uīn)q(ennālis), ном. сг. „со мандат од пет години“* |
| | | *q(uīn)q(ennāli), дат. сг.* |
| | *со legio* | |
| *29* | *Aug(ustae), ген.сг. од augustus, „августов“* | |
| *24b, 9, 30,* | *Cla(udia), ном. сг., ж.р. од* | |

[7] G. Galdi, *Grammatica*, str. 75-77.

| | | |
|---|---|---|
| *44, 46, 4, 48, 49, 50b, 45* | *Claudius, „клаудиев“*<br>*Cl(audiae), ген. сг.*<br>*C(laudiae), ген. сг.*<br>*C(laudia), абл.сг.* | |
| *46, 47, 48, 49, 45* | | *f(idēlis), ген. сг., ж.р. од fidēlis, „верен“*<br>*f(idēlī), абл. сг.* |
| *38* | *Flāvie, ген. сг., ж.р. од Flāvius, „флавиев“* | |
| *31* | *Gem(inae), ген.сг. од geminus, „двоен, близнак“* | |
| *36, 37* | *Italic(ae), Ital(icae), ген.сг., ж.р. од Italicus, „италски“* | |
| *39, 43, 42* | *Mac(edonicae), ген.сг., ж.р. од Macedonicus, „македонски“*<br>*Macedo(nicae), ген.сг.* | |
| *46, 47, 48, 49, 45* | p(iae), ген. сг, ж.р. од pius, „побожен, свет“<br>piā, абл. сг. | |
| | *co colonia* | |
| *42, 31, 46* | *F(lāviae), ген. сг., ж.р. од Flāvius, „флавиев“*<br>*Fl(āviae), ген. сг.* | |
| *42, 15* | | *f(ēlīcis) ген.сг. од fēlix, „среќен“*<br>*fēl(īcis) ген.сг.* |
| | *co cohors* | |
| *33* | *praet(ōriae), ген. сг., ж.р. од praetōrius, „преторски“* | |

Од придавките кои се употребени покрај именки кои ја означуваат титулата, легијата и колонијата можеме да заклучиме дека, имаме употреба на придавки од сите три деклинации. Кај титулите доминираат придавки од трета деклинација во ном. и дат. синг. машки род. Кај именката *legio*, сите придавки се менуваат по прва и втора деклинација, а стојат во генитив и еднаш во аблатив, сп. нат. 45. Но, на неколку натписи се јавува и придавката *fidēlis*, од трета деклинација, во генитив и аблатив. Кај именката *colōnia*, се јавуваат две придавки, *Flāvius*, која се менува по прва и втора деклинација, во ген. синг. и *fēlix*, која се менува по трета деклинација, исто во ген. синг. Во случајот на формите *aug(ustālī)* (нат. бр. 34), *cō(n)s(ulāris)* (нат. бр. 9) и *praetōr(iānus)* (нат. бр. 34), може да се каже дека придавките се супстантивизирани. Придавките се најчесто во скратена форма, но имаме и примери каде што тие се наведени во нивната целосна форма, сп. *sēvir augustālis* (нат. бр. 3). Кај најголемиот дел од примерите, формата е класичнолатинска. Но, имаме два примера кои се специфични.

На натписот 45 се јавува формата *inmūnis* наместо очекуваната форма *immūnis*. И во овој случај, како и во случајот со формата *inconparābilī* (нат. бр. 30) станува збор за етимолошки правопис. Префиксот *in-* е обележан во неговата оригинална форма, без асимилација на *n* пред *m*. Истото можеме да го видиме на натписот бр. 11. кај формата *inmūnit(ā)t(em)*, која стои наместо *immūnitātem*, акуз. сг. од *immūnitās*, „ослободување од данок".

На натписот бр. 38 се среќава формата *Flāvie* наместо вообичаената *Flāviae*. Дифтонгот *ae* и на други натписи од Горна Мезија е обележан со *e*, сп. *filie piissime* (нат. 107) наместо *filiae piissimae* (дат. синг.), *ques(tor)*, (нат. 46) наместо *quaestor*. Овој фонетски феномен, во периодот на царството е типичен и за другите региони на римската империја.[8]

### *Заклучок*

Натписите од Горна Мезија кои се предмет на ова истражување изобилуваат со придавки од сите три деклинации. Доминираат придавките кои се менуваат по прва и втора деклинација. И тука е очигледна формулаичноста, епитетите на божествата се типични, епитетите на легиите се поврзани со имињата на римските императори, епитетите на лицата на кои се однесуваат почесните натписи се исто така во духот на римската цивилизација. Придавките од трета деклинација се најмногу присутни како когномени на лицата кои починале или кои се дедиканти на надгробни споменици. Нивната разновидност е евидентна. Овие придавки исто така доминираат покрај именките кои означуваат некаква титула.

Суперлативите се дел од вообичаените формули поврзани со божествата, но исто така типично доаѓаат и како атрибути на лицето кому му е упатен почесниот натпис или лицето кому му е подигнат надгробниот споменик. Со ваквите епитети императорот или покојникот всушност се изедначува со божество. Најголемиот број од формите се правилни и го отсликуваат класичниот латински, што зборува од една страна за следење на некаква стандардна формулаичност на натписите, а од друга страна за степенот на писменост на локалните писари.

Но, сепак во пет случаи, забележавме отстапување од вообичаената форма. Индикативно е што сите вакви примери се среќаваат на натписи кои се надгробни споменици. За истата категорија на споменици е впечатливо и тоа што придавките кои се однесуваат на покојникот или на дедикантот без разлика дали се тоа когномени или други епитети секогаш стојат во нивната цела форма.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

B. Dragojević-Josifovska, *Inscriptions de la Mésie Supérieure, vol. VI, Scupi et la région de Kumanovo*, ed., Beograd, 1982.

A. Ernout, *Morphologie historique du Latin*, Paris, 1953.

G. Galdi, *Grammatica delle iscrizioni Latine dell'Impero (Province orientali)*, Roma, 2004.

V. Gortan, O. Gorski, P. Pauš, *Latinska gramatika*, Zagreb,1985.

Anka Milosevic, *Latinska epigrafika*, Beograd, 1971.

[8] G. Galdi, *Grammatica*, str. 6.

# Неколку надгробни натписи од римскиот царски период

Ема Андоновска

Римската цивилизација го зачувала сеќавањето на себе преку најразлични пишани документи на релативно трајни материјали (камен, мермер, метал, керамика, пергаменти, папируси...). Сите овие документи ни доближуваат најразлични аспекти од времето на стариот Рим: социјалниот, политичкиот, економскиот, религиозниот, интимниот живот, и на обичните и на истакнатите Римјани.

Латинската епиграфика ги обработува натписите кои се напишани на трајни материјали. Постојат повеќе видови натписи кои се класифицирани во две основни групи[1]:

I - приватни натписи (tituli);

II - документи, јавни или приватни (acta, instrumenta, tabulae).

Натписите од првата група можат да се поделат во неколку подгрупи:

1. надгробни натписи (tituli sepulchrales);
2. заветни натписи (tituli sacri);
3. почесни натписи (tituli honorarii)
4. натписи на јавни згради (tituli operum publicorum);
5. натписи на најразлични предмети (tituli instrumentorum domesticorum).

Натписите од втората група можат да се поделат исто така во неколку подгрупи:

1. договори (foedera);
2. закони (leges и plebiscita);
3. декрети на римскиот Сенат (senatus consulta);
4. декрети на магистрати и императори (decreta);
5. консуларски диптиси (diptycha consularia (fasti consulares; acta triumphorum));
6. свети и јавни документи (acta sacra et publica);
7. приватни документи (acta privata);
8. графити на ѕидови (inscriptiones parietariae).

---

[1] Класификацијата која следува е направена според онаа кај Sir John Edwin Sandys, *Latin epigraphy - An introduction to the study of Latin inscriptions,* Second Edition (Unchanged Reprint of the Edition: London, 1927), Ares Publishers Inc., Chicago, MCMLXXIV, стр. 59.

Надгробните натписи (tituli sepulchrales) во Рим во најрано време се карактеризираат со мошне едноставен облик. Најпрво било наведувано само името на починатиот, најчесто во номинатив. Подоцна името се ставало во генитив, а покрај тоа почнале да се додаваат и други елементи, како неговото потекло, возраста, занимањето, па дури и опис на гробот. Исто така, попознатите семејства (gentes) имале обичај да нарачуваат надгробен натпис во стихови. Таквите натписи уште се нарекуваат и elogia. На овие натписи се забележани голем број архаични форми кои служат во проучувањето на фонетиката и морфологијата на стариот латински јазик.

Во I век пр.н.е. надгробните натписи претрпуваат извесни промени. Голем број натписи од тој период, но и подоцнежни, започнуваат со посвета на подземните богови (Dis Manibus, D.M. или Dis Manibus memoriae, D.M. MEM.). По оваа формула следува името на починатиот со повеќе или помалку подробни податоци околу неговото потекло, трибата на која ѝ припаѓал, занимањето или почестите со кои бил одликуван. Неговото име стои во номинатив, генитив или датив. Вообичаено, по податоците за починатиот следат формулите vixit, V. и hic situs est, H. S. E. Многу често се наведуваат и годините што ги проживеал, месеците, деновите, па дури и часовите - vixit annos (annis), menses (mensibus), dies (diebus), horas (horis), V. A. M. D. H.. Часовите обично се наведуваат кај починато дете. На надгробниот натпис често е назначено и под какви услови е изграден споменикот; на пр. ex decreto decurionum, EX D. D.; locus publicus datus decreto decurionum, L. P. D. D. D.; ex testamento fieri iussit, heres faciendum curavit, EX T. F. I. H. F.C.. Понекогаш на натписот е наведено што сé побарал починатиот да се изврши по неговата смрт. Ваквите натписи можат да содржат и навистина долги описи.

Римјаните имале посебен однос кон своите гробни места. Преку ius sepulcrorum (за чиешто извршување биле задолжени неколку свештеници), како што тие верувале, имале можност да си ги заштитат своите права и во задгробниот живот. Имено, секој гроб си имал свои меѓи и бил неотуѓив. Затоа на многу надгробни натписи се означени и мерките на гробот: in fronte pedes..., IN FR. P. или in agro pedes..., IN AGR. P. Гробот бил нешто свето и доколку некој го оштетел бил сметан за злосторник. Многу пати на Римјанинот не му била доволна гаранцијата што му ја нудело ius sepulcrorum. Поради тоа на натписите често се среќаваат и најразлични препораки и закани упатени до оние кои ќе паднат во искушение да го сквернават гробот.

Како поткрепа на горенаведените податоци на страниците што следуваат се прикажани пет објавени надгробни натписи од римскиот царски период: три од околината на Рим и два од римската колонија Скупи (Горна Мезија).



### *1. C. I. L. VI. 21715*

Се наоѓа во дворот на црквата S. Giorgio in Velabro, Рим [6]



*D(is) M(anibus) Lusiae Polybiae*
*Felix coniug(i) kariss(imae)*
*et Lusia Mystice*
*sorori et Lusius*
*Hermes sororis eius*
*maritus bene meren(ti)*
*et sibi et suis posterisq(ue)*
*eorum fecerun(t)*
*in f(ronte) p(edes) X in ag(ro) p(edes) X*

*На подземните богови; на Лусија Полибија,*
*Феликс на најмилата сопруга*
*и Лусија Мистике на сестрата и Лусиј Хермес, сопругот на*
*нејзината сестра, за заслужната, за себе, за своите и нивните потомци го подигнаа (споменикот).*
*10 стапки во ширина и 10 стапки во длабочина*

Буквите на натписот, како што може да се забележи, се релативно воедначени, освен што во првите четири реда се поголеми од оние во останатите редови. Писмото наликува на т.н. scriptura monumentalis, типично писмо за времето на Август и периодот на раното Царство[2].

[2] Ibid., стр. 42, 43

Натписот започнува со познатата формула Dis Manibus, карактеристична за надгробните натписи од императорскиот период. Кратенките (sigla) за оваа формула се вообичаените D. M.. Името на починатата се наоѓа во датив, со кој секогаш се поврзува и формулата bene merenti, како што може да се забележи подолу во шестиот ред. Во вториот ред се забележува архаичната форма kariss (imae), наместо carissimae. Што се однесува до имињата, починатата, нејзината сестра и зетот имаат исто име[3] и прекари (cognomina) кои се со грчко потекло. Hermes во антиката е познато како многу популарно име во Грција[4]. Сопругот на починатата носи прекар Felix, кој е мошне често користен меѓу робовите, ослободениците, но и римските граѓани[5]. Диктаторот Сула, на пример, го носел тоа име како втор прекар[6]. Карактеристично е тоа што на натписот е наведен само прекарот на сопругот, а не и неговото име.

Мошне интересен податок е присуството на двојната секира (ascia) најдолу на натписот. Карактеристично е тоа што двојната секира потврдена на латинските натписи е симбол типичен за галските надгробни споменици. Сите мислења околу овој симбол упатуваат на тоа дека тој претставува еден вид заштита од скрвнавење на гробот или гаранција дека гробот нема да му припадне на кој било друг. На овој натпис тоа е мошне очигледно, особено ако се земе предвид дека значењето на симболот е зајакнато со наведувањето на меѓите на гробот и со наведувањето дека тој им припаѓа само на сопствениците и на нивните наследници. Најмногу споменици со овој симбол се најдени во близина на градот Лион во Франција, а се документирани во C. I. L. (Corpus Inscriptionum Latinarum) XII и C. I. L. XIII. Уште неколку вакви споменици се најдени во Шпанија, Португалија, Далмација и во близината на Рим[7], меѓу кои е и овој овде приложениот.

### *2. C. I. L. VI. 21096*

Се наоѓа во дворот на црквата S. Maria in Trastevere, Рим [7]




[3] Не може да се каже со сигурност дали Lusius е гентилно име.
[4] Iiro Kajanto, *The Latin cognomina*, Societas Scientarum Fennica. Commentationes Humanarum Litterarum. XXXVI. 2, Helsinki-Helsingfors, 1965, стр. 57.
[5] Ibid., стр. 13, 71, 73, 134.
[6] Ibid., стр. 272.
[7] Sir John Edwin Sandys, *Latin epigraphy - An introduction to the study of Latin inscriptions,* Second Edition (Unchanged Reprint of the Edition: London, 1927), Ares Publishers Inc., Chicago, MCMLXXIV, стр. 80, 81, 82.

*D (is) M (anibus) A (ulus) Larcius*
*Adiutor fecit*
*monumentum*
*sibi et suis libe*
*rtis libertabus*
*que posterisqe*
*eorum hoc m(onumentum)*
*veto veniri veto*
*donari*

*На подземните богови; Аул Ларкиј*
*Адиутор го изработи*
*споменикот за себе, за своите*
*ослободеници и ослободенички*
*и нивните потомци.*
*Забрануам да се продава овој споменик,*
*забрануам да се подарува!*

Буквите на натписот не се воедначено врежани: некои се потенки, а некои подебели; некои се поголеми, а некои помали. Курзивниот облик на буквата M е карактеристичен за подоцнежниот (царски) период[8]. Се користи на натписите кај припадниците на пониските класи. Обликот на буквата Q е исто така карактеристичен за царскиот период. Имено, во доцната Република опашката е пократка, додека за време на Царството е продолжена и извиена[9]. Исто така, буквите се обоени со црна боја, пракса вообичаена за изработувачите на натписи. Буквите најчесто се боеле со црна и црвена боја (миниј) за подобро да се читаат.

И на овој натпис е забележана вообичаената формула за обраќање кон подземните богови. Adiutor е посведочен како прекар и е класифициран во групата nomina agentis[10]. Adiutor покажува дека сопственикот на натписот бил некаков помошник, најверојатно во војската, или можеби некаков играч. Очигледно е дека тој немал наследник, затоа што го остава споменикот на своите ослободеници и нивните потомци. Друга мошне често користена формула за отсуство на наследник е hoc monumentum heres non seqetur. На крајот дури и се нагласува дека споменикот е неотуѓив. Имено, во Рим било пропишано правило за гробните места дека се неотуѓиви; дури и ако некој купи земја на која има гробови, тие остануваат надвор од негова сопственост[11].

[8] Sir John Edwin Sandys, *The Latin epigraphy-An introduction*..., стр. 51
[9] Ibid., стр. 52
[10]Iiro Kajanto, *The Latin cognomina*..., стр. 360
[11]Raymond Bloch**,** , *Latinska epigrafika*, prevod Anka Milošević, Arheološko društvo Jugoslavije, Beograd, 1971, стр. 67

***3.***




*N(umerius) Quinctius )) (duarum Gaiarum) l (ibertus) comicus*
*sibi et Quinctiae Primillae*
*collibertae et coniugi suae*
*vixi cum ea an(nos) XXX*

*Нумериј Квинктиј, актер во комедии,*
*ослободеник на две жени,*
*за себе и Квинктија Примила,*
*исто така ослободеничка и негова сопруга.*
*Проживеав со неа 30 години.*

Буквите на натписот се обоени со карактеристичната црвена боја (миниј) и се мошне невоедначени. Буквата Т особено отстапува над останатите. Тоа е вообичаена пракса за време на Царството и има за цел да заштеди простор на натписот[12]. Кај буквата Q, како и кај претходниот натпис, се забележуваат карактеристики типични за царскиот период.

За разлика од претходните два натписа, на овој недостасува формулата Dis Manibus. Не може со сигурност да се потврди кое е личното име на ослободеникот. Според правилата, би требало да ги носи личното име и гентилното име на господарот што го ослободил, а своето лично име како прекар. Comicus во случајов не може да се земе како претходното име на ослободеникот; очигледно е дека го покажува неговото занимање. И тој и неговата сопруга го носат името на жените кои го ослободиле т.е. нивното гентилно име. Најверојатно ги ослободиле две сестри по име Квинктија. Имено, знакот ) се чита Gaia, а може да се однесува на која било жена. Во случајов удвојувањето на знакот покажува дека станува збор за две жени. Прекарот на сопругата се наоѓа во деминутив. Таквите прекари се честа појава во римските провинции, но конкретно овој е карактеристичен за Рим и неговата околина[13]. Кај зборот collibertae се забележува дека дошло до регресивна асимилација на conl- во coll- што сведочи дека натписот е од понов период, најверојатно царскиот.

[12] Sir John Edwin Sandys, *The Latin epigraphy-An introduction*..., стр. 52
[13] Iiro Kajanto, *The Latin cognomina*..., стр. 127

### *4. I. M. S. VI. 101*

Се наоѓа во музеј на град Скопје

Објавен од B. Josifovska, *ŽA*, 21, 1971, p. 236, sqq., fig. 3-5. Ревидиран.




*D(is) M(anibus)*
*Claudia*
*Firmina*
*vix(it) an(is) XX*
*h(ic) s(ita) e(st)*
*Claudia*
*Valeria*
*mater in*
*felix pos(uit)*
*b(ene) m(erenti) f(aciendum) c(uravit)*

*На подземните богови*
*Клавдија Фирмина*
*(која) живееше 20 години*
*овде почива.*
*Клавдија Валерија,*
*несреќната мајка,*
*ѝ го подигна (спомеником) на заслужната*
*(и) се погрижи за (неговата) изработка.*

Буквите на натписот се мошне добро врежани и воедначени. Станува збор за т.н. scriptura monumentalis. Во осмиот и деветтиот ред ги има следниве лигатури: IN; LI. Лигатурите се карактеристични за латинските натписи во провинциите.[14] Буквите во последниот ред малку отстапуваат во десно.

Починатата девојка го носи гентилното име на својата мајка. Името на таткото недостасува на натписот што остава простор да се претпостави дека таа била filia naturalis. Именно, вонбрачните деца го носеле само името на мајката. Гентилното име Claudia покажува благородничко потекло. Прекарот Firmina е посведочен како прекар од сенаторски ред, но се користи и меѓу робовите.[15] Во I.M.S. VI прекарот Valeria се среќава уште на три места (I.M.S. VI 110, 146, 153).

Во последните два реда се чини претерана употребата на формулите posuit и faciendum curavit затоа што имаат речиси исто значење.

[14] Е. В. Федорова, *Введение в латинскую эпиграфику*, Издательство Московского университета, 1982, стр. 81
[15] Iiro Kajanto, *The Latin cognomina*, стр. 258

***5. I. M. S. VI. 151***

Конзервиран во Археолошкиот музеј на град Скопје
Објавен од B. Josifovska, *ŽA*, 3, 1953, p. 242 sq., fig. 10
(A. и J. ŠašEl, *ILIug.*, nº 41). Ревидиран.



*D(is) M(anibus)*
*L. Valeri Pu*
*dentis qui*
*vix(it) ann(is) XXV*
*et L. Valeri*
*Aeliani qui*
*vix(it) ann(is) VI*
*L. Val(erius) Peculi*
*aris et Vivia*
*Sabina pa*
*rent(es)*

*На Лукиј Валериј Пуденс,*
*кој живееше 25 години*
*и на Лукиј Валериј Аелијан,*
*кој живееше 6 години,*
*Лукиј Валериј Пекулиар и Вивија Сабина*
*родителите*

Челото на натписот во средината и на страните е украсено со розети. Веднаш подолу е претставена посмртна постела на која лежи човек. Пред постелата се наоѓаат троножец, стомна и празно столче. Лево над постелата се протега бршлен.

Буквите на натписот се рамномерно и длабоко врежани. Редовите не се рамни, туку се искосени во десно. За разлика од претходниот натпис, овој изобилува со лигатури: 2 RI, PV; 3 VI; 4 NN, XXV; 6 NI, QVI; 7 NN, VI; 8 VAL; 9 VIVIA.

Освен формула Dis Manibus на овој натпис не се среќава ниту една друга формула од оние што се типични за надгробните натписи. Гентилното име Valerius е меѓу познатите имиња во Рим. Според прекарот Aelianus може да се претпостави дека овој натпис датира од времето на императорот Хадријан или подоцна. Имено, Aelius е едно од имињата на императорот Хадријан. Подоцна го носеле и неговите наследници.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Федорова Е. В., *Введение в латинскую эпиграфику*, Издательство Московского университета, 1982
2. Bloch, Raymond, *Latinska epigrafika*, prevod Anka Milošević, Arheološko društvo Jugoslavije, Beograd, 1971
3. Dragojević-Josifovska Borka, (sous la direction de Fanoula Papazoglou) *Inscriptions de la Mésie Supérieure-Scupi et la région de Kumanovo*, vol. VI, Centre d'études épigraphique et numismatique de la Faculté de philosophie de l'Université de Beograd, Beograd, 1982
4. Kajanto, Iiro, *The Latin cognomina*, Societas Scientiarum Fennica. Commentationes Humanarum Litterarum. XXXVI. 2, Helsinki, Helsingfors, 1965
5. Sandys, Sir John Edwin, *Latin Epigraphy-An introduction to the study of Latin inscriptions*, Second Edition (Unchanged Reprint of the Edition: London, 1927), Ares Publishers Inc., Chicago, MCMLXXIV
6. http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Gazetteer/Places/Europe/Italy/Lazio/Roma/Rome/churches/S.Giorgio_inVelabro/exterior/porch/inscriptions/3.html
7. http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Gazetteer/Places/Europe/Italy/Lazio/Roma/Rome/churches/S.Maria_in_Trastevere/narthex/inscriptions/A. Larcius. html
8. http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Gazetteer/Places/Europe/Italy/Lazio/Roma/Rome/museums/Musei_Capitolini/epitaphs/Quinctius_comicus. html

# IV

## Избор од модел-часови одржани на летната школа Docendo Discimus II (јули 2007, Охрид)

| | |
|---|---|
| Наставник: | ***Светлана Кочовска и Ема Андоновска*** |
| Тема: | *Синтакса* |
| Наставна единица: | *Морфолошко-синтаксичка анализа на автентичен врзан текст* |
| Цели и задачи на часот: | *Апликација на стекнатите знаења од нормативната граматика и согледување на сврзувачките средства.* |

## Ovidius, *Metamorphoses*, IV, 55-66 [Фрагмент 1 (од 8)[1]]

*Pyramus et Thisbe, iuvenum pulcherrimus alter,*
*altera, quas Oriens habuit, praelata puellis,*
*contiguas tenuere domos, ubi dicitur altam*
*coctilibus muris cinxisse Semiramis urbem.*
*notitiam primosque gradus vicinia fecit,*
*tempore crevit amor; taedae quoque iure coissent,*
*sed vetuere patres; quod non potuere vetare,*
*ex aequo captis ardebant mentibus ambo.*
*conscius omnis abest; nitu signisque loquuntur,*
*quoque magis tegitur, tectus magis aestuat ignis.*
*Fissus erat tenui rima, quam duxerat olim,*
*cum fieret, paries communis utrique.*

*во брак дур ќе стапеа тие,*
*да не попречија нините татковци; она што тие*
*го забрануваа, поголем во нив разгоре пламен.*
*Сведоци нема, со очи и знаци разговор водат,*
*колку се кријат, повеќе расте пламената љубов.*
*Sидот што нивните куќи ги двоеше, распукан беше*
*уште во времето кога ги граделе обете куќи.*

praelata part. perf. pass. prafero, praetuli, praelatum (носам напред, претпочитам, повеќе ценам) / подреди: alter pulcherrimus iuvenum, altera praelata puellis quas Oriens habuit / contiguus *adi.* соседен / tenuere = tenuerunt (=haberunt) / coctilis, e *adi.* печен, со murus од печени тули / cingo, cinxi, cinctum 3 опколувам, оградувам/ подреди: ubi dicitur Semiramis cinxisse altam urbem coctilibus muris / notitia, ae f. познанство / vicinia, ae, f. соседство / подреди: vicinia fecit notitiam primosque gradus / cresco, crevi, cretum 3 раснам

| | |
|---|---|
| Оперативни цели: | *- Секоја од осумте групи составени од неколку ученици да направи самостоен превод на неколку стихови (најмногу пет).*<br>*- Поврзување на фрагментите и реконструкција на митот за Пирам и Тизба преку согледување на сврзувачките средства.* |

### *Реализација на часот*

| | |
|---|---|
| Активности: | *- Превод на неколку стихови од автентичен текст.*<br>*- Читање на автентичен текст во препев.* |

[1] Митот за Пирам и Тизба (Ovidius, Metamoprhoses, IV, 55-166) е поделен на осум фрагменти: фр. 1 - IV, 55-66, фр. 2 - IV, 67 – 79, фр. 3 - IV, 80 - 91, фр. 4 - IV, 92 – 103, фр. 5 - IV, 104 – 117, фр. 6 - IV, 118-129, фр. 7 - IV, 130-146 и фр. 8 - IV, 147-166. Фрагментите се состојат од текстот на оригиналот и препев на десетина стихови (Овидиј, *Преобразби*, препев од латински Љубинка Басотова. Три, Скопје, 2002).

| | |
|---|---|
| | - *Разгледување на можностите за поврзување на осумте фрагменти преку дискусија за структурата на текстот.*<br>- *Согледување на сврзувачките средства - сврзници, заменки, прилози за време etc.* |
| Евалуација на часот: | - *Проверка на усвоените знаења низ игра и без пресија врз ученикот.* |
| Констатации на реализ.час: | - *Наставникот добива попрецизен увид во начинот на кој ученикот размислува, а не само увид во нивото на неговото знаење.* |

*Наставни ливчиња*

---

### *Notitiam vicinia fecit, tempore crevit amor*

***Pyramus et Thisbe, iuvenum pulcherrimus alter,***
***altera, quas Oriens habuit, praelata puellis,***
***contiguas tenuere domos, ubi dicitur altam***
***coctilibus muris cinxisse Semiramis urbem.***
***Notitiam primosque gradus vicinia fecit,***
***tempore crevit amor;*** taedae quoque iure coissent,
sed vetuere patres: quod non potuere vetare,
ex aequo captis ardebant mentibus ambo.
Conscius omnis abest; nutu signisque loquuntur,
quoque magis tegitur, tectus magis aestuat ignis.
fissus erat tenui rima, quam duxerat olim,
cum fieret, paries domui communis utrique.

во брак дур ќе стапеа тие,
да не попречија нините татковци; она што тие
го забрануваа, поголем во нив разгоре пламен.
Сведоци нема, со очи и знаци разговор водат,
колку се кријат, повеќе расте пламената љубов.
Ѕидот што нивните куќи ги двоеше, распукан беше
уште во времето кога ги граделе обете куќи.

praelata part. perf. pass. prafero, praetuli, praelatum (носам напред, претпочитам, повеќе ценам) / подреди: alter pulcherrimus iuvenum, altera praelata puellis quas Oriens habuit / contiguus adi. соседен / tenuere = tenuerunt (=haberunt) / coctilis, e adi. печен, со murus од печени тули / cingo, cinxi, cinctum 3 опколувам, оградувам/ подреди: ubi dicitur Semiramis cinxisse altam urbem coctilibus muris / notitia, ae f. познанство / vicinia, ae, f. соседство / подреди: vicinia fecit notitiam primosque gradus / cresco, crevi, cretum 3 раснам /

## *Paries fissus iter blanditiis fecit*

***Id vitium nulli per saecula longa notatum –***
***quid non sentit amor? – primi vidistis amantes***
***et vocis fecistis iter, tutaeque per illud***
***murmure blanditiae minimo transire solebant.***
***saepe, ubi constiterant hinc Thisbe, Pyramus illinc,***
***inque vices fuerat captatus anhelitus oris,***
*"invide*" dicebant "*paries, quid amantibus obstas?*
*quantum erat, ut sineres toto nos corpore iungi*
*aut, hoc si nimium est, vel ad oscula danda pateres?*
*nec sumus ingrati: tibi nos debere fatemur,*
*quod datus est verbis ad amicas transitus auris.*"
Talia diversa nequiquam sede locuti
sub noctem dixere "*vale*" partique dedere
oscula quisque suae non pervenientia contra.

велеа: '*Завидлив ѕиду, што на вљубените пречиш?*
*Колку ти чини да допуштиш в преград да сврземе тела,*
*ако е премногу тоа, за бакнеж раствори се барем.*
*Неблагодарници не сме, должници твои сме ние,*
*премин што даваш на зборот до пријателските уши.*'
Така зборуваа тие на разни страни седејќи,
навечер '*збогум*' ќе кажеа, секој од својата страна
бакнеж на ѕидот ќе дадеше, што не продираше до нив.

Подреди: Id vitium notatum [est] nulli per saecula longa / sentit = invenit / подреди: [vos] amantes primi vidistis, et fecistis iter vocis / murmur, uris n. шепот / blanditiae, arum f. умилни, љубовни зборови / подреди: blanditiae solebant transire tutae minimo murmore per illud [murum] / consto, -stiti, -staturus 1 стојам / hinc … illinc овде/од оваа страна ... онде/ од онаа страна / vicis gen. (acc. vicem, abl. vice, nom., acc. vices, dat. abl. vicibus) промена, измена, in vices наизменично / anhelitus, us m. здив / os, oris n. уста /

## *Pyramus et Thisbe statuunt ut conveniant ad busta Nini*

Postera nocturnos Aurora removerat ignes,
solque pruinosas radiis siccaverat herbas:
ad solitum coiere locum. ***Tum murmure parvo***
***multa prius questi statuunt, ut nocte silenti***
***fallere custodes foribusque excedere temptent,***
***cumque domo exierint, urbis quoque tecta relinquant,***
***neve sit errandum lato spatiantibus arvo,***
***conveniant ad busta Nini lateantque sub umbra***
***arboris:*** arbor ibi niveis uberrima pomis,
ardua morus, erat, gelido contermina fonti.
pacta placent; et lux, tarde discedere visa,
praecipitatur aquis, et aquis nox exit ab isdem.

Новата зора ги згасна веќе светилата ноќни,
сонцето с зраците мразните треви ги исуши веќе;
тие на своето дојдоа место;

имаше таму дрво, преполно с плодови бели,
(висока муренка беше) близу до изворот студен.
Договор падна: се чинеше денот одминува бавно,
тоне сред истите води, од кои и ноќта се крева.

murmur, -uris n. шепот / queror, questus sum 3 се жалам / statuo, statui, statutum, 3 решавам, одлучувам / tempto 1 се обидувам / nocte silenti abl. temporis / ut temptent fallere custodes et excedere foribus / foris, -is f. крило на врата, врата, порта / tectum, -i n. покрив, кров, куќ / arvum, -i n. поле / spatior 1 шетам / convenio, -veni, -ventum 4 се среќавам, се состанувам / bustum, i n. клада, споменик, гроб / Ninus, -i m. Нин, асирски крал, сопруг на Семирамида / lateo, latui 2 се кријам / umbra, -ae f. сенка /

## *Thisbe vidit leanam et fugit in antrum, lea velamina lapsa laniavit*

Callida per tenebras versato cardine Thisbe
egreditur fallitque suos adopertaque vultum
pervenit ad tumulum dictaque sub arbore sedit.
Audacem faciebat amor. Venit ecce recenti
caede leaena boum spumantis oblita rictus
depositura sitim vicini fontis in unda;
***quam procul ad lunae radios Babylonia Thisbe***
***vidit et obscurum timido pede fugit in antrum,***
***dumque fugit, tergo velamina lapsa reliquit.***
***ut lea saeva sitim multa conpescuit unda,***
***dum redit in silvas, inventos forte sine ipsa***
***ore cruentato tenues laniavit amictus.***

Лукаво Тизба в темнината клучот од домот го врти
надвор излегува, своите ги мами; с покриено лице
стигна до гробот, под договореното седнува дрво.
Љубовта храброст ѝ дава. Но лавица еве кај иде,
с пенлива рилка од скорешен колеж на добиче младо;
сака жедост да згасне во бранот на блискиот извор.

radius, ii m. зрак / подреди: quam [leaenam] Babilonia Thisbe procul ad lunae radios vidit / fugit in obscurum antrum timido pede / velamen, inis n. наметка, руба, превез / подреди: reliquit velamina lapsa tergo / conpesco, scui, 3 скротува, смирува / подреди: ut lea saeva conpescuit sitim multa unda / lanio 1 растргнувам, распарчувам / cruento 1 окрвавувам, испрскувам со крв / amictus, us m наметка, плашт, превез, вел / подреди: laniavit ore cruentato amictus tenues inventos forte sine ipsa [Thisbe]

## *Pyramus vestem sanguine tinctam invenit*

***Serius egressus vestigia vidit in alto***
***pulvere certa ferae totoque expalluit ore***
***Pyramus; ut vero vestem quoque sanguine tinctam***
***repperit, "una duos" inquit "nox perdet amantes,***
***e quibus illa fuit longa dignissima vita;***
*nostra nocens anima est. Ego te, miseranda, peremi,*
*in loca plena metus qui iussi nocte venires*
*nec prior huc veni. Nostrum divellite corpus*
*et scelerata fero consumite viscera morsu,*
*o quicumque sub hac habitatis rupe leones!*
*sed timidi est optare necem.***"** Velamina Thisbes
tollit et ad pactae secum fert arboris umbram,
utque dedit notae lacrimas, dedit oscula vesti,
"*accipe nunc*" inquit "*nostri quoque sanguinis haustus!*"

*Јас сум виновникот, јас, о кутра, те погубив тебе,*
*јас бев што реков да дојдеш ноќе в најопасни места,*
*самиот не дојдов пред тебе! Лавови, жители што сте*
*вие под оваа спила, со своите свирепи заби*
*раскинете го моево тело, утробава скверна!*
*Но сал страшливецот смрт посакува!*' Плаштот на Тизба
Пирам го крева, го носи кај посоченото дрво;
плаче над превезот горко, го бакнува милото руво,
а потем рече: '*Земи од мојата крв сега голтка*!'

serius adv. comp. sero подоцна / egredior, gressus sum 3 излегувам / vestigium, ii n. чекор, трага, стапка / pulvis, eris m. прав, песок / expallesco, -lui, - 3 пребледувам / os, oris n. уста, лице / подреди: serius Pyramus egressus vidit vestigia certa ferae in alto pulvere et expalluit toto ore / tingo, tinxi, tinctum 3 – натопувам, бојадисувам / sanguis, inis m. крв / подреди: una nox perdet duos amantes / e quibus [duobus] illa [Thisbe] fuit dignissima vita longa.

## *Caedes Pyrami et reditus Thisbes*

Quoque erat accinctus, demisit in ilia ferrum,
nec mora, ferventi moriens e vulnere traxit.
Ut iacuit resupinus humo, cruor emicat alte,
non aliter quam cum vitiato fistula plumbo
scinditur et tenui stridente foramine longas
eiaculatur aquas atque ictibus aera rumpit.
***Arborei fetus adspergine caedis in atram***
***vertuntur faciem, madefactaque sanguine radix***
***purpureo tinguit pendentia mora colore.***
***'Ecce metu nondum posito, ne fallat amantem,***
***illa redit iuvenemque oculis animoque requirit,***
***quantaque vitarit narrare pericula gestit;***
Utque locum et visa cognoscit in arbore formam,
sic facit incertam pomi color: haeret, an haec sit.
dum dubitat, tremebunda videt pulsare cruentum
membra solum, retroque pedem tulit, oraque buxo
pallidiora gerens exhorruit aequoris instar,
quod tremit, exigua cum summum stringitur aura.

Мечот што в појас му беше го заби в слабините свои,
па умирајќи го истргна бргу од врелата рана.
Легна на земјата ничкум, а високо крвта му бликна,
како од тесниот расцеп на оловна некоја цевка,
водата в долги млазој што прска, во воздухот струи.

местото таа го позна и дрвото тоа е исто,
бојата сепак ја збуни на плодот; тоа ли беше?
Во недоумица гледа во грч на крвавата земја
тело; назад се враќа, во лицето бледа ко шимшир;
трепери таа ко море штом ветре тивко го допре.

aspergo, inis f. прскање, оросување / caedes, is f. пролеана крв / подреди: fetus arborei vertuntur in faciem atram adspergine caedis / madefacio, -feci, -factum 3 натопувам, намокрувам / radix, icis f. корен / tingo, tinxi, tinctum 3 намокрувам, бојадисувам / pendeo, pependi, 2 висам, обесен сум на нешто / morum, i n. дудинка / madefacta sanguine abl. abs. / radix tinguit mora pendentia purpureo colore / pono, posui, positum 3 оставам настрана, загубувам / metu nondum posito abl. abs./ fallo, fefelli, falsum 3 лажам, мамам / requiro, sivi, situm 3 барам / vito 1 одбегнувам / gestio 4 силно посакувам / vito 1 одбегнувам / vitarit =vitaverit

## *Thisbe amorem cognovit*

Sed postquam remorata suos cognovit amores,
percutit indignos claro plangore lacertos
et laniata comas amplexaque corpus amatum
vulnera supplevit lacrimis fletumque cruori
miscuit et gelidis in vultibus oscula figens
**"*Pyrame*,"** clamavit, **"*quis te mihi casus ademit?***
***Pyrame, responde! Tua te carissima Thisbe***
***nominat; exaudi vultusque attolle iacentes!"***
***ad nomen Thisbes oculos a morte gravatos***
***Pyramus erexit visaque recondidit illa.***
***Quae postquam vestemque suam cognovit et ense***
***vidit ebur vacuum,*** "*tua te manus*" **inquit** "*amorque*
*perdidit, infelix! est et mihi fortis in unum*
*hoc manus, est et amor: dabit hic in vulnera vires.*
*persequar extinctum letique miserrima dicar*
*causa comesque tui: quique a me morte revelli*
*heu sola poteras, poteris nec morte revelli.*

Но кога најсетне својот љубен го препозна таа,
с удари силни се бие по градите невини нејни,
распушта коси, во преград го зема љубеното тело,
раната в солзи ја капе, а плачот со крвта го здружи,
с бакнежи врели го опсипа лицето негово мразно.
Извика:

*'Несреќнику, твојата рака и љубов те уби!*
*Сила и јас имам в оваа рака, а имам и љубов,*
*сили што ќе ми даде и мене за да се ранам.*
*Јас ќе те следам и в смртта; клета, јас ќе ти бидам*
*повод и друшка во твојата гибел; ах можеше само*
*смрт да го земе од мене; но ниту пак таа ќе може.*

adimo, emi, emptum 3 одземам / exaudio 4 = audio 4 / attollo, -,-, 3 кревам, издигам / vultus, -us m. лик, глава, образ / erigo, -rexi, rectum 3 подигнувам / recondo, -condidi, -conditum 3 ставам назад, враќам (oculos recondere затворам очи / illa visa abl. abs. / quae = ea / ebur, oris n. - слонова коска, корица за меч украсена со слонова коска / postquam quae cognovit vestem suam et vidit ebur vacuum ense /

## *Thisbe vota dedit et incubuit ferro*

*Hoc tamen amborum verbis estote rogati,*
*o multum miseri meus illiusque parentes,*
*ut, quos certus amor, quos hora novissima iunxit,*
*conponi tumulo non invideatis eodem;*
***at tu quae ramis arbor miserabile corpus***
***nunc tegis unius, mox es tectura duorum,***
***signa tene caedis pullosque et luctibus aptos***
***semper habe fetus, gemini monimenta cruoris*.”**
**dixit et aptato pectus mucrone sub imum**
**incubuit ferro, quod adhuc a caede tepebat.**
Vota tamen tetigere deos, tetigere parentes;
nam color in pomo est, ubi permaturuit, ater,
quodque rogis superest, una requiescit in urna.

*Сепак, ве молиме сега, о кутри родители наши,*
*нас, кои љубов и задниот час не врзаа на век,*
*да се согласите в еден гроб да почиваме двајца;*

Заветот бозите и родителите нивни ги трогна;
Плодот на дрвото црна, штом созрее добива боја,
а пак од кладата пепелта в една е ставена урна.”

ramus, i m. гранка / tego, texi, tectum 3 покривам / подреди: at tu arbor, quae nunc tegis miserabile corpus unius, mox [corpora] duorum tectura es / pullus adi. темен, црн / luctus, us m. жалост, тага, печал, скрб / aptus adi. пригоден, соодветен / fetus, -us m. рожба, род, пород / подреди: semper habe fetus pullos et aptos luctibus / geminus adi. двоен / cruor, -is m. крвопролевање, гибел / apto 1 подготвувам, наместувам / mucro, -onis m. остро шило, бодеж / apto mucrone abl. abs. / incumbo, cubui, cubitum 3 лежам врз, паѓам врз / tepeo, -, -, 2 топол сум / dixit et aptato mucrone sub imum pectus incubuit ferro, quod adhuc tepebat a caede.

| | |
|---|---|
| Наставник: | ***Цветанка Стојаноска и Јадранка Јованова*** |
| Тема: | *Морфологија* |
| Наставна единица: | *Превод на текст* |
| Цели и задачи на часот: | *да се вежба анализа и превод на текст* |

## Comentarii de bello Gallico, Liber I

Gallia est omnis divisa in partes tres, quarum unam incolunt Belgae, aliam Aquitani, tertiam qui ipsorum lingua Celtae nostra Galli apellantur. Hi omnes lingua, institutis, legibus inter se differunt. Gallos ab Aquitanis Garumna flumen, a Belgis Matrona et Sequana dividit. Horum omnium fortissimi sunt Belgae, propterea quod a cultu atque humanitate provinciae longissime absunt minimeque ad eos mercatores saepe commeant atque ea, quae ad effeminandos animos pertinent, important proximique sunt Germanis, qui trans Rhenum incolunt, quibuscum continenter bellum gerunt. Qua de causa Helvetii quoque reliquos Gallos virtute praecedunt, quod fere cotidianis proeliis cum Germanis contendunt, cum aut suis finibus eos prohibent aut ipsi in eorum finibus bellum gerunt. Eorum una pars, quam Gallos obtinere dictum est, initium capit a flumine Rhodano; continetur Garumna flumine, Oceano, finibus Belgarum; attingit etiam ab Sequanis et Helvetiis flumen Rhenum; vergit ad septentriones.

| | |
|---|---|
| Оперативни цели: | *ученикот/чката да ги препознае синтаксичките делови на реченицата и да се обиде правилно да ги подреди, поврзе и преведе* |

### *Реализација на часот*

| | |
|---|---|
| Активности: | *- поттикнување на учениците на разговор за животот и делото на Каесар*<br>*- поделба на учениците во групи и разгледување на текстот и откривање на морфолошките форми*<br>*- селектирање на деловите од речениците во дадена табела (подмет, предмет, прирок)*<br>*- превод на речениците во текстот;*<br>*- превод на текстот во целина* |
| Евалуација на часот: | *- учениците од секоја група ги споредуваат табелите (подмет, предмет, прирок)*<br>*- презентација на преводот на секоја група* |
| Констатации на реализ.час: | *- наставникот врз основа на анализата на реченицте и преводот на групите ја согледува успешноста на часот и потребните дополнителни активности за ученицте* |

| | |
|---|---|
| Наставник: | ***Лиле Доневска и Лидија Гелевска*** |
| Тема: | *Морфологија* |
| Наставна единица: | *Времиња од презентска и перфектна основа (повторување)* |
| Цели и задачи на часот: | *да се вежбаат времињата од през. и перф. основа преку даден текст* |

## De templo Minervae Syracusis (адаптиран текст на Кикерон)

Urbs Syracusae maxima Graecorum urbium est et maxime celebris. Ibi sunt multa templa clara et celebria, sed maxime celebre est templum Minervae. In eo pugna erat equestris Agatholi regis in tabulis picta praeclare. In tabulis celebribus parietes templi vestiebantur. Eae tabulae a M.Marcello, celebri et acri imperatore Romano, qui Syracusas vi consilioque cepit, non tanguntur. Verres autem celebres tabulas abstulit et parietes, quorum ornatus tot saecula manserant, tot proelia equestria et pedestria effugerant, nudos reliquit.

*Градот Сиракуса е најголем и најславен од грчките градови. Таму постојат многу славни и познати храмови, но најславен е храмот на Минерва. Во него на слики била прекрасно насликана коњаничката битка на кралот Агатокле. Ѕидовите на храмот биле украсени со прочуените слики. Тие слики не биле допрени од Марко Маркел, прочуен и жесток римски заповедник, којшто ја освоил Сиракуса со сила и разумност. Вер пак прочуените плочи ги однел и ги оставил голи ѕидовите, чиишто украси беа опстојувале толку векови и беа избегнале толку коњанички и пешадиски битки.*

| | |
|---|---|
| Оперативни цели: | *ученикот/чката да ги препознае и именува времињата што се употребуваат во текстот и да се обиде правилно да ги преведе* |

### *Реализација на часот*

| | |
|---|---|
| Активности: | *- читање на реченици од текстот*<br>*- определување на подмет и прирок*<br>*- определување на другите членови во реченицата*<br>*- превод на реченицата*<br>*- споредување на преводот со преводот понуден од наставникот (на наставно ливче)* |
| Евалуација на часот: | *- учениците сами ги согледуваат причините за грешките при преводот и прават листа на најчесто направени грешки* |
| Констатации на реализ.час: | *- наставникот врз основа на листата подготвена од учениците и индикаторите што самиот ги подготвува за успешен час (на пр. број на активно вклучени ученици, интерес за темата, број на точни/погрешни одговори итн.) подготвува план на активности за следниот час* |

# Содржина


5 | Уводен збор

*I | Избор од предавањата и презентациите од летната школа Docendo Discimus I (јуни 2006, Охрид)*

9 | Latine via methodis novis: Насоки за осовременување на наставата по латински јазик (В. Димовска)

17 | Употребата на преведувањето и преводите во латинската дидактика (Ј. Сиракова)

31 | Историската морфологија во функција на латинската морфологија (М. Бузалковска-Алексова)

37 | Употребата на локалните латински натписи во наставата по латински јазик (Е. Џукеска)

44 | Inter fugae pugnaeque consilium: античката историја како вонтекстуален клуч во наставата по латински јазик (В. Саракински)

53 | Идиосинкретичен пристап кон обработка на текст; powerpoint презентација (Ж.-Ж. Обер)

62 | Методологија на обработка на книжевен текст; powerpoint презентација (В. Томовска)

*II | Избор од групните трудови на учесниците*

71 | Прва група за тимска работа: M. T. Ciceronis In Catilinam Oratio Prima (excerptum)

106 | Втора група за тимска работа: C. I. Caesaris De Bello Gallico (excerptum)

119 | Трета група за тимска работа: Q. V. Catulli Carmina (excerpta)

*III | Избор од индивидуалните семинарски работи на теми од изборните предмети*

138 | Листа на изборни предмети за мастер студии по дидактика на класични јазици

139 | Античка реторика: Иронијата во „Втората Филипика“ на Кикерон (С. Кочовска)

152 | Латинска палеографија: Циришката Библија на Алкуин (Д. Ѓорѓиева)

158 | Латинска палеографија: Материјали за пишување на текстови (С. Величковска)

164 | Латинска палеографија: Материјали на кои се пишувало во антиката (Л. Доневска)

171 | Латинска епиграфика: Формите од глаголот *sum, esse, fui* во натписите од Горна Мезија (Л. Стрезовска-Темовска)

176 | Латинска епиграфика: Придавките во натписите од Горна Мезија (Н. Чурлик-Ангелакова)

185 | Латинска епиграфика: Неколку надгробни натписи од римскиот царски период (Е. Андоновска)

*IV | Избор од модел-часови одржани на летната школа Docendo Discimus II (јули 2007, Охрид)*

197 | Ovidius, Metamorphoses, IV, 55-66 (С. Кочовска, Е. Андоновска)

203 | Comentarii de bello Gallico, Liber I (Ц. Стојаноска, Ј. Јованова)

204 | De templo Minervae Syracusis (адаптиран текст на Кикерон) (Л. Доневска, Л. Гелевска)

207 | Содржина

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.5.091.3:811.124'243(082)
811.124'243'232(082)

DOCENDO discimus : развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици = development and implementation of master studies in didactics of classical languages / [редакциски одбор Весна Димовска ... и др.]. - Скопје : Антика, 2008. - 207 стр. : илустр. ; 24 см

Текст на мак. и латин. јазик. - фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-2846-0-1

1. Димовска, Весна [уредник]
а) Латински јазик - Средно образование - Наставни методи - Зборници
COBISS.MK-ID 72082186